РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1038
Скопје, 14 септември 2012 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1038 од 14 септември 2012 година


**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Искра Петева, Евица Тасевска Каранфилова, Љубица Локвенец, Весна Младеновска, Јасмина Ристеска, Алексндра Шишковска, Марија Андонова, Таџедин Беџети, Анета Делоска, Горан Димитриевиќ, Анде Ѓурчиновски, Димитар Грижев, Роберт Грашкоски, Божидар Петроски, Димитар Петровски, Оливера Христовска, Оливера Кировска Тодоровска, Дарко Ѓорѓиевски, Ненад Милкиќ**)....................................1-2

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор во научната област поледелство на Земјоделскиот институт во Скопје (**д-р Винко Станоев**)........................................................3-12

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Гордана Соткароска-Цветковска, Крешимир Павиќ, Анита Спасовска, Жарко Богоевски, Катерина Христова, Елена Величковска, Александар Велковски, Ана Балуковска, Андонија Лешева, Ристо Туранов, Елена Петровска, Маријана Секуловска, Стефан Николовски, Наташа Ристовска, Билјана Бојаџиевска, Ирена Костурска, Јасмина Чекалова, Мартин Киселички, Илија Колев**)........................................................13-14

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Исправка** на Прегледот на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Тони Тасев**)..........................................................................15

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Драги Рашковски**)..........................................................16
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Теа Северова, Јулија Трајановска, Зоран Матовски, Панче Поповски, Михаела Малчева, Јасмина Стојановска, Зоран Крајоски, Сања Трајановска, Дина Велкова, Фросина Костовска, Орце Ивановски, Емилија Брушкоска, Александар Трајановски, Тања Мицевска, Ивана Угриновска, Ана Петровска, Соња Здравковска, Дениза Бундалевска, Ѓоко Вешоски, Катерина Накова, Билјана Стојковска Павлевска, Дејан Герасимовски, Даница Арсовска, Иван Живковски**)................................................17-19

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Маја Бошковска, Јасна Темелкоска, Сања Милковска**)..........................................................................................................................20

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за оцена на подбност на темата за изработка на докторска дисертација со наслов **Антибактериски ефекти на озон во гасна состојба и ND:JAG ласерот. In vivo студија**, и научната оспособеност на **д-р Неџмије Ајети**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........................................................................................................................21-27

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на ракописот **Микробиологија** од авторите **проф. д-р Олга Најденовска, проф. д-р Мирјана Јарак** и **проф. д-р Јосип Чоло,** пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје....28-32
2. Рецензија на ракописот **Почвена микробиологија** од авторите **проф. д-р Олга Најденовска, проф. д-р Мирјана Јарак** и **проф. д-р Јосип Чоло**, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје....33-37

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник на научната област теоретски политички науки на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Иван Дамјановски)**....38-55

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Насилството и злоупотребата на деца и адолесценти и последиците врз нивното ментално здравје,** изработена од **д-р Кадри Хаџихамза,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....56-61

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Љубинка Заркадова)**....62

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(Горан Колевски, Спасе Стојановски, Ана Вуксановиќ, Николче Михајловски, Елена Стојмилова, Роза Арсова, Бојана Котеска, Александра Гавриловска, Весна Киранџиска)**....63

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник на научната област применети политички науки на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Владимир Божиновски, д-р Марија Ристеска)**....64-90

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето редовен професор по предметите: народна македонска поезија, народна македонска проза, народна книжевност 1 (втор изборен модул), народна книжевност 2 (втор изборен модул), митопоетика, словенска митологија и психоаналитички концепти во фолклорот на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ)**....91-110
2. Реферат за избор на асистент по предметите: нова македонска книжевност-преродба, нова македонска книжевност-романтизам, светска книжевност 1, светска книжевност 2, предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул) и предмети од областа македонска култура (втор изборен модул) на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова)**....111-115

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето научен соработник-доцент на Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Сулејман Баки)**....116-124

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ “БЛАЖЕ КОНЕСКИ”**

1. Реферат за избор на доцент по предметите: граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик со историска граматика на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје **(д-р Биљана Мирчевска-Бошева)**.............125-136
2. Реферат за избор на асистент по предметите: народна македонска поезија, народна македонска проза, просветителството и романтизмот во српската книжевност, реализмот и модерната во српската книжевност, методика на наставата по книжевност 1, методика на наставата по книжевност 2 и предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул) на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје **(м-р Трајче Стамески)**.............137-140

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Алгоритми за контрола на ширење на вируси во комплексни мрежи,** изработена од **м-р Игор Томовски**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.............141-144

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијание на туризмот врз животната средина во Република Македонија,** од **м-р Никола Ангеловски**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.............145-147

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор на редовен професор по предметите: македонски јазик со култура на изразувањето 1 и 2 на студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик и комуникација со култура на изразување) на македонски наставен јазик на Педагошкиот факултет “Св. Климент Охридски” во Скопје **(д-р Билјана Маленко)**.............148-159

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во научните области (дисциплини): дефендологија, мирот и евроатлантските интеграции, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, внатрешни безбедносни политики на ЕУ, на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Зорица Салтирова)**.............160-168

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Реферат за избор на соработник-асистент на научната област: применета кинезиологија, на Факултетот за физичка култура во Скопје **(д-р Серјожа Гонтарев, м-р Елена Соклевска-Илиевски)**.............169-179

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање,** од **м-р Иванка Додовска**, пријавена на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје.............180-189
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Алтернативните мерки наспроти новите облици на криминалитет,** од **м-р Џемали Саити**, пријавена на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје.............190-195

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на еден наставик во сите наставно-научни звања од научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Деан Јанкулоски)**.............196-218

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на еден наставни во звањето лектор по современ руски јазик, на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Роза Тасевска)**........................219-228

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област финансии и финансово право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Јован Зафировски, д-р Сања Киковска-Георгиевска)**....................................................229-241

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар и трендот на појава на новите медиуми,** изработена од **м-р Ежени Брзовска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје..........................................................242-250

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на теоријата на конструкциите на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Сергеј Чурилов,** пријавена,....................................................251-265

# ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Искра Петева | "Франшизингот како атрактивна метода за настап во меѓународниот бизнис" | д-р Васил Поповски |
| *2.* | Евица Тасеска Каранфилова | "Примена на менаџментот практиките во институциите од областа на културата во Република Македонија" | д-р Васил Поповски |
| *3.* | Љубица Локвенец | "Ревизија на европските претпристапни фондови (ИПА) во Република Македонија " | д-р Биљана Ангелова |
| *4.* | Весна Младеновска | "Улогата и значењето на државната ревизија во Република Македонија во контекст на ефикасно и ефективно трошење на средствата во јавниот сектор" | д-р Биљана Ангелова |
| *5.* | Јасмина Ристеска | Кредитирањето на малиот бизнис - можност за успешно започнување и функционирање на малиот бизнис" | д-р Дејан Пендев |
| *6.* | Александра Шишковска | "Структурата и функционирањето на банкарскиот систем во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |
| *7.* | Марија Андонова | "Особености на бенефициите на вработените, со осврт на состојбите во пекарската индустрија во Република Македонија" | д-р Верица Јанеска |
| *8.* | Таџедин Беџети | "Финансирање на капиталните расходи во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| *9.* | Анета Делоска | "Особености на безбедноста и заштитата при работа, со осврт на состојбите во Република Македонија" | д-р Верица Јанеска |
| *10.* | Горан Димитриевиќ | "Улогата и значењето на менаџерски финансии во управувањето со претпријатијата - студија на случај во јавниот сектор" | д-р Биљана Ангелова |
| *11.* | Анде Ѓурчиновски | "Внатрешната ревизија во јавниот сектор" | д-р Татјана Петковска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Димитар Грижев | "Стратегискиот менаџмент како фактор за подобрување на развојот и конкурентноста на претпријатијата од групата на помошни услужни дејности" | д-р Дејан Пендев |
| 13. | Роберт Грашкоски | "Процесот на утврдување на цената на капиталот во развиените пазари на капитал" | д-р Диана Бошковска |
| 14. | Божидар Петроски | "Анализа на финансиски извештаи со посебен осврт на ликвидноста на претпријатијата" | д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 15. | Димитар Петровски | "Развојните политики на Европската Унија -ефекти и предизвици" | д-р Силвана Мојсовска |
| 16. | Оливера Христовска | "Претприемнички предизвици на менаџментот на претпријатието "6 МАЈ" за задржување на лидерската позиција во графичката индустрија на македонскиот пазар" | д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 17. | Оливера Кировска Тодоровска | "Практики за одобрување на станбени и потрошувачки кредити во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 18. | Дарко Ѓорѓиевски | "Технолошко осовременување на претпријатијата во Република Македонија" | д-р Неда Петроска-Ангеловска |
| 19. | Ненад Милкиќ | "Улогата и значењето на франшизата како модел на трансфер на технологија во развојот на современите компании за брза храна" | д-р Диана Бошковска |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОЛЕДЕЛСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 28.6.2012 година, со одлука број 02 – 590/1 од 29.6.2012 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Михајло Николовски, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Петре Ивановски, редовен професор на Факултетот на земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Добре Андов, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје, со задолжение да изврши преглед и оцена на наставно – образовните, научно- стручните и другите остварувања на кандидатите кои ќе се пријават за избор во звањето вонреден професор.

Комисијата откако ги разгледа поднесените пријави по објавата на конкурсот од Земјоделски институт во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ од 21.6.2012 година, констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област поледелство ( генетика и селекција ) се пријавил само кандидатот д-р Винко Станоев, доцент на Земјоделскиот институт во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци релевантни за избор на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Винко Станоев, доцент на Земјоделскиот институт во Скопје, е роден на 19.9.1964 година во с. Доганица- Босилеград, Р. Србија. Основно и средно образование ( гимназија ) завршил во Скопје со одличен успех.

Во учебната 1985/86 година се запишал на Земјоделскиот факултет во Скопје- поледелска насока. Во 1990 година дипломирал на Земјоделскиот факултет со просечна оценка 8,03. По дипломирањето во 1991 година се вработил во ЈНУ Земјоделски институт во Скопје како помлад асистент, во Одделот за поледелство и градинарство – Одделение за житни култури.

Во учебната 1992/93 година се запишал на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, група генетика и селекција на житните култури.

На 12.10. 2000 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов: **„Морфолошките и производствените карактеристики на некои сорти тврда пченица – Tr. Durum“** и се стекнал со право на стручен назив магистер на земјоделски науки.

Во 2001 година е избран за соработник- асистент во Одделението за житни култури при ЈНУ Земјоделски институт во Скопје.

На 6.7. 2007 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов:

**„Морфолошки, биолошки и продуктивни особини на некои хибриди сирак ( Sorghum vulgare Pers.) во Скопско“**, и се стекнал со право да биде промовиран во доктор на земјоделски науки.

Научната и стручната работа на кандидатот во звањето научен соработник / доцент е изнесена Билтенот бр.929 од 1 ноември 2007 година.

Потребно е да истакнеме дека како научен соработник активно соработува со Институтот за пченка – Земун Поле Београд- од Србија.

Во периодот 16-20 јуни 2008 година учествувал на Меѓународната програма „Regeneration strategies“( Стратегии за регенерација), за семињата што се чуваат во „ген банка“, и се стекнал со диплома- сертификат, УКИМ, Земјоделски институт - Скопје.

Од 20 до 21 ноември 2008 година учествувал на Workshop on the implamentation of the Rulebooks under the Law of Seeds and Propagating Material, AGR 31251, организирана од МЗШВ Скопје, во соработка со Европската комисија.

Учествувал, исто така, во Workshop on Marketing Seed Direktives and certication, AGR 31408, во организација на МЗШВ, Скопје, од 19 до 20 февруари 2009 година, во организација на Европската комисија.

Во периодот 7-11 септември 2009 година учествувал на семинарот Expert mission on handling procedurss and mthods of re- examination on DUS and VCU testining, AGRIND/EXP W 33486, МЗШВ - Скопје, во соработка со Европската комисија.

## 2. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Винко Станоев со акредитација на студиската програма на втор циклус студии - одржливо земјоделство на Земјоделскиот институт во Скопје предава на предметот органско производство на житни култури, на двогодишните студии, интегрално производство на житни култури, органско производство на фуражни култури и интегрално производство на фуражни култури на едногодишни студии.

Со акредитација на студиската програма семепроизводство на поледелските и градинарските култури едногодишни и двогодишни студии предава на следните предмети: Подготовка на семето за пазар, селекција и семепроизводство кај поледелски растенија, стручна контрола на семенските посеви кај поледелски растенија и семеороизводство на поледелски растенија.

Кандидатот д-р Винко Станоев, во наставно-образовниот процес вклучува интерактивна настава, изработка на семинарски работи и внесува позитивни искуства стекнати од неговата научноистражувачка и апликативна работа, како и практични искуства од соработката со стопанските субјекти и институции во земјата и во странство.

## 3. НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Од изборот во звањето научен соработник/доцент до денес, во рамките на научната програма на Одделението за поледелство, д-р Винко Станоев има

создадено нови сорти јачмен, александар, нова сорта тритикале малеш, а како коавтор учествува и во новосоздадениот хибрид пченка SKTC 401 од ФАО група на зрееење 400. Создадените сорти јачмен, тритикале и хибридот пченка се признаени од страна на Државната сортна комисија на Република Македонија во 2008 година.

Во периодот по изборот во звањето научен соработник/доцент, кандидатот д-р Винко Станоев има работено како учесник и раководител на следниве проекти:

1.Regional collection an ex situ conservation of Trifolium pretense L. and Festuca pratensis Hud. гранд добиен од SIDA, SEEDNet од 2007 до март, 2010 како учесник.

2. „ Catologing of ex situ conseuved national plant genetic risources", гранд добиен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, 2008-2009, учесник.

3. „ Стари сорти за новите генерации – нашето азно неброено", гранд добиен од МЗШВ, 2011, учесник.

4. „ Еколошки аспекти во конзервацијата на почвата и производство на втори култури" 2012-2013 година, билатерален предлог проект на Р. Македонија и Р. Хрватска, МОН – раководител.

5. „ Селекција на поважните житни растенија ( пченица, јачмен, ориз и пченка) во Република Македонија, 2011, МОН – учесник.

6. „ Семенски генофонд во почвите на Скопската Котлина", Министерство за животна средина – учесник.

7. „ Епифитната миклофлора кај семиња од житни растенија наспроти безбедноста на биохраната и семенските преработки", МОН, 2010 – учесник.

Покрај учеството во проекти, д-р Винко Станоев учествува и раководи со микросортните испитувања со пченица, пченка, сирак, јачмен, тритикале, соја, сончоглед и луцерка, сортни опити на Државната сортна комисија на МЗШВ на Република Македонија. Во 2007 до 2009 година активно учествува во испитувањата на отпорноста на почетен материјал од пченка спрема суша на локалитет во Скопје во соработка со Институт за кукуруз Земун Поле- Белград, Р. Србија. Подолг период учествува во извршувањето на преткомисиските опити со хибридна пченка со хибриди на Институтот Земун Поле – Белград. Кандидатот д-р Винко Станоев редовно учествува во вршењето на Стручната контрола на семенски посеви со поледелски растенија. Во 2012 година, како коавтор, учествува во издавањето на учебникот за втор циклус студии под наслов: „Сертифицирање на семенски материјал од житни растенија", чиј издавач е УКИМ, Земјоделски институт-Скопје.

По изборот во звањето доцент, кандидатот д-р Винко Станоев има објавено повеќе научни трудови:

1. **Станоев В. (2009):** Некои морфолошки карактеристки на хибриден сирак (Sorghum vulgare Pers.) произведен во скопскиот реон. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009.(111-116).

Во трудот се презентирани резултатите од испитувањето на некои морфолошки карактеристики на четири хибриди сирак во скопскиот реон. Предмет на истражување биле хибридите сирак: шеќерац, џин, алба и голд. Кај овие хибриди испитани се следниве квантитативни својства: број на братимки по

растение, висина на растенијата од јазолот на братење до метличката и бројот на листови на главна братимка, средната вредност и варијансата. Авторот истакнува дека варијабилноста е различна кај различни својства; највисока е кај својството висина на стеблото, а најниска кај број на листови на главна братимка. Со најмала висина на растенијата се одликува хибридот алба 106,91 см, а највисока висина на стеблото- хибридот џин 261,55 см. Просечниот број на братимки по растение изнесува 3,51 кај хибридот алба, до 9,47 кај хибридот џин, додека бројот на листови на главното стебло се движи од 9,34 кај хибридот џин до 11,69 кај шеќерац. Според авторот варирањето на особините е поизразено меѓу хибридите, зависно од намената дали е за производство на зрно или кабаста маса.

2. **Станоев В.,** Николовски М., Ивановски П.**(2009):** Принос и квалитетни својства на зрно кај некои хибриди сирак во Скопско. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009 (117-120).

Во овој труд авторите го прикажале добиениот принос и квалитетни својства на зрното кај два хибрида сирак алба и голд во услови на наводнување во Скопско.Во перидот на истражување приносот во зрно се движи во просек од 5,49 t/ha кај хибридот голд до 5,60 t/ha кај хибридот алба, масата на 1000 зрна кај хибридот алба изнесува 32.80 грама, а кај хибридот голд 35,86 грама. Најголема хектолитарска маса постигнал хибридот алба 76,8kg. Испитуваните хибриди сирак за производство на зрно авторите препорачуваат да бидат застапени и во други реони, особено во подрачјата со системи за наводнување.

3.**Станоев В.,** Симеоновска Е.**(2009):**Александар- Новосоздадена сорта есенски пивски јачмен. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје.Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009 (79- 87).

Во овој труд авторите ги прикажале морфолошките, биолошките, продуктивните и квалитетните карактеристики кај новосоздадената сорта есенски двореден пивски јачмен александар, признаена од Државната сортна комисија на Р. Македонија во 2008 година. Новата сорта есенски пивски јачмен александар се одликува со следниве особини: пораностасна е за 5-6 дена во однос на стандардот; просечната висина на стеблото изнесува 96,6см и е пониска за 13,2см од стандардот; просечниот принос во текот на испитувањето кај сортата александар изнесува 5,50t/ha и е за 11% повисок од приносот на стандардот; масата на 1000 зрна изнесува 46,6 грама, а хектолитарската маса 64,3 kg/hl и е на ниво на стандардот. Содржината на сурови протеини кај сортата александар изнесува 12%, и е на горната дозволена граница за производство на пиво и слад. Новата сорта есенски пивски јачмен александар се одликува со позитивни особини во однос на раностасност, родност и квалитет и, како таква, авторите ја препорачуваат да биде застапена во поширокото производство во сите реони на нашата земја.

4. Гиразова Е., **Станоев В.:(2009):** Малеш- Нова сорта тритикале. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје.Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009. (89-98).

Во овој труд се презентирани добиените резултати од сортните испитувања на новата сорта тритикале- малеш. Сортата се одликува по раностасност за 3-7 дена во однос на стндардната сорта триглав. По однос на висината на стеблото, новата сорта малеш има пониско стебло за 12,5см во однос на стандардот. Новата сорта во однос на масата на 1000 зрна е поголема за 3,0 грама, а во однос на

хектолитарската тежина поголема е за 2,4 kg/hl од стандардната сорта. Генетскиот потенцијал на новата сорта авторите истакнуваат дека е над 8 t/ha, додека просечниот принос во опитите на Државната сортна комисија оваа сорта постигна принос од 5,93 t/ha кој е повисок за 10,8% во однос на стандардната сорта. Новата сорта малеш, поради високата биолошка пластичност, авторите истакнуваат дека успешно може да се одгледува во сите реони на Р. Македонија. Според повеќето технолошки параметри оваа сорта припаѓа во под групата Ц 1, со просечна енергија 33,0 см2 и затоа за индустриско производство на леб се препорачува во мешавина со пченицата 30% брашно од тритикале со 70% брашно од пченица.

5. Николовски М., Агич Р., **Станоев В.**:**(2009)**: Селекциска работа на одделението за поледелство и градинарство во Земјоделскиот институт- Скопје. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009. (21-29).

Во овој труд авторите накратко ја прикажале селекциската работа во Институтот која се врши во одделенијата каде што припаѓаат различните групи култури, односно кај поледелските и градинарските растенија. Авторите истакнуваат дека селекциската работа во Институтот доаѓа до израз во периодот на 70-тите и 80-тите години од минатиот век кога и најмногу се вложувало во науката.

Од досегашната работа на истражување во областа на селекцијата во Институтот, авторите истакнуваат дека се создадени преку стотина сорти и хибриди поледелски и градинарски култури кои нашле примена и дале голем придонес во зголемување на земјоделското производство. Институтот, работејќи на селекциска работа, дал и голем придонес во одржувањето на генетските ресурси од поледелски и градинарски растенија. Во трудот се прикажани прегледно сите создадени сорти и хибриди по години на признавање на сортите и авторите кои ги креирале.

6.**Stanoev V.**, Jankulovski LJ., Kratovalieva S., Simeonovska E., Popsimonova G.,Ivanovska S.**(2009)**.:Grain protein content in Macedonian cereal landraces in: V. Meglic, Vladimir/ur), Bastar, Manje-Tina(ur). 19 th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, Maj 26 th- 29 th, Ljubljana, Slovenia. Book of obrstracts. Ljubljana: Kmetijski institut Slovenia, 2009: 85, ( COBISS. SI-ID 30418961)

Во трудот се прикажани резултатите од испитувањето на содржината на протеини во зрното кај три житни култури. Испитувањата се вршени на 11 традиционални македонски сорти јачмен, 9- традиционални македонски сорти овес и 3- македонски традиционални сорти 'рж. Зрното е анализирано со помош на модерна НИРС (NIRS) технологија, при што биле користени соодветни претходни калибрации за секоја култура. Статистички значајни разлики авторите констатирале кај сите три испитувани култури, како и разлики меѓу сортите. Во просек, содржината на протеини кај јачменот изнесувала 13,4%, а се движи од 11,3% ( SK 24) до 17,0% ( SK 97).Кај 'ржта во просек, содржината на протеини изнесувала 11,46%, а се движи од 10,0% ( SK 3) до 12,53% кај SK 54. Просечната содржина на протеини кај овесот изнесувала 11,20%, а се движи од 10,70% до 11,53%.

4. **СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

Д-р Винко Станоев активно учествува во работата на „Ген банката“ на Институтот како куратор за културите: јачмен, 'рж, овес и сирак. Учествува и во стручната контрола и сертификација на семенски материјал со поледелски растенија. Кандидатот учествувал во работата на различни комисии и тела во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија и Институтот, во експертизи и др.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, имајќи ја предвид целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот д-р Винко Станоев позитивно ја вреднува и оценува досегашната работа на образовната, научноистражувачката и апликативната дејност во областа на поледелството ( генетика и селекција ).

Имајќи ја предвид севкупната активност на д-р Винко Станоев од изборот до денес, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, имаме посебна чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, да го избере кандидатот д-р Винко Станоев, досегашен доцент, во звањето вонреден професор во научната област поледелство (генетика и селекција), Одделение за поледелство при УКИМ, Земјоделски институт во Скопје.

**Членови на Комисијата**

1. **Д-р Михајло Николовски, редовен професор с.р.**
   на Земјоделскиот институт во Скопје

2. **Д-р Петре Ивановски, редовен професор с.р.**
   на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

3. **Д-р Добре Андов, вонреден професор с.р.**
   на Земјоделскиот институт во Скопје

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Д-р Винко Чедомир Станоев**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **УКИМ, Земјоделски институт - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **поледелство**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава 2. циклус студии: органско производство на житни култури, 2008/09, 2009/10, 2010/11,2011/12 (4+0), ЗИ | 12,0 |
| 2. | Вежби 2 циклус студии:2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 (0+2) ЗИ | 3,6 |
| 3. | Настава 2. циклус студии: селекција и семепроизводство кај поледелски растенија, (3+0), ЗИ | 2,25 |
| 4. | Вежби 2. циклус студии: селекција и семепроизводство кај поледелски растенија, (0+1), ЗИ | 0,45 |
| 5. | Настава 2. циклус студии: Подготовка на семето за пазар (3+0), ЗИ | 2,25 |
| 6. | Вежби 2. циклус студии: Подготовка на семето за пазар (0+1), ЗИ | 0,45 |
| 7. | Настава 2. циклус студии: семепроизводство на поледелски растенија (4+0), ЗИ | 3 |
| 8. | Вежби 2. циклус студии: семепроизводство на поледелски растенија (0+2), ЗИ | 0,9 |
| 9. | Настава 2. циклус студии: стручна контрола на семенски посеви кај поледелски растенија (4+0), ЗИ | 3 |
| 10. | Вежби 2. циклус студии: стручна контрола на семенски посеви кај поледелски растенија (0+2), ЗИ | 0,9 |
| 11. | Настава 2. циклус студии: Подготовка на семето за пазар (двогодишни студии) (4+0), ЗИ | 2,25 |
| 12. | Вежби 2. циклус студии: Подготовка на семето за пазар ( двогодишни студии) (0+2), ЗИ | 0,9 |
| 13. | Работилница: Меѓународна програма „Regeneration strategies“ (Стратегии за регенерација), за семиња што се чуваат во „ген банка“, Скопје, 2008. | 1 |
| 14. | Работилница:Workshop on the implementation of the Rulebooks under the Law of Seeds and Propagating Material, AGR 31251, Скопје, 2008. | 1 |
| 15. | Работилница: Workshop on Marketing Seed Direktives and certication, AGR 31408, Скопје, 2009. | 1 |
| 16. | Семинар: Expert mission on handling procedurss and mthods of re-examination on DUS and VCU testining, AGRIND/EXP W 33468, Скопје, 2009. | 1 |
| | **Вкупно** | **35,95** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Regional collection an ex situ conservation of Trifolium pretense L. and Festuka pratensis Hud. SIDA SEEDNet 2007-2010-учесник | 5 |
| 2. | Catologing of ex situ conseuved national plant genetic: МЗШВ 2008-2009- учесник | 5 |
| 3. | Стари сорти за новите генерации- нашето азно неброено: МЗШВ, 2011 год - учесник | 3 |
| 4. | Селекција на нови сорти тритикале, МЗШВ, 2008-2009- учесник | 3 |
| 5. | Еколошки аспекти во конзервацијата на почвата и производство на втори култури, билатерален предлог проект со Р. Хрватска, МОН, 2012-2013 год. - раководител | 2 |
| 6. | Селекција кај поважните житни растенија ( пченица, јачмен, ориз и пченка) во Република Македонија. МОН ( 2011)- учесник | 0,5 |
| 7. | Семенски генофонд во почвата на Скопската Котлина, Министерство за животна средина, 2011 год. - учесник | 0,5 |
| 8. | Епифитната микрофлора кај семиња од житни растенија наспроти безбедноста на биохраната и семенските преработки. МОН, 2010-учесник | 3 |
| 9. | Станоев В.(2009): Некои морфолошки карактеристики на хибриден сирак(Sorghum vulgare Pers.) произведен во скопскиот реон. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009 стр.111-116. | 2 |
| 10. | Станоев В., Николовски М., Ивановски П.:( 2009): Принос и квалитетни својства на зрно кај некои хибриди сирак во Скопско. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009( 117-120). | 1,6 |
| 11. | Станоев В., Симеоновска Е.(2009): Александар- Новосоздадена сорта есенски пивски јачмен. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009 (79-87). | 1,8 |
| 12. | Гиразова Е., Станоев В.:(2009): Малеш- Нова сорта тритикале. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII Skopje, 2008-2009. (89-98). | 1,8 |
| 13. | Николовски М., Агич Р., Станоев В.: (2009): Селекциска работа на одделението за поледелство и градинарство во Земјоделскиот институт во Скопје. Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Том XXVI/XXVII, Скопје, 2008-2009. (21-29). | 1,6 |
| 14. | Stanoev V., Jankulovski LJ., Kratovalieva S., Simeonovska E., Popsimonova G., Ivanovska S.(2009): Grain protein content in Macedonian cereal landraces in: V. Maglic, Vladimir(ur), Manje-Tina(ur), 19 th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, Maj 26 th- 29 th, Ljubljana, Slovenia. Book of obrstracts. Ljubljana: Kmetijski institut Slovenija, 2009: 85, (COBISS. SI-ID 304 18961). | 1 |
| | **Вкупно** | **31,8** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област: Производство на сертифициран семенски материјал кај житни растенија 2012, коавтор | 7 |
| 2. | Патенти/иновации: Нова сорта есенски пивски јачмен Александар призната во 2008 | 4 |
| 3. | Патенти/иновации: Нова сорта тритикале Малеш, призната 2008 | 4 |
| 4. | Патенти/иновации: Нов хибрид пченка SKTC 401 група на зреење ФАО 400, признат во 2008 | 3.6 |
| 5. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортови опити со пченица, јачмен, тритикале за признавање и одобрување од Националната сортна комисија при МЗШВ, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011 | 4 |
| 6. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаиза сортови опити со хибридна пченка, сирак, сончоглед, соја и луцерка за признавање и одобрување од Националната сортна комисија при МЗШВ, 2008, 2009, 2010. | 3 |
| 7. | Експертски активности: за учество, процена и подготовка на извештаи за опити со пченка на Институт за кукуруз – Земун Поле за испитување на толерантноста спрема суша - 2008, 2009 и 2010 година. | 3 |
| 8. | Експертски активности: за учество, проценка и подготовка на извештаи за предкомисиски опити со хибридна пченка на Институтот Земун Поле: 2008, 2009, 2010, 2011, 2012. | 5 |
| 9. | Стручна контрола над семенски посеви со поледелски растенија и издавање на сертификати - 2008, 2009, 2010, 2011 и 2012( 25x0,5) | 12,5 |
| 10. | Извршено вештачење за АД „ГАМА“ Скопје во 2011 година за процена на посеви со поледелски растенија. | 1 |
| 11. | Рецензент на скрипта: „ Контрола на квалитетот на семенскиот материјал кај земјоделските растенија, 2012 год. | 1 |
| . | **Дејности од поширок интерес** | |
| 12. | Член на работна група за изготвување листа на автохтони сорти, МЗШВ. 2012. | 1 |
| 13. | Член на Комисија за изготвување на нормативни акти на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје | 1 |
| 14. | Член на Комисија за јавни набавки на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје | 1 |
| 15. | Претседател на Централна пописна комисија во 2011 год. | 1 |
| 16. | Член на Комисија за попис на имотот на Институтот - 2007, 2008, 2009, 2010, 2011 год. | 5 |
| | **Вкупно** | **57,1** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **35,95** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **31,80** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **57,10** |
| **Вкупно** | **124,85** |

**Членови на Комисијата**

1.Проф. д-р Михајло Николовски, претседател с.р.

2.Проф. д-р Петре Ивановски, член с.р.

3.Проф. д-р Добре Андов, член с.р.

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Гордана Соткароска-Цветковска | „Стратегии на фармацевтските компании при настап на пазарот со нови производи" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Крешимир Павиќ | „Менаџирање со промените преку активности и резултати" | доц.д-р Леонид Наков |
| Анита Спасовска | „Мотивацијата и креирање на мотивациско однесување на вработените" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Жарко Богоевски | „Е-трговија како стратегија за развој на малите и средни претпријатија" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Катерина Христова | „Влијанието на трансформационото лидерство врз работната ангажираност" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Елена Величковска | „Можности за инвестирање на глобалниот финансиски пазар со посебен осврт на инвестиционите фондови" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Александар Велковски | „Институционалните инвеститори и развојот на пазарот на капитал во Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Ана Балуковска | „Инвестиционо банкарство – трендови и предизвици" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Андонија Лешева | „Ефектите од глобалната финансиска криза (2008-) година врз профитабилноста и структурата на вложувањата на инвестиционите фондови" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Ристо Туранов | „Влијанието на глобалната финансиска криза (2008-) на инвестирањето во приватните пензиски фондови, со посебен осврт на Југоисточна Европа и Р. Македонија" | проф. д-р Михаил Петковски |

| | | |
|---|---|---|
| Елена Петровска | „Координација на монетарната и фискалните политики во Европската Монетарна Унија" | проф. д-р Горан Петревски |
| Маријана Секуловска | „Концептот на територијална кохезија како инструмент за јакнење на кохезионата политика на Европската Унија" | проф. д-р Билјана Секуловска Габер |
| Стефан Николоски | „Влијанието на лоби групите врз процесот на донесување на одлуките во Европската Унија" | проф. д-р Билјана Секуловска Габер |
| Наташа Ристовска | „Управување со односите со клиентите во маркетинг агенциите во Република Македонија" | проф. д-р Нада Секуловска |
| Билјана Бојаџиевска | „Општествено одговорен маркетинг во тутунската индустрија" | проф. д-р Нада Секуловска |
| Ирена Костурска | „Маркетинг истражување за развивање и лансирање на нови производи во прехранбената индустрија во Република Македонија" | проф. д-р Нада Секуловска |
| Јасмина Чекалова | „Маркетинг комуникации со јавноста на пазарот на автомобилската индустрија во Република Македонија" | проф. д-р Нада Секуловска |
| Мартин Киселички | „Примена на компјутерски облак во малите претпријатија преку анализа на случајот „Тригер компјутери Д.О.О."" | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Илија Колев | „Специфичностите на стратегиските партнерства во индустријата за производство на пластични маси" | проф. д-р Љубомир Дракулевски |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Карпош II 6б, П.фах 464 • 1000 Скопје, Република Македонија

Ваш знак:
Наш знак:
Број: 03-1994/2
Датум: 2.09.2012 год

До
Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"
Скопје

ПРЕДМЕТ: Исправка на текст

Почитувани,

Во Прегледот на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Машински факултет-Скопје објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 1036 од 15.8.2012 година направена е техничка грешка.

Ве молиме во наредниот билтен на Универзитетот да го објавите долунаведениот текст:

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Тони Тасев | Оптимизација на фазите на проектниот менаџмент во имплементација на проекти за постојано подобрување на производните процеси | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |

Со почит

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

Декан 02 306 33 74 Телефакс 02 309 92 98 E-mail: mf@mf.edu.mk www.mf.edu.mk

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.08.2012 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
| --- | --- | --- |
| М-р Драги Рашковски | Остварувањето на формите на демократија со помош на информатичката технологија (со симулација на систем за електронско гласање) | Д-р Д.Бајалџиев<br>Д-р Г.Силјановска<br>Д-р Ѓ.Иванов |

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Теа Северова | Улогата на практиката на Европскиот суд на правдата во создавањето на европското конкурентско право | проф. д-р Димитар Гелев |
| Јулија Трајановска | Слабости на системот за јавни набавки и можности за појава на корупција | доц. д-р Александар Климовски |
| Зоран Матовски | Географски називи за вино во правото на Република Македонија и Европската Унија | проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска |
| Панче Поповски | Овластувањата на стечајниот управник во поглед на разлачните права во стечајната постапка | проф. д-р Димитар Гелев |
| Михаела Малчева | Правна регулација на одговорноста на лекарите | проф. д-р Димитар Гелев |
| Јасмина Стојановска | Менаџерските одлуки во управувањето со патентите во мали и средни претпријатија | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Зоран Крајоски | Конкуренција во здравственото осигурување во Република Македонија-расположливи концепти, можности и перспективи | проф.д-р Горан Коевски |

ДЕКАН

Проф.д-р Борче Давитковски

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.08.2012 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Сања Трајановска | Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Дина Велкова | Внатрешни вооружени конфликти | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Фросина Костовска | Начини и постапки на истрага на авионски несреќи | Д-р Горан Коевски |
| Орце Ивановски | Реформирање на Европскиот суд за човекови права | Д-р Татјана Петрушевска |
| Емилија Брушкоска | Превенција на малолетничка деликвенција | Д-р Методија Каневчев |
| Александар Трајановски | Кривично-правна заштита на животната средина | Д-р Методија Каневчев |
| Тања Мицевска | Казнени дела на телесно повредување | Д-р Никола Тупанчески |
| Ивана Угриновска | Казнено-правна заштита на правата од хартии од вредност во Република Македонија | Д-р Никола Тупанчески |
| Ана Петровска | Казнено-правен третман на лицата со душевни пречки | Д-р Никола Тупанчески |
| Соња Здравковска | Оддолжување на постапката | Д-р Гордан Калајџиев |
| Дениза Бундалевска | Франција и Европската надворешна политика – Улогата на Франција во формирањето на Европската надворешна политика и односите со Република Македонија | Д-р Денко Малески |
| Ѓоко Вешоски | Анти дампинг режимот на Светската трговска организација и на | Д-р Татјана Петрушевска |

| | | |
|---|---|---|
| | Европската Унија | |
| Катерина Накова | Казнено-правните аспекти на давањето и примањето награда за противзаконито влијание | Д-р Никола Тупанчески |
| Билјана Стојковска Палевска | Начелото на пресумпција на невиност во кривичната постапка | Д-р Гордана Бужаровска |
| Дејан Герасимовски | Појавни форми на меѓународниот тероризам и нивно сузбивање | Д-р Никола Тупанчески |
| Даница Арсовска | Положбата на одделението за човечки ресурси во службеничкиот систем на Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Иван Живковски | Правниот статус на Агенцијата за катастар на недвижности како државен орган | Д-р Борче Давитковски |
| | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 23.08.2012 година.**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Маја Бошковска, дипл. инженер по биологија | „КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ANTI-MULLERIAN ХОРМОНОТ КАКО МАРКЕР ЗА ОВАРИЈАЛНАТА РЕЗЕРВА КАЈ ЗДРАВА ЖЕНСКА ПОПУЛАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" | - д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ - Скопје |
| Јасна Темелкоска, дипл. инженер по хемија | „ПРОУЧУВАЊЕ НА МОЖНОСТА ЗА ПРИМЕНА НА ХАОТРОПНИ РЕАГЕНСИ ЗА АНАЛИЗА НА ОПИЈАТНИ АЛКАЛОИДИ И АМФЕТАМИНИ СО РЕВЕРЗНО-ФАЗНА ВИСОКО-ЕФИКАСНА ТЕЧНА ХРОМАТОГРАФИЈА" | - д-р Марина Стефова, редовен професор на ПМФ - Скопје |
| Сања Милковска, дипл. инженер по хемија | „ИСПИТУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМИТЕ НА ГЛИКАЦИЈА НА МОДЕЛНИ ПЕПТИДИ" | -д-р Ралф Хофман, редовен професор на Институтот за биоаналитичка хемија при Факултетот за хемија и минерологија при Универзитетот во Лајпциг, Германија, а за коментор д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ - Скопје |

РЕФЕРАТ

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТ НА ПРИЈАВА, ОДНОСНО УТВРДУВАЊЕ НА **ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ОД Д-Р НЕЏМИЈЕ АЈЕТИ** СО НАСЛОВ: "АНТИБАКТЕРИСКИ ЕФЕКТИ НА ОЗОН ВО ГАСНА СОСТОЈБА И ND:YAG ЛАСЕРОТ. IN VIVO СТУДИЈА", И ОЦЕНА НА НАУЧНАТА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА.

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 22-ра редовна седница одржана на ден 22.2.2012 година, по предлог на Научниот одбор на Факултетот, едногласно донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на подобност на темата за изработка на докторската дисертација од д-р Неџмије Ајети со наслов: "Антибактериски ефекти на озон во гасна состојба и Nd:YAG ласерот. In vivo студија", во состав:

проф. д-р Мира Јанкуловска
проф. д-р Александар Грчев
проф. д-р Марија Накова
доц. д-р Соња Апостолска
проф. д-р Киро Ивановски

По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија на Наставо-научниот совет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци за кандидатот**

Кандидатката Неџмије Ајети е родена на 10.4.1966 година во Приштина-Косово. Во учебната 1984/85 година се запишала на Медицински факултет-отсек стоматологија во Приштина, каде што и дипломирала во 1994 година со средна оценка 8,85. Во 1995 била избрана за асистент по предметот болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот универзитетскиот клинички центар во Приштина, каде што работи до денес. Во 2007 година ги завршила постдипломските студии на Приштинскиот универзитет каде што со одбрана на магистерскиот труд со наслов "Деминерализација на коренскиот дентин со етилен диамино-тетра ацетат и цитричен ацид со различна pH концентрација" се здобила со звањето магистер на стоматолошки науки.

Член е на: Здружението на ендодонти на Косово, Здружението на стоматолози на Република Косово, Здружението на ендодонти на Европа.

Активно се служи со англискиот, српскиот и српскохрватскиот јазик.

**Мислење за предложената тема**

Предлогтемата за изработка на докторската дисертација од д-р Нецмије Ајети со наслов: "Антибактериски ефекти на озон во гасна состојба и Nd:YAG ласерот In vivo студија" ги содржи сите елементи и воедно ги исполнува сите услови потребни за ваков вид научноистражувачка студија.

Воведниот дел и прегледот од литература содржат сознанија за значењето на биомеханичката обработка и иригацијата на коренскиот канален систем врз редукцијата на бројот на бактериите во каналот/каналите.

Механичко-медикаментозната обработка на коренските канали на забот придружени со иригантни средства овозможуваат елиминирање на бактериите преку ширење и испирање на коренските канали.

За време на биомеханичката обработка од ѕидовите на коренските канали на забите се врши отстранување на инфицираниот дентин, се овозможува пристап на различни ириганси во каналикуларниот систем на коренскиот канал, каде што на добро обработен и прочистен канал се овозможува и неговото добро и адекватно полнење.

При ендодонскиот третман, како најчести ириганси за коренски канали се употребуваат NaOCL и хлорхексидин (CHX). Во последно време, за дезинфекција на инфицираниот канал се употребуваат и озон и ласер.

Озонот може да употребува во гасна и водена состојба, додека во однос на ласерите: Nd: YAG, Er:YAg се најчести видови на ласери кои се употребуваат во ендодонската практика.

Голем број на автори правеле истражувања во врска со употребата на ириганси, озон и ласери при дезинфекција на коренските канали на забот.

Chandra и сор., во нивното истражување, констатирале дека NaOCL од 5,25% има поголема ефикасност кон габите споредено со CHX 2% и EDTA со концентрација од 17%. NaOCl со концентрација од 5,25% и времетраење од 40 мин. има подобар антибактериски ефект кон Enteroccucus feacalis споредено со NaOCL со концентрација од 1,3% и 2,5% (Retamozo и сораб).

Ercan и сор. рапортирале дека CHX со концентрација од 2% и NaOCL од 5,25% се најефикасни ириганси за отстранување на микрорганизми кај забите со некротизирана пулпа и со периапикални промени.

Siqueira и сор. во нивното истражување покажале дека при третирање на инфицираниот канал од забниот корен со NaOCL 2,5% и CHX со концентрација од 0,12% не постојат сигнификантни разлики. Продирањето на NaOCL низ дентинските тубули зависи од температурата, времето на апликацијата и од неговата концентрација, (Zou и сор.).

Leonardo и сор. во своето ин-виво истражување го проследиле антибактерискиот ефект на CHX со концентрација од 2% кај пациенти со дијагностицирана некроза на пулпа

и периапикален хроничен процес. Според нивното истражување, констатирано е дека CHX се покажал како многу ефикасен во отстранување на бактерите во 77,78% од случаите.

Oliveira и сор. констатирале дека CHX со концентрација од 2% гел и NaOCL од 5,25% имаат сигнификантно влијание врз редукцијата на колониите на Enteroccocus feacalis во сеансите по ендодонскиот третман. Ако CHX се употребува самостојно влијае комплетно врз инхибирање на Enteroccocus feakalis по 1, 2, 7 и 15 дена, (Gomes и сор).

Valera и сор. сметаат дека NaOCL со концентрација од 1% употребена како ириганс или интраканален медикамент е доста ефикасен при отстранување на Enteroccucus feakalis и Candida albicans.

Pazell и сор. ја истражувале преваленцијата на бактерите во 31 канал на млечни заби кај пациети со дијагностицирана некроза на пулпа и периапикални лезии. Тие пронашле 96,6% мостри на анаеробни бактерии, 93,5% аеробни бактерии, пигментирани бацили 35,5%, стрептококи 96,7% и 48,4% Streptoccocus mutans, додека Фариа со соработниците и Сато со соработниците во нивните истражувања утврдиле висока преваленција на аеробни бактерии.

Alwadi и сор. ја истражувале антибактериската ефикасност на озонот и NaOCL на коренскиот канал на забот во ин виво услови. Тие, исто така, го истражувале и ефектот на озонираниот NaOCL и заклучиле дека NaOCL самостојно и во комбинација со озон има афинитет врз редукција и намалување на микрорганизмите во инфицираниот коренски канал на забот и дека NaOCL комбинирано со озон покажал поизразена антибактериска активност во споредба со NaOCL кога е самостојно употребен.

Исто така, анализирани се и температурата и времетраењето кон озонското експонирање. Брзината на хемиските реакции се зголемува со покачување на температурата. При ниските температури движењето на молекулите е побавна, како последица на тоа што тие немаат доволно енергија за вршење на хемските реакции, (Tortora и сор).

NaOCL во концентрација од 2,5%, CHX во концентрација од 2% и апликација на озон во гасна или водена состојба предизвикува инактивација на Enteroccocus feacalis во времетраење од 20 мин. (Estrela и сор.). Озонот во споредба со CHX покажал подобра антибактериска активност.

Huth и сор. известуваат за дејствувањето на NaOCL со концентрации од 5,25% и 2,25%, на CHX со концентрација од 2%, $H_2O_2$ со концентрација од 3% и на озонот во гасна или водена состојба врз Enteroccocus feacalis, candida albicans, pseudomonas auriginosa. Тие заклучиле дека употребата на озонот во гасна и водена состојба во високи концентрации комплетно ги елиминират микрорганизмите и дека имат исто дејство како NaOCL и CHX.

Muller и сор. вршеле споредба помеѓу озонот во гасна состојба и фотодинамичката терапија на CHX со концентрација од 2%, NaOCL со концентрации од 0,5% и 5%. Тие заклучиле дека примената на озонот во гасна состојба и фотодинамичката терапија не вршат потполна елиминација на бактериите и дека само NaOCL со концентрација од 5% може да ги елиминира бактериите во целост.

Kustarxhi и сор. говорат за ефикасноста на КТР ласерот и озонот во гасна состојба врз Enteroccocus feakalis и дошле до заклучок дека NaOCL со концентрација од 2,5% е со супериорна ефикасност и дека има подобро антибактериско дејство во споредба со озонот и КТР ласерот, додека озонот во гасна состојба има подобро антибактериско дејство од КТР ласерот.

Anca и сор. вршеле споредби помеѓу Endox, Endodontic system MTAD и Heal озонот во ин-виво услови. Тие замале брис од коренскиот канал на забот пред и по неговата дезинфекција и заклучиле дека по дезинфекција на коренскиот канал на забот дошло до сигнификантно намалалување на бројот на бактериите. Тие не приметиле некои сигнификантни разлики помеѓу NaOCL, MTAD и Heal озонот.

Moritz и сор. третирале инфициран канал со Nd:YAG ласер во ин-витро услови. По примената на ласерот дошло до редукција на бактериите на коренскиот канал на забот, такашто само кај 19 коренски канали од забите е приметено минимално зголемување на колониите од стерптококи, додека кај другите 10 канали е приметено едно минимално зголемување на колоните од стафилококите.

Brugnera и сор. го истражувале влијанието на Er:YAG и Nd:YAG ласерите комбинирано со дестилирана и дејонизирана вода како и на NaOCL со концентрација од 1% врз пермабилитетот на дентинот. Нивните резултати покажале дека Er:YAG ласерот влијае врз зголемување на дентинскиот пермабилитет во споредба со Nd;YAG ласерот. (Moritz и сор).

Meire и сор. во нивното ин-витро истражување констатирале дека дезинфекцијата на каналот со фотоактивација и NaOCL има влијание во редукцијата на бројот на микрорганизмите од видот на ентерококус фекалис. Според нив, ласерот има помалу влијание во редукција на бројот на колонии на ентерококус фекалис споредена со NaOCL и дезинфекцијата со фотоактивација.

Nd:YAG ласерот има сигнификантно влијание врз редукцијата на бактеријата ентерококус фекалис во 99,7% од случаите со нивно потполно уништување, но не и дезинфекција на инфицираниот коренски канал од забот (Bergman и сор.).

Ендодонскиот третман на забот има за цел да го отстрани органскиот и неорганскиот дел од коренскиот канал на забот и да го подготви за херметичка оптурација. Успехот на ендодонтската терапија ќе зависи меѓу другото и од обработката на коренскиот канал на забот пред дефинитивната оптурација. Оттука произлегле целите на оваа студија да се одреди антибактерискиот ефект на различни средства за дезинфекција и стерилизација на коренскиот канал, и тоа:

1. одредување на антибактерискиот ефект на NaOCL со концентрација од 2,5% и на CHX со концентрација од 2% на ифицираниот коренски канал од забот;
2. одредување на антибактерискиот ефект на озон во гасна состојба на инфицираниот коренски канал од забот без употреба на ириганси;
3. одредување на антибактерискиот ефект на Nd:YAG ласерот на инфицираниот коренски канал од забот со и без употерба на ириганси;

4. споредба на антибактерискиот ефект на одделни ириганси со антибактерискиот ефект на озонот во гасна состојба;
5. споредба на антибактерискиот ефект на ириганситe со антибактерискиот ефект на Nd:YAG ласерот;
6. споредба на антибактерискиот ефект помеѓу озонот во гасна состојба и Nd:YAG ласерот.

Истражувањето ќе биде поделено во два дела, од кои делот кој се однесува на примената на ласерот ќе се направи на Клининиката за болести на забите и ендодонтот во Скопје, додека вториот дел, кој се однесува на примената на озонот во гасна состојба, како и микробиолошките испитувања, ќе се направат на Клиниката за болести на забите и ендодонтот во Приштина.

Испитувањето ќе биде извршено на 90 пациенти поделени во 3 групи. Првата група ја сочинуваат 30 пациенти каде што за дезинфекција и стерилизација на коренските канали ќе се применат само средства за иригација. Втората група ја сочинуваат 30 пациенти каде што за дезинфекција и стерилизација на коренските канали ќе се примени озон. Кај третата група од 30 пациенти за дезинфекција и стерилизација на коренските канали ќе се примени Nd:YAG ласер. Како контролна група ќе бидат 30 пациенти каде што за иригација на коренските канали ќе се примени 0,9% физиолошки раствор.

Критериумите за испитувење на пациентите кон ова истражување ќе бидат следните:

- пациентите приклучени во истражувањето треба да бидат дијагностифицирани со Dg Paradontitis apicalis chronica и гангрена;
- пациентите не треба да се болни од следниве болести: алергиски заболувања, системски заболувања, кардиоваскуларни заболувања, ендокрини нарушувања на тироидната жлезда, интоксикации со алкохол, тромбоцитипенија, хипертироидизам, пациенти со респираторни нарушувања, пациенти со инфаркт на миокард и пациенти алергични на озон;
- пациентите не треба да бидат под терапија како што се: антибиотска терапија, хемотерапија, бремени жени, период на лактација;
- пациенти кои не биле подложени на хируршки интервенции во последните 6 месеци;
- пациенти кои не примаат антибиотици или не примиле во последните 6 месеци;
- пациенти кои не примат хемотерапија или не примиле во последните 6 месеци;

По одредувањето на дијагнозата кај пациентите ќе се прави радиолошко снимање на забот и пред инструментирањето на коренскиот канал на забот со помош на стерилен хартиен шилец ќе се зема првиот брис и ќе се става во стерилна Епендорфитова епрувета. Земениот брис за анализа ќе се праќа во микробиолошка лабораторија, каде што хартиениот шилец ќе се стави во тубули кои содржат 7 мл BHI и 10μl од оваа суспензија ќе се култивира на хранитени подлоги на крвен агар, на температура од $370^{0}$ C и времетраење 24-72 часа.

Кај првата група на пациенти кандидатката користи само ириганси за стерилизација на коренските канали на забите. По земање на првиот брис ќе се пристапи кон инструментирањето на коренскиот канал на забот со Crow-Down техника со инстроменти К- филес =15-60 во зависност од волуменот на коренскиот канал.

Во ова истражување се употребуваат како ириганси 2,5%NaOCL и 2% CHX.

Ова истражување се спроведува на Клиниката за болести на забите и ендодонтот во Приштина.

Кај контролната група (n=10), коренскиот канал на забот се иригира со 0,9% NaCL.

Кај втората група на пациенти користен е озон за стерилизација на коренските канали на забите. Во ова истражување се употрбува апаратот Prozone (WH, Austria). Волуменот на озон во гасна состојба е 50л/мин, и времетраење од 24 сек. При пуштаењето на озон во каналот на забниот корен пациентот треба да го задржи здивот за да не дојде до иритација на дишните патишта. Исто така, треба да се внимава на појава на сонливост кај пациентите како последица на примената на озон во гасна состојба.

Забите од оваа група ќе бидат поделени во три подгрупи, и тоа: II- 1 (n=10) за дезинфекција на коренскиот канал се користи озон во комбинација со NaCL 0,9%; II- 2 (n=10) за дезинфекција на коренскиот канал се користи озон во комбинација со NaOCL 2,5% и II-3 (n=10) за дезинфекција на коренскиот канал се користи озон во комбинација со CHX 2%.

Кај контролната група ( n=10) коренскиот канал на забот се иригира со 0,9% NaCL.

По земање на првиот брис се пристапува кон инструментирањето на коренскиот канал на забот со Crow-Down техника со инструменти К-филес =15-60 во зависност од волуменот на коренскиот канал на забот. По промената на секој канален инструмент, коренскиот канал ќе се испира со соодветниот ириганс. На крајот, коренскиот канал се стерилизира со озон. Потоа од каналот ќе се земе вториот брис во исти услови како и првиот и материјалот за микробиолошката анализа ќе се прати во лабораторија.

Кај третата група на испитаници кандидатот спроведува истражување со Nd:YAG ласер (студија ин-виво) на Клиниката за болести на забите и ендодонтот во Скопје.

Забите од оваа група се поделиме во три погрупи, и тоа: III-1 (n=10) за дезинфекција на коренскиот канал се користи Nd;YAG во комбинација со NaCL 0,9%; III-2 (n=10)- коренскиот канал на забот се иригира NaOCL 2,5%+ Nd;YAG ласер и III-3 (n=10)- коренскиот канал на забот се иригира со CHX 2% Nd;YAG ласер.

Кај контролната група ( n=10), коренскиот канал на забот се иригира со NaCL 0,9%.

По земањето на првиот брис ќе се пристапи кон инструментирање на коренскиот канал на забот со Crown-down техника со К-филес=15-60 во зависност од волуменот на коренскиот канал. По промената на секој канален инструмент, коренскиот канал на забот ќе се испира со соодветниот ириганс. На крајот коренскиот канал се стерилизира со ласер.

Во експерименталните групи што ќе бидат проследени само со ласер, во истражувањето ќе се употреби ласерот од видот Fidelis Nd III (Fotona Fidelis Plus-Slovenia), со примена на стандарните параметри (1,5W и 15 pulsa/ sek.). Според Guknecht и сор., ова се оценува како оптимална процедура.

Коренските канали на забите ќе се експонираат со Nd-YAG ласерот 3 пати по 10 секунди со паузи од 20 секунди помеѓу секоја експозиција, по што од каналот ќе се земе вториот брис во исти услови како и првиот, и материјалот за микробиолошката анализа ќе се прати во лабораторија.

Добиените резултати ќе се обработуваат статистички, при што како статистички параметри ќе се употребуваат тестовите по Kruskal-Walis i Mann- Whitney.

**Заклучок:**

Предлог-темата за изработка на докторската дисертација од д-р Нецмије Ајети со наслов: "Антибактериски ефекти на озон во гасна состојба и Nd:YAG ласерот In vivo студија" ги содржи сите елементи и воедно ги исполнува сите услови потребни за ваков вид научноистражувачка студија.

Имајќи ја предвид подготвеноста на кандидатката за изработка на самостоен научен труд, досегашните истражувања од ваков вид, како и солидно образложената тема и очекувани резултати, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја прифати предлог-темата за изработка на докторска дисертација.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Мира Јанкуловска с.р.

Проф. д-р Александар Грчев с.р.

Проф. д-р Марија Накова с.р.

Доц. д-р Соња Апостолска с.р.

Проф. д-р Киро Ивановски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МИКРОБИОЛОГИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ОЛГА НАЈДЕНОВСКА, ПРОФ.Д-Р МИРЈАНА ЈАРАК И ПРОФ Д-Р ЈОСИП ЧОЛО

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, со одлука бр.02-1591/7 од 03.07.2012 година, нè определи за рецезенти на ракописот на учебник под работен наслов **„МИКРОБИОЛОГИЈА"** од авторите проф.д-р Олга Најденовска, проф.д-р Мирјана Јарак и проф.д-р Јосип Чоло.

Согласно со одлуката на ННС, ракописот е детално разгледан и го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Доставениот ракопис на учебникот е наменет за студентите на следниве студиски програми: растителна биотехнологија, анимална биотехнологија, лозаро-овоштарска, лозаро-винарска, квалитет и безбедност на храна, заштитан а растенијата, еко-земјоделство и како изборен предмет на студиската програма агроекономика.

Обемот на ракописот е во рамките на предвидените часови во текот на неделата (3+2).

Ракописот е напишан на 183 страници, $A_4$-формат, компјутерски обработен текст со вообичаен проред, во кој има 75 фотографии, 9 табели и 41 цитиран автор.

Материјалот во ракописот е систематизиран во 7 поглавја, два прилога и користена литература.

Во **првото поглавје**, **ВОВЕД**, авторите ја истакнуваат улогата на микроорганизмите во сите сегменти, како: улогата на микроорганизмите во кружењето на метаријата во природата, во создавањето и одржувањето на плодноста на почвата (преку хумификациските и минерализациските процеси во почвата), во сточарското производство (во варењето на храната кај животните), во прехранбената индустрија и др. Исто така, во воведот авторите укажуваат дека во природата постојат и штетни микроорганизми кои се причинители на заболувања кај човекот, животните и растенијата. Понатаму, авторите во воведот пишуваат за

историскиот развој на микробиологијата и идните насоки во развојот на микробиологијата.

Во **второто поглавје** се дадени *морфолошките карактеристики на микроорганизмите.* Изнесена е големината и разликите во големината кај сите групи микроорганизми, укажувајќи дека постојат микроорганизми чија големина се мери во нанометри (вирусите) до микроорганизми чија големина се мери во микрометри, па дури и во милиметри, како што се сулфурните бактерии *Beggiatoa mirabilis* и др. Во овој дел, на разбирлив начин, преку слики се даваат примери за големината на сите групи микроорганизми, кои се дел од предметната програма по предметот микробиологија.

Во ова поглавје, авторите на ракописот ги изнесуваат формите кај микроорганизмите, при што укажуваат дека постојат разни форми, И за секоја форма даваат слики преку кои му овозможуваат на студентот полесно да го совлада овој дел од материјата. Преку сликите студентот полесно добива претстава за секоја форма што се сретнува кај микроорганизмите.

Понатаму, авторите во ова поглавје на еден разбирлив начин со слики и примери ја опишуваат градбата на микроорганизмите, потенцирајќи ги сите составни делови на микробиолошката клетка. Овде авторите даваат карактеристики за секој составен дел на микробиолошката клетка, во насока каде е лоциран, каков е хемиксиот состав и каква функција има во микробиолошката клетка. Преку сликите кои се презентирани во ракописот, авторите овозможуваат студентот полесно да добие претстава за секој структурен дел на микробиолошката клетка, во смисла каде тој се наоѓа и каква е неговата функција.

Во **третото поглавје** е презентирана *екологијата на микроорганизмите.* Овде се изнесува улогата на *абиотичките и биотичките фактори.*

Во *абиотичките фактори* се укажува на значењето на **физичките фактори** (топлина, вода, светлина, радијација, осмотски притисок и хидростатички притисок) и **хемиските фактори** (кислород, реакција на средината (pH) и хемиските агенски).

За секој од **физичките фактори** се дава посебен опис и се потенцира неговото значење за животот и активноста на микроорганизмите во природата.

Исто така, за секој од **хемиските фактори** се објаснува неговото значење врз размножувањето, развојот и активноста на микроорганизмите.

Материјата во *абиотичките фактори* е така систематизирана, што студентите без некои потешкотии, брзо и успешно ќе можат да ја совладаат.

Во *биотичките фактори* авторите даваат објаснување за меѓусебните односи на микроорганизмите и односите што тие ги имаат со растенијата и животните. Овде на еден успешена начин се објаснуваат меѓусебните односи на микроорганизмите, објаснувајќи дека микроорганизмите во природата меѓусебно се наоѓаат во различни односи. Во овој дел се објаснуваат различните меѓусебни односи меѓу микроорганизмите, потоа меѓу микроорганизмите и животните и на крајот меѓу микроорганизмите и растенијата преку разни форми на животни заедници, како што се: *метабиозата, симбиозата, антибиозата и паразитизмот и др. П*реку примери, авторите му овозможуваат на студентот лесно да ги разбере *биотичките фактори.*

Во **четвртото поглавје** е изнесена материја која го третира *метаблозмот на микроорганизмите.* Овде се дава информација за изворите на храна на микроорганизмите. Потоа се прави поделба на микроорганизмите според своите потреби и начини на користење на разни извори на храна. Така, авторите, микроорганизмите според начинот на користење на јаглеродот ги делат на *автотрофни, хетеротрофни и миксотрофни,* а според начинот и изворот од каде го земаат азотот, авторите микроорганизмите ги делат на микроорганизми кои азотот го користат во органска форма и микроорганизми кои азотот го користат во неорганска форма. Исто така, авторите ги даваат изворите од каде микроорганизмите се снабдуваат со сулфур и фосфор како многу значајни макроелементи за животот и активноста на микроорганизмите.

Во истото (четврто) поглавје авторите ги опишуваат супстратите од каде микроорганизмите се снабдуваат со енергија за извршување на своите синтетски и разградувачки процеси. Понатаму, авторите го опишуваат дишењето на микроорганизмите Понатаму, се изнесува материја кој го третира порастот на микроорганизмите, укажувајќи дека микроорганизмите растат и се размножуваат на течни и цврсти хранливи подлоги, на кои секоја група микроорганизми создава колонии со различнаи морфолошки и физиолошки карактеристики. На крајот од овој дел на многу прегледен начин се опишува размножувањето на сите групи микрооганизми (безполово и полово), за на крајот да се даде опис и на начините на движење на микроорганизмите, според распоредот на цилиите.

Во **петтото поглавје** се зборува за рашireноста на микроорганизмите во природните средини, при што се укажува на специфичноста на микроорганизмите низ својата еволуција да се адаптираат за живеење на одредена животна средина (вода, почва, воздух). Дпбар распоред на материјата авторите направиле при распоредувањето на микроорганизмите во водата, диференцирајќи ги микроорганизмите на: микроорганизми кои во својата еволуција се адаптирале за живеење во солени и слатки води. Добро се поделени микроорганизмите во

хоризонтален и вертикален распоред во почвата и воздухот, така што студентот без тешкотии ќе го совладува и овој дел од материјата.

Во **шестото поглавје**, авторите сосема кратко, колку што е потребно студентот да добие сознанија, изнесуваат материја која се однесува на *променливоста на микроорганизмите.* Овде се изнесува материја која зборува за начините како се пренесуваат генетските информации кај микроорганизмите. Потоа, авторите тука внесуваат нова материја која го третира *генетскиот инженеринг* кај микроорганизмите. Оваа материја е нова во микробиологијата, која студентот ќе го доближи до улогата на микроорганизмите во генетскиот инженеринг, односно во примената на чисти култури микроорганизми во прехранбената индустрија и во други сфери на живеењето.

Во **седмото поглавје**, авторите, согласно со новите достигнувања во таксономијата и систематиката, вршат класификација на микроорганизмите според систематските својства. Овде авторите даваат систематика на: *вирусите, бактериите, археите, габите (квасци и мувли), алгите и протозоите.* Систематизирањето на микроорганизмите е направено до родови, што е многу значајно за студентот да се доближи што поблиску до сите систематски единици кај микроорганизмите.

Во **прилогот 1**, авторите систематски ги класифицираат бактериите, почнувајќи од класа, ред, фамилија и завршувајќи со род.

Таков распоред е даден и во **прилог 2**, каде што е дадена систематика на *Археите.*

Во **поглавјето „Литература"**, авторите цитираат 41 литературен извор од понов датум.

## ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ

Ракописот со наслов **„МИКРОБИОЛОГИЈА"**, од авторите проф.д-р Олга Најденовска, проф.д-р Мирјана Јарак и проф.д-р Јосип Чоло, по обем е во согласност со наставните програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Исто така, и наставната содржина е онаа која одговара за еден ваков учебник и е влезена во наставните програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје. Според поставеноста, обемот и начинот на презентирање на материјалот, сеопфатноста и литературната поткрепа, се карактеризира како **постојан учебник**, и сметаме дека ќе биде од големо значење за студентите да можат да ја следат наставната програма и успешно да ја совладуваат

материјата од предметот **микробиологија**, кој се слуша на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Имајќи го во предвид гореизнесеното образложение, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ во Скопје, да му препорачаме печатење на ракописот **МИКРОБИОЛОГИЈА** од авторите проф.д-р Олга Најденовска, проф.д-р Мирјана Јарак и проф.д-р Јосип Чоло како *постојан учебник.*

20.VII.2012 година

Скопје

Рецензенти

*1. Проф.д-р Југослав Зибероски*

*Факултет за земјоделски науки и храна ЂСкопје*

________________

*2. Проф.д-р Никола Христовски*

*Биотехнички факултет - Битола*

(професcор во пензија)

________________

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**на РАКОПИСОТ "ПОЧВЕНА МИКРОБИОЛОГИЈА" од авторите проф. Д-р Олга Најденовска, проф. Д-р Мирјана Јарак и проф. Д-р Јосип Чоло**

Наставно- научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, со одлука бр. 02-1340/15 од 15.06.2012 година не определи за рецензенти на ракописот на учебник под работен наслов **"ПОЧВЕНА МИКРОБИОЛОГИЈА"** од авторите проф. Д-р Олга Најденовска, проф. Д-р Мирјана Јарак и проф. Д-р Јосип Чоло.

Согласно со одлуката на ННС и по деталното разгледување на ракописот, го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот на учебникот кој е доставен за рецензирање е наменет за студентите од следниве студиски програми: *поледелска, градинаро-цвеќарска И лозаро-овоштарска* на ФЗНХ и тоа како *учебник*:

Ракописот е напишан на 177 страници, $A_4$ формат, компјутерски обработен текст со нормален проред во кој има 24 фотографии, 2 табели, 90 цитирани автори.

Материјалот е систематизиран во 11 **глави, прилог и литература.**

Во Глава 1 авторите го истакнуваат значењето **на почвата како динамичен систем**, потоа го истакнуваат влијанието на **абиотичките фактори** (воздух, вода, топлотен режим, pH, светлина, органски материи, структура и текстура на почвата) и **биотичките фактори** врз микроорганизмите во почвата (односите меѓу микроорганизмите во почвата).

Во **Глава 2** авторите даваат убава хронологија на **разновидноста на микроорганизмите во почвата**. Во овој дел на еден јасен и разбирлив начин авторите го опишуваат значењето на разни групи почвени микроорганизми.

Така, на **бактериите** во почвата им се дава голема улога во процесите на трансформација и синтеза на органските материи и обезбедувањето на хранливи асимилативи за растенијата. Потоа, се укажува на улогата на **актиномицетите** како значајна група на микроорганизми во почвата, која учествува во разградувањето на тешко разградливите органски материи во почвата и нивната улога во солените почви каде што се доста застапени. Понатаму, во ова глава се опишуваат алгите и нивното значење во формирањето на почвата, во подобрувањето на структурата на почвата и во одржувањето на плодноста на почвата. Исто така, алгите во процесот на фотосинтеза, почвата ја збогатуваат со кислород. Понатаму, авторите во овој дел ја потенцираат улогата на почвените **габи** како разложувачи на органските материи во почвата, особено во кисели почви, бидејќи се ацидофилни. Авторите ја потенцирааат улогата на габите во разложувањето на сложените органски материи, како што се *целулозата, хемицелулозата и лигнинот*. Во овој дел, авторите ја потенцираат улогата на микоризните габи, и даваат податоци и за фитопатогените и паразитските габи - предизвикувачи на болести кај растенијата кои го намалуваат приносот.

Авторите ја изнесуваат во прв ред негативната улога на протозоите во почвата, бидејќи се хранат со корисни бактерии во почвата и го редуцираат нивниот број. Но, авторите во ракописот даваат информации дека протозоите по нивното изумирање стануваат храна за габите и хетеротрофните бактерии, кои изумрените протозои ги разложуваат до асимилативи за растенијата и еден дел до хумус.

За лишаите се укажува дека имаат голема улога во процесот на педогенезата, бидејќи тие вршат физичко и хемиско разложување на карпите и минералите, како и синтеза на органски материи. На тој начин тие директно учествуваат во создавањето на првобитната почва.

За вирусите, авторите на ракописот укажуваат дека тие се постојано присутни во почвата паразитирајќи на почвените микроорганизми и на растенијата. Се укажува дека вирусите во почвата можат подолго време да преживеат надвор од домаќинот отколку во другите средини.

Во **Глава 3** авторите на ракописот на еден разбирлив начин даваат информации за создавањето и составот на органските материи во почвата. Потоа дадени се информации за влијанието на микроорганизмите во збогатувањето на почвата со органски материи преку нивната биомаса која се создава по нивното изумирање. Во овој дел, авторите пишуваат за улогата на микроорганизмите во процесите на хумификација, при што почвата се збогатува со хумус, и во процесите на минерализација, при што преку разложување на органските материи и хумусот, микроорганизмите се создаваат како достапни асимилативи за растенијата.

Во **Глава 4** од ракописот се дава објаснување на циклусот на кружење на јаглеродот и улогата на микроорганизмите во тој циклус. Авторите ја објаснуваат улогата на органските и неорганските форми на јаглеродот, како составен дел на многу органски материи во почвата. Во овој дел се објаснува циклусот на разложување на органските соединенија, во кој влегуваат органските форми на јаглеродот. Се дава објаснување за: *аеробното* разложување на *моносахаридите* преку: **оцетната** ферментација, **фумарно-килибарната** ферментација и др. Потоа за **анаеробните ферментации** преку: **бутерната ферментација, алкохолната ферментација, млечната ферментација, ацетон-бутилната ферментација** и **пропионската ферментација**.

Понатаму се дава објаснување за разложување на **целулозата** во почвата во *аеробни* и *анаеробни услови*, за разложувањето на **скробот, хемицелулозата, пектинот, лигнинот, масните материи, липидите, восоците смолите** и **јаглеводородите.**

Во **Глава 5** се објаснува циклусот на кружењето на азотот во почвата, при што се укажува на улогата на микроорганизмите во почвата во разложувањето на **сложените азотни материи во почвата преку процесите на амонификација: на протеините, на карбамидот, на мочната и хипоуринската киселина**, потоа се опишува амонификацијата на **нуклеинските киселини**, и на крајот од објаснувањето на сите процеси на амонификација, се дава објаснување за значењето на микробиолошката трансформација (амонификација) на органските азотни соединенија.

Во вториот дел од ова глава се дава објаснување на **нитрификацијата** во почвата во која учествува специфична **група микроорганизми наречени нитрификатори** и за значењето на нитрификацијата во почвата. Исто така, во ова глава се опишува **денитрификацијата** во почвата како процес на редукција на нитратите и за значењето на денитрификацијата во почвата. Посебен тон во ова глава се дава на улогата на микроорганизмите во процесите на **биолошката азотофиксација** во почвата. Имено, детално се опишуваат процесите на азотофиксација во почвата, кои се извршуваат од специфични групи микроорганизми наречени **азотофиксатори.** Во овој дел детално се опишуваат: **слободната аеробна и слободната анаеробна азотофиксација**. Посебен осврт авторите даваат на **симбиотичката азотофиксација кај легуминозните растенија**, и сосема кратко, колку што е потребно за студентите од првиот циклус универзитетски студии, авторите даваат објаснување и за **симбиотичката азотофиксација кај нелегуминозните растенија.**

Во **Глава 6,** авторите на ракописот го објаснуваат циклусот на кружење на фосфорот во природата. Тука, авторите даваат информации дека за збогатување на почвата со фосфор можат да се користат чисти култури микроорганизми-фосфорни бактерии кои ја збогатуваат почвата со достапни форми на фосфор.

Во **Глава 7** се дава објаснување за циклусот на кружење на сулфурот во почвата и за улогата на микроорганизмите во промената на формите на сулфур во почвата (органски-неоргански), во насока на обезбедување на достапни форми на сулфур за растенијата. Но, тука се укажува на присуството на бактерии кои достапните форми на сулфур можат да го редуцираат во недостапни, па дури и токсични форми на сулфур за растенијата.

Во **Глава 8** се изнесува улогата на микроорганизмите во трансформацијата на **калиумот, железото и манганот** во почвата, како значајни хранливи елементи за растенијата.

Во **Глава 9** од ракописот, авторите даваат објаснување на процесите преку кои се создава **хумусот** во почвата. Тука, се дава опис на градбата на хумусот, се објаснува улогата на абиогените и биогените фактори, потоа се дава опис за улогата на хумусот за плодноста на почвата. Во овој дел се објаснува и **дехумификацијата** како процес низ кој хумусот се минерализира до разни асимилативи за растенијата, но со учество на други групи микроорганизми, кои не учествувале во создавањето на хумусот во почвата.

Во **Глава 10** се зборува за влијанието на **агротехничките мерки** (обработка на почвата, ѓубрење на почвата со органски и минерални ѓубрива, плодоред и неговата улога во насочување на микробиолошките процеси) врз микробиолошките процеси во почвата. Во истата глава се објаснува значењето на **агромелиоративните мерки** (одводнување, наводнување и хемиските мерки на почвата) врз микробиолошкиот состав и микробиолошката активност во почвата.

Во **Глава 11**, авторите ја изнесуваат улогата на микробиолошките ѓубрива (*нитрагин, азотобактерин, фосфобактерин, хумуворин и др.*) во подобрувањето на плодноста на почвата. Имено, во почвата има елементи, разни соединенија и минерали, кои ги има во големи количества, но тие се недостапни за растенијата. Со внесувањето на чисти култури микроорганизми преку микробиолошките ѓубрива, недостапните форми на елементи и соединенија се преобразуваат во достапни форми за растенијата. Тука, се дава опис на микробиолошките биопестициди, и за улогата на микроорганизмите во биоремедијацијата на почвата.

На крајот авторите во **Прилогот** ги даваат поважните откритија во микробиологијата на почвата.

Во делот *литература*, авторите цитираат 90 литературни извори од понов датум.

# ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕНЗЕНТИТЕ

Предложениот ракопис со наслов **"ПОЧВЕНА МИКРОБИОЛОГИЈА"** од авторите проф. Д-р Олга Најденовска, проф. Д-р Мирјана Јарак и проф. Д-р Јосип Чоло, во обем е во согласност со наставните програм на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Според концепциската поставеност, обемот, начинот на презентирање на материјалот, сеопфатноста и богатата литературна поткрепа, се карактеризира како постојан учебник, и сметаме дека ќе биде од големо значење за студентите, да можат да ја следат наставната програма и успешно да ја совладуваат материјата од овој предмет на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Имајќи го во предвид гореизнесеното образложение, имаме чест на Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, при УКИМ, во Скопје да му препорачаме печатење на ракописот **"ПОЧВЕНА МИКРОБИОЛОГИЈА"** од авторите проф. Д-р Олга Најденовска, проф. Д-р Мирјана Јарак и проф. Д-р Јосип Чоло, како *постојан учебник*.

**05.07.2012**

**Скопје**

**Рецензенти**

1. **Проф. Д-р Југослав Зибероски**

**Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

2. **Проф. Д-р Никола Христовски**

**Биотехнички факултет - Битола**

**(професор во пензија)**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРЕТСКИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на својата седница одржана на 29.6.2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област теоретски политички науки, во состав: проф. д-р Сашо Георгиевски, доц. д-р Зоран Илиевски и доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд. На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ бр. 4886 од 14 јуни 2012 година и во дневниот весник „Коха“ бр. 1637 од 13 јуни 2012 година се пријави кандидатот: д-р Иван Дамјановски.

Кон пријавата кандидатот достави: одлука за стекнат соодветен степен на образование-доктор на науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив и копија од образец бр.1 со потврда за прием од Комисијата за верификација на факти согласно со Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција. По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Иван Дамјановски е роден на 21.2.1979 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. На политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ се запишал во 1997 година, а дипломирал во 2001 година со просечен успех 9,40. Во 2003 година завршил постдипломски студии на Универзитетот во Болоња, на Факултетот за политички науки и меѓународни односи со седиште во Форли. Магистрирал со тезата „Обликувајќи ја Европа: Теоретскиот дискурс на европската интеграција“. На 7.5.2012 успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Државно-центричната наспроти теоријата за повеќестепено владеење во процесот на проширување на Европската унија“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнал со научен степен - доктор на политички науки. Кандидатот д-р Иван Дамјановски во јуни 2008, со одлука на Наставно-научниот совет година е избран за асистент на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатот одлично говори англиски и италијански јазик, како и јужнословенската група на јазици. Кандидатот располага со компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

## 2. Наставно-образовна дејност

Со изборот во звањето асистент, кандидатот активно партиципира во изведување на вежби и дел од наставата на неколку предметни програми во рамките на првиот и вториот циклус на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Претходно, кандидатот исто така бил вклучен во наставно-образовниот процес од академската година 2004/2005 год., кога е избран за демонстратор на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први". Во периодот сè до изборот во звањето асистент, кандидатот работи како демонстратор во рамките на предметните програми политички теории и политичка филозофија.

Откако кандидатот е избран во звањето асистент, тој е дел од наставно-образовниот процес на неколку предметни програми на додипломските и постдипломските студии по политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. На додипломските студии, кандидатот е ангажиран на предметните програми: политички теории, политичка филозофија и цивилно општество. На постдипломските студии, кандидатот е вклучен во наставно-образовниот процес на задолжителните предметни програми: идејата за Европа и теории за европска интеграција и институции на Европската унија на насоката европски институции и политики и на задолжителната предметна програма применета политика на насоката применети политики. Во рамките на вториот циклус на студии, кандидатот исто така е вклучен во наставно-образовниот процес на опционите предметни програми: академско пишување и теории за европска интеграција.

Во периодот од академската 2005/2006 година до академската 2010 2011 година, кандидатот е добитник на стипендијата Returning Scholar во рамките на AFP (Academic Fellowship Program) програмата на Институтот „Отворено општество" од Будимпешта, која е насочена кон академско усовршување на млади академски работници со западно образование кои се ангажирани на високообразовни институции во Источна и Југоисточна Европа. Во рамките на оваа програма, кандидатот постојано учествува на академски конференции, семинари и работилници насочени кон имплементирање на современи наставни програми, како и усовршување на иновативни методи на предавање и оценување. Д-р Иван Дамјановски е назначен за координатор на соработката на оваа програма со политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први".

Треба да се напомене дека во рамките на интерните студентски евалуации на политичките студии на Правниот факултет, кандидатот континуирано бележи високи просечни оценки (така на пример, во рамките на академската 2011 2012 година, за предметната програма политичка филозофија кандидатот е оценет со просечна оценка од 4,85 од можни 5). Финално, кандидатот е директно вклучен и во модернизирањето и создавањето на нови предметни програми.

### 3. Објавени научни и стручни трудови

Кандидатот се јавува како автор или коавтор на голем број научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство:

- Damjanovski, Ivan. Markovikj, Nenad, Ilievski, Zoran и Bozinovski, Vladimir. „Die Rolle der EU beim Konflikt-management in Makedonien". Religion&Gesellschaft in Ost und West Nr. 4, Zurich, 2012;
- Damjanovski, Ivan. Markovikj, Nenad, Ilievski, Zoran и Bozinovski, Vladimir. „The Role of the European Union in the Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia". Regional Research Promotion Programme, 2011, достапен на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/library/Research-Results.html;
- Дамјановски, Иван. Прешова, Денис. Гоцевски, Драган и Марковиќ, Ненад. „Вовед во работата на собранието на Република Македонија". Скопје: Вестминстер фондација за демократија, 2010;
- Damjanovski, Ivan. „Flexibility, Academia and Human Capital Formation: What is the Role for Higher Education in Kosovo's Transition towards a Knowledge-Based Economy?". Journal Der Donaurum Vol.50. No. 1, IDM Vienna, 2010 (стр. 25-43) ;
- Damjanovski, Ivan. „From the Outside Looking In: the Role of the Diaspora in the Macedonian EU Integration Process and Socio-Economic Development". Journal Der Donaurum Vol. 48. No.3, IDM Vienna, 2008 (стр. 235-251) ;
- Дамјановски, Иван и Мисев, Владимир. „Анализа на изворите на трговија со луѓе во Република Македонија и предизвиците за надомест на жртвите". Скопје: ИДСЦС/ОБСЕ, 2007;
- Damjanovski, Ivan. „Macedonia's EU Accession – Negotiation or Stagnation?". , Portal on Central Eastern and Balkan Europe, 2006, достапен и на: http://www.pecob.eu/flex/cm/pages/ServeBLOB.php/L/EN/IDPagina/530;
- Damjanovski, Ivan и Prokopenko, Nikola. „The approximation of the Macedonian Legal System to the Acquis Communautaire" in Frosini, Justin Orlando, Lupoi, Michele Angelo и Marchesiello, Michelle (eds.). "A European Space of Justice". Ravenna:Longo Editore, 2006 (стр. 33-51) ;
- Дамјановски, Иван. Марковиќ, Ненад. Талески, Дане. Божиновски, Владимир.„Истражување за очекувањата на младите во Република Македонија". Фондација „Фридрих Еберт", 2006;
- Damjanovski, Ivan и Taleski, Dane. „Republic of Macedonia and the Process of European Integration". Literary Balkans Vol 4, No1 Sofia: 2006 (стр. 263-290) ;
- Damjanovski, Ivan и Taleski, Dane. „Makedonien: EU-Kandidat-und wie weiter?". Ost-West Gegen Informationen: *Westlicher Balkan und die EU. Agenden der Integration*, 17 Jg. Nr 4/2005, Graz: 2005;

- Дамјановски, Иван. „Предизвикот на преговори за членство и институционалниот пристап кон зајакнување на капацитетите". Списание за политичко-општествени теми 'Политичка мисла'. Фондација „Конрад Аденауер"/ИДСЦС. бр. 11, 2005 (стр. 73-83);
- Дамјановски, Иван. „Федералната визија на Спинели".Списание за политичко-општествени теми 'Политичка мисла'. Фондација Конрад Аденауер/ИДСЦС. бр. 9, 2005 (стр. 103-109) ;
- Дамјановски, Иван. Вурмо, Ѓерѓи. „Унапредување на односите меѓу ЕУ и Западен Балкан: Прогресот на Република Македонија во областа на правдата и внатрешните работи".Скопје: Евро Балкан прес, 2005 (стр. 41-72);
- Дамјановски, Иван. „Современиот дискурс на теоријата за европска интеграција".Списание за политичко-општествени теми 'Политичка мисла'. Фондација „Конрад Аденауер"/ИДСЦС. бр. 7, 2004 (стр. 87-95);
- Дамјановски, Иван. „Регионалната политика на Европската унија за сузбивање на сиромаштијата".Списание за политичко-општествени теми 'Политичка мисла'. Фондација „Конрад Аденауер"/ИДСЦС. бр. 5, 2004 (стр. 17-25);
- Дамјановски, Иван. „Либерален институционализам-предизвик на глобализацијата (примерот на Г8)". Списание за политичко-општествени теми 'Политичка мисла'.Скопје: Фондација „Конрад Аденауер"/ИДСЦС. бр. 4, 2003 (стр. 59-65);
- Дамјановски, Иван. „Таткото на пост - воена Италија-Алчиде де Гаспари". Списание за политичко-општествени теми 'Политичка мисла'. Фондација „Конрад Аденауер"/ИДСЦС. бр.3, 2003 (стр. 77-82);
- Дамјановски, Иван. Марковиќ, Ненад и Талески, Дане. „Школа за демократија, десет тетратки за демократијата". Скопје: ФИООМ/ДФИД, 2003.


## 4. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Во текот на неговата досегашна академска кариера, кандидатот бележи значително искуство како истражувач и учесник во голем број меѓународни истражувачки проекти:

- TEMPUS – проект „Пример за извонредност во развојот на заеднички дипломи во југоисточна Европа" (Example of Excellence for Joint (Degree) Programme Development in South Eastern Europe) )", во периодот од 2009 до 2012 година;
- TEMPUS-проект „Последипломски студии по Европски институции и политики и политички менаџмент" (Masters in EU Institutions and Policies and Political Management)", во периодот од 2006 до 2009 година;
- „Улогата на Европската унија во демократската консолидација и менаџирање на етнички конфликти во Република Македонија" (The Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic

of Macedonia), Regional Research Promotion Programme, Универзитет во Фрајбург, 2009-2011;

- „Импактот на човечкиот капитал и високото образование врз економскиот и политичкиот развој на Косово“ (Impact of Higher Education and Human Capital on the Economic and Political Development in Kosovo), Regional Research Project, Institute for the Danube Region and Central Europe-Vienna, во периодот од 2009 до 2010;
- „Улогата на миграциите и дијаспората врз социо-економските реформи и евроинтеграциските процеси во југоисточна Европа“ (Role of Migration and of Diaspora on the Political and Socio-Economic Reform and EU Integration Processes in South East Europe), Regional Research Project, Institute for the Danube Region and Central Europe-Vienna, во 2008 година;
- „Зајакнување на парламентарните капацитети“ (Parliamentary strengthening project), Westminster Foundation for Democracy, University of Essex, House of Commons UK во периодот од 2009 до 2011 година;
- „Поддршка за промовирање на реципрочно разбирање и дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан“(Support to Promoting Reciprocal Understanding and Dialogue between EU and Western Balkan Countries), European Institute, Eurobalkan, во периодот од 2004 до 2005.

Кога станува збор за стучно-апликативната дејност, кандидатот бележи многубројни професионални консултантски ангажмани како и истражувачка работа во невладиниот сектор. Тој од 1999 година е член на бордот и истражувач во тинк тенк организацијата „Институт за демократија Societas Civilis“ од Скопје, во чиишто рамки зема учество во исклучително голем број на истражувачки проекти од областите на јавна политика и истражување на јавното мислење. Кандидатот бил вклучен и во евалуација на одговорите на прашалникот на Европската комисија во рамките на апликацијата на Р. Македонија за членство во ЕУ (Секретаријат за европски прашања- зима 2004-2005). Посебно треба да се истакнат консултантските ангажмани на кандидатот во неколку проекти и студии на Светската банка (студија за влијанието на реформите на судскиот систем во Република Македонија во 2009 година, студија на причините за ниска проодност на студенти во виокообразовниот сектор во 2006 година и истражување на пазарот за нови бизниси во кавадаречкиот регион во 2005 година).

Од 2007 година, кандидатот е и член на уредувачкиот одбор на списанието за политичко-општествени теми „Политичка мисла“, во издание на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија Societas Civilis, Скопје.

## 5. Учество на академски конференции, семинари и обуки

Кандидатот бил излагач и учесник на голем број академски конференции, семинари, научни/стручни собири, обуки, итн. во земјава и во странство:

- 17th Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities „The Wages of Nationhood: Conflicts, Compromises and Costs", Columbia University, New York, USA, април 2012;
- „Libertà e sicurezza nel panorama interno ed europeo" („Freedom and security in the internal and European panorama"), Seconda Università degli Studi di Napoli, Santa Maria C.V., Italy, јуни 2011;
- „Discipline Meeting in Political Science & International Relations and Journalism" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Izmir, Turkey, мај 2011;
- „Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Barcelona, Barcelona, Spain, декември 2010;
- „Discipline Meeting in Political Science & International Relations and Journalism" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Antalya, Turkey, октомври 2010;
- „Political Science & International Relations and Law Discipline Group Meeting" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Budva, Montenegro, мај 2010;
- 15th Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities „Nations and States: on the Map and in the Mind", Columbia University, New York, USA, април 2010;
- „Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Poitiers, France, февруари 2010;
- „Higher Education, Human Capital, and Development Processes in Kosovo, Institute for the Danube Region and Central Europe", Pristina, Kosovo, јануари 2010;
- „Research Methods in Social Sciences" – University of Freiburg, Sarajevo, Bosnia, мај 2009;
- „Political Science and International Relations AFP Discipline Group Meeting" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Istanbul, Turkey, април 2009;
- „Migration, Diaspora and Reform Processes in South East Europe" - Institute for the Danube Region and Central Europe, Vienna, Austria, март 2009;

- „Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Graz, Graz, Austria, февруари 2009;

- „Security in the Balkans - NATO after the Bucharest Summit"- Konrad Adenauer Stiftung/IDSCS, Skopje, Macedonia, јули 2008;

- „Development on the Move: Measuring and Optimizing the Economic and Social Factors Influencing Migration" – Educon/ Global Development Network/ Institute for Public Policy Research, Скопје, Македонија, мај 2008;

- „Discipline Meeting in Political Science and International Relations" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Istanbul, Turkey, март 2008;

- „Конституционална реинтеграција во постконфликтни општества" – Alternative Academic Agenda-политички студии, Правен факултет "Јустинијан I", ноември 2007;

- „Macedonia's road towards EU Accession – Setting the Priorities" – The Olof Palme International Center, European Forum for Democracy and Solidarity, Скопје, Македонија, септември 2007;

- „Balkan Forum for Communication" – Pantheon University, Kavala, Greece, јули 2007;

- „Values and Politics – The EU Extended towards the South-East of Europe- a Community of Shared Values?, Regional conference Friedrich Ebert Stiftung/IDSCS, Битола, Македонија, јуни 2007;

- „Образовниот предизвик – услов за социјален капитал" – ИДСЦС/ Friedrich Ebert Stiftung, Скопје, Македонија, мај 2007;

- „European Economic and Social Model – Comparative Overview of the State of Affairs in EU Member States and Macedonia" – Institute for Economy, University of Skopje, Скопје, Македонија, мај 2007;

- „The State of the European Union and the Accession Perspectives of Macedonia" - Friedrich Ebert Stiftung-Budapest, Institute for World Economy at the Hungarian Academy of Sciences, IDSCS, Скопје, Македонија, мај 2007;

- „Discipline Meeting in Political Science and International Relations" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Istanbul, Turkey, март 2007;

- „Utilization of Human Capital in the Process of European Integration" – TRANSFUSE/College of Europe, Скопје, март 2007;

- „Извештаите за проширување на Европската комисија 2006 год. и нивниот импакт врз процесот на пристапување" - Македонска асоцијација на политиколози, Скопје, Македонија, ноември 2006;
- „Higher Education Training Sessions" – Curriculum Resource Center/Central European University, Скопје, Македонија, мај 2006;
- „Cross-Regional Conference of AFP Fellows in Political Science, International Relations and History" – Open Society Institute, International Higher Education Support Program, Sinaia, Romania, февруари 2006;
- „Regional Conference on Conflict Prevention throughout Integration"– Friedrich Ebert Stiftung, Macedonian Ministry of Foreign Affairs, Скопје, Македонија, ноември 2005;
- „Fellows Orientation Sessions" – Open Society Institute, International Higher Education Support Program, Sinaia, Romania, септември 2005;
- „Sharing the Practical Experiences in the Process of European Integration-Learning Process between Macedonia, Hungary and Slovenia" – Friedrich Ebert Stiftung-Budapest, Institute for World Economy at the Hungarian Academy of Sciences, Скопје, Македонија, октомври 2004;
- „Curriculum Methodology and Syllabus Planning". – Civic Education Project, Струга, Македонија, април 2004;
- „Национална стратегија за европска интеграција", конференција организирана од Секторот за европска интеграција во рамките на Владата на Република Македонија, Охрид, Македонија, февруари 2004;
- „Cooperative Balkans on their way to Europe" – Bosphorus Society, Blagoevgrad and Sofia, Bulgaria, ноември 2002;
- „Emigration Phenomena on the Balkans" - Friedrich Ebert Stiftung, Охрид, Македонија, јуни 2002;
- „Post Communist Transition and Democratization in Southeast and Central Europe" –"Summer School of University of Bologna, Cervia, Italy, септември 2001;
- "Transilvania Community College – Minorities Course" - Association for Community Colleges, Odorhei, Romania, јули 2001;
- „From a Powder Barell to the Round Table " –"House am Mauberg", St. Vlas, Bulgaria, јуни 2001;
- „To Democracy" – School of Democracy, Herceg Novi, Montenegro, јануари 2001;

- „Ethnobarometar" – CEECS, Охрид, Македонија, декември 2000;
- „Politics and the Media " – Friedrich Ebert Stiftung, Скопје, Македонија, 2000;
- "Security in Europe beyond the 2000 / NATO Enlargement and Relations with the EU " – IAPSS, Oslo, Norway, октомври 2000;
- „Quest for Competence" – University of Twente, Enchede, The Netherlands, мај 2000.

## Заклучок и предлог

Рецензентската комисија, врз основа на проучувањето на пристигнатата пријава на конкурсот, констатира дека кандидатот д-р Дамјановски Иван ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање доцент на научната област теоретски политички науки; има завршено соодветно образование, односно е доктор по политички науки, се служи со два од светските јазици и покажува способност за наставно-научна дејност (голем број на објавени трудови и асистент и демонстратор со повеќегодишно искуство). Од една страна, во текот на неговиот наставно-образовен ангажман најприн како демонстратор, а потоа и како асистент, кандидатот се профилира во одличен предавач и педагог што се потврдува и со одличните резултати од студентските евалуации на неговата работа. Кандидатот веќе подолг период е вклучен во имплементирањето и развојот на неколку клучни предметни програми од областа на политичката теорија како на додипломските студии, така и на постдипломските програми на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први". Од друга страна, кандидатот се одликува и со импресивен опус на научно - истражувачка дејност. Тој магистрирал и докторирал на современа и иновативна тема од областа на политичката теорија, има објавено голем број на политиколошки научни и стручни трудови, учествувал на многубројни меѓународни академски конференции и стручни собири и бил дел од неколку меѓународни истражувачки проекти.

Поаѓајќи од сето она што е изнесено, Рецензентската комисија со големо задоволство, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ПРЕДЛОГ

Кандидатот **д-р Иван Дамјановски** да биде избран за наставник во наставно - научното звање доцент на научната област теоретски политички науки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**

**Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.**

**Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Иван Владо Дамјановски

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

**Научна област:** теоретски политички науки

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Настава во школи и работилници** | |
| 1.1 | Школа за демократија – Институт отворено општество/ДФИД, 2002 | 1 |
| 1.2 | Школа за политика (за пратеници во македонското Собрание), Фондација „Фридрих Еберт“/Ренер институт, 2003 | 1 |
| 1.3 | „Институции и политики на Европската унија“ – школа за пратеници во македонското Собрание, Фондација „Фридрих Еберт“/Ренер институт, Виена, 2004 | 1 |
| 1.4 | „Институции и политики на Европската унија“ – школа за пратеници во македонското Собрание, Фондација „Фридрих Еберт“/Ренер институт, Виена, 2005 | 1 |
| 1.5 | „Институции и политики на Европската унија“ – школа за пратеници во македонското Собрание, Фондација „Фридрих Еберт“/Ренер институт, Виена, 2006 | 1 |
| 1.6 | „Институции и политики на Европската унија“ – школа за стипендисти - Фондација „Конрад Аденауер“, 2004 | 1 |
| 1.7 | „Институции и политики на Европската унија“– школа за практиканти во македонското Собрание – Национален демократски институт, 2004 | 1 |
| 1.8 | „Основи на политика“ - работилници за ромски лидери – Институт отворено општество/Рома верситас, 2004 | 1 |
| 1.9 | „Вовед во јавна политика“ – работилници за ромски лидери – Институт отворено општество/Рома верситас, 2005 | 1 |
| 1.10 | „Политики на Европската унија“ - Зимски универзитет-Економски факултет (УКИМ)/АИЕСЕК, 2006 | 1 |
| 1.11 | „Политичка анализа и истражување на јавното мислење“ – Институт отворено општество, 2007 | 1 |
| 1.12 | „Школа за политика“ – Совет на Европа/Европска комисија/Форум-ЦСИД, 2008 | 1 |
| 1.13 | „Фокусирање на институциите на ЕУ лоцирани во Луксембург“, Македонски институт за медиуми/Европски новинарски центар, 2009 | 1 |
| 1.14 | „Еден човек, еден глас“, работилници за членови на избирачки комисии, UNDP, 2009 | 1 |
| 1.15 | „Фокусирање на институциите на ЕУ лоцирани во Луксембург“, Македонски институт за медиуми/Европски новинарски центар, 2010 | 1 |
| 1.16 | „Работење во парламентарната служба“ – школа за службеници во македонското Собрание – Вестминстерска фондација за демократија, 2011 | 1 |
| 1.17 | „Работење во парламентарната служба“ – школа за службеници во македонското Собрание – Вестминстерска фондација за демократија, 2011 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.18 | Школа за политика, Фондација „Фридрих Еберт“, 2011 | 1 |
| 1.19 | Школа за политика , Фондација „Фридрих Еберт“, 2012 | 1 |
| 2 | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[1] | |
| 2.1 | **од прв циклус студии:**<br><br>**политички теории**<br>учебна 2008/2009 1,25*15*0,03 = 0,5625<br>учебна 2009/2010 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2010/2011 1,25*15*0,03 = 0,5625<br>учебна 2011/2012 2,5*15*0,03 = 1,125<br><br>**политичка филозофија**<br><br>учебна 2008/2009 1,75*15*0,03 = 0,787<br>учебна 2009/2010 1,75*15*0,03 = 0,787<br>учебна 2010/2011 0,875*15*0,03 = 0,39<br>учебна 2011/2012 1,75*15*0,03 = 0,787<br><br>**цивилно општество**<br><br>учебна 2011/2012 1,75*15*0,03 = 0,787 | 6,913 |
| 2.2 | **од втор циклус студии**<br><br>**магистерски студии – политички студии**<br><br>**Theories of European integration**<br>учебна 2008/2009 1,75*15*0,03 = 0,787<br>учебна 2009/2010 1,75*15*0,03 = 0,787<br>учебна 2010/2011 1,75*15*0,03 = 0,787<br>учебна 2011/2012 1,75*15*0,03 = 0,787<br><br>**Академско пишување**<br>учебна 2010/2011 1,25*15*0,03 = 0,5625<br>учебна 2011/2012 1,25*15*0,03 = 0,5625<br><br>**Магистерски студии – Европски институции и политики (European institutions and policies)**<br><br>**Idea of Europe and theories of European integration**<br>учебна 2008/2009 1,25*15*0,03 = 0,5625<br>учебна 2009/2010 1,25*15*0,03 = 0,5625<br>учебна 2010/2011 1,25*15*0,03 = 0,5625<br>учебна 2011/2012 1,25*15*0,03 = 0,5625<br><br>**Institutions of the European Union**<br>учебна 2008/2009 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2009/2010 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2010/2011 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2011/2012 2,5*15*0,03 = 1,125<br><br>**магистерски студии – применета политика**<br><br>**Применета политика** | 12,148 |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2009/2010 2,5*15*0,03 = 1,125 | |
| 3 | **Подготовка на нов предмет**<br><br>Institutions of the European Union<br>Idea of Europe and theories of European integration<br>Theories of European integration<br>Community Policies of the European Union<br>Применета политика<br>Академско пишување | 3 |
| 4 | **Консултации со студенти**[2]<br><br>учебна 2008/2009 260*0,002 = 0,52<br>учебна 2009/2010 330*0,002 = 0,66<br>учебна 2010/2011 180*0,002 = 0,36<br>учебна 2011/2012 180*0,002 = 0,36 | 1,9 |
| 5 | **Научно-популарна книга** | |
| 5.1 | „Вовед во работата на Собранието на Република Македонија" (коавтор), Скопје: Вестминстерска фондација за демократија, 2010 | 4 |
| 5.2 | „Десет тетратки за демократијата" (коавтор), Скопје: ФИООМ/ДФИД, 2003 | 4 |
| 6 | **Пакет материјали за одреден предмет**<br><br>Политички теории<br>Политичка филозофија<br>Цивилно општество<br>Institutions of the European Union<br>Idea of Europe and theories of European integration<br>Theories of European integration<br>Академско пишување | 7 |
| | **Вкупно** | **57.96** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 1.1 | TEMPUS – проект „Пример за извонредност во развојот на заеднички дипломи во југоисточна Европа" (Example of Excellence for Joint (Degree) Programme Development in South Eastern Europe)", во периодот од 2009 до 2012 година. | 5 |
| 1.2 | TEMPUS - проект „Последипломски студии по Европски институции и политики и политички менаџмент" (Masters in EU Institutions and Policies and Political Management)", во периодот од 2006 до 2009 година. | 5 |
| 1.3 | „Улогата на Европската унија во демократската консолидација и менаџирање на етнички конфликти во Република Македонија" (The Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia), Regional Research Promotion Programme, Универзитет во Фрајбург, 2009-2011. | 5 |
| 1.4 | „Импактот на човечкиот капитал и високото образование врз економскиот и политичкиот развој на Косово" (Impact of Higher Education and Human Capital on the Economic and Political | 5 |

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

| | | |
|---|---|---|
| | Development in Kosovo), Regional Research Project, Institute for the Danube Region and Central Europe-Vienna, во периодот од 2009 до 2010. | |
| 1.5 | „Улогата на миграциите и дијаспората врз социо-економските реформи и евроинтеграциските процеси во југоисточна Европа" (Role of Migration and of Diaspora on the Political and Socio-Economic Reform and EU Integration Processes in South East Europe), Regional Research Project, Institute for the Danube Region and Central Europe-Vienna, 2008 година. | 5 |
| 1.6 | „Зајакнување на парламентарните капацитети" (Parliamentary strengthening project), Westminster Foundation for Democracy, University of Essex, House of Commons UK, во периодот од 2009 до 2011 година. | 5 |
| 1.7 | „Поддршка за промовирање на реципрочно разбирање и дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан"(Support to Promoting Reciprocal Understanding and Dialogue between EU and Western Balkan Countries), European Institute, Eurobalkan, во периодот од 2004 до 2005 година. | 5 |
| 2 | **Монографија** | |
| 2.1 | „Анализа на изворите на трговија со луѓе во Република Македонија и предизвиците за надомест на жртвите", (коавтор). ИДСЦС/ОБСЕ, Скопје, 2007. | 7,2 |
| 2.2 | „Истражување за очекувањата на младите во Република Македонија", (коавтор). Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2006. | 4,8 |
| 3 | **Дел од монографија** | |
| 3.1 | „Прогресот на Република Македонија во областа на правдата и внатрешните работи" (коавтор), во: Вурмо, Ѓерѓи (уредник). „Унапредување на односите меѓу ЕУ и Западен Балкан: Национални истражувања за Република Македонија".Евро Балкан пресс, Скопје, 2005. | 4 |
| 4 | **Дел од монографија објавен во странство** | |
| 4.1 | „The approximation of the Macedonian Legal System to the Acquis Communautaire" (коавтор) во: Frosini, Justin Orlando, Lupoi, Michele Angelo и Marchesiello, Michelle (eds.). "A European Space of Justice". Longo Editore, Ravenna, 2006. | 6 |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[3] | |
| 5.1 | „The Role of the European Union in the Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia". Regional Research Promotion Programme, 2011, достапен на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/library/Research-Results.html | 2,4 |
| 5.2 | „Flexibility, Academia and Human Capital Formation: What is the Role for Higher Education in Kosovo's Transition towards a Knowledge-Based Economy?". Journal Der Donaurum Vol.50. No. 1, Vienna, 2010. | 4 |
| 5.3 | „From the Outside Looking In: the Role of the Diaspora in the Macedonian EU Integration Process and Socio-Economic | 4 |

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| | Development". Journal Der Donaurum Vol. 48. No.3, Vienna, 2008. | |
| 5.4 | „Macedonia's EU Accession – Negotiation or Stagnation?"., Portal on Central Eastern and Balkan Europe, Faenza 2006, достапен и на: http://www.pecob.eu/flex/cm/pages/ServeBLOB.php/L/EN/IDPagina/530 | 4 |
| 5.5 | „Republic of Macedonia and the Process of European Integration". (коавтор) Literary Balkans, Vol 4, No1, Sofia, 2006. | 3,6 |
| 5.6 | „Makedonien: EU-Kandidat-und wie weiter?". (коавтор) Ost-West Gegen Informationen: *Westlicher Balkan und die EU. Agenden der Integration,*, 17 Jg. Nr 4, Graz, 2005. | 3,6 |
| 5.7 | „Предизвикот на преговори за членство и институционалниот пристап кон зајакнување на капацитетите".Политичка мисла бр. 11, Скопје, 2005. | 4 |
| 5.8 | „Федералната визија на Спинели". Политичка мисла, бр. 9, 2005 | 4 |
| 5.9 | „Современиот дискурс на теоријата за европска интеграција". Политичка мисла бр. 7, Скопје, 2004. | 4 |
| 5.10 | „Регионалната политика на Европската унија за сузбивање на сиромаштијата". Политичка мисла бр. 5, Скопје, 2004. | 4 |
| 5.11 | „Либерален институционализам-предизвик на глобализацијата (примерот на Г8)". Политичка мисла, бр. 4, Скопје, 2003. | 4 |
| 5.12 | „Таткото на пост-воена Италија-Алчиде де Гаспари". Политичка мисла, бр.3, Скопје, 2003. | 4 |
| **6** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание** | |
| 6.1 | „Die Rolle der EU beim Konflikt-management in Makedonien". (коавтор) Religion&Gesellschaft in Ost und West Nr. 4, Zurich, 2012. | 1,2 |
| 7 | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | |
| 7.1 | Ноември 2006, пленарно излагање на научен/стручен собир: „Извештаите на Европската комисија за напредокот во 2006 год. и импактот врз процесот на пристапување" – Македонска асоцијација на политиколози, Скопје, Македонија. | 2 |
| **8** | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 8.1 | Јуни 2011, пленарно излагање на меѓународната конференција: „Libertà e sicurezza nel panorama interno ed europeo" („Freedom and security in the internal and European panorama") - Seconda Università degli Studi di Napoli, Санта Марија Капуа Ветере, Италија. | 3 |
| 8.2 | Јануари, 2010, пленарно излагање на меѓународната конференција „Higher Education, Human Capital, and Development Processes in Kosovo" - Institute for the Danube Region and Central Europe, Приштина, Косово. | 3 |
| 8.3 | Март 2009, пленарно излагање на меѓународната конференција „Migration, Diaspora and Reform Processes in South East Europe" - Institute for the Danube Region and Central Europe, Виена, Австрија. | 3 |
| 8.4 | Февруари 2010, пленарно излагање на меѓународниот научен собир Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Poitiers, Поатје, Франција. | 3 |
| **9** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 9.1 | Април 2011, секциско излагање на меѓународната конференција | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 17th Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities: „The Wages of Nationhood: Conflicts, Compromises and Costs" - Columbia University, Њу Јорк, САД. | |
| 9.2 | Октомври 2010, секциско излагање на меѓународниот научен собир „Discipline Meeting in Political Science & International Relations and Journalism" – Academic Fellowship Programme, Open Society Institute-Higher Education Support Program, Анталија, Турција. | 2 |
| 9.3 | Мај 2010, секциско излагање на меѓународниот научен собир „Political Science & International Relations and Law Discipline Group Meeting" – Academic Fellowship Programme, Open Society Institute-Higher Education Support Program, Будва, Црна Гора. | 2 |
| 9.4 | Април 2010, секциско излагање на меѓународната конференција 15th Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities: „Nations and States: on the Map and in the Mind", Columbia University, Њу Јорк, САД. | 2 |
| 9.5 | Април 2009, секциско излагање на меѓународниот научен собир „Political Science and International Relations AFP Discipline Group Meeting"- Academic Fellowship Programme, Open Society Institute-Higher Education Support Program, Истанбул, Турција. | 2 |
| 9.6 | Март 2008 секциско излагање на меѓународниот научен собир „Discipline Meeting in Political Science and International Relations"- Academic Fellowship Programme, Open Society Institute-Higher Education Support Program, Истанбул, Турција. | 2 |
| 9.7 | Март 2007, секциско излагање на меѓународниот научен собир „Discipline Meeting in Political Science and International Relations" Academic Fellowship Programme, Open Society Institute-Higher Education Support Program, Истанбул, Турција. | 2 |
| 9.8 | Февруари 2006 секциско излагање на меѓународниот научен собир „Cross-Regional Conference of AFP Fellows in Political Science, International Relations and History"- Open Society Institute-Higher Education Support Program, Синаја, Романија. | 2 |
| | **Вкупно** | **133,8** |

**СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| 1.1 | Евалуација на одговорите на прашалникот на Европската комисија во рамките на апликацијата на Р. Македонија за членство во ЕУ (Секретаријат за европски прашања), зима 2004-2005) | 1 |
| 2 | **Студија, физибилити - студија, истражување на пазарот** | |
| 2.1 | Студија за влијанието на реформите на судскиот систем во Република Македонија, World Bank, 2009 | 2 |
| 2.2 | Истражување на пазарот на центри за обуки од информатичка технологија, BAS/Clear View, 2008 | 2 |
| 2.3 | Истражување на пазарот за стратешка експанзија на фондот за инвестиции во здравство во секторот на здравствени услуги во Македонија, Евроконсултанти, 2007 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.4 | Студија за јавните политики за жртвите од стрелачко оружје во Р. Македонија (Small Arms Control), South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons, 2006 | 2 |
| 2.5 | Студија на причините за ниска проодност на студенти во виокообразовниот сектор, World Bank, 2006 | 1 |
| 2.6 | Истражување на пазарот за нови бизниси во кавадаречкиот регион, International Finance Corporation (World Bank), 2005 | 2 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **3** | **Член на уредувачки одбор на научно стручно списание** | |
| 3.1 | Член на уредувачкиот одбор на списанието за политичко општествени теми „Политичка мисла", 2007- | 0,5 |
| **4** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 4.1 | Пролет 2009, организација и учество на стручна обука за универзитети од ЈИЕ, Универзитет од Грац/Универзитет од Болоња/TEMPUS, Скопје, Р.Македонија | 1 |
| 4.2 | Мај 2006, организација и учество на стручна обука за факултети и катедри по политички студии од ЈИЕ „Higher Education Training Sessions" – Curriculum Resource Center/Central European University, Скопје, Р.Македонија | 1 |
| **5** | **Студиски престој во странство** | |
| 5.1 | Мај 2008, Студиски престој на Универзитетот на Западна Бохемија во Плзењ, Чешка Република | 0,5 |
| 5.2 | Јануари 2008, Студиски престој на Универзитетот во Грац, Австрија | 0,5 |
| **6** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| 6.1 | Лето 2008, изготвување и пријавување на научниот меѓународен проект „Улогата на Европската унија во демократската консолидација и менаџирање на етнички конфликти во Република Македонија" (The Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia), Regional Research Promotion Programme, Универзитет во Фрајбург | 1 |
| 6.2 | Есен/зима 2005, изготвување и пријавување на TEMPUS – проект: „Последипломски студии по Европски институции и политики и политички менаџмент" (Masters in EU Institutions and Policies and Political Management) | 1 |
| **7** | **Член на факултетска комисија** | |
| 7.1 | Член на Комисија за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарувања и обврски на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2009 год. | 0,5 |
| 7.2 | Член на Комисија за запишување на студенти на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во академската 2009/10 година | 0,5 |
| | **Вкупно** | 17,5 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,96 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 133,8 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 17,5 |
| **Вкупно** | 209,26 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**

**Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.**

**Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАСИЛСТВОТО И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ НИВНОТО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ“, ИЗРАБОТЕНА ОД АС. Д-Р КАДРИ ХАЏИХАМЗА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на својата XIII редовна седница одржана на 7. 6. 2012 година, по предлог на Научниот одбор, врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, одреди Рецензентска комисија во состав:

1. **проф. д-р Антони Новотни**
2. **доц. д-р Бранислав Стефановски**
3. **проф. д-р Фимка Тозија,**

за оцена на докторската дисертација изработена од ас. д-р Кадри Хаџихамза, вработен на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје, со наслов:

## НАСИЛСТВОТО И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ НИВНОТО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

По разгледувањето на доставениот текст, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов „Насилството и злоупотребата на деца и адолесценти и последиците врз нивното ментално здравје“ на асс. д-р Кадри Хаџихамза претставува оригинална научна студија од областа на психијатријата.

Доставениот труд е изнесен на 201 страница и ги содржи сите поглавја на една научно истражувачка студија: извадок, вовед, цели на студијата, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци, литература и додаток (во кој се

дадени прашалниците користени при истражувањето). Начинот на изнесување на податоците и дискусијата е концизен, јасен и лесно разбирлив.

Во **воведот** кандидатот на почеток ги наведува дефинициите за различните видови на насилство и злоупотреба на децата и адолесцентите.

Во вториот дел на воведот кандидатот се обидува да даде објаснување за можната појава на насилството и злоупотребата со помош на т.н. еколошки модел кој во основа ги систематизира ризик - факторите за појава на овие негативни појави.

Во третиот дел од воведот, кандидатот детално ја опишува временската и просторната распространетост на насилството и злоупотребата кај деца и адолесценти во светски рамки, со посебен акцент на насилните збиднувања во земјава и во нејзиното окружување во последните децении.

Во понатамошниот тек на воведот кандидатот ги опишува мерките и активностите кои се преземаат кај нас како и во другите земји во врска со испитувањето, класификацијата и пенализирањето на испитуваната појава. На крајот се набројани најчестите последици кои се јавуваат врз телесното и психичкото здравје на луѓето кои биле подложени на насилство во детството или адолесценцијата, како своевидно пледоаје на тоа што следува во останатите делови од трудот.

Панатаму, кандидатот ги дефинира следните примарни и секундарни **цели**:

Непосредни (примарни) цели:

1. да се утврди присуството и зачестеноста на насилството и злоупотребата врз децата на возраст 18-19 години (средношколска младина, адолесценти);
2. да се утврдат видот на насислството и злоупотребата како и родителските практики и постапки кон адолесцентите кои се насилни и/или злоупотребувачки;
3. Да се утврди зачестеноста на насилството врз адолесцентите во семејството и вон него (училиште, заедница);
4. да се утврди зачестеноста на насилството врз адолесцентите по основ на националност и социоекономски статус;
5. да се утврдат последиците од насилството врз менталното здравје на адолесцентите;

6. да се определи степенот на итност за преземање мерки за третман на адолесцентите кои имаат знаци на посттрауматско стресно растројство.

Долгорочни (секундарни) цели:

1. сензибилизирање на стручната и пошироката јавност за проблемот на насислството врз децата и адолесцентите;
2. превентивно дејствување во училиштата (и, по можност, во семејствата на учениците) со што би се намалило или избегнало насилството врз децата и адолесцентите;
3. зајакнување на капацитетите за третирање на последиците од насилството врз децата и адолесцентите .

**Материјал и методи:** Кандидатот наведува дека студијата е од пресечен тип (Cross section), а испитуваната група ја сочинуваат 972 испитаници (537 средношколци и 435 средношколки) на возраст 18-19 години т.е. ученици во четврта година на седум средни училишта низ Републиката. Прибирањето на податоците било извршено во периодот септември-октомври 2010 и 2011 година.

Во понатамошниот текст кандидатот ги опишува инструментите (прашалниците) со кои е извршено испитувањето како и техниката и процесот на самото испитување. Прибирањето на податоците се изврши со два прашалника: прашалник за трауматски симптоми за деца TSCC (Trauma Symptom Checklist for Children) и прашалник за непријатни искуства од детството ACE (Adverse Childhood Experience) во кој е инкорпориран и дел кој овозможува стратификација на примерокот по основ на пол, социјална структура, образовна структура, место на живеење (село-град) и сл. Детално е опишан историјатот и развојот на прашалниците како и најважните студии на светско ниво во кои тие се применети.

Освен утврдувањето на обемот и распространетоста на насилството врз децата и адолесцентите, биле испитани и последиците на насилството врз нивното ментално здравје. Последиците од ваквото малтретирање се отсликаа на соодветните скали на TSCC - тестот.

За статистичка обработка на податоците добиени во текот на истражувањето беше направена база во статистичкиот програм SPSS for Windows 13.0. Во тек

на компјутерската анализа беа користени статистички методологии адекватни за ваков тип истражување.

Добиените **резултати** од истражувањето детално се прикажани графички и табеларно на 201 табела и 113 слики.

Секој од добиените резултати и испитуваните параметри е елабориран одделно и соодветно е коментиран.

Анализата на резултатите е изведена во два дела. На почетокот се анализирани резултатите од ACE - прашалникот вкрстени по пол, етничка припадност и социо-економската состојба на испитаниците и се утврдени сите статистички значајни резултати. Следува анализа на TSCC - прашалникот во корелација со резултатите од претходниот прашалник.

На крајот, низ синтеза на резултатите од ваквиот мултидимензионален пристап кон нив, дадени се најважните рефлексии кои укажуваат на врската меѓу насилството кај адолесцентите и појавата на различни последици на телесен и физички план кај нив.

Во **дискусијата** концизно се објаснети добиените резулати и нивното значење. Коментирајќи ги резулатите од сопственото истражување, авторот истовремено ги споредува со веќе објавените резултати во литературата од соодветната област.

Различните видови на насилство и злоупотреба врз адолесцентите се значаен ризик - фактор за појава на различни ризични однесувања во времето непосредно по случувањето на насилството, но и причина за повеќекратно зголемување на ризикот за појава на различни болести во подоцнежниот тек на животот на злоупотребуваните адолесценти.

Последиците од насилството врз менталното здравје на адолесцентите можат да се согледаат преку одредување на поврзаноста на скоровите од ACE - прашалникот и TSCC - прашалникот преку резултатите на униваријантната и мултиваријатната регресиона анализа, во прв ред пресметувајќи го вкрстениот однос (OR) во 95% граници на доверба (CI).

Овие резултати се потврдени во трудовите на повеќе домашни и странски автори.

Авторот укажува дека освен директното штетно дејство врз психичкото и телесното здравје на адолесцентите, негативните искуства во младоста придонесуваат кај нив да се усвојат низа на ризични по здравјето однесувања,

кои, индиректно придонесуваат овие адолесценти да станат заболени возрасни индивидуи.

Релацијата на овие две категории (ACE скор и вредностите на PTSR скалата на TSCC тестот) укажува на директна поврзаност, па би можело да се каже дека повисоките вредности на овие категории се солиден индикатор за итноста на мерките за амортизирање на последиците од злоупотребата и/или насилството.

**Заклучоците** се коректно формулирани и даваат прецизни одговори на целите кои се поставени во докторската дисертација. Од нив јасно произлегува дека насилството врз адолесцентите остава последици врз нивното ментално и физичко здравје.

Приложената **литература** е оптимално селектирана, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди. Изборот на литература е соодветен и во него доминираат современи автори кои имаат значителен придонес во истражувањето на проблематиката која е цел и на овој научен труд.

Врз основа на извршената анализа на приложената докторска дисертација, Комисијата го донесе следниов

## З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација под наслов: „Насилството и злоупотребата на деца и адолесценти и последиците врз нивното ментално здравје" од ас. д-р Кадри Хаџихамза, претставува самостоен и оригинален научен труд, со мошне актуелна клиничка, јавноздравствена и истражувачка вредност. Трудот ги задоволува принципите на научна работа и претставува значителен придонес во клиничката психијатрија, но и во областа на јавното здравство имајќи го предвид фактот дека со оваа проблематика покрај психијатрите се занимаваат и други професии: психолози, социјални работници и други здравствени работници. Поставените цели на трудот во целост се остварени, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени.

Рецензентската комисија смета дека овој труд ги исполнува сите стручни и научни предуслови за докторска дисертација, има актуелен и значаен придонес

во научно истражувачката дејност и клиничката практика во областа на клиничката психијатрија.

## П Р Е Д Л О Г

Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на дисертацијата.

**Рецензентска комисија**

1. **проф. д-р Антони Новотни с.р.**

2. **доц. д-р Бранислав Стефановски с.р.**

3. **проф. д-р Фимка Тозија с.р**

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје
на 392. седница на Наставно – научниот совет одржана на 29.8.2012 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Љубинка Заркадова, дипл. геот.инж. | "Влијание на геотехничките фактори врз учесниците во градежните проекти " | проф. д-р Валентина Жилеска Панчовска, Градежен факултет во Скопје |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Горан Колевски | Анализа и конструкција на генератори на својства при класификација на текст со употреба на екстерно знаење | д-р Ана Мадевска Богданова |
| Спасе Стојановски | Безбедност во безжични индустриски сензорски мрежи | проф. д-р Андреа Кулаков |
| Ана Вуксановиќ | Придонес кон безбедносните аспекти на е-наплата во Р. Македонија | проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| Николче Михајловски | Евалуација на модел-базирано генерирање на java изворен код | доц. д-р Анастас Мишев |
| Елена Стојмилова | Начини и техники за подобрување на класификатори | вон. проф. д-р Андреа Кулаков |
| Роза Арсова | Примена на компјутерската обработка во облак во средношколскиот образовен систем во Република Македонија | доц. д-р Соња Филипоска. |
| Бојана Котеска | Практична примена на софтверското инженерство за подигање на квалитетот на научни апликации | доц. д-р Анастас Мишев |
| Александра Гавриловска | Иновативен пристап во користење на паметните телефони во јавниот транспорт | доц. д-р Анастас Мишев . |
| Весна Киранџиска | Препознавање емоции преку звучни карактеристики во интеракција човек-робот | доц. д-р Невена Ацковска |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на својата седница одржана на 29.6.2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област применети политички науки, во состав: проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Татјана Петрушевска и доц. д-р Зоран Илиевски. На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 21 јуни 2012 година се пријавија кандидатите: д-р Владимир Божиновски и д-р Марија Ристеска.

Кон пријавата кандидатите доставија: одлука за стекнат соодветен степен на образование-доктор на науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од истите и копија од образец бр.1 со потврда за прием од Комисијата за верификација на факти согласно со Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција. По разгледувањето на пријавите со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Кандидат: д-р Владимир Божиновски**

1. **Биографски податоци**

Кандидатот д-р Владимир Божиновски е роден на 1.1.1976 во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование го завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Учествувал на неколку натпревари на градско ниво на кои има освојувано и награди. Во 2002 година дипломирал на Правниот факултет-политички студии во Скопје на отсекот јавно мислење и масовни комуникации, со просечен успех 9,04. Во 2002-2003 магистрирал на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Болоња, Италија, во областа Governance and politics of European Integration, при што се здобил со титулата магистер по европски политики и интеграции (Master of Science Degree). Со одлука на Министерството за образование и наука бр. 09-3739/2 од 7.10.2005 година, дипломата е призната во Република Македонија како документ за завршени постдипломски студии и стекнат академски степен магистер на политички науки. Во мај 2012 година кандидатот успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Улогата на теориите за интеграција во создавањето на ЕУ" на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Кандидатот одлично говори англиски

јазик, како и јазиците од јужнословенската група, а добро се служи и со италијанскиот јазик. Исто така располага со компјутерски вештини и има солидни познавања од информатичката технологија.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Владимир Божиновски во 2007 година е избран за асистент на научната област применети политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први", а од 2003 година бил ангажиран и како демонстратор на предметите јавно мислење и масовни комуникации и јавно мислење-применета програма на истиот Факултет. Тој е ангажиран и изведува вежби по предметите: јавно мислење, истражување на јавно мислење, истражувачки методи, идејата за Европа и теории за европска интеграција. Во периодот на академските години 2005/2006 – 2010-2011, тој е добитник на стипендијата Returning Scholar во рамките на AFP (Academic Fellowship Program) програмата на Институтот "Отворено општество" од Будимпешта, која е насочена кон академско усовршување на млади академски работници со западно образование кои се ангажирани на високообразовни институции во Источна и Југоисточна Европа. Во рамките на оваа програма, тој постојано учествува на академски конференции, семинари и работилници насочени кон имплементирање на современи наставни програми, како и усовршување на иновативни методи на предавање и оценување. Тој исто така бележи значителен ангажман во имплементацијата на Темпус-проектот за развој на наставната програма на политичките студии на Правниот факултет за постдипломските студии по европски институции и политики. Тој моментно е и член на работната група за развој на наставни програми во рамките на Темпус-проектот "Пример за извонредност во развојот на заеднички дипломи во југоисточна Европа". Владимир Божиновски исто така учествувал и учествува во неколку научно истражувачки проекти со голем број на странски партнери. Тој е автор на голем број научни и стручни трудови од областа на политичките науки и учесник на голем број академски конференции. Од 2007 до 2010 година, тој е и член на уредувачкиот одбор на списанието за политичко-општествени теми „Политичка мисла", во издание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија Societas Civilis, Скопје. Покрај горенаведените академски ангажмани, во биографијата на д-р Владимир Божиновски значително место заземаат и многубројни професионални консултантски ангажмани како и работа во невладиниот сектор и во реномирани организации за испитување на јавното мислење. Помеѓу другото, до 2010 година тој е директор на Центарот за јавно мислење во Институтот за демократија Societas Civilis од Скопје (ИДСЦС), а од 2010 наваму, директор во Институтот за политички истражувања од Скопје (ИПИС). Во рамките на интерните студентски евалуации на политичките студии на Правниот факултет, кандидатот континуирано бележи високи просечни оценки кои константно се движат над 4,5 од можни 5. Заедно со колегите од политички студии кандидатот е директно вклучен и во модернизирањето и создавањето на нови предметни програми во рамките на политичките студии на матичниот факултет „Јустинијан Први".

## 3. Објавени научни и стручни трудови

Кандидатот се јавува како автор или коавтор на голем број научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство:

- Истражување за очекувања на млади во РМ, Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2006;
- „Прогресот на Република Македонија во областа на внатрешниот пазар „Унапредување на односите меѓу ЕУ и Западен Балкан: Национални истражувања за Република Македонија". Евро Балкан Пресс, Скопје, 2005;
- „Research on the progress of the Republic of Macedonia in the area of Internal Market" European Institute Sofia, 2006;
- Totalitarian regimes and propaganda за "*Communism – to the international tribunal*", 2008;
- "Социјалната политика на ЕУ", "Политичка мисла", во издание на фондацијата Konrad Adenauer Stiftung, Скопје, 2004;
- "Европска монетарна унија" "Политичка мисла", во издание на фондацијата Konrad Adenauer Stiftung, Скопје, 2005;
- "Спогодба за стабилизација и асоцијација" "Политичка мисла", во издание на фондацијата Konrad Adenauer Stiftung, Скопје, 2006;
- Pu blic opinion in macedonia on EU Integra tion – comparative analysis, Crossroads, 2007;
- The role of the EU in the democratic consolidation and ethnic conflict management in the Republic of Macedonia, RRPP Western Balkans, University of Fribourg, 2012;
- „Die Rolle der EU beim Konflikt-management in Makedonien", (коавтор) Religion&Gesellschaft in Ost und West Nr. 4, Zurich, 2012;
- „Диверзитет во јавниот сектор, Зброник во чест на проф. д-р Владимир Митков, Правен факултет "Јустинијан Први", 2009;
- „И сонцето е ѕвезда-Македонија во ЕУ", за Идеа плус интернационал-објавено од Секретаријат за европски прашања, 2004;
- „Институции и политики на Европската унија" Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2004-5.

## 4. Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност

Во текот на неговата досегашна академска кариера, кандидатот бележи значително искуство како истражувач и учесник во голем број меѓународни истражувачки проекти:

- TEMPUS – проект „Пример за извонредност во развојот на заеднички дипломи во југоисточна Европа“ (Example of Excellence for Joint (Degree) Programme Development in South Eastern Europe) )“, во периодот од 2009 до 2012 година;
- TEMPUS-проект „Последипломски студии по Европски институции и политики и политички менаџмент“ (Masters in EU Institutions and Policies and Political Management)“, во периодот од 2006 до 2009 година;
- „Улогата на Европската унија во демократската консолидација и менаџирање на етнички конфликти во Република Македонија“ (The Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia), Regional Research Promotion Programme, Универзитет во Фрајбург, 2009-2011;
- „Поддршка за промовирање на реципрочно разбирање и дијалог помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан“(Support to Promoting Reciprocal Understanding and Dialogue between EU and Western Balkan Countries), European Institute, Eurobalkan, во периодот од 2004 до 2005.

Во однос на стручно-апликативната дејност, кандидатот бележи значајни професионални консултантски ангажмани, како и истражувачка работа во невладиниот сектор. Како основач, член на бордот и директор на Центарот за јавно мислење, од 1999 до 2010 година во тинктенк организацијата „Институт за демократија Societas Civilis“ од Скопје, а од 2010 во Институтот за политички истражувања од Скопје, тој зема учество во исклучително голем број истражувачки проекти од областите на јавни политики и истражување на јавното мислење. Помеѓу другите, можат да се наведат:

- Истражување на пазарот за нови бизниси во регион на Кавадарци, СЕЕД/ИФЦ/Светска банка, 2005;
- Inter-Ethnic Conflict And Their Impact On Education In Municipality Of Jegunovce, *Nansen Dialogue Centre/ Government Of Norway, 2005;*
- Студија за причини за ниска проодност на студенти во високо-образовниот сектор, *Institute For Democracy Societas Civilis Skopje/ World Bank, 2006;*
- Истражување на пазарот за стратешка експанзија на фондот за инвестиции во здравство во секторот на здравствени услуги во Македонија, *Institute For Democracy Societas Civilis Skopje/ Evrokonsultanti* Скопје, *2007;*
- Research On Remitances In Macedonia, *Center For Economic Analysis/National Bank Of Macedonia,* Скопје *2007;*
- Market Research For Companies Financing, *Center For Economic Analysis, 2007*
- Истражување на пазарот за центри за обуки од инфоратичка технологија, BAS/Clear view, 2008;

- National Media Research, *Institute For Democracy Societas Civilis Skopje /Alsat-M Television Skopje, 2007;*
- Истражување за терцијарното образование во РМ, Министерство за образование, 2008;
- Студија за влијанието на реформите на судскиот систем во Р. Македонија, Влада на кралството Холандија/Светска банка, 2009;
- Студија за реформите и перформансите на министерството за образование во РМ, Институт за политички истражувања-Скопје / Светска банка / министерство за образование, 2010;
- Студија за реформите во судскиот совет на РМ, Светска банка, ЛЈИИС проект/Министерство за правда на РМ, 2011;
- Студија за реформите во секторите труд и социјална политика, Светска Банка/Министерство за труд и социјални политики/ Институт за политички истражувања-Скопје, 2012;
- Компаративна студија за влијанието на реформите на судскиот систем во Р. Македонија, /Светска банка/Министерство за правда, 2012.

Кандидатот бил вклучен и во евалуација на одговорите на прашалникот на Европската комисија во рамките на апликацијата на Р. Македонија за членство во ЕУ (Секретаријат за европски прашања- зима 2004-2005). Тој е надворешен консултант во Секретаријатот за европски прашања за јавното мислење во Македонија во однос на македонските европски интеграции во периодот 2008-2010 година. Од 2007 до 2010 година, кандидатот е и член на уредувачкиот одбор на списанието за политичко-општествени теми „Политичка мисла", во издание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија Societas Civilis, Скопје.

## 5. Учество на академски конференции, семинари и обуки

Кандидатот бил излагач и учесник на голем број академски конференции, семинари, научни/стручни собири, обуки, итн. во земјава и во странство:

**Излагања и учество на меѓународен научен/ стручен собир/ конференција:**

- 17th Annual World Convention of the Association for the Study of Nationalities „The Wages of Nationhood: Conflicts, Compromises and Costs", Columbia University, New York, USA, април 2012;
- „Discipline Meeting in Political Science & International Relations and Journalism" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Izmir, Turkey, мај 2011

- „Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Barcelona, Barcelona, Spain, декември 2010;
- „Discipline Meeting in Political Science & International Relations and Journalism" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Antalya, Turkey, октомври 2010;
- „Political Science & International Relations and Law Discipline Group Meeting" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Budva, Montenegro, мај, 2010;
- „Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Poitiers, France, февруари 2010;
- „Research Methods in Social Sciences" – University of Freiburg, Sarajevo, Bosnia, мај 2009;
- „Example of Excellence for (Joint) Degree Programme Development in South-Eastern Europe". University of Graz, Graz, Austria, февруари 2009;
- „Discipline Meeting in Political Science and International Relations" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, Istanbul, Turkey, март 2008;
Наставната дејност која д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ ја изведува на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности при Филолошкиот факултет во Скопје, ја опфаќа наставата на додипломски (прв циклус студии) и постдипломски студии (втор и трет циклус студии). Според актуелните модули на **додипломската настава**, Анастасова Шкрињариќ во моментов ја изведува наставата по предметите: *народна македонска поезија* и *народна македонска проза* (како задолжителни предмети) и изборните предмети: *народна книжевност 1 (втор изборен модул), народна книжевност 2 (втор изборен модул), митопоетика, словенска митологија* и *психоаналитички концепти во фолклорот.*

Во постдипломската настава (наставата во **вториот циклус студии**), Анастасова-Шкрињариќ е ангажирана со предметите: *македонска книжевност (народна книжевност)* и *митологеми и ритуалеми во македонскиот фолклор,* како и со предметот *техники на научноистражувачка работа* (заедно со група професори).

Во рамките на наставата од **третиот циклус на студии**, задолжена е за предметите: *народна книжевност* и *антропологија на обредот ( ритуалните жртви во македонскиот фолклор).*

Покрај наставата, ангажманот со студентите ги подразбира и вежбите и консултациите (бројот на студенти за кои изведува консултации се движи од 40 кандидати на задолжителниот предмет од матичната катедра, до 300 кандидати на изборните предмети кои ги одбираат студентите од другите катедри), како и менторската работа околу изработката на нивните дипломски трудови (ментор е на 18 дипломски трудови), а до сега членувала во 26 одбрани на дипломски трудови. Во периодот 2007-2012 год. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ е ангажирана и околу стручното оспособување на младите научни работници, како ментор на магистерски дисертации (3), ментор на докторска дисертација (1), член на комисии за одбрана на магистерски трудови (5), член на комисии за одбрана на докторски трудови (2).

Надвор од наставните активности, Анастасова-Шкрињариќ е ангажирана и во други вонаставни активности на Факултетот: во два наврата ја извршувала функцијата *заменик-шеф на Катедрата* за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (2006-2010 год.), и исто така во два мандата ја извршува должноста *секретар на Одборот за постдипломски студии* при Катедрата за македонска книжевност (2010-2012 год.).

***Научноистражувачка актива (во периодот 2007-2012):***

Од наведената библиографија која ја доставува кандидатката во прилог на пријавата на конкурсот, паѓа во очи дека во изминатиот петгодишен период (2007-2012), д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ успеала да подготви и да реализира повеќе

крупни **авторски проекти**: **3 нови книги, 1 монографија, 3 предговори, 2 поговора, 1 текст за антологија, 4 стручни редакции на научни изданија**, а зема учество и **во 1 национален проект и 1 меѓународен проект**.

Како најзначаен авторски дострел во изминативе пет години, ќе се задржиме поопстојно на трите самостојни книги кои кандидатката ги претстави пред пошироката научна јавност: 1. *Митски координати (митолошки толкловник)* (Скопје, Македонска реч, 2008); 2. *Фолклорни социјални фосили/социо-антрополошки студии за фолклорот/* (Скопје, Македоника литера, 2011); *3. Триножникот на Цепенков и каучот на Фројд /психоаналитички концепти во фолклорот/* (Скопје, Македонска реч, 2011).

Првата книга (*Митски координати*) претставува еден вид практичен прирачник за толкување и дешифрирање на митот (или како што го именува авторката: „митолошки толковник" и "прирачник за декодирање на митските пораки"). Трудот има за цел да укаже дека универзалноста на митот како феномен, се должи на постоењето на еден строгоутврден „митски координатен систем". Исцртувајќи ги координатите на митската мисла и митската логика, авторката ги третира најрелевантните теории на митот, нудејќи преглед на поважните школи и правци во проучувањето на митот. Со ваквиот концепт, книгата *Митски координати* функционира како практичен и инструктивен водич кој ќе им го олесни на студентите движењето низ науката за митот, нудејќи им притоа едно поинакво гледање на митот како сложен феномен кој има своја логика и своја поетика (мито-поетика). За овој труд веќе сме ги изнеле подетално позитивните оценки, поради што повеќе простор ќе им отстапиме на следните два труда:

Трудот *Фолклорни социјални фосили (социо-антрополошки студии за фолклорот* (Македоника литера, 2011) има за цел да покаже дека фолклорот зачувал своевидни „фосилни остатоци" од сите изминати (одживеани) форми на човековата социјална организација, т.н. мумифицирани форми на социјалното живеење на нашиве простори (кои воедно важат и за општословенската, и за индоевропската древност). Разоткривајќи ја социјалната димензија на фолклорот и укажувајќи на неговата општествена функција и социјалните детерминанти, авторката поаѓа од ставот дека одредени социо-конструкти во фолклорот можат да се препознаат и протолкуваат адекватно, само доколку фолклористот го позиционира своето истражување од аспект на социјалната антропологија. Користејќи ги како истражувачка алатка трудовите на клучните имиња од светската антропологија (Баховен, Морган, Мекленан, Фрејзер, Тејлор, Леви-Брил, Малиновски, Ретклиф-Браун, Мос, Еванс-Причард, Леви-Строс, па сè до најновите антрополошки теории), авторката ги извлекува на површина: остатоците од тотемизмот, родовско-племенското уредување, променливиот примат на матријархалниот и патријархалниот поредок (експлицирани преку борбата за превласт на амазонските женски заедници и патријархалните воини-змејоборци), преживелиците од некогашните ендогамни и егзогамни брачни врски и други универзални „антропологеми". Социо-антрополошките истражувања презентирани на страниците на оваа книга, покажуват дека во народната традиција е вишан древниот *социјален код*, а авторката по пат на суптилна социо-антрополошка експертиза, ги декодира општествените кодови, барајќи го отпечатокот од архаичните социјални институции во македонскиот фолклор. Заедничка констатација која може да се извлече и како *заеднички именител* на сите студии поместени во книгата *Фолклорни социјални фосили* е тезата дека во македонската народна традиција се конзервирани сите клучни етапи од еволуцијата на човекот како социјално битие: закостенетите форми од родовските традиции, крвните/сродничките и брачните врски како архаичен социјален код кој ги уредува односите во микрозаедницата и макрозаедницата, а кои останале фиксирани во обичајното право и во фолклорот. При

тоа, авторката се повикува на антрополошките документи кои се однесуваат на архаичните социјални институции, а за антрополошката суштина на овие универзалии посочува уверливи сведоштва од фолклорот. На крајот останува да заклучиме дека овој труд кој му пристапува на фолклорот од социо-антропо-фолклористички аспект, третира проблематика која досега не беше адекватно засегната ниту во фолклористиката, ниту во македонската социолошка (социо-антрополошка) наука, поради што трудот *Фолклорни социјални фосили* претставува драгоцен придонес и за двете дисциплини.

Трудот *Триножникот на Цепенков и каучот на Фројд (психоаналитички концепти во сказните)* ги третира релациите помеѓу психоанализата и сказната, укажувајќи на можностите кои ги нуди психоаналитичкото толкување на сказната. Во фокусот на експертизата се сказните кои под „рувото" на имагинарното и фантастичното сочувале еден архаичен слој кој му се обраќа директно на човековото *несвесно/потсвесно.* Во оваа своја книга, Анастасова-Шкрињариќ нуди еден поинаков „клуч"за читање и разбирање на сказните, потпирајќи се на Фројдовата психоаналитичката интерпретација на сказните, како и на Јунговото длабинско-психолошко (архетипско) толкување. Комбинирајќи ги методот на Фројд и методот на Јунг, авторката компонирала труд кој претставува своевидна психоаналитичка дискусија за сказните која се води помеѓу „фројдовците" и „јунговците", надополнета со примери од психоаналитичката практика на австрискиот детски психотерапевт Бруно Бетелхајм. Трудот ги разгледува сказните како своевиден „сликовен јазик на несвесното", афирмирајќи ги како драгоцен клуч за разбирање на детската психа. Покрај стручниот придонес за фолклористиката, книгата им е наменета и на родителите и наставниците, но и на студентите како прирачник за предметот *психоналитички концепти во македонскиот фолклор.*

Вреди да се одбележи дека сите три наведени авторски публикации истовремено претставуваат практични прирачници и учебни помагала за наставата од областа која е супспецијалност на проф. Анастасова-Шкрињариќ - фолклорното и митопоетското искуство (книгата *Митски координати* е учебник за предметот митопоетика, книгата *Фолклорни социјални фосили* – прирачно помагало за предметот македонска народна книжевност, а *Триножникот на Цепенков и каучот на Фројд* – инструктивен прирачник за изборниот предмет психоаналитички концепти во фолклорот). Во моментов, во печат се наоѓа уште една нејзина книга: *Астрономскиот код во календарските празници* (издавач: *Македоника литера,* книга која се очекува да излезе од печат во октомври 2012 година).

Изминатиов период, стручно-научната работа на Анастасова-Шкрињариќ се одвива и во знакот на изготвувањето на стручни **предговори и поговори** кон неколку капитални фолклористички изданија. Д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ е автор на **три стручно-научни предговори** и **два стручно-апликативни поговора.**

Издавачот *Македонска реч,* на иницијатива на д-р Н. Анастасова Шкрињариќ, ги преведе и ги објави двете капитални дела на рускиот фолклорист Владимир Јаковлевич Проп - *Морфологија на сказната* (1928), дело кое се смета за еден од најзначајните наслови во светската фолклористика, и *Историски корени на волшебната приказна* (1946) – втората Пропова книга која е посветена на генетичките извори на сказните (книга која во светската наука се става во рангот на монументалното дело на Џ. Фејзер - *Златната гранка*). За потребите на македонското издание на делата на Проп, Анастасова-Шкрињариќ подготви две обемни предговорни студии: 1. **„Биографија на една книга"**, предговор кон македонскиот превод на книгата на В. Проп: *Морфологија на сказната (*Скопје, Македонска реч, 2009); 2. **„Археологија на сказната (палеонтолошко истражување на волшебната**

**приказна**", предговор кон македонскиот превод на книгата на В. Проп: *Историски корени на волшебната приказна,* Скопје, Македонска реч, 2011). Наведените студии ги надминуваат границите на предговори, бидејќи претставуваат стручни расправи и аналитичко-критички текстови кои ги ревалоризираат теориите на Владимир Проп. Во нив се вреднуваат и достигнувањата на структурално-типолошкиот метод на анализа на сказните (во првиот случај) и постулатите на компаративно-историскиот пристап на генетичкото истражување на сказната како жанр, во корелација со антропологијата, етнографијата, етнологијата и други дисциплини (во вториот случај).

Покрај овие исклучително значајни предговорни студии, кои можат да функционираат и како функционални прирачници за студентите по однос на двете дисциплини кои ги третираат Проповите книги (фолклористика и теорија на литература), од перото на д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ во изминативов период излезе уште една компетентна предговорна студија посветена на култот кон Големата Мајка: **„Трите лица на древната божица (митската прамајка и аспектот *тројство*"**, предговор кон книгата на Нешка Николова: *Култот на Големата Мајка* (Скопје, Македоника литера, 2011).

Анастасова-Шкрињариќ се појавува и како автор на **два поговора:** поговор кон книгата која ја содржи првонаградената поема на конкурсот за наградата *Григор Прличев* 2010 (**„Милениумско патување на една порака"**, поговор кон: Милован Стефановски: *Адам од Говрелево,* Скопје, Просветно дело и Детска радост, 2010), и поговор кон фолклористичкото издание со кое за прв пат се презентира нордискиот фолклор пред македонската публика (**„Универзалниот јазик на сказните"**, поговор кон изданието: *Нордиски народни приказни* (избор: Вибеке Стибе), Скопје, *Македонска реч*, 2011). И овие два поговора ги надминуваат границите на пригодна „реч" за новото издание на кое се однесуваат, бидејќи претставуваат компетентни стручно-научни текстови во кои за прв пат се изнесуваат одредени научни судови, во првиот случај извршено е едно иницијално митопоетско дешифрирање на поемата *Адам од Говрлево*, а во вториот случај – понудени се иницијални согледувања од доменот на компаративната фолклористика која засегнува една ретка корелација – паралелите помеѓу македонскиот и нордискиот фолклор.

Во изминативов период, Анастасова-Шкрињариќ учествува и во два **научно-истражувачки проекта** (еден **национален** и еден **меѓународен проект**): 1. меѓународниот проект: *Ubersicht der makedonishen literature / Преглед на македонската литература* (раководител: Петар Раул), Скопје, Сигмапрес, 2012 (во печат); 2. националниот проект: *Мал книжевен лексикон* (раководител: Веле Смилевски), Скопје, Институт за литература, 2009.

Анастасова-Шкрињариќ во повеќе наврати е ангажирана и како **стручен редактор на научни изданија,** стоејќи зад стручната редакција на неколку капитални проекти: таа се јавува како **единствен стручен редактор** на три фолклористички изданија: 1.Владимир Проп: *Морфологија на сказната* (Скопје, Македонска реч, 2009); 2.Владимир Проп: *Историски корени на волшебната приказна* (Скопје, Македонска реч, 2011); 3. *Нордиски народни приказни* /избор: Вибеке Стибе/ (Скопје, *Македонска реч*, 2011); и како **член на стручната редакција** за уште едно преводно издание (4. Јуриј Борев: *Енциклопедија на естетиката и теоријата на литературата* (Скопје, *Македоника литера,* 2011).

Меѓу авторските проекти на д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ ќе го издвоиме и обемниот авторски текст поместен во **антологијата на македонската литература објавена на полски јазик:** *Folklor macedonski - monumentalny dialog z przodkami*, vo: *ŻEGLARZE PAMIĘCI (Antologija współczesnej literatury macedońskiej/ Антологија на*

*македонската литература на полски јазик).* - Poznań: *Uniwesytet Im. Adama Mickiewicza*, 2009).

Анастасова-Шкрињариќ е **коавтор** и на **една монографија** посветена на балетската уметност: *Примабалерина* (Н. Анастасова-Шкрињариќ и А.Мијалкова), Скопје, *Трето уво*, 2011.

Покрај наведените авторски изданија, д-р Анастасова-Шкрињариќ во изминатиот петгодишен период се појавува пред научната јавност и со сериозни научни студии, презентирани на **научни собири и конференции** или публикувани во компетентни научни публикации. Некои од наведените студии беа презентирани како реферати на домашни научни собири, но и на меѓународни симпозиуми и научни конференции како што се: меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст* одржан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" (2011); *Петтата македонско-чешка научна конференција* (2012), *Петтата македонско-руска научна конференција* (2012), *Научната конференција одржана на Семинарот за македонски јазик, литература и култура* и др.

**Заклучок и предлог:**

Во изминатиот петогодишен период, д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ пројавува завидна научноистражувачка актива, реализирајќи повеќе авторски проекти: **3 нови книги, 1 монографија (коавторски проект), 3 стручни предговори за капитални научни изданија, 2 стручни поговора, 1 текст во антологија, 4 стручни редакции на преводни изданија на стручни/научни публикации, како и учество во 2 научноистражувачки проекта (еден национален и еден меѓународен)**, што може да се види од податоците поместени во образецот кој оди во прилог на овој рецензентски извештај.

Врз основа на покажаните резултати, сметаме дека д-р Нина Анастасова Шкрињариќ во изминатиов период реализирала мошне сериозни авторски проекти кои со својата компетентност несомнено ја унапредуваат македонската научна мисла. Потенцирајќи ја професионалната и творечката зрелост на нејзините најнови потфати, предлагаме таа да биде избрана во звањето **редовен професор** по предметите: *народна македонска поезија, народна македонска проза, народна книжевност 1 (втор изборен модул), народна книжевност 2 (втор изборен модул), митопоетика, словенска митологија* и *пихоаналитички концепти во фолклорот* - при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје.

Скопје,
22.8.2012

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Ермис Лафазановски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Виолета Пирузе-Тасевска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Нина Васко Анастасова-Шкрињариќ**
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Научна област: книжевност – македонска и јужнословенски книжевности

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | часови | недели | семестри | поени | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии** | | | | | |
| 1 | Увод во македонската книжевност - митопоетика (МК) (2+0) зимски, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 2 | Психоаналитички концепти во фолклорот/ врз текстови од македонскиот фолклор/ (2+0) зимски, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 3 | Увод во македонската книжевност-словенска митологија (МК) (2+0) летен, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 4 | Народна книжевност 1 (МЈ) (2+0) зимски, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 5 | Народна книжевност 2 (МЈ) (2+0) летен, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 6 | Македонска книжевност (народна) – словенечки јазик и книжевност, (2+0) зимски, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 7 | Народна македонска книжевност 1 (странски јаз. групи) (2+0) зимски, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 8 | Народна македонска книжевност 2 (странски јаз. групи) (2+0) летен, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 9 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин) (2+0) зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 10 | Македонска книжевност III (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин и ПИТ) 2+0) зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Увод во македонската книжевност-митопоетика , (2+0)зимски, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 12 | Увод во македонската книжевност-словенска митологија; (2+0) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 13 | Народна книжевност 1 (МЈ); (2+0)зимски, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 14 | Народна книжевност 2 (МЈ); (2+0) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 15 | Народна македонска книжевност 1 (странски јаз. групи); (2+0)зимски, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 16 | Народна македонска книжевност 2 (странски јаз. групи); (2+0) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 17 | Народна книжевност 2 (хрватски јазик); ); (2+0) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 18 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин); (2+0)зимски, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 19 | Македонска книжевност III (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин и ПИТ) (2+0) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0.04 | 1,2 |
| 20 | Психоаналитички концепти во фолклорот/ врз текстови од македонскиот фолклор/(2+0) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 21 | Народна македонска проза (МК) (2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 22 | Народна македонска поезија (МК) (2+0) зимски, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 23 | Увод во македонската книжевност-словенска митологија (МК); (2+0) зимски, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 24 | Народна книжевност 1 (МЈ); (2+0) зимски, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Народна книжевност 2 (MJ);<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 26 | Народна книжевност 1 (српски јазик и книж.)<br>(2+0) зимски, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 27 | Народна книжевност 2 (српски јазик и книж.)<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 1 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 28 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин);<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 29 | Македонска книжевност III<br>(за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин и ПИТ)<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 30 | Психоаналитички концепти во фолклорот/ врз текстови од македонскиот фолклор/<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 31 | Народна македонска книжевност и етнографија 1 (МК)<br>(2+0) зимски, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 32 | Народна македонска книжевност и етнографија 2 (МК)<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 33 | Балкански фолклор 1 ПИТ(А);<br><br>(2+0) зимски, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 34 | Балкански фолклор 2 ПИТ(А);<br>(2+0) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 35 | Народна македонска поезија<br>(2+0) зимски, 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 36 | Народна македонска проза<br>(2+0) летен, 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 37 | Народна книжевност 1<br>(2+0) зимски, 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 38 | Народна книжевност 2<br>(2+0) летен, 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 39 | Митопоетика<br>(2+0) зимски, 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Словенска митологија (2+0) летен, 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 41 | Психоаналитички концепти во фолклорот, (2+0) летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 42 | Народна македонска поезија (2+0) зимски, 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 43 | Народна македонска проза (2+0) летен, 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 44 | Народна книжевност 1 (2+0) зимски, 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 45 | Народна книжевност 2 (2+0) летен, 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 46 | Митопоетика (2+0) зимски, 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 47 | Словенска митологија (2+0) летен, 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 48 | Психоаналитички концепти во фолклорот, (2+0) летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| | | | | | **Вкупно** | **57,6** |
| | **Одржување вежби од прв циклус студии** | часови | недели | семестри | поени | Вкупно |
| 1 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин) (0+2) зимски 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 2 | Македонска книжевност III (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин и ПИТ) (0+2) летен 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 3 | Народна македонска книжевност 1 (странски јаз. групи) (0+2) зимски, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 4 | Народна македонска книжевност 2 (странски јаз. групи) (0+2) летен, 2007/2008 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 5 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин); (0+2)зимски, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 6 | Македонска книжевност III (за групите албански јазик и книж. мајчин и немајчин и турски јазик и книж. мајчин и немајчин и ПИТ) (0+2) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Народна македонска книжевност 1 (странски јаз. групи) (0+2) зимски, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 8 | Народна македонска книжевност 2 (странски јаз. групи) (0+2) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 9 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и књиж. мајчин и немајчин и турски јазик и књиж. мајчин и немајчин); (0+2) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 10 | Македонска книжевност III (за групите албански јазик и књиж. мајчин и немајчин и турски јазик и књиж. мајчин и немајчин и ПИТ) (0+2) летен, 2008/2009 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 11 | Македонска книжевност I (за групите албански јазик и књиж. мајчин и немајчин и турски јазик и књиж. мајчин и немајчин); (0+2) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 12 | Македонска книжевност III (за групите албански јазик и књиж. мајчин и немајчин и турски јазик и књиж. мајчин и немајчин и ПИТ) (0+2) летен, 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 13 | Митопоетика (0+2) зимски 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 14 | Словенска митологија, (0+2) летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 15 | Македонска книжевност 3 (0+2) летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 16 | Психоаналитички концепти во фолклорот, (0+2) летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 17 | Митопоетика, (0+2) зимски 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 18 | Словенска митологија, (0+2) летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 19 | Психоаналитички концепти во фолклорот, (0+2) летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | **0,9** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Македонска книжевност 3 (0+2) летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| | | | | | вкупно | **18** |
| | **Консултации со студенти** | студенти | | семестри | поени | Вкупно |
| 1 | 2007/2008 | 190 | | 2 | 0,002 | 0,38 |
| 2 | 2008/2009 | 190 | | 2 | 0,002 | 0,38 |
| 3 | 2009/2010 | 190 | | 2 | 0,002 | 0,38 |
| 4 | 2010/2011 | 280 | | 2 | 0,002 | 0,56 |
| 5 | 2011/2012 | 320 | | 2 | 0,002 | 0,64 |
| | | | | | **Вкупно** | **2,34** |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | часови | недели | семестри | поени | Вкупно |
| 1 | 2007/2008 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески“, магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 2 | 2008/2009 (6 часа, летен) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески“, магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 3 | 2008/2009 (10 часа) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески“, магистерски студии | 2 | 5 | 1 | 0,05 | 0,5 |
| 4 | 2009/2010 (10 часа) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески“, магистерски студии | 2 | 5 | 1 | 0,05 | 0,5 |
| 5 | 2010/2011 (6 часа) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески“, магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| 6 | 2011/2012 (6 часа) - студии од втор циклус, Филолошки факултет „Блаже Конески“, магистерски студии | 2 | 3 | 1 | 0,05 | 0,3 |
| | | | | | **Вкупно** | **2,2** |
| | **Ментор на дипломска работа** | | | | Поени | 0,2 |
| 1 | Дијана Спасовска: „Култот кон змијата во народната традиција“ (одбранета на 16.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 2 | Елена Антиќ: „Култот кон растенијата и неговото инкорпорирање во христијанската литургија“ (4.3.2010) | | | | | 0,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Сања Цветковска: „Свадбата како обред на премин-свадбената иницијација во македонскиот фолклор" (21.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 4 | Верица Стојковска: „Астралниот култ во старословенската митологија (култот кон небесните тела и неговите преживелици во фолклорот" (21.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 8 | Елена Стаменкова: „Конфронтизам меѓу паганството и христијанството" (15.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 9 | Додевска Наде: „Модели на космогонија во македонските космогониски легенди" (16.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 10 | Ивана Рилкова: „Иницијациско сценарио во македонските народни сказни" (13.10.2010) | | | | | 0,2 |
| 11 | Марина Андонова: „Календарско-обредни песни – остатоци од паганските обреди и големите пагански празници" (15.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 12 | Тамара Тодева: Демонолошката матрица во романот *Невестата на змејот* од Влада Урошевиќ"(25.10.2010) | | | | | 0,2 |
| 13 | Даниела Јановска "Календарски митови – универзален код во аграрните култури (7.4.2011) | | | | | 0,2 |
| 14 | Злата Велјановска: „Паганско-христијански синкретизам" (9.6.2011) | | | | | 0,2 |
| 15 | Маја Волчевска: „Македонски јуначки епос - општи карактеристики и специфики во однос на јужнословенската епика" (16.9.2010) | | | | | 0,2 |
| 16 | Сања Младеновска: „Обредната практика во култот на мртвите - празници од доменот на култот на мртвите претци" (21.12.2010) | | | | | 0,2 |
| 17 | Александра Алексовска: „Мистификацијата *Веда Словена* на Стефан Верковиќ" (20.4.2012) | | | | | 0,2 |
| 18 | Анета Ацоска: „Сказната и феноменот на иницијацијата (иницијациското сценарио во македонските народни сказни)" | | | | | 0,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Вкупно** | **3,6** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | | | | поени | 0,1 |
| | Член на 26 комисии за одбрана на дипломски работи (2007-2011) | | | | 0,1 | **2,6** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | | | | поени | 0,3 |
| 1 | Член на Комисија за оцена на магистерскиот труд на Јана Михајловска: "Аграматикалности и алогичности во јазикот македонската народна балада" | | | | | 0,3 |
| 2 | "Аграматикалности и алогичности во јазикот на македонската народна балада" од Јана Михајловска (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 29.9.2010) | | | | | 0,3 |
| 3 | Член на Комисија за оцена на магистерскиот труд на Силвана Костадинова –Спасова: „Житија на маченици". | | | | | 0,3 |
| 4 | Магистерски труд: „Житија на маченици" на Силвана Костадинова – Спасова (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 20.6.2011) | | | | | 0,3 |
| 5 | Член на Комисија за оцена на магистерскиот труд на Соња Енцекова: „Жанрот *беседа* во македонската писмена традиција". | | | | | 0,3 |
| 6 | Магистерски труд: „Жанрот *беседа* во македонската писмена традиција" од Соња Енцекова (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 12.5.2011). | | | | | 0,3 |
| 7 | Магистерски труд: „Летописите во македонската писмена традиција" од Биљана Котлар (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 25.6.2011). | | | | | 0,3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Член на Комисија за оцена на магистерскиот труд на Нешка Николова: „Митската прародителка-аспекти на женскиот креативен принцип". | | | | | 0,3 |
| 9 | Член на Комисија за оцена на магистерскиот труд на Ана-Марија Бранѓолица: „Бајачките обреди во македонската народна култура". | | | | | 0,3 |
| 10 | Член на Комисија за оцена на магистерскиот труд на Валентина Трајковска: „Ристо Давчевски како баснописец". | | | | | 0,3 |
| 11 | Магистерски труд: „Ристо Давчевски како баснописец" од Валентина Трајковска (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 23.1.2012) | | | | | 0,3 |
| | | | | | **Вкупно** | **3,3** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | | | | поени | 0,5 |
| 1 | Докторски труд: „Конески и фолклорот" од Ана Мартиноска (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 29.11.2010) | | | | | 0,5 |
| 2 | Докторски труд: „Ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите во македонската книжевност" од Ранко Младеноски (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 31.12.2010) | | | | | 0,5 |
| | | | | | **Вкупно** | **1** |
| | | | | | **<u>Севкупно</u>** | **90,64** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерска дисертација** | 1 |
| 1 | Магистерски труд: „Митската прародителка-аспекти на женскиот креативен принцип" од Нешка Николова (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 1.6.2011). | 1 |
| 2 | Магистерски труд: „Бајачките обреди во македонската народна култура" од Ана Марија Брангѓолица (Филолошки факултет „Блаже Конески", одбранет на 23.3.2012). | 1 |
| 3 | Магистерски труд:„Архетипот на змејот во македонската и во кинеската народна традиција" на Весна Крстиќ Андреевска (втора година). | 1 |
| | **вкупно** | **3** |
| | **Ментор на докторска дисертација** | 3 |
| 1 | Докторски труд: „ Шаманизмот како *културен остаток* во македонската народна традиција "на Ана Витанова (прва година). | **2** |
| | **Објавени книги** | 8 |
| 1 | *Митски координати /митолошки толковник/* (Скопје, Македонска реч, 2008). | 8 |
| 2 | *Фолклорни социјални фосили/социо-антрополошки студии за фолклорот/* (Скопје, Македоника литера, 2011). | 8 |
| 3 | *Триножникот на Цепенков и каучот на Фројд /психоаналитички концепти во фолклорот/*, (Скопје, Македонска реч, 2011). | 8 |
| | **вкупно** | **24** |
| | **Дел од монографија објавена во странство (антологија)** | |
| 1 | Со свој авторски текст учествува во објавувањето на: *Антологија на македонската литература на полски јазик /Folklor macedonski - monumentalny dialog z przodkami*, vo: *ŻEGLARZE PAMIĘCI (Antologija współczesnej literatury macedońskiej)*. - Poznań: *Uniwesytet Im. Adama Mickiewicza*, 2009. | 6 |
| | **Предговори во книги** | 4 |
| 1 | „Биографија на една книга", предговор кон македонскиот превод на книгата на Владимир Проп: *Морфологија на сказната (*Скопје, Македонска реч, 2009). | 4 |
| 2 | „Археологија на сказната (палеонтолошко истражување на волшебната приказна", предговор кон македонскиот превод на книгата на Владимир Проп: *Историски корени на волшебната приказна* (Скопје, Македонска реч, 2011) | 4 |
| 3 | „Трите лица на древната божица (митската прамајка и аспектот тројство", предговор кон книгата на Нешка Николова: *Култот на големата мајка*, Скопје, Македоника литера, 2011. | 4 |
| | **вкупно** | **12** |
| | **Учество во научноистражувачки проекти** | |
| 1 | Учество во меѓународен проект: *Ubersicht der makedonishen literature / Преглед на македонската книжевност* (раководител: Петар Рау), Сигмапрес, 2012. | 5 |
| 2 | Учество во национален проект: *Мал книжевен лексикон* (раководител: Веле | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Смилевски), Институт за литература, 2009. | |
| | **вкупно** | **8** |
| | **Учество на меѓународни конференции** | |
| 1 | „Словенски митови впишани во просторот (ново читање на теоријата на Јан Пајскер", реферат поднесен на **Чешко-македонската конференција** (Скопје, мај 2012). | 2 |
| 2 | „Кога сонцето беше бог - соларни митови во календарските празници", реферат поднесен на **Научната конференција одржана на Семинарот за македонски јазик, литература и култура**, Охрид, 2012. | 2 |
| 3 | „Матријархалниот код на митските амазонки (реликти од амазонството во јужнословенската традиција", реферат поднесен на **V македонско-руска научна конференција** (Охрид, 2012). | 2 |
| 4 | „Ритуалеми од паганството во македонскиот обреден фолклор ", Охрид 11-28. VIII 2008. ("Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2009) | 2 |
| | Вкупно: | **8** |
| | **Објавени трудови во научно/стручни списанија и зборници** | |
| 1. | „Левират-сорорат: мумифицирани форми на брачни врски во македонскиот фолклор", во: Зборник од научниот собир во чест на проф. Т. Саздов, Филолошки факултет „Блаже Конески"-Скопје, 2007 год. | 2 |
| 2. | „Елегантна игра на духот или вежби по интелектуална гимнастика", во: *Македонски книжевен гласник Синтези,* 2007, бр.9. | 1 |
| 3. | Левистросовски-антилевистросовски дилеми: афирмација и негација од временска дистанција", во: *Македонски книжевен гласник Синтези,* 2007, бр.9. | 1 |
| 4. | „Зелени Јурај – богот на вегетацијата во хрватскиот обреден фолклор", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кн. 34 (Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2008), стр. 77-91. | 2 |
| 5. | „Ритуалеми од паганството во македонскиот обреден фолклор " во: Предавања на XLI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 11-28. VIII. 2008. (Универзитет „Св. Кирил и Методиј"/Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2009) (стр. 179-188). | 3 |
| 6. | „Биографија на една книга", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кн. 35 (Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2009, стр. 465-477) | 2 |
| 7. | „Мус ратус во земјата на чудата (најволшебната приказна за волшебните приказни)", во: *Македонски книжевен гласник Синтези,* 2009, бр.16. | 1 |
| 8. | „Македонскиот фолклор-монументален дијалог на предците и потомците", во: *Antologija współczesnej literatury macedońskiej* (Poznań: *Uniwesytet Im. Adama Mickiewicza*, 2009). | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | „Гласот на Адам", во: *Македонски книжевен гласник Синтези,* 2010, бр.21. стр.63-66. | 1 |
| 10 | „Библиотерапија со сказни – сказните клуч за детската психа", во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кн. 37 (Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2011, стр. 389-401) | 2 |
| 11 | „Култната подлога во македонската верзија на *Пепелашка:* тотем-реликти и преживелици од култот кон претците (етно-антрополошка дискусија), во: *Спектар,* бр. 2011. | 2 |
| 12 | „Луј Леже како промотор на словенската митологија (афирмација, негација, ревалоризација)", реферат поднесен на Меѓународниот симпозиум *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст,* Скопје, 12 – 13 декември 2011 година. | 3 |
| 13 | „Словенски митови впишани во просторот (ново читање на теоријата на Јан Пајскер", реферат поднесен на Чешко-македонската конференција (Скопје, мај 2012) | 3 |
| 14 | „Дионисиски остатоци во митологемата „самовилска свадба" (тракискиот супстрат во претставата за самовилите", во: *Македоника,* год. II, бр.5-6, 2012. | 3 |
| 15 | „Митот за златното женско доба во теоријата на Баховен (феноменот на *амазонството самовилството* )", во: *Македоника,* год. II, бр.5-6, 2012. | 3 |
| 16 | „Кога сонцето беше бог - соларни митови во календарските празници", реферат поднесен на Научната конференција одржана на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2012. | 3 |
| 17 | „Матријархалниот код на митските амазонки (реликти од амазонството во јужнословенската традиција", реферат поднесен на V македонско-руска научна конференција (Охрид, 2012). | 3 |
| | **Вкупно** | **38** |
| | **Севкупно:** | **101** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Коавтор на монографија** | |
| 1 | *Примабалерина* (Нина Анастасова Шкрињариќ и Александра Мијалкова), Скопје, *Трето уво,* 2011. | 4 |
| | **Поговори во книги** | 3 |
| 1 | „Милениумско патување на една порака", поговор кон: Милован Стефановски: *Адам од Говрелево,* Скопје, Просветно дело и Детска радост, 2010. | 3 |
| 2 | „Универзалниот јазик на сказните", поговор кон изданието: *Нордиски народни приказни* (избор: Вибеке Стибе), Скопје, *Македонска реч,* 2011. | 3 |
| | **вкупно** | 6 |
| | **Стручна редакција на стручни/научни изданија** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Стручен редактор на македонскиот превод на делото на Владимир Проп: *Морфологија на сказната* (Скопје, Македонска реч, 2009). | 3 |
| 2 | Стручен редактор на македонскиот превод на делото на Владимир Проп: *Историски корени на волшебната приказна* (Скопје, Македонска реч, 2011). | 3 |
| 3 | Стручен редактор на изданието: *Нордиски народни приказни* /избор: Вибеке Стибе/ (Скопје, *Македонска реч*, 2011). | 3 |
| 4 | Стручен редактор на изданието: Јуриј Борев: *Енциклопедија на естетиката и теоријата на литературата* (Скопје, *Македоника литера*, 2011). | 3 |
| | **вкупно** | **12** |
| | | |
| | **Рецензент на универзитетски учебник** | 1 |
| | Добрила Миловска: *Написа своеју рукоју (автографи на македонски книжевници)*, Каприкорнус, 2012. | 1 |
| | **Член на Редакциски одбор на зборник од научен собир** | |
| | Секретар на редакцискиот одбор за *Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р* Т. Саздов (Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2012 ). | 0,5 |
| | **Член на национална жири-комисија** | 1 |
| | | |
| 1 | Член на жири-комисија за доделување на наградата за најдобра поема „Григор Прличев 2010“, на традиционалниот конкурс распишан од издавачката куќа „Детска радост“ од Скопје и Центарот за култура *Григор Прличев* од Охрид. | 1 |
| | **Вкупно** | **24,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 90,64 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 101 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24, 5 |
| **Вкупно** | **216,14** |

Скопје,
22.8.2012

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Ермис Лафазановски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Славица Србиновска, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: НОВА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ – ПРЕРОДБА, НОВА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ – РОМАНТИЗАМ, СВЕТСКА КНИЖЕВНОСТ 1, СВЕТСКА КНИЖЕВНОСТ 2, ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ КНИЖЕВНОСТИ (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ) И ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА КУЛТУРА (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Заблагодарувајќи му се на ННС на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, што на својата седумнаесетта редовна седница одржана на 18.5.2012 година не избра за членови на Рецензентската комисија, во врска со пријавата на м-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова на конкурсот за избор во звањето *асистент* по предметите *нова македонска книжевност – преродба, нова македонска книжевност – романтизам, светска книжевност 1, светска книжевност 2*, предмети од областа *македонска книжевност и јужнословенски книжевности* (втор изборен модул) и предмети од областа *македонска култура* (втор изборен модул), чест ни е на членовите на Советот да им го поднесеме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**1. Биографски податоци**

Искра Тасевска Хаџи-Бошкова е родена во Скопје, на 20 октомври 1980 година. Во текот на гимназиското образование освоила прво место на Државниот натпревар по германски јазик (во 1997 година), а во учебната 1998/1999 година, како матурант е прогласена за првенец на генерацијата.

На групата за македонски јазик и книжевност дипломирала на 24 декември 2005 година со просек 9,95 и била прогласена за најдобар студент на Филолошкиот факултет. Во текот на студиите учествувала на 37. Семинар за словенечки јазик, литература и култура, а од февруари 2004 година била избрана за демонстратор по предметите *светска книжевност* и *книжевност за деца*, при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Истата година ја добила и престижната награда „26 јули – Франк Манинг“, за најдобар студент во завршната година на студиите (2003/2004 година).

Од март 2006 година, Искра Тасевска Хаџи-Бошкова е постдипломец од областа *наука за книжевност* (на групата за општа и компаративна книжевност), на Филолошкиот факултет. На 25 септември 2006 година го положила лекторскиот испит при Министерството за култура на Република Македонија. Од декември 2006 година станува демонстратор и по вежбите од предметот *нова македонска книжевност – 19 век*. На 21 март 2007 година примила пофалница од Владата на Република Македонија за најдобро дипломиран студент на Филилошкиот факултет, а на 24 мај истата година и од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На 23 јуни 2008 година, со едногласна одлука на ННС е избрана во звањето помлад асистент – приправник. Истата година ги завршува постдипломските

студии од областа *наука за книжевност* со просек 10,00. На 9 јули го одбрани магистерскиот труд под наслов *Бахтиновата теорија за туѓиот говор (хетероглосијата) во контекст на усната и уметничката литература (Марко Цепенков, Живко Чинго, Крсте Чачански).*

На 9 декември 2009 година била избрана во звањето асистент. И денес работи како асистент по предметите *нова македонска книжевност 19 век, книжевност за деца, светска книжевност* и *македонска култура и цивилизација* при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности.

Кандидатката активно се служи со англискиот, француксиот, шпанскиот јазик и со дел од балканските јазици (албански, српски, хрватски, словенечки и бугарски јазик), а пасивно со германскиот и рускиот јазик.

**2. Наставна и научна дејност**

М-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова работи како асистент по предметите *нова македонска книжевност 19 век, книжевност за деца, светска книжевност* и *македонска култура и цивилизација* при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Од самиот тематски спектар на предметите на кои соработува, се гледа дека станува збор за наставник од широк формат, кој се занимава со македонистички и светски филолошки теми, но и со пошироки, културолошки аспекти. Како соработник, односно како млад човек активно вклучен во наставниот процес на Катедрата, Хаџи-Бошкова е инвентивна, кооперативна, отворена и секогаш интересна како за студентите, така и за повозрасните колеги-професори чии часови за вежби ги изведува.

Што се однесува до научната дејност, кандидатката досега има објавено 16 главно пообширни студии (од 2006 до 2012 година). Три од тие шеснаесет студии се објавени пред таа да биде избрана за асистент при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности во 2009 година, што значи дека тие биле предмет на нашиот извештај при претходниот нејзин избор. Затоа, се фокусираме на трудовите од 2009 до 2012 година, вкупно 13 број, исклучително интересни и според темите, но и според научната апаратура со која кандидатката се служи. Општ впечаток е дека таа нејзина научна актива, исто како и наставната дејност, опфаќа поширок спектар на предмети на проучување, но користи и доста широк круг на методолошки пристапи кон проучуваните проблеми.

На пример, фантастиката како теориски феномен од првостепен интерес ја среќаваме во студијата „Фантастиката на двојноста како можен феномен на фолклорната фантастика во Чинговата *Пасквелија*", печатена во „Стремеж" од Прилеп (16 страници, година LV, 2009, стр. 104-120). Кандидатката покажува одлично познавање на теориите за фантастиката, од најраните до современите, но и осет за нивна апликација врз конкретни книжевни текстови. Веќе во следниот труд, предмет на интерес е карневализацијата, и тоа во деветнаесеттовековен македонски текст („Маскираната карневализација во *Слово за празниците* на Кирил Пејчиновиќ", Годишен зборник на ФФ „Блаже Конески", кн.35, 2009, стр. 331-338). Како што може да се забележи, младиот научник се обидува да ги исчита традиционалните текстови од нашата книжевност со модерни теориски вулгати, во случај со Бахтиновата теорија за

карневализацијата. Веќе следната година, 2010, Тасевска ни покажува дека е одлично упатена и во родовите и културолошките проблеми. Го печати трудот „Феминистичко-психолошки и културолошки аспекти на женскоста" („Литературен збор" 1-3, Скопје, год LV, стр. 103-112). Вториот дел од овој труд се појавува во истото списание, следниот број, 4-6, стр. 131-139. Истата година, во октомврискиот издание на електронското списание „Мираж", се јавува со трудот „Туѓиот говор (хетероглосијата) и неговите формално-дискурзивни елементи низ теориските промислувања на М.М. Бахтин". Дека и семиотиката и интертекстуалните теории не и се непознати на кандидатката, дознаваме од обемниот труд „Интертекстуалноста како семиотичка и амбивалентна релација во романот *Дон Кихот* од Мигел де Сервантес", печатен во Годишниот зборник на ФФ, кн. 36, од 2010 година, стр. 443-452. Од научниот симпозиум посветен на професорот Атанас Вангелов произлегува трудот „'Оживеаната' расказност во ерата на методолошкиот плурализам", труд во кој се разгледува познатиот зборник *Теорија на прозата* што на македонски го преведе и го приреди проф. д-р Атанас Вангелов. Трудот на Хаџи-Бошкова е печатен во специјалниот зборник од овој симпозиум (Филолошки факултет, 2010, стр. 171-177), а се занимава со местото на наратологијата во букетот од најсовремени методолошки пристапи не само кон филолошките, туку и кон културните артефакти во кои се препознаваат наративи.

Текстот "The Carnevalesque 'monde a l'envers' and the Parody in the Novel *The Burlesque of Master Perun, God of Thunder* by Rastko Petrovic", печатен во Нови Сад, 2010 година, при Научното здружение за развој на српските студии (стр. 131-134), покажува две нешта: нашата кандидатка, покрај интересот за карневализацијата, покажува и теориски интерес за пародијата, и второ – учествува и во меѓународни публикации со свои трудови. Следува студијата со која Тасевска зачекорува и во таканаречените теории за културниот и националниот идентитет: „Идентитетот како реинтегрирано културно наследство во *Историјата* на Ѓорѓија Пулевски" („Спектар" 57, Скопје, 2011, стр. 199-210". Со тоа, кандидатката покажува дека многу лесно поминува од филолошки на културолошки прашања, нешто што денес е услов за добар теоретичар/филозоф на културите. Со прашањата за историската „вистина", од една постперспектива, кандидатката се занимава и во следниот прилог – „Вистината како преобразена веродостојност – имплицитната историчност во патописите и афоризмите на Јордан Хаџи Константинов Џинот". Трудот е печатен на бугарски јазик во бугарскиот Зборник „Вистина, мистификација, лага во словенските јазици, литератури и култури", во Софија, кај издавачот „Лектура" 2011, стр. 502-508). Во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет за 2011 година кандидатката го печати трудот „Хронотопот како жанровска и референцијална специфичност во литературата за деца (Јадранка Владова и Живко Чинго), стр. 49-60.

Следуваат два текста печатени во меѓународни списанија, со кои Тасевска Хаџи-Бошкова го комплетира (сега за сега списокот од 16 трудови). Првиот е посветен на едно за неа веќе омилено, опсесивно прашање (сврзано со карневализацијата), а тоа е – пародијата. Тоа е трудот "The Enlargement of Various Definitions – Parody and its Revival", печатен во „Folia linguistica et litteraria", časopis za nauku o jeziku i književnosti, ur. Marija Knežević, Nikšić 2010, Filozofski fakultet i Institut za jezik i književnost, 315-327. Конечно, со последниот

труд, кандидатката покажува интерес за дефиницијата и местото на субјектот во широкото поле на феноменологијата на субјектот: "Phenomenological Subjectivity as an Intersection Between Philosophy and Literature", печатено во Италија, Рим: Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 3 No 7, April 2012, Italy, Rome 2012, 255-259.

Кон ова треба да се додадат и учествата на научни собири, симпозиуми и конференции, вкупно девет: 1. Научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов (15-16 декември, Филолошки факултет – Скопје, 2009 година, прилог под наслов „'Оживеаната' расказност во ерата на методолошкиот плуурализам"); 2. Десеттите национални славистички читања во Софија (22-24 април 2010 година – со прилогот „Вистината како преобразена веродостојност – имплицитната историчност во патописите и афоризмите на Јордан Хаџи Константинов Џинот"); 3. Научниот собир посветен на проф. д-р Георги Сталев Поповски (19 и 20 мај 2011 година, Филолошки факултет – Скопје, прилог под наслов „Авторот како препејувач и препејувачот како автор – за двете преобразби на поемата *Сердарот*); 4. Четвртиот интернационален конгрес на Меѓународната мрежа на компаративни литературни студии „Литературни дислокации", текст под наслов "Literary Genres in the 19th Century Macedonian Literature and Dislocation of the Predominant (Authorial) Voice" (Скопје - Охрид, 1-3 септември 2011 година); 5. Седмата конференција на млади слависти во Прага (3-4 ноември 2011), текст под наслов „Во прангите на интерпретацијата – повеќе од дискурс, помалку од знак (Крсте Чачански и Данило Киш)"; 6. Меѓународниот научен симпозиум „Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја и култура" (7-8 ноември 2011), со текстот „Идентитетот како реинтегрирано културно наследство во *Историјата* на Ѓорѓија Пулески"; 7. Меѓународниот научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура" (Скопје, 15-16 декември 2011), со текстот „Согледувањата на Блаже Конески за македонската култура во 19 век како форма на симболичко толкување на културата"; 8. Second International Conference of Human and Social Sciences (ICHSS 2012), 24 март 2012, со текст под наслов "Phenomenological Subjectivity as an Intersection Between Philosophy and Literature", и 9. Научната работилница „Сите лица на смешното (од антиката до денес)", 11 мај 2012, со текст под наслов „Гротескното преобликување како можност за жанровска интерференција (од Аристофан до Сервантес).

М-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова учествувала и во три комисии за одбрана на дипломски трудови. Лекторирала и 29 книги од областа на белетристиката и теоријата, сите печатени во Книгоиздателството „Култура" од Скопје.

Кога сето тоа ќе се погледне заедно, се добива следнава слика: во ликот на Искра Тасевска Хаџи-Бошкова македонската наука добива исклучителен млад наставник и научен работник кој одлично ги познава – семиотиката, наратологијата, постмодерните теории, деконструкцијата, теориите за карневализацијата, Другиот и пародијата, теоријата за хронотопите, родовите студии, постколонијалните студии и студиите за националниот и културниот идентитет, психоаналитичката критика, херменевтиката, феноменологијата... Тоа е раскошна палета на теориски знаења која неа ја квалификуваат како наставник и научник што се обидува да понуди современи читања на инаку класични текстови од деветнаесеттиот век, но и од современи јужнословенски и

светски автори (Чинго, Киш, Чачански, Сервантес), честопати и низ компаратистички пристап. Сето тоа е доволно да се решиме за следниов

**ПРЕДЛОГ**

М-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова ДА БИДЕ ИЗБРАНА во звањето *асистент* по предметите *нова македонска книжевност – преродба, нова македонска книжевност – романтизам, светска книжевност 1, светска книжевност 2,* предмети од областа *македонска книжевност и јужнословенски книжевности* (втор изборен модул) и предмети од областа *македонска култура* (втор изборен модул).

**Заклучок**

Од сето досега искажано, произлегува дека м-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова е исклучителен млад наставно-научен работник, која ги исполнува сите стандарди на европското високо образование, и посебно – условите за избор во предметите за кои се јавува, а на кои веќе работела. Со посебна чест и задоволство му предлагаме на ННС да го усвои нашиот извештај и да ја избере м-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова за асистент по наведените предмети.

28.8.2012

Комисија:
Д-р Венко Андоновски, редовен професор, с.р.

Д-р Весна Мојсова-Чепишевска, редовен професор, с.р.

Д-р Кристина Николовска, вонреден професор, с.р..

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУ'ЕН СОРАБОТНИК-ДОЦЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 40 од Статутот на Институтот за наионална историја, Советот на Институтот, на својата седница одржана на 25. 04. 2012 г., донесе одлука под број 02-77/5, за именување на Комисија за избор во звањето научен соработник – доцент на д-р Сулејман Баки. Како членови на Рецензентската комисија имаме задоволство до Наставно-научниот совет на ИНИ да го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**а) Кратка биографија**

Сулејман Баки е роден во Скопје, во 1975 година. Основно образование завршил во Скопје на турски мајчин јазик, а средното образоване во Бурса, Р. Турција. По завршувањето на средното училиште, во 1993 година се запишал на Теолошкиот факултет на Универзитетот *Улудаг* во Бурса, каде што дипломирал во 1998 година. Истата година се запишал на постдипломски студии при Институтот за социјални науки на Универзитетот *Улудаг*, каде што ги положил предвидените испити и магистрирал во 2001 година на тема: *Манастирли Исмаил Хакии и неговите размислувања во Ќелам и во неговата книга Телхис ул Ќелам.* Во 2008 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", при Институтот за национална историја во Скопје, ја пријавил докторската дисертација под наслов *Формирање на османлиската феудална класа на Балканскиот Полуостров: Иса-бег од Скопје и неговото семејство.* Во 2012 година успешно ја одбранил оваа докторска дисертација и се стекнал со звањето доктор на историски науки.

Сулејман Баки во периодот 1993-1999 година работел во МРТВ, програма на турски јазик, од 2007 до март 2012 година бил претседател на МАТУСИТЕБ (Сојуз на турските невладини организации во Р. Македонија), а од 2002 година е претседател на Културно-образовното и хуманитарно здружение „Енсар" од Скопје. Исто така, од 2004 година тој е член на редакцијата на списаниетон „Ќопру", при истоименото културно-уметничко друштво, а од ноември 2011 година хонорарно држи предавања по османлиски јазик на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово.

Во својата досегашна научна работа, Сулејман Баки како монографија ја објавил својата магистерска теза под наслов *Манастирли Исмаил Хакки и неговата книга Телхисул-Келам*, Логос-А, Скопје 2006, а во 2005 година направи транскрипција од османлиски на современ турски јазик на книгата на Салих Асим *Историја на Скопје и неговата околина,* која беше издадена во Истанбул под наслов: Salih Asım, *Üsküp Tarihi ve Civarı*, sadeleştiren Süleyman Baki, İstanbul, Rumeli Türkleri Vakfı Yayınları, 2005. Исто така, со свои реферати тој има учествувано на повеќе домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и советувања.

Како претседател на МАТУСИТЕБ, Сулејман Баки има реализирано издавање на десетина монографии и преводи на книги од различни автори, како и организирање на неколку конфенренции и симпозиуми во Р. Македонија, посветени на османлиската култура и цивилизација и на турскиот јазик на Балканскиот Полуостров. Меѓу нив позначајни се:

- *Проблемите во основно и средното образование на турски јазик во Македонија*, МАТУСИТЕБ, 2009, Скопје;
- *Uluslararası Türk Halk Kültürü Sempozyumu,* МАТУСИТЕБ, 2009, Скопје;
- *Uluslararası Türkçenin Balkan Dilleri Üzerindeki Etkisi,* МАТУСИТЕБ, 2010, Скопје;
- *Состојбата на Турците во Македонија по Охридскиот рамковен договор*, МАТУСИТЕБ и Влада на РМ (SIOFA), 2011, Скопје;
- *Makedonya'da Osmanlı Eserleri Sempozyumu,* МАТУСИТЕБ, 2011, Скопје;
- Минатото, денес и иднината на Балканот, 20 декември 2008, Скопје;
- Османлиска цивилизација во Балканот, 20 декември 2009 – Скопје;
- Влијаниеото на туркиот јасик на Балканските Јазици, мај 2009, Скопје;
- Османлиско наследство во Македонија, 20 декември 2010, Скопје;
- Изложба: Османлиски белези во Македонија, 20 декември 2010, Скопје, во соработка со Музеј на Македонија;
- Изложба: Традиционални турски ракотворби, 20 декември 2011, Скопје.

**б) Оценка на научната работа на кандидатот**

Како што може да се види од биографијата, од активностите, како и од објавените трудови, главната научна и општествена преокупација на д-р Сулејман Баки е проучувањето, афирмацијата и заштитата на османлиското културно и духовно наследство, како и на современиот турски јазик во Р. Македонија. Иако речиси целокупното свое образование тој го стекнал во Р. Турција, тој во досегашните свои ангажирања целосно е посветен на темите и проблемите поврзани со турската култура и историја на почвата на современа Р. Македонија. Тоа тој го навестил уште со својата магистерска теза во која главниот фокус е посветен на битолчанецот Исмаил Хаки, познат верски мислител и интелектуалец од XIX и почетокот на XX век. Исмаил Хаки (1846-1912), по завршувањето на основното образование во својот роден град Битола, заминал за Истанбул каде што се стекнал со високо образование и каде што ја продолжил својата професорска и интелектуална кариера. Работел како професор во неколку познати истанбулски медреси, потоа на првната школа, како и во инженерското училиште во Истанбул, а од 1902 г. станал професор и на новотворениот Истанбулски универзитет. Со свои написи активно учествувал во политичкиот и јавниот живот на османлиската држава. Неговите написи имале големо влијание во јавноста и во нив нашле одраз сите важни настани во тогашното осмналиско општество, а особено настаните поврзани со верските прашања. Бил член и на советот на највидните учени лица, формиран во 1908 г. од страна на султанот Абдулхамид II. Починал во Истанбул во 1912 г. Сулејман Баки во трудот посветен на овој турски интелектуалец по потекло од Македонија, детално го проучува неговиот живот и неговата професорска кариера и кариерата на јавен публицист и интелектуалец. На тој начин, тој пред јавноста понуди портрет на еден малку познат интелектуалец, кој имал големо влијание во општествениот живот на османлиската држава во пресудните години од нејзиното постоење.

Друг труд кој, исто така, ја потврдува посветеноста на Сулејман Баки на проучувањето на историјата на османлиското наследство во Р. Македонија е неговата транскрипција од арабица на турска латиница на книгата посветена на Скопје од скопскиот градоначалник Салих Асим. Оваа книга, иако кратка по

обем, претставува извонреден извор за историјата на Скопје и на неговата околина, во кој можат да се најдат информации за одредени настани, топоними и споменици во Скопје, кои не можат да се најдат на друго место. Во неа Сулејман Баки, на научен, но во исто време и на едноставен начин го транскрибира и го претставува овој историски текст пред современата турска јавност во Р. Македонија.

Изборот на докторската дисертација на Сулејман Баки повторно е поврзан со историјата на Македонија и на Скопје. Оваа докторска дисертација го има во фокусот на интересот семејството Кумбараџи, едно од најзначајните и најмоќни османлиски семејства на Балканот и во османлиската држава во XV – XVI век, чии предци биле освојувачите на Скопје. Нивните наследници и денес живеат во овој град. При обработката на дисертацијата, Сулејман Баки не само што го истражуваше историското потекло на ова семејство и достигнувањето на зенитот во XV век, туку, исто така, тој го следеше и развојот на тоа семејство сѐ до наши дни, потенцирајќи ги најзначајните членови и нивната улога и влијание во времето во кое живееле. Преку оваа докторска дисертација, Сулејман Баки даде значителен придонес во откривањето на начинот на кој била воспоставувана османлиската власт на територијата на Балканскиот Полуостров, земајќи како пример едно моќно семејство чии први членови биле влијателни команданти на султанот и кои со тек на времето натрупале големи богатства и станале дел од османлиската феудална аристократија на Балканот. На тој начин тој отвори пат за споредбени истражувања и со други моќни семејства од раниот период на османлиското освојување за начинот на кои тие се зацврстувале во одредени делови на Балканскиот Полуостров.

На крајот сакаме да ја истакнеме и општествената ангажираност на Сулејман Баки во културните и научните друштва и организации на турската заедница во Р. Македонија. Притоа со негови напори на македонската јавност и беше презентиран преводот на македонски јазик на книгата *Најдолгиот век на историјата* од најпознатиот современ турски историчар Илбер Ортајли, која е преведена на сите светски јазици. Исто така, како што се гледа од биографијата, тој е организатор и на бројни симпозиуми, конференции и

советувања, во кои главна тема се османлиското наследство и неговата заштита и афирмација.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на гореизложеното може да се констатира дека д-р Сулејман Баки е млад истражувач и научен работник, чие напредување и усовршување оди во нагорна линија. Резултатите од неговата досегашна научна дејност и општествена ангажираност покажуваат дека тој ги има сите предиспозиции, услови и афинитети и понатаму да напредува во својата работа и област на дејствување и да се оформи во сериозен истражувач. Согласно со тоа може да се заклучи дека тој ги исполнува предвидените услови за стекнување на повисоко научно звање и Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Советот на Институтот за национална историја да го избере д-р Сулејман Баки во звањето научен соработник – доцент.

Скопје, 4. VI 2012 г.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Драги Ѓоргиев с.р.

Проф. д-р Ахмет Шериф с.р.

Проф. д-р Јован Јанев с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Сулејман Баки Баки**
**(име, татковото име и презиме)**

**Институција:** **Институт за национална историја**
**(назив на факултетот/институтот)**

**Научна област: историја**

## 1- НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Професор по османлиски јазик во ориенталистика при Филозофскиот факултет на Тетовскиот државен универзитет<br>Настава по османлиски јазик | **3.6** |
| **2** | **Консултации со студенти** | |
| | Консултации со студенти при Тетовскиот универзитет по османлиски јазик и книжевност | **0.05** |
| **3** | **Одржување на вежби (изработка на семинарски труд)** | |
| | Семинари по османлиски јазик на Тетовскиот универзитет ориенталистика. | **2.7** |
| | вкупно | **6.35** |

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Реден број | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Монографија** | |
| | Објавена магистерска теза *Манастирли Исмаил Хакки, и неговата книга Телхисул-Келам во Скопје – Логос-А.* 2006 г. *("Manastırlı İsmail Hakkı, Kelami Görüşleri ve Telhisu'l-Kelam* | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Eseri", Üsküp, Logos-A Yayınları. 2006)* | |
| 2 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | *"Meddah Medresesi ve Gürelerli Selim Efendi"*, Köprü Dergisi, yıl 2, sayı 6, s. 8-11, Üsküp | 2 |
| | *"Fatih-i Üsküp Paşa Yiğit Bey"*, yıl 2, sayı 5, s.14-15, Köprü Dergisi, Üsküp | 2 |
| | *"Üsküpü İstanbula Bağlayan Köprü: Prof.Dr.Bekir Sadak Hocaefendi"*, Köprü Dergisi, sayı 6, Ocak-Mart 2005, s. 15-17, Üsküp | 2 |
| | *"Azim ve Gayrette Örnek Alınması Gereken Hoca: Müderris Hafız Abdürrahim Efendi"*, Köprü Dergisi, Mart 2006, s. 8-11, Üsküp | 2 |
| | *"Kalkandelenli Hafız Taceddin Efendi Şehabi"* , Köprü Dergisi, Ocak 2009, s. 27-29, Üsküp | 2 |
| | *"Mehmet Efendi Sadık"*, Köprü Dergisi, sayı 9, Temmuz-Eylül 2005, s. 18-19, Üsküp | 2 |
| | *"Kur'an-ı Kerim'i Çocuklara Sevdiren Müderris: Üsküplü Mualllim Hafız Muhammed Tevfik Efendi Baki"* , Köprü Dergisi, Ocak 2007, s. 16-18, Üsküp | 2 |
| | *"Osmanlı Döneminde Bir İlim ve Medeniyet Merkezi: Üsküp"* , Köprü Dergisi, sayı 7, Ocak-Mart 2005, s. 7, Üsküp | 2 |
| | *"Burmalı Camii'nin Tarihçesi"*, Köprü Dergisi, Ekim 2006, s. 4-5, Üsküp | 2 |
| | *"Üsküp, Balkan Şehirlerinin "ümmü'l-kurası"*, Köprü Dergisi, Haziran-Ağustos 2007, s. 4-6, Üsküp | 2 |
| | *"Üsküp Türk Çarşısının Tarihçesi"*, Köprü Dergisi, sayı 9, Temmuz-Eylül 2005, s.7-8, Üsküp | 2 |
| | *"Medeniyyetimizin Temeli Olan Vakıflar ve Hayır Müesseseleri"*, Köprü Dergisi, Nisan 2007, s.7-8, Üsküp | 2 |
| | *"Osmanlı" Derken Ne Anlamalıyız?!..."*, Köprü Dergisi, Nisan 2006, s.12, Üsküp | 2 |
| | *"Doğu Makedonya – sorunlar ve çözümler"*, Köprü Dergisi, sayı 8, Nisan-Haziran, Üsküp | 2 |
| | *"Din, Toplum ve Gençlik"*, Köprü Dergisi, yıl 1, sayı 3, s.15, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Üsküp | |
| | | |
| 3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | *"Makedonyada Türkçe Eğitim"*, Balkanlarda Türkçe Eğitim Söleni, Edirne, 2011 | 3 |
| | *"Makedonya Türkleri"*, Balkan Konferansı, TASAM, Mayıs, 2008, Tekirdağ, Türkiye, | 3 |
| | *"Balkanlarda Sivil Toplum ve Örgütlenme Gerçeği"*, Balkanlarda Gelecek Tasavvuru: Kültür, Siyaset, Örgütlenme ve İşbirliği Alanları Sempozyumu, İHH Vakfı, İstanbul, 18-19 Ekim 2008 | 3 |
| | *"Makedonya ve Kosova'da "Mevlid Merasimleri" Ne İfade Eder?"*, Yazılışının 600.Yılında Bir Kutlu Doğum Şaheseri Mevlid Sempozyumu, 16 - 17 Nisan 2009 Bursa. | 3 |
| | *"Makedonya Türklerinin İslam Anlayışı"*, Balkanlarda İslam Medeniyeti 4. Uluslararası Sempozyumu- Üsküp, IRCICA-MANU, 14 Ekim 2010. | 3 |
| | *"Balkanlarda Mehmet Akif Algısı"*, Balkanlar Gözüyle Mehmet Akif Ersoy" Paneli, 27 Aralık 2011, Bursa | 3 |
| | **вкупно** | **56** |

3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **2** |
| | Симпозиум: „Минатото, денес и иднината на Балканот" - 20 декември 2008, Скопје, со МАТУСИТЕБ. | **2** |
| | Симпозиум: „Османлиска Цивилизација во Балканот" - 20 декември 2009 , Скопје, со МАТУСИТЕБ. | **2** |
| | Симпозиум: „Проблемите на турското образование во Македонија" – Работилница, 30 јануари 2009 – Скопје, со МАТУСИТЕБ. | **2** |
| | Симпозиум: „Влијанието на Турскиот Јазик на Балканските Јазици" мај 2009, Скопје, со МАТУСИТЕБ. | **2** |
| | Симпозиум: „Османлиско наследство во Македонија" , 20 Декември 2010, Скопје, со МАТУСИТЕБ. | **2** |
| | Симпозиум: „Османлиски белези во Македонија" , 20 Декември 2010 Скопје, со МАТУСИТЕБ и Музеј на Македонија | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | Конференција: „Состојбата на Турците по Охридскиот рамковен Договор" , 28.5.2011, Скопје, со МАТУСИТЕБ и Владата на РМ (SIOFA). | 2 |
| 2 | **Научно-популарна книга- автор** | |
| | *"Историја на Скопје и околината"* објавен превод од османлиски јазик на стандарден турски јазик- книгата на Салих Асим, градоначалник на Скопје во османлиското владеење. Книгата е објавена во Истанбул од страна на Фондацијата „Румели Турклери Вакфи", 2005 г.<br>(*Salih Asım, Üsküp Tarihi ve Civarı,* sadeleştiren Süleyman Baki, İstanbul, Rumeli Türkleri Vakfı Yayınları, 2005) | 3 |
| | **вкупно** | **19** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **6,35** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **56** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **19** |
| **Вкупно** | **81,35** |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ГРАМАТИКА НА РУСКИОТ ЈАЗИК, КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА НА РУСКИОТ И НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И ИСТОРИЈА НА РУСКИОТ ЈАЗИК СО ИСТОРИСКА ГРАМАТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата триесетта редовна седница одржана на 7.9.2012 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" нѐ избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Биљана Мирчевска-Бошева за избор во звањето доцент по предметите *граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик со историска граматика.*

По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 25.8.2012 година во *Нова Македонија* се пријави само еден кандидат – д-р Биљана Мирчевска-Бошева.

**<u>Биографски податоци</u>**

Кандидатката д-р Биљана Мирчевска -Бошева е родена на 7 декември 1979 година во Битола. Основно и средно образование завршила во Битола. Во учебната 1998/99 г. своето образование го продолжила на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје на студиската група руски јазик и книжевност. Во септември 2002 година дипломирала со Пофалница за постигнат висок успех и се стекнала со звањето *професор по руски јазик и книжевност.* Во 2002 година се запишала, а во 2005 година дипломирала и на групата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности стекнувајќи се и со звањето *филолог по македонска книжевност и јужнословенски книжевности.*

На постдипломски студии по руски јазик се запишала во учебната 2003/2004 г., ги положила предвидените испити со средна оценка 10,00 и во 2007 година ја пријавила темата за изработка на магистерски труд под наслов „Фраземи со значење време во македонскиот и во рускиот јазик". На 24 ноември 2008 година го одбранила магистерскиот труд при што се стекнала со научниот степен *магистер на филолошки науки.*

На 13 јуни 2012 година кандидатката го одбранила и докторскиот труд „Фразеосемантичко поле *чувства и емоции* во рускиот и во македонскиот јазик" и се стекнала со научниот степен *доктор на филолошки студии.*

Во наставниот процес на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кандидатката е вклучена од 2002 година: на почетокот како демонстратор по предметите граматика на рускиот јазик 1 и 2, а подоцна како помлад асистент и асистент по предметите граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик со историска граматика.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Мирчевска- Бошева за првпат била ангажирана на Катедрата за славистика, на групата за руски јазик и книжевност, во учебната 2002/2003 година како демонстратор по предметите граматика на рускиот јазик за прва и втора година. Во февруари 2006 година е избрана за помлад асистент, а од април 2010 работи на Катедрата во својство на асистент. Досега таа учествувала во изведувањето на наставата по предметите граматика на рускиот јазик 1 и 2 по старата програма и предметите: фонетика и фонологија на рускиот јазик, морфологија на рускиот јазик 1 и 2, зборообразување на рускиот јазик, синтакса на рускиот јазик 1 и 2, лексикологија на рускиот јазик со фразеологија, стилистика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик 1 и 2, историја на рускиот јазик и историска граматика на рускиот јазик со дијалектологија според новите наставни програми.

Во текот на нејзиниот ангажман таа редовно изведувала консултации со студентите.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот од нејзиниот избор за помлад асистент до денес, д-р Мирчевска-Бошева била ангажирана во научноистражувачките проекти: "Големата песна на Ацо Караманов" (2006) и "Критичко издание на делата на Блаже Конески" (2006 и 2007), кои се реализираа во рамките на програмата на Одделението за јазик и литературна наука при МАНУ, а од 2011 е учесник во меѓународниот научен проект „Изучение русского языка и русской культуры в инославянском окружении", чиј носител е Славистичко друштво Србије.

Во овој период кандидатката има објавено триесетина научни и стручни трудови, а дел од нив ги презентирала и на различни научни собири и конференции.

Од списокот на објавените трудови се гледа дека нејзиниот интерес е насочен кон проучување на актуелните проблеми на руската граматика, ставајќи посебен акцент на компаративната анализа на рускиот и на македонскиот јазик во сферата на фразеологијата. Ова е видливо и од насловите на дел од нејзините трудови:

1. *Фразеолошките изрази со броеви во рускиот јазик и можностите за нивно преведување во македонскиот јазик.* Литературен збор, бр. 1 (2006).
2. *Фраземи со значење одамна во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик.* STUDIA MACEDONICA, 2008.
3. *Фразеологизмите со значење никогаш во рускиот и во македонскиот јазик.* Петти научен собир на млади македонисти, 2008.
4. *Фраземите со значење време во македонскиот и во рускиот јазик (експозе на магистерскиот труд).* Годишен зборник бр. 35 (2009)
5. *За фразеолошкото поле секогаш во македонскиот и во рускиот јазик.* Литературен збор, бр. 1-3 (2010)
6. *Концептот радост во македонската и во руската фразеологија.* Годишен зборник бр. 37 (2011)
7. *Соодветност/несоодветност на временскиот момент во руската и во македонската фразеологија.* Славистички студии бр. 14 (2011)
8. *Концепт страха в русской и южнославянской фразеологии.* – Русский язык в современном мире: традиции и иновации в преподавании русского языка как иностранного и в переводе. Материалы II Международной научной конференции. Москва: Изд. Высшая школа перевода МГУ, 2011.

9. *Преподавание русской фразеологии для студентов-филологов в Республике Македонии.* Русистика и современность. 13-я международная научная конференция. Сборник научных статей. – Рига : Балтийская международная академия, 2011.
10. *Метафората во јазичната концептуализација на емоциите (со посебен осврт на фраземите со значење страв во македонскиот и во рускиот јазик).* Филолошки студии бр. 10 (2012).
11. *Концептот изненаденост во фразеологијата (на материјал од рускиот и од македонскиот јазик).* Славистички студии бр. 15 (2012).
12. *За фразеосемантичкото поле гнев во македонски јазик.* Македонски јазик бр. 63 (2012).
13. *Соматските фраземи и емоциите во чешкиот, рускиот и во македонскиот јазик.* V македонско-чешка научна конференција (17-18 мај 2012, Скопје).
14. *Семантиката на крвта во емотивната фразеологија (врз примери од македонскиот, од рускиот и од чешкиот јазик)".* V македонско-руска конференција (17-19 јуни 2012, Охрид).
15. *Љубовта и фразеологијата (на материјал од македонскиот, англискиот и рускиот јазик).* VIII македонско-северноамериканска конференција (7-8 јули 2012, Охрид).

Во овие научни трудови Мирчевска-Бошева покажува високо ниво на информираност и упатеност во пошироката современа литература од оваа област, но истовремено и способност за селекција и критичко размислување при анализата на истражуваниот материјал.

Континуираниот интерес кон оваа сфера се гледа и во нејзината магистерска и докторска дисертација кои се теориски цврсто поставени и донесуваат анализа на семантиката, структурната организација, граматичките карактеристики на составните компоненти на фраземите од потесната област на интерес кои за првпат се разгледуваат во македонскиот јазик. Тоа е потврда за нејзината оригиналност и самостојност во толкувањето и истражувањето на посочениот материјал. Овие трудови на Мирчевска-Бошева се сериозни компаративни студии кои даваат значаен придонес во проучувањето на руско-македонските односи и претставуваат драгоцен материјал за наредните истражувања.

**Стручно-апликативна дејност**

Во рамки на стручно-апликативната дејност, во периодот од изборот во помлад асистент, д-р Мирчевска-Бошева извршува повеќе активности и функции.

Таа била член на уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бр. 33 (2007), на Славистички студии бр. 15 (2012) - во печат, на Зборник на резимеа. Т.1, Лингвистика / 14. Меѓународен славистички конгрес, Охрид, 10-6 септември 2008. – Скопје : Македонски славистички комитет, 2008 и уредник на *Програма на Конгресот* (заедно со Снежана Веновска-Антевска и Димитрија Ристески). / 14. Меѓународен славистички конгрес, Охрид, 10-6 септември 2008. – Скопје : Македонски славистички комитет, 2008. - стр. 128.

Кандидатката исто така била член на организацискиот одбор на V македонско-руска конференција (Охрид, јуни 2012).

Д-р Мирчевска-Бошева остварила и едномесечни студиски престои во МГУ Ломоносов, Русија (2006) и Институтот за руски јазик „В.В. Виноградов" при РАН, (2008).

Во овој период повеќе пати била член на различни факултетски комисии (за попис на постојани средства, за попис на библиотечниот фонд, за пресметување на просекот и изготвување на ранг листите на пријавените кандидати за упис во прва година) и повеќе пати била вклучена во организирањето на републички натпревари по руски јазик за основните и средните училишта во Македонија.

Како член на стручниот тим за изработка на нова наставна програма по руски јазик за VI, VII, VIII и IX одделение, како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование, во периодот од декември 2007 до април 2008 учествувала во изработката на новите наставни програми, а од 2007 година е член и на Државната матурска предметна комисија по руски јазик.

**Заклучок и предлог**

Членовите на Комисијата, разгледувајќи ја внимателно приложената документација за севкупната активност и способности за наставна и научна работа што

ја поднела кандидатката, констатираат дека м-р Билјана Мирчевска-Бошева е сериозен научен работник и дека с веќе профилирана во областа на рускиот јазик, како со својата научноистражувачка работа, така и со наставниот процес.

Земајќи ги предвид стручните, научните и дидактичните квалитети на кандидатката со кои целосно ги задоволува и далеку ги надминува барањата поставени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, научно-стручни и соработнички звања на Универзитстот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да му предложи да ја избере д-р Билјана Мирчевска-Бошева во звањето доцент по предметите: *граматика на рускиот јазик, контрастивна анализа на рускиот и на македонскиот јазик и историја на рускиот јазик со историска граматика.*

Рецензентска комисија

Проф. д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, претседател, с.р.

Проф. д-р Красимира Илиевска, редовен професор, член, с.р.

Проф. д-р Кита Бицевска, редовен професор, член, с.р.

10.09.2012 год.

## О Б Р З Е Ц

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Биљана Петар Мирчевска-Бошева**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **руски јазик**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби** | |
| | Морфологија на рускиот јазик - 1 (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2009/2010, 2011/2012 | 4.5 |
| | Зборообразување на рускиот јазик (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2009/2010, 2011/2012 | 4.5 |
| | Синтакса на рускиот јазик -2 (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2009/2010, 2011/2012 | 4.5 |
| | Контрастивна анализа на рускиот јазик и на македонскиот јазик-2<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2009/2010, 2011/2012 | 4.5 |
| | Стилистика на рускиот јазик (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2009/2010, 2011/2012 | 4.5 |
| | Историска граматика на рускиот јазик (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2009/2010, 2011/2012 | 4.5 |
| | Фонетика и фонологија на рускиот јазик (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6.3 |
| | Морфологија на рускиот јазик - 2 (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6.3 |
| | Синтакса на рускиот јазик -1 (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6.3 |
| | Лексикологија со фразеологија на рускиот јазик (0+2)<br>2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6.3 |
| | Контрастивна анализа на рускиот јазик и на македонскиот јазик-1<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 (0+2) | 6.3 |
| | Историја на рускиот јазик со дијалектологија (0+2)<br>2005/2006, 2006-2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6.3 |
| | **Консултации со студенти** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Консултации со студенти 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 1 |
| | **Вкупно** | 65.8 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Научноистражувачки проект: "Ацо Караманов" (Одделение за лингвистика и литературна наука при МАНУ) | 3 |
| | Научноистражувачки проект: "Критичко издание на делата на Блаже Конески" (Одделение за лингвистика и литературна наука при МАНУ) | 3 |
| 2. | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Изучение русского языка и русской культуры в инославянском окружении (Славистичко друштво Србије) | 5 |
| 3. | **Објавени трудови** | |
| | Фразеолошките изрази со броеви во рускиот јазик и можностите за нивно преведување во македонскиот јазик. Во: Литературен збор, год. 53 (2006), бр. 1. | 2 |
| | Словенските јазици, книжевности и култури во контекстот на актуелните интеграциони процеси. Во: Славистички студии, бр. 12 (2006), стр. 449. | 2 |
| | XIV меѓународен славистички конгрес (10-16 септември 2008 год., Охрид) – најголем научен собир на слависти некогаш одржан во Македонија. Во: Универзитетски весник, бр. 87 (2008), стр. 11-14. | 2 |
| | Компаративистиката на XIV меѓународен славистички конгрес. – Во : Книжевен контекст бр. 6 (2008), стр. 99-103 | 2 |
| | Времето и јазикот. Во: Славистички студии, бр. 13 (2009), стр. 201-211. | 2 |
| | За фразеолошкото поле *секогаш* во македонскиот и во рускиот јазик. Во: Литературен збор год. 57, бр. 1-3 (2010), стр.57-65. | 2 |
| | Соодветност/несоодветност на временскиот момент во руската и во македонската фразеологија. Во: Славистички студии бр. 14 (2011), стр. 81-87. | 2 |
| | Метафората во јазичната концептуализација на емоциите (со посебен осврт на фраземите со значење *страв* во македонскиот и во рускиот јазик). Во: Филолошки студии бр. 10 – во печат. | 2 |
| | Концептот *изненаденост* во фразеологијата (на материјал од рускиот и од македонскиот јазик) Во: Славистички студии бр. 15 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | (2012) – во печат | |
| | За фразеосемантичкото поле *гнев* во македонски јазик. Во: Македонски јазик бр. 63 – во печат. | 2 |
| | **Труд објавен во зборник на в.о. институција** | |
| | Сличности и разлики во значењата и употребата на предлогот *по* во рускиот и во македонскиот јазик. Во: Годишен зборник, Скопје : Филолошки факултет "Блаже Конески", бр. 31 (2006), стр. 153. | 2 |
| | Словарь тезаурус современной русской идиоматики - еден сосема нов и поинаков речник. – Во: Годишен зборник. Скопје: Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бр.34 (2008), стр. 351-356. | 2 |
| | Фраземите со значење *време* во македонскиот и во рускиот јазик (експозе на магистерскиот труд). Во: Годишен зборник. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", бр. 35 (2009) , стр. 393 | 2 |
| | Концептот *радост* во македонската и во руската фразеологија. – Во: Годишен зборник. Скопје : Филолошки факултет „Блаже Конески", бр. 37 (2011) , стр. 341-348 | 2 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник трудови од научен/стручен собир** | |
| | Семантика на глаголите прави/ делать/ dělat и на нивните свршени видски парови во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик (Трета македонско-чешка конференција, Семинар за македонски јазик, Охрид, 2005). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2007, стр. 122 – 127. | 2 |
| | Фраземи со значење *одамна* во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик. – Во: STUDIA MACEDONICA. Sborník referátů přednesených na 4. česko-makedonské konferenci ve dnech 10. až 13 června 2007, v Brně, 2008, стр. 31-41. | 2 |
| | Фразеологизмите со значење *никогаш* во рускиот и во македонскиот јазик. Во: Петти научен собир на млади македонисти. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 2008, стр. 95 -- 102. | 2 |
| | „Толстоевските читања" во потрага по клучот за разирање на словенската духовна култура. Во: „Интеграција на славјанските култури: проблеми и перспективи". Зборник на научни трудови од меѓународна научна конференција – Свети Николе, Меѓународен центар за славјанска просвета, 2010, стр. 9-12. | 2 |
| | Концепт *страха* в русской и южнославянской фразеологии. – Во: Русский язык в современном мире: традиции и иновации в преподавании русского языка как иностранного и в переводе. Материалы II Международной научной конференции. Москва: Изд. Высшая школа перевода МГУ, 2011, стр. 484-487. | 2 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **одбор** | |
| | Преподавание русской фразеологии для студентов-филологов в Республике Македонии. – Во : Русистика и современность. 13-я международная научная конференция. Сборник научных статей. – Рига : Балтийская международная академия, 2011. – стр. 312-316. | 3 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | V научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 11-12.12.2006 година, со реферат: „Фразеологизмите со значење *никогаш* во руският и во македонскиот јазик". | 1 |
| | IV чешко-македонска конференција, 10-13 јуни 2007, Брно, со реферат: „Фраземи со значење *одамна* во македонскиот, во рускиот и во чешкиот јазик". | 1 |
| | XII конференција „Толстоевские чтения", на тема „Категоријата време во јазикот и словенската духовна култура," 21-23 април 2008, Јасна Пољана, во организација на Институт славяноведения (РАН), со реферат: „Фразеологизмы со значением *время* в македонском и в русском языках". | 1 |
| | Прва меѓународна научна конференција „Интеграција на славјанските култури: проблеми и перспективи", 15-16 февруари 2010 во Св. Николе, во организација на Меѓународниот славјански институт Г.Р. Державин, со реферат „„Толстоевските читања" во потрага по клучот за разирање на словенската духовна култура". | 1 |
| | XIII меѓународна конференција „Русистика и современность" (7-9.10.2010, Рига), со реферат под наслов „Преподавание русской фразеологии для студентов-филологов в Республике Македонии". | 1 |
| | II меѓународна научна конференција „Русский язык в современном мире: традиции и иновации в преподавании русского языка как иностранного и в переводе" (24.4-29.4.2011, Солун), со реферат под наслов „Концепт *страха* в русской и южнославянской фразеологии". | 1 |
| | V македонско-чешка научна конференција (17-18 мај 2012, Скопје), со реферат под наслов „Соматските фраземи и емоциите во чешкиот, рускиот и во македонскиот јазик ". | 1 |
| | V македонско-руска конференција (17-19 јуни 2012, Охрид), со реферат под наслов „Семантиката на *крвта* во емотивната фразеологија (врз примери од македонскиот, од рускиот и од чешкиот јазик)". | 1 |
| | VIII македонско-северноамериканска конференција (7-8 јули 2012, Охрид), со реферат под наслов „Љубовта и фразеологијата (на материјал од македонскиот, англискиот и рускиот јазик)". | 1 |
| | **Вкупно** | 61 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| | Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бр. 33 (2007) | 0.5 |
| | Славистички студии бр. 15 (2012) - во печат | 0.5 |
| | **Уредник на зборник трудови од меѓународен собир** | |
| | Уредник на *Програма на Конгресот* (заедно со Снежана Веновска-Антевска и Димитрија Ристески). / 14. Меѓународен славистички конгрес, Охрид, 10-6 септември 2008, Скопје: Македонски славистички комитет, 2008, стр. 128. | 1 |
| | *Зборник на резимеа. Т.1, Лингвистика* / 14 Меѓународен славистички конгрес, Охрид, 10-6 септември 2008. – Скопје : Македонски славистички комитет, 2008, стр. 315. | 0.5 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | V македонско-руска конференција (Охрид, јуни 2012) | 1 |
| | **Студиски престој во странство** | |
| | Летна школа за руски јазик, МГУ Ломоносов, Русија, 31 јули – 27 август 2006 година. | 0.5 |
| | Студиски престој во Москва (Руска Федерација) на МГУ „Ломоносов" и Институтот за руски јазик „В.В. Виноградов" при РАН, 1-30 април 2008 година | 0.5 |
| | **Член на факултетски комисии** | |
| | Член на Комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12. 2006 година - член на Комисија за попис на постојани средства | 0.5 |
| | Член на Комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12. 2010 година – член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за славистика | 0.5 |
| | Член на Комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12. 2010 година - член на Комисија за попис на постојани средства | 0.5 |
| | Член на техничка комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг-листите на пријавените кандидати за упис во прва година во уч. 2011/2012 година | 0.5 |
| | Член на техничка комисија за пресметување на просекот и изготвување на ранг-листите на пријавените кандидати за упис во прва година во уч. 2012/2013 година | 0.5 |

| | **Учество во комисии и тела** | |
|---|---|---|
| | Член на стручниот тим за изработка на нова наставна програма по руски јазик за VI, VII, VIII и IX одделение како задолжителен предмет за деветгодишното основно образование (декември 2007-април 2008) | 1 |
| | Член на Државната матурска предметна комисија по руски јазик за 2007/08 - 2010/2011 година | 1 |
| | Член на Државната матурска предметна комисија по руски јазик за 2012 | 1 |
| | Учество во организирањето на Олимпијада по руски јазик 2007, републички натпревар по руски јазик за основните и средните училишта во Македонија | 1 |
| | Учество во организирањето на Олимпијада по руски јазик 2011, републички натпревар по руски јазик за основните и средните училишта во Македонија | 1 |
| | Учество во организирањето на Олимпијада по руски јазик 2012, републички натпревар по руски јазик за основните и средните училишта во Македонија | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 13,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 65.8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 61 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 13,5 |
| **Вкупно** | 140.3 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Максим Каранфиловски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Красимира Илиевска, член, с.р.

3. Проф. д-р Кита Бицевска, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: *НАРОДНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА, НАРОДНА МАКЕДОНСКА ПРОЗА, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И РОМАНТИЗМОТ ВО СРПСКАТА КНИЖЕВНОСТ, РЕАЛИЗМОТ И МОДЕРНАТА ВО СРПСКАТА КНИЖЕВНОСТ, МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КНИЖЕВНОСТ 1, МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО КНИЖЕВНОСТ 2 И ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ КНИЖЕВНОСТИ (ВТОР ИЗБОРЕН МОДУЛ)* НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Во врска со конкурсот за избор во наставно - стручно звање и соработнички звања, распишан во весникот „Нова Македонија" на 6.6.2012 година од страна на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје за избор во звањето асистент по предметите: *народна македонска поезија, народна македонска проза, просветителството и романтизмот во српската книжевност, реализмот и модерната во српската книжевност, методика на наставата по книжевност 1, методика на наставата по книжевност 2 и предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул),* Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата седумнаесетта редовна седница одржана на 18.5.2012 година, ја избра Рецензентската комисија во состав: д-р Фанија Попова, редовен професор, д-р Виолета Тасевска-Пирузе, редовен професор и д-р Венко Андоновски, редовен професор.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, имаме особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет да му го предложиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот Трајче Стамески е роден на 29.1.1975 година во Скопје. Во учебната 1995/96 година, како редовен студент се запишал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје на групата: македонска книжевност и јужнословенски книжевности, на која и дипломирал во учебната 1999/00 година со просечен успех 9.04.

Во учебната 2002/03 година, на предлог на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" го избира за *демонстратор* по предметот *народна македонска книжевност,* при што за кус временски период покажал извонредни способности за вклопување во наставниот процес. Поради видливите пројавени резултати, веќе во учебната 2003/04 година е ангажиран да ги изведува и вежбите по предметот *нова словенечка книжевност,* а веќе следната 2004/05 година ги изведува и вежбите по предметот *нова српска книжевност.* Во текот на студиите учествувал на Семинарот за словенечки јазик, литература и култура.

Од 2006/07 година Трајче Стамески, со одлука на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, по распишаниот конкурс, е

избран како помлад асистент – приправник по предметите: *народна македонска поезија*, *народна македонска проза* и *народна книжевност 1 и 2*.

Кандидатот Трајче Стамески, на предлог на членовите на матичната Катедра е ангажиран и за секретар на Катедрата, која со успех ја извршува два мандата.
Од учебната 2008/09 година е ангажиран како координатор за ЕКТС (европски кредит-трансфер систем), благодарение на извонредниот увид во наставните планови и содржини на Катедрата. Во контекст на неговата ангажираност како координатор, во својата куса биографија, кандидатот ги наведува и учествата на неколку семинари и обуки за имплементирање на нови интерактивни техники во наставата.

На 24.6.2009 година, Трајче Стамески успешно ја одбрани својата магистерска тема: *Наратолошки и семантички аспекти на волшебните приказни кај Марко Цепенков,* при што се здоби со титулата магистер, која му овозможува да конкурира за повисоко наставно-научно звање – асистент по споменатите предмети.

Магистерскиот труд на Трајче Стамески претставува успешен и иновативен обид за разоткривањето на некои од значењата на македонските волшебни приказни собрани и запишани од страна на Марко Цепенков. Покрај примената на класичните наратолошки постапки: анализа и интерпретација, кандидатот својата научна љубопитност ја насочува кон концептите на легитимноста на „второто" значење и прашањата што при тоа неизбежно се наметнуваат. Од тие причини, кандидатот својата анализа на волшебните народни приказни ја насочил кон поврзувањето на композицијата со семантичката димензија, при што ги открива и изолира длабинските семантички категории (митеми), како и нивната улога во производство на значењето. Посебно место и е посветено на личноста на нашиот најголем собирач на народни умотворби Марко Цепенков и неговиот специфичен, креативен приод при бележењето на македонските народни приказни. Кандидатот особено внимание и посветува на приказната *„Силјан Штркот"*, која ја нарекува *уникат* во македонското прозно народно творештво, укажувајќи на пројавената тенденција да ги надмине границите на сопствениот жанр, поради што претставува пример за „благ" премин од македонската народна проза кон уметничката литература.
Со одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на кандидатот му е одобрена за изработка докторската дисертација под наслов *Транспонирање на фолклорни модели во современата македонска книжевност* (изработката е во завршна фаза).

**Наставно-научна дејност**

Денес кандидатот работи како *асистент* на сите конкурсни предмети кои можеме да ги наведеме како три различни наставно-научни дисциплини: *народна македонска книжевност, нова српска книжевност и методика на наставата по книжевност*, сите при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Од тематската разновидност на предметите на кои ги изведува вежбите, се гледа дека станува збор за кандидат со широк спектар на интереси, кој првенствено се занимава со теми од македонската

народна книжевност, но и пошироко со теми од јужнословенските книжевност, како и со практиката во наставата по книжевност. Како асистент – соработник е активно вклучен во сите фази од наставниот процес на Катедрата, истовремено тој е комуникативен, одговорен, подготвен за кооперативност, како со студентите, така и со колегите-професори од Катедрата. М-р Трајче Стамески учествувал и во пет комисии за одбрана на дипломски трудови.

Во својата пријава, кандидатот приложил и список на учества на разни семинари, научни конференции во земјата и во странство, како и објавени научни и стручни трудови, кои се публикувани, односно стручно-научно верифицирани пред поширокета научна јавност. Иако станува збор за поширок спектар на предмети на проучување, како според темите, така и според методолошкиот пристап кон проучуваните проблеми, тука ќе издвоиме неколку:

1. ***„Силјан Штркот“ – игра со кодовите (фантастично, чудно, чудесно)***, објавен во ***Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“*** – Скопје, книга 34, 2008 год.
2. ***Метаинтерпретација на интерпретацијата на „Силјан Штркот“***, објавен во **Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов**, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 15-16. 12. 2009 год.
3. ***Индивидуата и системите во романите „Скакулци“ од Петре М. Андреевски и „Осмиот повереник“ од Ренато Баретиќ***, објавен во **Зборникот на Меѓународната научна конференција: Хрватско-македонски книжевни, јазични и културни врски**, Филозофскиот факултет, Риека, Република Хрватска, 23-25. 03. 2011 год.
4. ***За неколку постмодернистички „финти“(во романот „Исток-Запад“ на Јадранка Владова)***, објавен во ***Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“***, Скопје, книга 37, 2011 год.
5. ***„Болен Дојчин“ на Сталев: митски или митологизиран јунак?*** **Зборникот од Научниот симпозиум посветен на проф. д-р Георги Сталев**, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“- Скопје е најавен за септември 2012 год.

Посочените учества на научни собири, симпозиуми и меѓународни конференции, како и селектираните текстови јасно го истакнуваат истражувачкиот интерес и професионалната ориентираност на м-р Трајче Стамески за наведените наставно-научни дисциплини. Македонската наука со него добива еден квалитетен кадар, со одлично познавање на современите териски и културолошки дисциплини (наратологија, херменевтика, семиотика, студиите за националниот и културниот идентитет, посмодерните теории, теориите за митот) чија апаратура компетентно и одговорно ја користи при анализата на книжевните текстови. Неговиот иновативен пристап кон книжевните проблемите, како и фактот за една неспорна доверба и сувереност во знаењето му овозможуваат на кандидатот полесно да се вклопи во наставниот процес, а тоа се докажува и со извонредната соработка што во континуитет ја постигнува со студентите. Исто така, преку учеството во научниот проект од областа на македонското народно творештво извршен на

билингвален локалитет, преку составување на прашалници и анкетирање на терен, кандидатот се здобил со искуство на непосреден допир со изворните интерпретации на поетското и прозното македонско народно творештво, искуство кое е не само драгоцено, туку и неопходно за секој млад истражувач. Сето ова теориско знаење и практично искуство го квалификуваат него, како наставник и научник кој суверено и компетентно владее со проблематиката на која и пристапува, а која се однесува не само на македонското народно творештво, туку и пошироко, на македонската и јужнословенската уметничка литература и практика, што зборува во прилог на неговата научна љубопитност.

## ЗАКЛУЧОК

Членовите на Комисијата, сумирајќи ги успешните резултати од сферата на научниот интерес на кандидатот, како и завидните резултати во неговата наставна дејност – вежбите, како и севкупната актива на Факултетот, смета дека тој ги исполнува општите и посебните услови за избор во повисоко звање.

## ПРЕДЛОГ

Проследувајќи ја внимателно приложената документација што ја поднел кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека м-р Трајче Стамески, сегашен асистент по предметите наведени во конкурсот, е веќе профилиран, како со својата научноистражувачка актива, така и во наставниот процес.

Поради сето ова, Рецензентската комисија има задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да му предложи кандидатот Трајче Стамески да го избере во звањето асистент по предметите: *народна македонска поезија, народна македонска проза, просветителството и романтизмот во српската книжевност, реализмот и модерната во српската книжевност, методика на наставата по книжевност 1, методика на наставата по книжевност 2 и предмети од областа македонска книжевност и јужнословенски книжевности (втор изборен модул).*

31.8. 2012 год. Рецензентска комисија

Скопје

Д-р Фанија Попова, редовен професор, с.р.

Д-р Виолета Тасевска, редовен професор, с.р.

Д-р Венко Андоновски, редовен професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„АЛГОРИТМИ ЗА КОНТРОЛА НА ШИРЕЊЕ НА ВИРУСИ ВО КОМПЛЕКСНИ МРЕЖИ",
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИГОР ТОМОВСКИ,
ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ
ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје бр. 02-1744/5, донесена на седницата одржана на 27.6.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Игор Томовски, со наслов „Алгоритми за контрола на ширење на вируси во комплексни мрежи". Во тоа својство, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци

Докторската дисертација со наслов „Алгоритми за контрола на ширење на вируси во комплексни мрежи", изработена од м-р Игор Томовски, е изложена на 80 страници организирани во 6 поглавја. Приложен е и преглед на користената литература од областа на истражувањето со 82 референци, од кои кандидатот е автор на 3 референци од кои една е објавена во меѓународно списание, една на меѓународна конференција и една која е во фаза на подготовка.

### 2. Предмет и цел на докторската дисертација

Развојот на епидемиолошките математички модели и студиите поврзани со нив, во современата наука, пред сè во медицината, започнува уште во текот на 50-тите години на минатиот век, и во наредниот период значително се интензивира. Овие модели првенствено биле важни поради анализа и прогноза на појавата и ширењето на епидемии на заразни болести, како и заради преземање на соодветни мерки и активности за намалување на последиците од нив, како што се имунизација на населението, изолација на болните или регионите погодени со епидемија и слично. Знаењето за овие процеси, како и интересот за нив драстично се зголемува во последните години на 20 век, што се должи на две основни причини. Првата е развојот на интернетот како глобална комуникациска мрежа и појавата на т.н. малициозен софтвер (вируси, црви, тројанци), кои предизвикуваат сериозни оштетувања на компјутерските системи, забавување на нивната работа, кражба на личните и деловните податоци. Втората причина се новите сознанија и интересот кој тие го предизвикаа кон поинтензивно истражување на комплексните мрежи.

Ширењето на вируси низ мрежите (ширењето на влијанија или дефекти), како една од формите на повредливост на мрежата, претставува посебно интересна појава во комплексните мрежи, како од феноменолошки, така и од практичен аспект. Во случај на ширење на вирусите можеме да разгледуваме појави при кои доаѓа до ерозија на самиот граф, но појавата може да ги погодува и елементите (јазлите) на графот на индивидуално ниво, без притоа сериозно да ја загрози мрежата. На пример, малициозен софтвер кој предизвикува пад на оперативниот систем или оштетување на хардверот на нападнатата машина, преку физичкиот испад на машината предизвикува дефекти во самиот граф; друг тип на неповолни влијанија само ќе ја забават работата на нападнатата машина, но таа и натаму ќе продолжи да функционира како нормален дел од мрежата.

Паралелно со изучувањето на процесите на ширење, интензивирани се и истражувањата поврзани со нивната контрола. При тоа, напорите се пред сè насочени во развој на соодветни

методи за ефикасна вакцинација или имунизација на јазлите. Иако исклучително ефикасни во справувањето со инфекциите, овие методи се релативно поскапи. Затоа, во последните 2-3 години се предлагаат и методи кои на разни начини манипулираат со тополошките особини на мрежите и на тој начин успеваат да ги придушат епидемиите во нив.

Иницијалната идеја за овој докторски труд потекнува од намерата да се даде понатамошен придонес кон разбирањето на процесите на ширење во комплексните мрежи, при што акцент е ставен на компјутерските мрежи, со цел развој на тополошко манипулативни алгоритми за нивна контрола. Во тој контекст, докторската дисертација покрива два феномена: тополошки-манипулативни методи за отстранување на епидемии од технолошки мрежи, но и користење на механизмите кои стојат зад процесите на стохастичко ширење за развој на апликации за контролирано ширење на полезни содржини во мрежите.

## 3. Анализа на докторската дисертација

Целокупниот процес на истражување кој беше предмет на оваа докторска дисертација е прикажан во текстот, којшто е организиран во шест поглавја на следниов начин:

Во **првото** поглавје од оваа докторска дисертација е даден краток вовед, при што се елаборирани главните насоки кон кои науката за мрежите се стремела во последните неколку децении и е даден опис на организацијата на дисертацијата.

Во **второто поглавје** од оваа докторска дисертација е даден преглед на постојната литература која го третира проблемот на стохастичко ширење и методите за нивна контрола во комплексните мрежи. Даден е краток преглед на дел од постојните статусни модели, при што акцентот е ставен на т.н. SIS (Susceptible-Infected-Susceptible) модел. Во елеборацијата на начините со кои математички се опишуваат овие процеси, посебен осврт е даден на т.н. NLDS- пристап, кој е користен како основа за математичко моделирање во дисертацијата. Разгледани се и повеќе постојни методи за контрола на процесите на ширење, при што акцентот е ставен на т.н. адаптирачки мрежи.

Во **третото поглавје** од оваа докторска дисертација се дадени некои основни податоци за SIS и SIRS-моделите користени во дисертацијата, како и за мрежите кои се користени како подлога во истражувањата.

Оригиналниот придонес на оваа докторска дисертација е даден во четвртото и петтото поглавје.

Во **четвртото поглавје** од оваа докторска дисертација разгледувани се рекурентните процеси на ширење од SIS и SIRS-тип низ комплексни мрежи кои се карактеризираат со посебен тип на контактна динамика, за која е користен терминот „аквизициска ексклузивност“. За овие процеси е покажано дека во услови кога може да се претпостави статистичка независност на здружените настани, веројатностите јазлите во мрежата да бидат заразени не зависат од мрежната топологија и за нив може да се најде аналитичко решение. За таа цел, најпрвин се дефинирани математички модели, базирани на NLDS-пристапот, кои имаат за цел да ги пресликаат стохастичките процесите во континуален (веројатносен) фазен простор. Од моделите се добиени вредности за фиксните точки, чии стабилности се докажани преку неколку теореми. Направени се низа стохастички симулации, за различни вредности на параметрите кои го карактеризираат процесот на ширење, при што добиените резултати се споредени со аналитичките. Извршена е анализа на добиените резултати и изведени се заклучоци во однос на параметриските региони каде што постои поклопување на аналитичките со резултатите од стохастичката анализа (реалноста). Врз основа на направените анализи, сугерирано е дека ваков тип на процеси, под одредени околности, можат да се користат како механизам за контролирано ширење на корисни содржини во дадена мрежа и се дадени насоки за развој на апликации за таа намена. Од друга страна, поради високата епидемиска граница со којашто се карактеризирани ваквите процеси, аквизициската ексклузив-

ност е предложена и како инженериско решение за придушување на вирусни инфекции во мрежите.

Во **петтото поглавје** од овој докторски труд е предложен едноставен алгоритам за контрола на процесот на ширење на вируси, кој се базира на адаптирање на самата мрежа кон новонастанатите услови на инфекција. Алгоритамот се состои во отстранување на врски од мрежата со што се влијае на намалување на епидемиската граница. Новитетот во понудениот алгоритам се состои во автоматизмот на самиот процес, кој е локално контролиран од јазлите во мрежата, без никаква, или во некои случаи, минимална интервенција од страна. Предложен е и анализиран динамички модел базиран на NLDS-пристапот, за кој е покажано дека соодветно ги отсликува процесите во системот мрежа-инфекција, во услови на имплементиран механизам на заштита. Математички е докажана валидноста на алгоритамот во отстранување на постојна инфекција од мрежата. За евалуација на предложениот алгоритам дефинирана е група на параметри за оцена на ефикасноста на начините на негова имплементација (стратегии и избор на процесните параметри). За предложениот алгоритам анализирани се неколку стратегии со цел да се определи оптималниот начин на реакција на самата мрежа во услови на појава на ширење на потенцијално штетна содржина, со што епидемијата во мрежата би била отстранета во минимално време, со минимални штети кои при тоа би настанале на мрежната топологија.

Во **шестото поглавје** од овој докторски труд се дадени заклучоците и некои визии на авторот за можните правци на понатамошен развој на научната област.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката на докторската дисертација, кандидатот м-р Игор Томовски успешно ги публикувал и ги презентирал во меѓународни списанија со фактор на влијание и на меѓународни конференции. Кандидатот е автор или коавтор на следниве трудови во списанија:

1. **I. Tomovski** and L. Kocarev, "Simple Algorithm for Virus Spreading Control on Complex Networks," *IEEE Trans. Circuits Syst. I: Regular Papers,* vol. 59, no. 4, pp. 763-771, Apr. 2012.
2. I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "Application of modal analysis in assessing attack vulnerability of complex networks", *Communications in Non-linear Sciences and Numerical simulations,* vol. 15, no. 4, pp. 1008-1018, Apr. 2010.

како и на трудови презентирани на конференции:

3. I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "A Modal Analysis Based Approach in Studying Robustness and Vulnerability of Complex Networks", *Proceedings of the 2008 International Symposium on Non-linear Theory and its Applications* - NOLTA '08, Budapest, Hungary, September 07-10, pp. 253-256, 2008.
4. **I. Tomovski**, I. Trpevski and L. Kocarev, "Topology independent SIS process: theory and application", presented at the International Conference on Theory and Applications in Nonlinear Dynamics, Seattle, USA, August 26-30, 2012.

Резултатите од публикациите под реден број 1. и 4. се директно вклучени и во текстот на докторската дисертација. Се очекува публикацијата под реден број 4 да биде публикувана и во книга на трудови од конференцијата, во издание на Springer.

## 5. Оригинални придонеси на докторската дисертација

Главните придонеси на докторската дисертација, кои се потврдени во публикуваните трудови на кандидатот м-р Игор Томовски, се следни:

- Истражување на процеси на ширење, кои во мрежи карактеризирани со посебен тип на контактна динамика и под одредени услови, се аналитички решливи. Како последица, сугериран е развој на посебни апликации со кои би

бил овозможен процес на контролирано ширење и размена на полезни информации во технолошките мрежи.

- Развој на тополошки-манипулативен алгоритам за контрола на процесот на ширење на вируси во комплексни мрежи, кој е лесно применлив во практика. Неговата оригиналност се состои во автоматизираноста на самиот процес, при што контролата е локална, односно водена од самите јазли во мрежата без потреба за постоење на надворешен контролен орган кој би го водел процесот. При тоа се дадени и насоки за негова адекватна имплементација на истиот.
- Преку анализите направени во докторската дисертација е даден понатамошен придонес во пристапот кон процесите на ширење во мрежите како кон динамички системи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во докторската дисертација „Алгоритми за контрола на ширење на вируси во комплексни мрежи", кандидатот м-р Игор Томовски разработува акутелна и сложена проблематика од областа на комплексните мрежи. Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација е даден значаен научен придонес во областа на контролата на ширење на вируси кај комплексни мрежи. Со постигнатите резултати, кандидатот м-р Игор Томовски покажал длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во повеќе области. Резултатите од работата на докторската дисертација се публикувани во две научни списанија со фактор на влијание, од кои едно е "IEEE Transactions on circuits and systems I: Regular papers", како и во две научни статии на меѓународни конференции.

Врз основа на изложената анализа и оцена, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно–научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Игор Томовски да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Алгоритми за контрола на ширење на вируси кај комплексни мрежи".

Скопје, 7.9.2012 година

**Комисија за одбрана на докторската дисертација**

1. Вонр. проф. д-р Зоран Хаџи-Велков, претседател, с.р.
2. Академик д-р Љупчо Коцарев, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Миле Станковски, член, с.р.
4. Вонр. проф. д-р Александар Ристески, член, с.р.
5. Доц. д-р Елена Хаџиева, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ОД М-Р НИКОЛА АНГЕЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно – научниот совет на Природно – математичкиот факултет во Скопје, број 07 – 2340/4 од 2.VII 2012 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, поднесена од м-р Никола Ангеловски. По прегледувањето на поднесениот труд, чест ни е на Наставно – научниот совет на Природно – математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Ангеловски под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, обработува значајна и актуелна тема во светот, па и кај нас, поради што оваа дисертација претставува значаен научен труд за Република Македонија. Композицијата на трудот е направена според тематските содржини и соодветната методологија, а начинот на кој кандидатот го елаборира трудот претставува уникатен и оригинален приод кон оваа проблематика. Докторската дисертација е презентирана на 213 страници, А4-формат текст и содржи 48 колор-фотографии, 2 табели и три карти, кои тематски и проблемски го дообјаснуваат и докомплетираат текстот. Пописот на користената литература содржи 116 релевантни библиографски единици и веб-страници.

Основниот текст во докторската дисертација е структуриран во десет поглавја кои меѓусебно се силно поврзани и функционираат како единствен систем, односно презентирањето на материјата е направено така што секој дел претставува надополнување на претходниот дел.

Во првото поглавје од дисертацијата се изнесени воведните согледувања за туризмот како еден мошне сложен социо – економски и просторен феномен и неговите позитивни и негативни влијанија. Кандидатот во ова поглавје дава и осврт на основните методолошки пристапи и методи во научноистражувачката работа, предметот, целите и задачите на третираната проблематика, како преглед на досегашните истражувања на оваа проблематика во литературата.

Во второто поглавје под наслов *Некои неконвенционални толкувања на поимот животна средина,* кандидатот го објаснува поимот животна средина, неговата поврзаност со големиот број научни дисциплини, особено неговата поврзаност со географијата како наука. Ги објаснува двата потсистема од кои се состои системот на животната средина: природниот и социо – економскиот систем и нивното влијание, како и значењето на животната средина како своевиден симбол за квалитетот на живеење.

Третото поглавје, или *Поврзаноста на туризмот со животната средина,* дава осврт на туризмот и неговата директна корелација со животната средина, односно онаа нераскинлива врска која туризмот уште од самата негова појава, па се до денешното модерно време ја има со природата. Во овој дел, кандидатот дава и бројни податоци за првите и најголемите национални паркови во светот, како и трите национални паркови во Македонија, НП Галичица, НП Маврово и НП Пелистер.

Четвртото поглавје е посветено на *Несаканите последици врз животната средина предизвикани од развојот на туризмот во Република Македонија и предлози за спречување на туристичката сатурација,* каде што кандидатот дава осврт на одредени согледувања за негативните последици на туризмот воз животната средина во Република Македонија. Тој во ова поглавје воспоставува и одредени предлози за спречување на сатурацијата во одделни нејзини делови, простори и региони преку интегрирање на основните начела за одржлив развој и заштита на животната средина, што претставува и една од главните теми на оваа дисертација.

Во петтото и шестото поглавје под наслов *Позитивни влијанија од туризмот врз животната средина во Република Македонија,* врз основа на почитувањето на определени принципи и цели и позитивните влијанија од туризмот врз животната средина во Република Македонија, како тема на обработка се презентирани позитивните влијанија на туризмот врз животната средина, каде што кандидатот прави една сеопфатна мултидисциплинарна анализа на основните меѓународни принципи за заштита на животната средина и нивната примена, кои претставуваат предуслов за одржлив туристички развој за сите дестинации, па така и за Република Македонија, како и клучните дефиниции за обработка на видовите, карактеристиките и параметрите за одредување на позитивните ефекти од туризмот и начините за ревитализација со користење на туристичко – географската методологија.

Седмото поглавје, *Најоптимални видови туризам предвидени за туристички неафирмирани подрачја,* врз основа на одредени селективни облици на туризам кои можат да се активираат во овие подрачја, како екотуризмот, селскиот туризам, бањскиот туризам итн., нуди различни искуства и модели за развој на туризмот кои притоа нема да ја нарушат животната средина, а од друга страна, кандидатот во докторската дисертација преку туризмот ја анализира можноста за оживување, ревитализација и развој на овие подрачја, односно подобрување на севкупниот квалитет на живеење во одреден простор со помош на туризмот. Туризмот во помалите заедници и региони може и региони може да биде придвижувач на економскиот развој и одржливоста и тој е од исклучителна важност и за економската стабилизација на регионот во кој тој се развива.

Во осмото поглавје, под наслов *Дефинирање на некои од можните туристички неафирмирани подрачја, региони и локалитети,* кандидатот издвоил и посебно обработил шест региони во Република Македонија, и тоа: мариовскиот, дримколскиот, регионот на Козјачијата, планината Кожуф, пределот Азот, и Осоговијата, кои можат туристички да се активираат и каде што туризмот би бил круцијален за нивниот развој. Овие региони, со помош на туризмот, можат да се афирмираат, при што би се запрела деградацијата на животната средина која овде постои со години, и би започнал процесот на нивната ревитализација и развој.

Во претпоследното, односно деветтото поглавје, кое гласи *Управување со животната средина во наведените дестинации*, дадени се соодветни сериозни научни предлози, решенија и активности за управување со одредени перспективни туристички дестинации, но врз основа на целите на одржлив развој.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата на докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, од м-р Никола Ангеловски, Комисијата смета дека како според теориско – методолошката поставеност, така и во однос на презентацијата на содржините, докторската дисертација во целост ги задоволува поставените цели на проучување и таа претставува самостоен научен труд и целосно ги задоволува критериумите на една сериозна докторска дисертација. Заклучоците се научно и практично издржани и претставуваат сериозен пиридонес во научната и научноистражувачката работа во областа на туризмот и животната средина. Кандидатот, дел од своите научни, научноистражувачки и стручни истражувања ги претворил и во изработката на еден од најдобро изработените туристички водичи кои, покрај туристичките атракции, го третираат токму и влијанието на туризмот врз животната средина и даваат вистински насоки во смисла на развојот на туризмот, притоа почитувајќи ги и принципите на одржлив развој.

Членовите на Рецензентската комисија со задоволство му препорачуваат на Наставно – научниот совет на ПМФ во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ТУРИЗМОТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, изработена и поднесена од страна на кандидатот м-р Никола Ангеловски, и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Никола Панов, ред. проф. на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Ристо Мијалов, ред. проф. на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Олгица Димитровска, вонр. проф. на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, с.р.

4. Д-р Драган Колчаковски, ред. проф. на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, с.р.

5. Д-р Мирјанка Мацевиќ, ред. проф. на Институтот за географија на ПМФ во Скопје, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР
ПО ПРЕДМЕТИТЕ (македонски јазик со култура на изразувањето 1 и 2 на студиската група одделенска настава на македонски наставен јазик и комуникација со култура на изразување) НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје на својата седница одржана на 21. 6. 2012 година, врз основа на чл. 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 35/08...99/09), чл. 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет, во врска со конкурсот за избор на еден професор во сите наставно-научни звања, објавен во в. „Дневник" (19/20. 5. 2012 год.) и „Koha" (19.5.2012 год.) донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: ред. проф. д-р Димитар Пандев, ред. проф. Благица Петковска и ред. проф. д-р Мито Спасевски. По пријавата на д-р Билјана Маленко, вонреден професор, за избор во звањето редовен професор, изразувајќи му благодарност на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет за довербата, му го доставуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Билјана Маленко е родена на 11.8.1957 год. во Штип, Република Македонија. Од 1959 год. живее во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", група: македонски јазик и јужнословенски јазици во учебната 1979/1980 год. По завршувањето на студиите го продолжила образованието на постдипломските студии на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј".

На 4.1.1991 год. ја одбранила магистерската теза „Искажување на минатоста во народната проза (врз текстовите на Марко Цепенков)", под менторство на проф. д-р Кирил Конески, а на 25.1.2002 година докторирала од областа на дијалектологијата со темата „Штипскиот говор", под менторство на проф. д-р Стојка Бојковска.

На почеток работела на Семинарот за македонски јазик, литература и култура како лектор по македонски јазик на Јагјелоњскиот универзитет во Краков, Република Полска (во периодот 1981-1983 год.). Во 1983 год. се вработила во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, како асистент, а подоцна и како научен соработник. Во Институтот за македонски јазик, по докторирањето, била раководител на Одделението за дијалектологија и на проектот *македонски дијалектен јазик* (2003-2004).

Во периодот додека работела во Институтот за македонски јазик ја извршувала и функцијата секретар на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература. Исто така, во периодот до 2003 год., била и на повеќе студиски престои (во Краков, Република Полска (1990), на лингвистичкиот

курс „Вилијам Матезиус“ во Прага, Република Чешка (1996), како и во Братислава, Република Словачка (2001).

Од 2003 година се вработила на Педагошкиот факултет и го стекнала наставно-научното звање доцент (19.2.2003 год.). На Педагошкиот факултет ја изведува наставата по предметите македонски јазик со култура на изразувањето и македонски јазик со култура на изразувањето (за националностите) на групата за одделенска настава на македонски наставен јазик, на албански и на турски наставен јазик, а од 5.5.2005 год. и на групата за предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, на албански и на турски јазик. На 12.12.2007 година го добива звањето вонреден професор. Од 2010 год. ја држи наставата по предметите македонски јазик со култура на изразувањето 1 и македонски јазик со култура на изразувањето 2 и македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за националностите) и македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за националностите) на двете студиски групи (одделенска настава и предучилишно воспитание), а од 1.11.2011 год. ја изведува наставата на групата за одделенска настава на македонски наставен јазик, на албански и на турски наставен јазик. Со формирањето на Институтот за библиотекарство вклучена е во наставниот процес на овие студии со предметот комуникација со култура на изразувањето. Исто така, вклучена е и во постдипломските студии со предметите рано учење на мајчиниот јазик и истражување во областа на јазикот и културата на говорот.

Од 2012 година предава и на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како визитинг-професор каде што ја држи наставата по предметите современ македонски јазик 2 и современ македонски јазик 4.

Во периодот од 2008 до 2012 година учествувала на повеќе научни собири и научни конференции со свои реферати и предавања, промовирала и рецензирала повеќе изданија, а учествувала во работата и на повеќе факултетски комисии.

Научноистражувачка дејност

Д-р Билјана Маленко уште во текот на судиите покажала сериозен интерес во областа на лингвистиката, одделно во македонистиката. Нејзиниот научен интерес во тој почетен период е поврзан со теми од македонскиот јазик, граматиката, развојот на јазикот од XIX век, што може да се види и од определбата на темата обработена во нејзиниот магистерски труд каде што е разработено и научно претставено изразувањето на минатоста во делата на Марко Цепенков, изработен под менторство на проф. д-р Кирил Конески. Почетниот период во научните истражувања на Билјана Маленко, кога се истакнува како вреден и дисциплиниран соработник, ќе се одрази понатаму во нејзината успешна научна и наставна работа. Истражувањата на делата на Марко Цепенков ќе претставуваат солидна основа кон тоа да се дополни натамошниот интерес. Вработувањето во Институтот за македонски јазик (на Одделението за дијалектологија и на проектот Македонски дијалектолошки атлас) и контактите со проф. Божидар Видоески ќе го развијат интересот кон дијалектологијата, област што претставува непресушен извор за крепење на современиот македонски јазик, а наедно и можност постапно да се навлегува во современите состојби и движења преку процесите во живиот јазик.

Почнувајќи од 1984 година, таа ги минува сите наставни и научни звања за да дојде до звањето редовен професор. Научниот пат и трудовите што ги имавме на увид покажуваат дека станува збор за вреден и трпелив научник и

професор, зафаќајќи се за области како што е дијалектологијата каде што е основно познавањето и од историјата и од современите состојби на јазикот. Во периодот до изборот во звањето вонреден професор ( 2007 год.), нејзините трудови опфаќаат тематика и од поновата историја и од дијалектологијата и од практиката во употребата на стандарднојазичната норма на македонскиот јазик. Такви се пригодните настапи (промотор и рецензент на списанија и книги, учесник во одбележување свечености во определени пригоди) и прилозите во сп. „Наш свет"- Цртички за јазикот, потоа ТВ-серијата „За македонскиот јазик", 4 епизоди посветени на македонската дијалектологија (серија поддржана од Советот за радиодифузија на РМ). Кон ова се и трудовите каде што се разработени прашања од македонската дијалектологија (*Глаголскиот прилог во југозападните македонски дијалекти (Македонските дијалекто во Егејска Македонија), Дијалект и јазик- според програмската содржина за основно образование, Интересот за сум и имам конструкциите, Македонско-руски јазични, литературни и културни врски, Благоја Корубин и народните говори, Лексемите со значење соба во македонските дијалекти, Современи состојби во штипскиот говор, Јазичниот израз во текстовите на Димче Маленко, Македонскиот јазик на интернет, Кабелските оператори и меѓујазичните контакти* итн.).

До 2003 год. Билјана Маленко работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", наедно тоа е период кога ги создава своите најголеми дела од областа на современиот јазик и дијалектологијата. Особено е важна нејзината улога во теренските истражувања и во собирањето материјали за Македонскиот дијалектен атлас. Многу е значаен нејзиниот влог во збогатувањето на Картотеката на македонските дијалекти.

Во втората половина на 2003 година почнува со работа на Педагошкиот факултет во Скопје, во прво време како доцент, а од 2007 година како вонреден професор. Во овој период нејзината активност се движи во две насоки. Едната е продолжение и претставува континуитет во научната дејност, при што таа го проширува своето поле на интереси на јазикот во наставата, односно методологијата при изучување на македонскиот јазик при создавањето кадри што во иднина, исто така, ќе подучуваат. Втората насока е воспитно-образовната дејност и работата со студентите на Педагошкиот факултет. Сето свое знаење, акумулирано во научната работа, таа со успешност го пренесува во едукативната дејност. Од друга страна, образовната дејност ќе поттикне многу прашања што ќе бидат елаборирани во нејзините трудови во последните 5 години. Од секојдневната практика се јавува потребата за постојана едукација, следење на најновите достигнувања и работа врз прилози (статии, работилници, собири и сл.) што служат за осовременување на наставниот процес и за поуспешна едукација.

Почнувајќи со трудовите каде што се опфатени теми од современите средства за комуникација и новите содржини што се јавуваат во лингвистиката, станува збор за трудовите „Кабелските оператори" и „Јазикот и медиумите" . Проф. д-р Билјана Маленко продолжува со теми од оваа област преку трудот „Кабелските оператори и меѓујазичните контакти" (2008),отпечатен во едицијата „Јазикот наш денешен", каде што ја разгледува употребата на македонскиот јазикот преку современите средства за медиумска комуникација, состојбата и поставеноста на стандарднојазичната норма, поставувајќи насоки за натамошно дејствување во соодветна поставеност на стандардниот јазик како можност за негова заштита. Во оваа статија е разгледано влијанието на информациско-комуникациските системи врз човекот и врз развојот на

сопствениот јазичен израз. Направен е соодnос меѓу јазикот и другите знаковни системи и релациите во односите на именувањето. Посебен акцент е ставен преку прегледот за употребата (или неупотребата) на македонскиот јазик во медиумите и однесувањето на кабелските оператори.

Во статијата „Современи состојби во штипскиот говор" (2008), авторката прави едно навраќање кон темата што е нејзина научна специјалност и го разгледува јазичниот израз во Штип во современи услови. Во неа е даден еден преглед од најновите сознанија за развојот на штипскиот говор преку фонетско-фонолошка, морфолошка, лексичка и синтаксичка анализа на јазичниот израз на оваа област. Таквото навраќање кон теми што се обработувани во различни интервали и од различни аспекти носат сознанија за процесите и движењата во современите македонски дијалекти и релацијата дијалект и современ јазик во двете насоки.

Таков пристап е користен и при претставувањето на дел од истражувањата на јазичните особености во творбите на Марко Цепенков во статијата „Изразување на минатоста во народните умотворби на Марко Цепенков" (2008), претставен на Меѓународниот македонистички собир, а подоцна отпечатени објавен во електронска форма (2010). Направена е една структурно-семантичка анализа и се претставени дел од можностите за изразување на минатоста во творбите на Марко Цепенков.

Целосен приказ на изразување на временските релации во делата на Марко Цепенков е даден во рецензираниот труд на авторката „Изразување на минатоста (во народните умотворби на Марко Цепенков)" (2009), отпечатен во списанието Македонистика (10), каде што на 120 страници авторката дава целосна анализа на карактеристичното претставување на релацијата време и соодветниот дискурс, особено карактеристичен во творбите на Цепенков. Користен е еден современ модел на претставување на изразување на временските релации во градењето на нарацијата и богатството на македонскиот глаголски систем, поврзани со видот, преодноста и карактеристичните конструкции. Врската на современиот јазик и она што ни го нуди оваа анализа е евидентна. Овој труд е резултат од долгогодишната работа врз оваа проблематика и магистерскиот труд на авторката што најде свој простор во „Македонистика" како списание што нуди поопсежни трудови од областа на македонистиката.

Последните неколку години проф. д-р Билјана Маленко се насочува кон истражувања на јазикот кај децата од раната училишна возраст. Во нејзините трудови е вграден мултидисциплинарен пристап преку кој се анализира јазикот на оваа популација преку нивните јазични, психички и физички можности, преку влијанието на условите и на средината врз градбата и поставеноста на овие можности. Овие трудови се јавуваат како потреба за осовременување на обуката за извршување настава во основниот образовен процес во раната возраст.

Секој труд посветен на оваа проблематика си носи свои карактеристики, наедно претставени како препораки, насоки проследени со модели каде што се имплементирани најновите сознанија, условите, практиката, нивото на можностите итн. во процесот на начините на соодветно пренесување на материјата од областа на македонскиот јазик. Така се појавува прво трудот „Развојот на вештината на комуникација кај децата од раната училишна возраст" (2010) каде што се разгледани условите и можностите што ги имаат децата од оваа возрасна група, начинот на изразувања, средствата со кои се

служат, линеаризацијата на исказот, морфолошките и лексичките карактеристики на јазикот на децата.

Кон овој труд се надополнува и анализата на писмениот израз и степенот на успешност во писменото изразување преку статијата „Писмените работи како индикатор на когнитивниот и на јазичниот развој кај децата во одделенска настава" (2010), претставена на Научниот собир на Педагошкиот факултет Св. Климент Охридски (Охрид, 28-29.5.2010) и објавена во одделен зборник. Грижата за употребата на нормата и на логичен јазичен израз треба да се јави од најмали нозе. Анализите на писмениот израз кај децата (правописни способности, фонетски карактеристики, морфолошките анализи, лексиката, синтаксата) може да бидат насока каде треба да се обрне внимание во развојот на писмената јазична личност. Потребата од натамошно следење на оваа проблематика како основа на културата на усното и на писменото изразување предизвика појава и на други текстови кои навлегуваат во подлабоки анализи на некои јазични прашања. Таква е и статијата *Употребата на предлозите во македонскиот јазик во писменото изразување кај учениците во раната училишна возраст* (2011) каде што се разгледува системот на предлозите и развивање на различни релации преку употребата на различните предлози преку кои се градат слични соодноси меѓу деловите. Тоа овозможува да се анализира степенот на перцепција на просторот и поставеноста на предметите и степенот на ориентација изразена преку јазичните средства во раната училишна возраст.

Во таа насока се движи и трудот „Писмените работи како индикатор на когнитивниот и на јазичниот развој кај децата во одделенска настава" (2010), претставен на Научен собир по повод 90 години од раѓањето на Благоја Корубин: Современите лингвистички истражувања во македонистиката – придонесот на македонските лингвисти во стабилизацијата и во стандардизацијата на јазичната норма на македонскиот јазик, а објавен во 2012 (електронско издание), секако и статијата „Изучувањето на јазиците од најмала возраст во Република Македонија" (2011), претставена на VI меѓународна македонско-полска конференција: Историја, култура, јазик, литература, фолклор, (Скопје – Штип, 1-3 јуни 2011) . Овие трудови покажуваат едно нова фаза во темите на истражување на д-р Билјана Маленко посветени на македонскиот јазикот во процесот на едукација во раната училишна возраст, секако многу успешна бидејќи нејзините трудови се темелат на анализи од примери во практиката, а наедно се поткрепени со најнови светски истражувања во оваа област. Таа преоѓа од конкретни теми, преку општи кои овозможуваат натамошно планирање на начинот на изучување на јазикот (нормата, поврзаноста на формата со содржината, процесот на распознавање на соодветни јазични средства итн.) .

Статијата „Изразување на негацијата" (VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука: Современото општество и образованието, Зборник на трудови, кн.2, Охрид, 20.9 -1.10.2011 год.) , исто така, е фокусирана кон определен јазичен проблем – одрекувањето, почнувајќи од раната училишна возраст како основа за изразување на одрекувањето понатаму во развојот на личноста и во поставување на нејзината писменост и јазична култура.

Во статијата „Јазикот во литературата за деца во предучилишните установи" (реферат на Научни скуп Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце предшколског узраста, на 18.11.2011, Учитељски факултет у Врању), литературата за деца е ставена како еден од факторите кои овозможуваат градба и начин на збогатување на јазичниот израз кај децата.

Насоките од мали нозе да се постават на здрава основа начините на јазична подготовка претставуваат потреба од сериозен и целосен мултидисциплинарен пристап кој ќе овозможи добри насоки во јазичната култура.

„Штипскиот говор", монографија ( 321 стр.) отпечатена во мај 2012 како издание на Институтот за македонски јазик (Посебни изданија бр.72), е последниот труд на Билјана Маленко. Со него се пополнува една празнина од областа на македонската дијалектологија. Монографијата е дополнета докторска дисертација во која е обработен штипскиот говор. Оваа книга е резултат на долгогодишна работа на авторката на оваа тема. Даден е целосен преглед (фонетско-фонолошки, морфолошки, лексички и синтаксички). Резултатите следуваат како сублимат на анализата на теренски собран материјал преку кој е прикажана целосната слика на овој македонски говор. Во прилог се дадени собрани текстови и мал речник од карактеристичната лексика за овој говор. Со ваквите трудови, всушност, се врши заштита на македонските дијалекти и се создава простор за заштита на македонското духовно културно богатство од областа јазик.

Автор е на голем број прикази и промотор на голем број книги.

Наставно-образовна дејност

Во последниве десетина години таа е целосно посветена на теоретско-практичната дејност во областа на наставата по предметите македонски јазик со култура на изразувањето 1 и македонски јазик со култура на изразувањето 2 на двете студиски групи (одделенска настава и предучилишно воспитание), а од 1.11.2011 год. ја изведува наставата на групата за одделенска настава на македонски наставен јазик, на албански и на турски наставен јазик. Од нејзината научноистражувачка работа може да се забележи дека темите што ги истражува се избрани во насока да помогнат во изведувањето на наставно-образовниот процес. Целосната посветеност, работата со голем број студенти, дисциплината во наставата и отвореноста и подготвеноста за постојани консултации се карактеристика на д-р Билјана Маленко.

Проф. д-р Билјана Маленко се јавува како рецензент (на проекти, универзитетски учебници и сл.) и како промотор на голем број книги. Таа е учесник на разни комисии (Комисија за евалуација, 2007; Комисија за изготвување Елаборат за перманентно образование, 2010), а и учесник во создавањето на повеќе наставни програми (мајчин јазик, јазик на средината (на доминантната националност), комуникација и култура на изразување и др.).

Заклучок

Од целокупното досегашно работење може да се забележи дека д-р Билјана Маленко е вреден и дисциплиниран професор што ги поврзува научните достигнувања со практиката и за потребите на својата образовна дејност врши истражувања и се претставува како изграден научен работник кој умее да ги проследува аргументите и на едно високо професионално ниво, што овозможува да го пренесува своето знаење и да ги вгради најновите научни достигнувања во подготовката на кадри за образовна дејност.

Врз основа на наставните, стручните и научноистражувачките активности, може да се заклучи дека таа ги поседува сите квалитети за избор во звањето редовен професор. Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да ја избере проф. д-р Билјана Маленко во звањето редовен професор по предметите македонски јазик со култура на изразувањето1 и 2 на студиската одделенска настава на македонски наставен јазик и комуникација со култура на изразување (на студиите за библиотекарство) на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охрдиски" при УКИМ.

Рецензенти:

Ред. проф. д-р Димитар Пандев с.р.
Филолошки факултет „Блаже Конески"-УКИМ

Ред. проф. д-р Благица Петковска с.р.
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"-УКИМ

Ред. проф. д-р Мито Спасевски с.р.
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"-УКИМ

# О Б Р А З Е Ц

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: БИЛЈАНА МАЛЕНКО
Институција: Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје
Научна област: македонски јазик

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Одржување на настава** | | **предавања** | **поени** |
|---|---|---|---|
| **од прв циклус студии** | | | |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето, 2007/2008-2009/2010* | 4+2 | 4 | 2,40 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето, 2007/2008-2009/2010* | 4+2 | 4 | 2,40 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето (за националности, 2007/2008-2009/2010* | 3+2 | 3 | 1,80 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето (за националности), 2007/2008-2009/2010* | 3+2 | 3 | 1,80 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 1, 2010/2011-2011/2012* | 3+2 | 3 | 1,80 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 2, 2010/2011-2011/2012* | 3+2 | 3 | 1,80 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за националности), 2010/2011-2011/2012* | 2+2 | 2 | 1,20 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за националности), 2010/2011-2011/2012* | 2+2 | 2 | 1,20 |
| *Современ македонски јазик 2, 2012-* | 2+2 | 2 | 1,20 |
| *Современ македонски јазик 4, 2012-* | 2+2 | 2 | 1,20 |
| **од втор циклус студии** | | | |
| *Рано учење на мајчиниот јазик (вкупно 60 часа)* | | | 1,50 |
| *Истражувања во областа на јазикот и културата на говорот (вкупно 60 часа)* | | | 1,50 |
| **од трет циклус студии** | | | |
| **ВКУПНО** | | **28** | **19,80** |
| **Одржување на вежби (лабораториски, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | | | |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 1* | | 2 | 0,90 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 2* | | 2 | 0,90 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за националности)* | | 2 | 0,90 |
| *Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за националности)* | | 2 | 0,90 |
| *Современ македонски јазик 2* | | 2 | 0,90 |
| *Современ македонски јазик 4* | | 2 | 0,90 |
| **ВКУПНО** | | **12** | **5,4** |
| Консултации со студенти (за девет семестри) | | 3795 | 7,59 |
| Ментор на дипломска работа | | 4 | 0,80 |
| Ментор на специјалистичка работа | | 0 | 0,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | | | 0 | 0,00 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | | | 0 | 0,00 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа | | | 0 | 0,00 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | | | 247 | 24,70 |
| **ВКУПНО** | | | **4046** | **33,09** |
| **Рецензент на универзитетски учебник** | | | | |
| *Методика на креативната настава по македонски јазик (од I до V)на основното училиште*, Бл. Петковска, Магор, Скопје, 2012. | | | 1 | 1,00 |
| **ВКУПНО** | | | **1** | **1,00** |
| ***ВКУПНО (НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ)*** | | | | **59,29** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Одбранета докторска теза** | | | | |
| *Штипскиот говор*, докторска теза одбранета на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје, 2002 | | | 1 | 8,00 |
| **ВКУПНО** | | | **1** | **8,00** |
| **Одбранета магистерска теза** | | | | |
| *Изразување на минатоста (врз текстовите на Марко Цепенков)*, магистерска теза одбранета на Филолошкиот факултет Блаже Конески во Скопје, 1991 | | | 1 | 4,00 |
| **ВКУПНО** | | | **1** | **4,00** |
| **Раководител на национален научен проект** | | | | |
| Македонски дијалектен атлас, ЈНУ ИМЈ "Крсте Мисирков", Скопје, 2003-2004 | | | 1 | 6,00 |
| **ВКУПНО** | | | **1** | **6,00** |
| **Монографија** | | | | |
| „Штипскиот говор", ИМЈ "Крсте Мисирков" - Скопје; Посебни изданија, кн.72, 2012 | | | 1 | 8,00 |
| **ВКУПНО** | | | **1** | **8,00** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | | | | |
| „Изразување на минатоста во народната проза (врз текстовите на Марко Цепенков)", сп. Македонистика, бр. 10, Скопје, 2009 | | | 1 | 4,00 |
| *Современи состојби во штипскиот говор*, сп.. ЛЗб, 4-6, 2008, Скопје, с.23-27. | | | 1 | 4,00 |
| **ВКУПНО** | | | **2** | **8,00** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | | | |
| *Изразување на минатоста во народните умотворби на Марко Цепенков*, Меѓународен македонистички собир, (Охрид, 29.8.-1.9.2008) по повод на манифестацијата "2008 – Година на македонскиот јазик", Скопје 2010, стр. 211-219. | | | 1 | 6,00 |
| *Изучувањето на јазиците од најмала возраст во Република Македонија*, VI меѓународна македонско-полска конференција: Историја, култура, јазик, литература, фолклор (Скопје – Штип, 1-3 јуни 2011). | | | 1 | 6,00 |
| *Изразување на негацијата*, VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука: Современото општество и образованието, Зборник на трудови, кн.2, (Охрид, 20.9 - 1.10.2011 год.)/ прочитан рефрат и објавен во Зборникот (на англиски јазик), Скопје, 2011. | | | 1 | 6,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | | 3 | 18,00 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | | | |
| *Кабелските оператори и меѓујазичните контакти*, едиција Јазикот наш денешен, кн. 16, Скопје, 2008, с.18-24. | | 1 | 2,00 |
| *Употребата на предлозите во македонскиот јазик во писменото изразување кај учениците во раната училишна возраст*, Зборник во електронско издание, ИМЈ „Крсте Мисирков", Скопје, 2012. | | 1 | 2,00 |
| **ВКУПНО** | | **2** | **4,00** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | | | |
| *Изразување на минатоста во народните умотворби на Марко Цепенков*, Зборник од Меѓународен македонистички собир (Охрид, 29.8.-1.9.2008), по повод манифестацијата "2008 – Година на македонскиот јазик", Скопје, 2010, стр. 211-219. | | 1 | 3,00 |
| *Изразување на негацијата*, VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука: Современото општество и образованието, Зборник на трудови, кн.2 (Охрид, 20.9 - 1.10.2011 год.)/ прочитан реферат и објавен во Зборникот (на англиски јазик), Скопје, 2011. | | 1 | 3,00 |
| **ВКУПНО** | | **2** | **6,00** |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | | | |
| *Развојот на вештината на комуникација кај децата од раната училишна возраст*, реферат на Научниот собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст (Што направивме и што теба да направиме во македонската наука за јазикот)", 25 и 26 февруари 2010, ИМЈ, Скопје. | | 1 | 3,00 |
| **ВКУПНО** | | **1** | **3,00** |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | | |
| *Изучувањето на јазиците од најмала возраст во Република Македонија*, VI меѓународна македонско-полска конференција: Историја, култура, јазик, литература, фолклор (Скопје – Штип, 1-3 јуни 2011) | | 1 | 2,00 |
| *Јазикот во литературата за деца во предучилишните установи*, реферат на Научни скуп Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце предшколског узраста, на 18.11.2011, Учитељски факултет у Врању, Универзитет у Нишу | | 1 | 2,00 |
| **ВКУПНО** | | **2** | **4,00** |
| **Учество на научен/стручен собир со реферат** | | | |
| *Употребата на деминутивните образувања во раната детска возраст*, Скопје, 2012. | | 1 | 1,00 |
| **ВКУПНО** | | **0** | **1,00** |
| ***ВКУПНО (НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ)*** | | | **70,00** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | | | |
| Рецензија на трудот - извештај од интерен проект на Б. Петковска и А. Штерјоска: *Значењето на зборовите и наставната комуникација низ призма на предметот македнски јазик во одделенска настава*, Скопје, 2012. | | 1 | 1,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Супервизија на учебници по македонски јазик за основно образование* | | 3 | 3,00 |
| Уредувачки одбор на Зборник на трудови од IV меѓународен научен собир: *Современи тенденции во образованието 1, Охрид, 2008.* | | 1 | 1,00 |
| Уредувачки одбор на Зборник на трудови од IV Меѓународен научен собир: *Современи тенденции во образованието 2, Охрид, 2008.* | | 1 | 1,00 |
| Уредувачки одбор на Зборник на трудови од IV Меѓународен научен собир: *Современи тенденции во образованието 2, Охрид, 2008.* | | 1 | 1,00 |
| Уредувачки одбор за монографијата за св. Климент Охридски, Скопје, 2010. | | 1 | 1,00 |
| **ВКУПНО** | | **8** | **8,00** |
| **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | | | |
| Лексиката со субјективна оценка во македонскиот јазик, Скопје, 2012 | | 1 | 0,50 |
| **ВКУПНО** | | **1** | **0,50** |
| Ректор | | | 0,00 |
| Проректор | | | 0,00 |
| Декан/директор | | | 0,00 |
| Продекан | | | 0,00 |
| Раководител на внатрешна организациона единица | | 1 | 3,00 |
| Член на Универзитетскиот сенат | | | 0,00 |
| Член на универзитетска комисија | | | 0,00 |
| **Член на факултетска комисија** | | | |
| Комисија за прием на студенти, 2008-2011 | | 4 | 2,00 |
| Комисија за спроведување на постапката за утврдување на предлог-кандидат за раководител на Институтот за библиотекарство, 2011 | | 1 | 0,50 |
| Комисија за спроведување на постапката за утврдување на предлог-кандидат за раководител на Институтот за библиотекарство, 2011 | | 1 | 0,50 |
| Комисија за самоевалуација на Факултетот | | 2 | 1,00 |
| Комисија за изготвување елаборат за Центарот за перманентно образование | | 1 | 0,50 |
| Комисија за реформа и промена на студиските програми | | 2 | 1,00 |
| Комисија за реформа и промена на предметните програми на Факултетот за прв и за втор циклус на студии | | 6 | 3,00 |
| **Член на комисија за избор во звање** | | 3 | 0,60 |
| Координатор на студиска програма | | 5 | 5,00 |
| Раководител на постдипломски или докторски студии | | | 0,00 |
| Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) | | | 0,00 |
| Учество во комисии и тела на државни и други органи | | | 0,00 |
| Претседател на Советот за наука на Министерството за образование и наука | | | 0,00 |
| Член на Советот за наука на Министерството за образование и наука | | | 0,00 |
| Национален координатор за одредена стручна област | | | 0,00 |
| **ВКУПНО** | | **25** | **17,10** |
| **ВКУПНО СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | | | **25,60** |

# ВКУПНО ПОЕНИ ПО СИТЕ ОСНОВИ

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | | Поени |
|---|---|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | | 59,29 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | | 70,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | 0,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | | | 25,60 |
| | **Вкупно:** | | **154,89** |

Рецензенти

Ред. проф. д-р Димитар Пандев с.р.
Филолошки факултет „Блаже Конески"-УКИМ

Ред. проф. д-р Благица Петковска с.р.
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"-УКИМ

Ред. проф. д-р Мито Спасевски с.р.
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"-УКИМ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ДЕФЕНДОЛОГИЈА, МИРОТ И ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ, ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, РОДОТ, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА, ВНАТРЕШНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ НА ЕУ, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Дневник" на 3.5.2012 година за избор на наставник (во сите звања) за научните области (дисциплини): **дефендологија, мирот и евроатлантските интеграции, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, внатрешни безбедносни политики на ЕУ,** Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVII редовна седница одржана на 18.6.2012 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Синиша Даскаловски и проф. д-р Тони Милески.

Откако Комисијата ги разгледа пристигнатите материјали, утврди дека на конкурсот се пријавил само еден кандидат, д-р Зорица Салтировска, доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Скопје, за кој го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Доц. д-р Зорица Салтировска е родена на 28.7.1964 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за одбрана во 1987 година. Од 1990 година започнала со работа како помлад асистент на Катедрата за одбрана при Филозофскиот факултет. Наредната година се запишала на постдипломски студии на Институтот за одбрана и во 1997 година магистрирала бранејќи ја темата „Воената обврска во системот за одбрана во Република Македонија и ставовите на младинците кон воената обврска". Истата година е избрана за асистент по предметот одбрана и заштита на Катедрата за одбрана каде што успешно ги реачозора вежбите со студентите од Електро-техничкиот и Машинскиот факултет. Во јуни 2007 година на Институтот за одбрана ја одбрани докторската дисертација под наслов "Организацијата на пополнувањето на вооружените сили во функција на преструктуирање на АРМ и мотивираност на младината за вклучување во вооружените сили" и се стекна со звањето доктор на одбрана. На 15 ноември 2007 година е избрана за доцент по предметот дефендологија. Во 2010 година се вклучува на Институтот за безбедност, одбрана и мир, каде добива нови предмети, на чија подготовка активно работи. Издава и два учебника за овие предмети.

Д-р Салтировска во изминатиот период учествувала на повеќе научни собири и меѓународни конференции од областа на безбедноста на кои презентирала свои научни и стручни трудови. Автор е на повеќе трудови објавени во зборници и стручни/научни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Зорица Салтировска се вработила во 1990 година на Филозофскиот факултет во Скопје при Катедрата за одбрана каде што како помлад асистент ги одржува вежбите по предметот одбрана и заштита (подоцна дефендологија) на Машинскиот и Електро-техничкиот факултет. Како доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир, д-р Зорица Салтировска е избрана и одржува настава и вежби по предметите: заштита на културното наследство (изборен), родот, мирот и безбедноста (изборен), внатрешни безбедносни политики на ЕУ (задолжителен), дефендологија (изборен на Институтот за дефектологија и Филолошкиот факултет) и мирот и евроатлантските интеграции (изборен на Машинскиот факултет) (42,8).

Д-р Зорица Салтировска во изминатиот период од 5 години била член на комисија за оцена или одбрана на 9 дипломски работи; член на комисија за оцена или одбрана на 3 магистерски тези; и член на комисија за оцена или одбрана на 2 докторски дисертации (2,8).

Во периодот по изборот за доцент, д-р Зорица Салтировска се јавува како автор на позитивно рецензираниот и издаден универзитетски учебник "Заштита на културното наследство", наменет првенствено за студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир, по истоимениот предмет од прв циклус студии. Вредноста на книгата е зголемена и заради фактот дека може да им користи на сите субјекти кои имаат интерес за предметната проблематика или се вклучени во процесот на едукација за неа. Со тоа книгата претставува придонес во реализирањето на националната обврска за задолжително вклучување на заштитата на културното наследство во системот на образованието и во посебните програми за едукација и информирање на граѓаните и припадниците на вооружените сили за заштитата на културното наследство и нејзиното значење, не само во услови на мир (како заштита од незаконски дејства и организиран криминал), туку пред сѐ во услови на вооружен конфликт и природни непогоди (8).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, број 173 од 1 август 2011 година), може да се констатира дека д-р Зорица Салтировска од областа на наставно-образовната област остварила **53,6 поени,** со што го надминала минималниот број поени (вкупно 20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

**Научноистражувачка дејност**

Во периодот 2007-2012 година, д-р Зорица Салтировска развила богата научноистражувачка дејност која резултирала со публикување на повеќе научни и стручни трудови:

1. Салтировска, Зорица (2008), Професионализацијата на европските армии и нејзиното влијание врз резервниот состав, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, книга бр. 61, 601-619.
2. Салтировска, Зорица, (2009), Регионална соработка за безбедност и институции, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, книга бр. 62, 641-657.
3. Салтировска, Зорица (2010), Загрозување и заштита на културното наследство во вооружените конфликти и пристапот на Република Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, книга бр. 63, 533-549.
4. Салтировска, Зорица (2011), Ангажирањето и улогата на жените во современите конфликти и армии, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, книга бр. 64, 411-425.
5. Салтировска, Зорица (2008), Културниот и националниот идентитет на народите во процесот на глобализацијата, Зборник: Глобализацијата, мирот и безбедноста, Филозофски факултет, Скопје, 219-229.
6. Салтировска, Зорица (2010), Регрутација и мотивираност на младата популација за војничката професија, Безбедносни дијалози, бр. 1, Филозофски факултет, Скопје, 99-109.
7. Салтировска, Зорица (2010), Политичката толеранција и евроатланските интеграции во функција на безбедноста на Западен Балкан, Зборник на трудови: Балканот- безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Филозофски факлултет, Скопје, 115-131.
8. Салтировска, Зорица (2012), Кризата во контекст на загрозувањето и заштитата на културното наследство, Зборник на апстракти: Лицата на кризата, Европски универзитет, Скопје, 83-85.

Доц. д-р Зорица Салтировска учествувала на повеќе меѓународни научни/стручни собири со презентација на трудови:

1. Балканот- безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 1-2 октомври 2010 година, со реферат под наслов "Политичката толеранција и евроатланските интеграции во функција на безбедноста на Западен Балкан" ;

2. Македонија низ вековите, Филозофски факултет, Скопје, 11-12 ноември 2011 година, со реферат под наслов "Создавање и развој на воена организација на македонското надионално-револуционерно движење во предилинденскиот и илинденскиот период" ;

3. Лицата на кризата, Европски универзитет, Скопје, 9-10 март 2012 година, со реферат под наслов "Кризата во контекст на загрозувањето и заштитата на културното наследство" ;

4. Безбедноста и евроатлантските перспективи на Балканот, Охрид, 25-26 мај 2012 година, со реферат под наслов "Казнено-правните реформи во доменот на законодавството за заштита на жените од дискриминација и насилство" .

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, број 173 од 1 август 2011 година), може да се констатира дека д-р Зорица Салтировска од областа на научноистражувачката област остварила **21 поен,** со што го надминала лимитот од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

**Стручно-апликативна дејност**

Во периодот 2007-2012 година, д-р Зорица Салтировска го фокусирала своето внимание и во стручно-апликативната дејност. Автор е на стручната монографија "Род, мир и безбедност" во издание на Филозофскиот факултет во Скопје во 2012 година. Трудот ги анализира современите војни и вооружени конфликти, при што од женска перспектива се согледани можностите за нивно активно партиципирање и поголема улога во креирањето на мирот. Книгата е првенствено наменета за студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир кои го изучуваат наставниот предмет родот, мирот и безбедноста, но и за припадниците на вооружените сили и сите потенцијални корисници кои се поврзани со оваа проблематика.

Од дејностите од поширок интерес, д-р Зорица Салтировска во изминатиот петгодишен период ги остварила следниве активности:

- член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: Безбедносни дијалози, бр. 1, Филозофски факултет, Скопје, 2010 ;

- член на организационен/програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Балканот- безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 2010 ;

- член на факултетска комисија: Комисија за научноистражувачка дејност на Филозофскиот факултет, Скопје, 2007-2011.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, број 173 од 1 август 2011 година), може да се констатира дека д-р Зорица Салтировска од областа на стручно-апликативната дејност остварила вкупно **10,5 поени** и со тоа го надминала минималниот број поени (5) кои треба да се реализираат за избор во звањето вонреден професор. Врз основа на приложените податоци, Комисијата констатира дека д-р Салтировска успешно ги извршува задачите во рамките на Факултетот и стручните задачи од поширок општествен интерес.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата едногласно констатираа дека кандидатката д-р Зорица Салтировска ги исполнува предвидените критериуми од наставно образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност за избор во звањето вонреден професор за научните области (дисциплини): *дефендологија, мирот и евроатлантските интеграции, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста и внатрешни безбедносни политики на ЕУ* и **му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" да ја избере д-р Зорица Салтировска во звањето вонреден професор.**

Комисија

Д-р Митко Котовчевски, редовен професор, с.р.

Д-р Синиша Даскаловски, редовен професор, с.р.

Д-р Тони Милески, вонреден професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Салтировска Јован Зорица**

**Институција: Филозофски факултет/ Институт за безбедност, одбрана и мир**
**Научна област: дефендологија, мирот и евроатлантските интеграции, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста и внатрешни безбедносни политики на ЕУ**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава од I циклус студии** | |
| 1. | Заштита на културното наследство (3+0), зимски семестар 2010/11 | 1,8 |
| 2. | Дефендологија (2+0), зимски семестар 2010/11 | 1,2 |
| 3. | Мирот и евроатлантските интеграции (2+0), зимски семестар 2010/11 | 1,2 |
| 4. | Дефендологија (2+0), летен семестар 2010/11 | 1,2 |
| 5. | Дефендологија (2+0), зимски семестар 2011/12 | 1,2 |
| 6. | Мирот и евроатлантските интеграции (2+0), зимски семестар 2011/12 | 1,2 |
| 7. | Заштита на културното наследство (3+0), зимски семестар 2011/12 | 1,8 |
| 8. | Родот, мирот и безбедноста (3+0), зимски семестар 2011/12 | 1,8 |
| 9. | Дефендологија (2+0), летен семестар 2011/12 | 1,2 |
| 10. | Дефендологија (2+0), зимски семестар 2011/12 | 1,2 |
| | **Одржување вежби** | |
| 11. | Дефендологија (0+6), зимски семестар 2007/08 | 2,7 |
| 12. | Дефендологија (0+7), летен семестар 2007/08 | 3,15 |
| 13. | Дефендологија (0+8), зимски семестар 2008/09 | 3,6 |
| 14. | Дефендологија (0+5), летен семестар 2008/09 | 2,25 |
| 15. | Дефендологија (0+4), летен семестар 2009/10 | 1,8 |
| 16. | Заштита на културното наследство (0+2), зимски семестар 2010/11 | 0,9 |
| 17. | Дефендологија (0+4), летен семестар 2010/22 | 1,8 |
| 18. | Теории на мирот и конфликтите (0+4), летен семестар 2010/11 | 1,8 |
| 19. | Дефендологија (0+1), зимски семестар 2011/12 | 0,45 |
| 20. | Заштита на културното наследство (0+2), зимски семестар 2011/12 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Родот, миротот и безбедноста (0+2), зимски семестар 2011/12 | 0,9 |
| 22. | Дефендологија (0+1), летен семестар 2011/12 | 0,45 |
| 23. | Дефендологија (0+4), летен семестар 2011/12 | 1,8 |
| | Подготовка на нов предмет: заштита на културното наследство-предавања | 1 |
| | Подготовка на нов предмет: родот, мирот и безбедноста-предавања | 1 |
| | Подготовка на нов предмет: внатрешни безбедносни политики на ЕУ- предавања | 1 |
| | Консултации со студенти: 1466×0,002 | 2,9 |
| | **Одржување настава од II циклус студии** (12×0,05) 2010/11 | 0,6 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 2 x 0,5 | 1 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 3 x 0,3 | 0,9 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 9 x 0,1 | 0,9 |
| | Позитивно рецензиран и издаден универзитетски учебник (автор): Заштита на културното наследство, Филозофски факултет, Скопје | 8 |
| | Вкупно | **53,6** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Труд објавен во зборник на трудови на високообразовна институција (автор): „Професионализацијата на европските армии и нејзиното влијание врз резервниот состав“, Годишен зборник на Филозофскиот факултет пру Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, книга 61 , 2008, 601-619. | 2 |
| 2. | Труд објавен во зборник на трудови на високообразовна институција (автор): „Регионална соработка за безбедност и институции“, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, книга 62, 2009, 641-657. | 2 |
| 3. | Труд објавен во зборник на трудови на високообразовна институција (автор): „Загрозување и заштита на културното наследство во вооружените конфликти и пристапот на Република Македонија“, Годишен зборник на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, книга 63, 2010, 533-549. | 2 |
| 4. | Труд објавен во зборник на трудови на високообразовна институција (автор): „Ангажирањето и улогата на жените во современите армии“, Годишен зборник на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, книга 64, 2011, 411-425. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (автор): „Културниот и националниот идентитет на народите во процесот на глобализацијата“, Зборник: Глобализацијата, мирот и безбедноста, Филозофски факултет, Скопје, 2008, 219-229. | 2 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор (автор): „Регрутација и мотивираност на младата популација за војничката професија“, Безбедносни дијалози, бр. 1, Филозофски факултет, Скопје, 2010, 99-109. | 3 |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир меѓународен уредувачки одбор (автор): „Политичката толеранција и евроатлантските интеграции во функција на безбедноста на Западен Балкан“, Зборник на трудови: Балканот- безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Филозофски факултет, Скопје, 2010, 115-131 . | 3 |
| 8. | Апстракт објавен во зборник од конференција- меѓународна (автор): „Кризата во контекст на загрозувањето и заштитата на културното наследство“, Зборник на апстракти, Европски универзитет, Скопје, 83-85. | 1 |
| 9. | Учество на научен/стручен собир со реферат- усна презентација: Меѓународна научна конференција: Лицата на кризата, Европски универзитет, Скопје, 9-10 март 2012. | 1 |
| 10. | Учество на научен/стручен собир со реферат- усна презентација: Меѓународна научна конференција: Балканот- безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 1-2 октомври 2010. | 1 |
| 11. | Учество на научен/стручен собир со реферат- усна презентација: Меѓународна научна конференција: Македонија низ вековите, Филозофски факултет, Скопје, 11-12 ноември 2011. | 1 |
| 12. | Учество на научен/стручен собир со реферат- усна презентација: Меѓународна научна конференција: Безбедноста и евроатлантските перспективи на Балканот, Охрид, 25-26 мај 2012. | 1 |
| | **Вкупно** | **21** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Стручна монографија (автор): „Род, мир и безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2012. | 8 |

| Дејности од поширок интерес | | |
|---|---|---|
| 2. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: Безбедносни дијалози, бр. 1, Филозофски факултет, Скопје, 2010 | 1 |
| 3. | Член на организационен/програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Балканот- безбедносен предизвик за Европа и меѓународната заедница, Охрид, 2010 | 1 |
| 4. | Член на факултетска комисија: Комисија за научноистражувачка дејност на Филозофскиот факултет, Скопје, 2007-2011 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **10,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **53,6** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **21** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10,5** |
| **Вкупно** | **85,1** |

Комисија

Д-р Митко Котовчевски, редовен професор, с.р.

Д-р Синиша Даскаловски, редовен професор, с.р.

Д-р Тони Милески, вонреден професор, с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК – АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 и член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ 35/08, 36/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11) и чл. 24 од Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 13 редовна седница одржана на 05.IX.2012 година, донесе одлука со дел. бр. 0201-772/6, за формирање Рецензентска комисија за избор на соработник - асистент на научната област, **применета кинезиологија,** во состав: проф. д-р Вујица Живковиќ – претседател, проф. д-р Милан Наумовски – член и проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член.

Врз основа на распишаниот конкурс и приложениот материјал, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници "Фокус" и "Lajm" од 22.VIII2012 година и дополнувањето на конкурсот објавено во истите весници на 23.VIII2012, пријавени се двајца кандидати: д-р Серјожа Гонтарев и м-р Елена Соклевска-Илиевски.

### 1. СЕРЈОЖА ГОНТАРЕВ

#### Биографски податоци

Кандидатот д-р Серјожа Гонтарев е роден на 12.IX1964 година во Скопје. На Факултетот за физичка култура во Скопје дипломирал во 1991 година, а во 1996 година магистрирал на тема "Утврдување на биомеханичката структура и оптималност на методиката за учење на атлетските дисциплини". Докторската дисертација на тема "Влијание на некои психосоцијални и демографски фактори врз физичката активност кај младите" ја одбранил во 2008 година.

#### Спортска, педагошка и стручна активност

Од својата најрана младост се занимавал со повеќе спортови. Како наставник по спорт и спортски активности учествувал во подготовките и водењето на училишните екипи во повеќе спортови на општински, градски и републички натпревари. Изготвувал планови за физичка подготовка за повеќе фудбалски клубови од нашата држава. Како фитнес-тренер работи

повеќе од дваесет години. Посебни афинитети има кон: фитнес, аеробик, пилатес, бодибилдинг, фудбал, кошарка и скијање.

- Од 1995 до 2005 година работел како наставник по спорт и спортски активности во Д.С.Е.П.У. "Васил Антевски – Дрен" од Скопје.
- Од 2005 година е вработен како предавач на Факултетот за физичка култура во Скопје, во Центарот за физичко образование на студентите од нематичните факултети.

Повеќекратно учествувал на научни собири, симпозиуми и конгреси во земјата и надвор од неа со објавени 69 стручни и научни трудови.

Коавтор е на учебник за средно образование "Основи на теорија и методика на спортот".

Автор е на стручната книга-прирачник "Аеробик".

Како соработник учествувал во повеќе научни проекти во земјава и во странство:

- Мерни карактеристики на некои тестови за проценување на моторните латентни димензии кај спортистите од Македонија и Бугарија;
- Релијабилност и валидност на некои тестови кај испитаници со натпросечни моторни способности;
- Во проектот Е-Школо, финансиран од Агенцијата од САД за меѓународен развој (УСАИД) во соработка со МОН на Р.Македонија, учествувал во обуката на наставниците во средните училишта за примена на ИКТ во наставата.

Автор е на повеќе компјутерски програми поврзани со образованието и спортот.

Кандидатот има објавено 69 стручни и научни трудови од кои трудовите од 1 до 53 се рецензирани и објавени во Билтенот број 979 од 1 февруари 2007 година, на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, во рефератот за избор на 5 (пет) наставници на Факултетот за физичка култура по предметот физичко образование за настава за студентите од нематичните факултети на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје.

### Трудови за рецензија

1. Гонтарев, С., Крстевски, Б. Симева, С. (2009). Физичката активност и седентарните навики кај младите, *Наука & спорт*, 1, 7-12

*Истражувањето е реализирано на примерок од 847 испитаници поделени во два суппримерока (440 испитаника од женски пол и 407 испитаника од машки пол), на возраст од 15 до 18 години, со основна цел да се утврдат физичката активност и седентарните навики кај средношколската популација во градот Скопје и дали постојат разлики во физичката активност и седентарните навики меѓу учениците од машки и женски пол. За реализирање на целите на истражувањето применети се 6 варијабли за проценување на физичката активност и седентарните навики (време минато во гледање телевизија, работа на компјутер, кафуле и учење). Кај сите применети варијабли, покрај основните дескриптивни статистички параметри, утврдена е и нормалноста на дистрибуцијата со помош на Колмогоров-Смирновата*

*постапка. Разликите во индикаторите на физичка активност, како и седентарните навики во однос на полот, утврдени се со мултиваријантна и униваријатна анализа на варијансата (МАНОВА и АНОВА). Врз основа на добиените резултати можат да се извлечат следниве заклучоци: голем процент (68,4%) од младите на возраст од 15 до 18 години немаат редовна (препорачана) физичка активност, а ова е особено изразено кај женската популација.Голем дел од учениците од двата пола своето слободно време го минуваат во седентарен начин на живот, 82% од испитаниците од двата пола, дневно, во работните денови минуваат повеќе од два часа во работа на компјутер или гледање телевизија. Учениците за разлика од ученичките повеќе време минуваат во физичка активност и работа на компјутер, додека ученичките повеќе време минуваат во учење, кафуле и гледање телевизија.*

2. Гонтарев, С., Симева, С., Крстевски, Б., Крстевска М. (2009). Квалитетот на населбата во функција на детерминирање на нивото на физичката активност кај ученичките од 15 до 18 години, *Наука & спорт*, 1, 13-18

*На примерок од 440 испитаници од женски пол на возраст од 15 до 18 години реализирано е истражувањето со основна цел да се утврди нивото на физичката акативност и како влијае средината (квалитетот на населбата) во близината на која живее испитаникот врз нивото на физичката активност. За реализирање на целите на истражувањето применета е една варијабла за проценување на нивото на физичката активност и осум варијабли за проценување на квалитетот на населбата. Влијанието на квалитетот на населбата, капацитетот и близината на спортски објекти и бројот на спортски справи и реквизити што испитаникот ги поседува во својот дом врз нивото на физичката активност утврден е со Kruskal-WallisH test . Врз основа на добиените резултати може да се констатира дека голем процент (71,3%) од девојките на возраст од 15 до 18 години немаат редовна (препорачана) физичка активност. Резултатите исто така даваат индиции дека близината и бројот на спортски справи и реквизити до испитаникот, како и квалитетот на населбата (близината во која живее индивидуата), е поврзано со физичката активност.*

3. Стаменов, С., Гонтарев, С., Димитриоска, К.Ј. (2009). Применливоста на транстеоретскиот модел во истражувањето на процесот на промена на физичката активност кај студентките, *Наука & спорт*, 1, 133-139.

*На примерок од 80 испитаници (студентки) од женски пол на возраст од 19 до 22 години реализирано е истражувањето со основна цел да се утврди како влијаат некои психосоцијални фактори во диференцирањето на индивидуата која има различно ниво на физичка активност и да се провери применливоста на транстеоретскиот модел во објаснување, предвидување и контрола на однесувањето (процесот на промена на физичката активност).За реалзирање на целите на истражувањето применети се 8 варијабли за проценување на психосоцијалните фактори и една варијабла за проценување на*

*физичката активност. Добиените податоци се обработени со мулти-варијантна и униваријантна анализа на варијансата (МАНОВА и АНОВА). Резултатите од истражувањето укажуваат дека едукативните програми и стратегии треба да бидат насочени кон зголемување на самоефикасноста, довербата во своите способности, намалување на бариерите, зголемување на социјалната поддршка од најблиските во средината (родителите и врсниците), како и да им се понудат на младите активности кои сами ги бираат и уживаат во нив. Резултатите од истражувањето исто така упатуваат дека транстеоретскиот модел кој обединува повеќе теории е применлив и тој може да се користи во предвидување, контрола и промена на однесувањето (промена на физичката активност) кај студентките.*

4. Глигоров, С., Гонтарев, С. (2009). Предиктивна вредност на некои базични моторни тестови врз успехот на некои ситуациони моторни тестови кај борачите во слободен стил. *Физичка култура*, 2, 15-20.

*На примерок од 102 испитаника - борачи во слободен стил, на возраст од 20 до 28 години, применети се 29 базични и ситуациони моторни тестови. Меѓу резултатите набазичните моторни тестови кои беа земени како предикторски варијаблии секој ситуационен тест кој беше третиран како критериумска варијабла, применетае регресивна анализа. Утврдено е дека системот на бзичните моторни тестови имастатистички значајно влијание врз резултатите на ситуационите моторнитестови (задачи): 'Мелница' (МЕЛ), 'прв ситационен тест без партнер' (ПСИТБП),'втор ситуационен тест без партнер' (ВСИТБП) и 'комплексен ситуационен тест со партнер' (КОМСТП).*

5. Гонтарев, С., Саздовски, Ч., Новачевска, С., Калач, Р. (2009). Физичката активност и интересите на студентите од универзитетот "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, *Наука & спорт*, 1, 147-153

*На примерок од 644 испитаници, поделен во два суппримерока 380 испитаници од женски пол и 264 испитаници од машки пол, реализирано е истражувањето со цел да се утврди какви се навиките за физичко вежбање кај студентите од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, колку од студентите знаат да пливаат, да лизгаат и да скијаат, за кои физички и спортски активности студентите покажуваат најголем интерес.За реализирање на целите на истражувањето беше применет анкетен прашалник од затворен тип, кој се состоеше од повеќе прашања поврзани со физичката, спортската активност и интересите на студентите за наставните содржини. Добиените податоци се обработени со анализа на фреквенции (Ф) и проценти (%). Резултатите од истражувањето покажаа дека вкупно 90,22% од испитаниците немаат редовна (препорачана) спортска активност (физичка активност), односно 95,00% од испитаниците од женски пол и 83,33% од испитаниците од машки пол немаат препорачана физичка активност. Најголем интерес студените од машки пол покажуваа кон малиот фудбал, кошарката, фитнесот и пливањето, додека кај испитаниците од женски пол се одбојката, танците, аеробикот и фитнесот.*

6. Стојчевски, С., Гонтарев, С., Калач, Р. (2010). Ставот на учениците од 16 - годишна возраст од македонската и албанската етничка заедница кон спортот. *Физичка култура,* 1, 65-68.

*Истражувањето е реализирано на примерок од 120 испитаници од машки пол (ученици), на хронолошка возраст од 16 години, поделен во два субпримерока според етничката припадност: 60 испитаници од македонската етничка заедница и 60 испитаници одалбанскате етничка заедница. Целта на истражувањето беше да се утврди ставот на учениците од 16 годишна возраст кон спортот и спортските активности и дали постојат разлики во негот кај учениците кои припаѓаат на различна етничка заедница. За реализирање на целите на истражувањето беше применет инструмент кој се состоеше од 24 честички на Кнееровиот инвентар на ставови. Добиените податоци се обработени со* $\chi2$ *- тест. Од добиените резултати е утврдено дека поголем процент од учениците од македонската етничка заедница имаат попозитивен став кон спортот во однос на учениците од албанската етничка заедница. Младите, особено од албанската етничка заедница, треба да добијат повеќеинформации за позитивното влијание на спортот и физичката активност, што ќе придонесе поголем дел од нив да го променат ставот кон спортот и активно да се вклучат во тој процес.*

7. Калач, Р., Гонтарев, С. (2010). Телесни повреди за време на натпреварите (2000-2010 година) кај боксерите од република Македонија. *Физичка култура,* 1, 76-78.

*Истражувањето е направено со ретроспективно следење на повредите на македонските боксери - учесници на разните натпреварувања (домашни и странски) во десетгодишниот период. Врз основа на анализираните податоци може да се констатира дека вкупниот број на учесници на македонските боксери бил 409, а вкупниот број на одржаните натпревари - 407. Бројот на повредите кои се случиле во десетго-дишниот период бил 106. Најзастапени повреди биле на главата (85-90%), горните екстремитети (8-10%) и телото со трупот (0,2-0,4%).*

8. Калач, Р., Тодоровиќ, Л., Гонтарев С. (2010). Прилог кон појавата на трагичните настани на спортските терени.*Физичка култура,* 2, 38-39.

*Податоците на истражувањето се добиени ретроспективно од пишуваните и електронски медиуми во периодот од десет години (2000-2010 година). Врз основа на анализата на тие податоци констатирано е дека ненадејните спортски трагедии наспортските терени се случиле кај спортисти на возраст од 19 до 40 години. Процентот на таквите трагедии (60-80%) е последица на срцеви инфаркти. Останатиот процент се однесува на акутните мозочни крварења. Помал е процентот на ненадејните трагедии од други здравствени и органски проблеми.*

9. Калач, Р., Гонтарев, С. (2010). Социјалниот статус на спортистите од различни боречки спортови. *Физичка култура,* 2, 80-83.

*На примерок од 156 спортисти од различни боречки спортови, од машки пол на возраст од 17 до 33 години, поделен во 5 суппримероци: (боксери-40, борачи-38, каратисти-33, џудисти-20, и спортисти кои се занимаваат со кинески вештини-25). Истражувањето е реализирано со цел да се дојде до некои сознанија за социо-демографските карактеристики и да се утврди дали постојат разлики кај спортистите кои припаѓаат на различните боречки спортови. На примерокот беше применет анкетен прашалник со прашања од затворен тип со кои беа добиени одредени информации за социо-демографските карактеристики на спортистите. Добиените податоци беа обработени со Kruskal–Wallis-ов тест, додека кај варијаблите од номинален тип беше применет $X^2$-тест. Од добиените резултати може да се констатира дека образованието на родителите, вработеноста на родителите, финансиската состојба во семејството, станбените услови, бројот на членовите во семејството, спортската традиција во семејството (родителот како модел), влијаат кај боречките спортови кои ги избера испитаникот. Испитаниците кои доаѓаат од повисоките општествени слоеви повеќе се занимаваат со спортовите карате, кинески вештини и џудо, додека испитаниците кои доаѓаат од пониските општествени слоеви (пониско образование на родителите, помала економска моќ, повеќе членови во семејството, полоши станбени услови), се занимаваат со спортовите: бокс и борење.*

10. Наумовски, А., Глигоров, Г., Гонтарев, С. (2010). Канонична поврзаност на моторните со конативните и когнитивните варијабли кај кандидатите за селектирање во специјалните полициски сили. *Физичка култура*, 2, 16-21.

*На примерок од 422 испитаници од машки пол на возраст од 20 до 27 години, кандидати за прием во специјалните сили на Министерството за внатрешни работи во Република Македонија, применети се 10 теста за проценување на одделни моторните способности (дефинирани како еден систе), 3 теста за проценување на когнитивните способости и 6 теста за проценување на примарните конативни особини (како втор систем). Обработката на податоците со Хотелинговата канонична корелациона анализа продуцираше еден статистички значаен пар канонички фактори. Нивната статистички значајна биполарна структура, укажа на одредени различни релации меѓу овие два системи на тестови. Подобрите резултати во сите три применети когнитивни тестови (ИТ-1, ИТ -2 и АЛФ А-7), од кои секој беше кореспоидентно наменет за проценување на ефикасноста на перцептивниот, паралелниот и серијалниот процесор) и поизразените резултати во два од применетите конативни тестови (СИГМА - наменет за проценување на ефикасноста на системот за регулацијаи контрола на реакциите на нападот и ЕПСИЛОН - наменет за проценување на ефикасноста на системот за регулација не ексцитаторно-инхибиторните процеси), дефинирани како едининствен фактор, условуваат подобри резултати во моторниот тест, провлекување и прескокнување (ПРОПРЕС), а послаби резултати во моторниот тест, качување по јаже (МЈАЖЕ). Овие резултати може во одредена мера да послужат во процесот на*

*селектирањето на кандидати во составот на специјалните полициски сили.*

11. Гонтарев С. и Крстевски Б. (2011). Влијанието на некои психосоцијални фактори врз мотивационата подготвеност за промена на навиките за физичката активност ка ученичките од 15 до 18 - годишна возраст. *Федерација на училиштен спорт на Македонија, Дојран, (1), 281-287.*

*На примерок од 440 испитаници од женски пол на возраст од 15 до 18 години, реалзирано е истражувањето со основна цел да се утврди влијанието на некои психосоцијални фактори врз мотивационата подготвеност за промена на навиките за физичката активност кај младите. За реализирање на целите на истражувањето применети се 9 варијабли за проценување на психосоцијалните фактори и една варијабла за проценување на нивото на физичката активност (во која фаза на мотивациона подготвеност за промена на навиките за физичка активност се наоѓа испитаникот). Добиените податоци се обработени со соодветни мултиваријантни и униваријантни (основна статистика, анализа на варијанса) параметриски статистички процедури. Резултатите од истражувањето укажуваат дека едукативните програми и стратегии треба да бидат насочени кон зголемување на самоефикасноста и довербата во своите способности, зголемување на степенот на перципираните бенефиции кон физичката активност, намалување на бариерите, зголемување на социјалната поддршка од најблиските во средината (родителите и врсниците), како и да им се понудат на младите активности кои сами ги бираат и уживаат во нив.*

12. Стаменов Р. Гонтарев С., Крстевски Б, Каршаковска Д.Ј. (2011). Утврдување на факторската стуктура и основните мерни карактеристики на некои тестови за проценување на прецизноста. *Федерација на училиштен спорт на Македонија, Дојран, (1), 315-320*

*Истражувањето е реализирано на примерок од 120 испитаници од машки пол, на возраст од 11-години, со цел да се утврдат факторската структура и основните мерни карактеристики на четирите применети композитни тестови, чиј хипотетски предмет на проценување е прецизноста. За реализирање на целите на истражувањето беа применети 4 композитни теста кои се состоеа од по 7 ајтеми-честици. Добиените резултати се обработени со повеќе методолошко-статистички процедури. За утврдување на факторската валидност применета е Хотелинговата метода на главни компоненти, кои беа ротирни во варимакс и директ-облимин позиција. Релијабилноста беше одредена врз основа на повеќе коефициенти пресметани врз основа на класичната и имеџ теорија. Добиените резултати укажуваат дека применетите тестови немаат единствен предмет на мерење, односно беа изолирани два фактора. Тестовите кои го дефинираат факторот на прецизност со водење на предмет имаат повисоки коефициенти на релијабилност, за разлика од тестовите кои го дефинираат факторот на прецизност со исфрлање на предмет.*

13. Гонтарев С., Саздовски Ч., Новачевска С., Стаменов Р. и Илиев Ф (2011). Можност за примена на софтверски пакет "Макфитнесметар" во следењето на физичката развиеност и моторните способности кај децата од основните училишта.*Федерација на училиштен спорт на Македонија, Дојран, (1),* 154-159

*И покрај се' поголемата примена на информатичката техниологија во сите свери на општеството, таа во многу мала мера се користи во системот на физичко и здравствено образование, спортот и спортската рекреација во нашата земја. Овој труд претставува обид да се укаже на потребата од изработка на вакви софтверски апликации кои ќе придонесат во унапредување на наставата по физичко и здравствено образование, трененажниот процес и спортската рекреација. Заради тоа е потребно на наставниците и тренерите да им се обезбеди информатички систем, за систематското собирање на информации, нивната обработка и анализа, а излезните извештаи од сиситемот треба да го мотивираат ученикот-спортистот и рекреативецот во нивното што поквалитетно моторичко и физичко напредување во зависност од нивните индивидуални способности.*

14. Саздовски Ч.., Гонтарев, С. (2012). Razlike u motorickim testivima između grupa devojčica ranog školskog uzrasta osnovnih škola opštine "Kisela Voda" - Skopje, formirane na osnovu indeksa telesne mase. *LI Kongres, antropološkog društva Srbije,* 1, 145-145

*Истражувањето е реализирано на примерок од 1036 испитаници од женски пол, на возраст 6 до 10 години, од основните училишта во општина Кисела Вода, Република Македонија, во рамките на проектот "Развојни тенденции на некои антропометриски, моторни и функционални показатели кај учениците од двата пола од основните училишта во општина Кисела Вода". Целата на истражувањето беше да се утврди дали постојат статистички значајни разлики во моторните тестови меѓу групите ученички од раната училишна возраст формирани врз основа на индексот на телесна маса (БМИ). За реализирање на целите на истражувањето применети се 8 моторни теста, од батеријата ЕУРОФИТ. За потребите на анализата испитаниците прво се класифицирани во четири дистинктни групи, врз основа на перцентилните вредности на индексот на телесната маса, по ИОТФ-стандардот кој го предложиле Кол и соработниците (Cole am al., 2000), а разликите во моторниот статус меѓу четирите групи е тестирана со помош на мултиваријантна и униваријантна анализа на варијанса. Врз основа на добиените резултати може да се кнстатира дека од вкупно анализираните осум моторни теста, кај седум се утврдени значајни статистички разлики меѓу анализираните групи испитаници. Кај повеќето тестови утврдените разлики се во корист на групата која има помал индекс на телесна маса, што не е случај единствено кај моторниот тест динамометрија на дланката. Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека моторниот статус на девојчињата од младата училишна возраст е под значајно влијание на индексот на телесната маса, односно релациите на висината и тежината на телото*

15. Kalač, R., Gontarev, S., & Stojčevski, S. (2011). Measurement fea tures of some specificall ymotor tests on boxers. *Activities in physical education and sport,* 2(1), 157-162

*На примерок од 53 боксери, спортисти од машки пол на возраст од 18 до 28 години применети се 8 повеќеајтемски специфично моторички тестови, со цел да се утврдат нивните мерни карактеристики. Податоците од тестовите се обработени со повеќе методолошко-статистички процедури. За утврдување на факторската валидност е применета Хотелиговата метода на главни компоненти, кои во натамошната постапка се трансформирани во облимин позиција. Релијабилноста беше одредена врз основа на повеќе коефициенти пресметани врз основа на класичната теорија. Добиените резултати покажаа дека повеќето специфично моторички тестови имаат задоволителна релијабилност и валидност. Тестовите немаат единствен предмет на мерење, односно изолирани се два фактора.*

16. Naumovski, A., Gontarev, S. (2012). Cmparison of latent motor dimensions congruence with boys and girls at the age of 12. *Меѓународна научна конференција на Националната спортска академија*

*Истражувањето е реализирано на примерок од 322 испитаника (174 момчиња и 184 девојчиња) на возраст од 12 години. За проценување на латентните моторни димензии применети се осум теста: претклон на клупа, скок во далечина од место, подигнување на трупот за 30 секунди, полигон наназад, висење во згиб, тапинг со нога, стоење на една нога со затворени очи, склекови на шведска клупа за девојчињата и склекови на паралелен разбој за момшињата. Целта на истратражувањето беше да се утврдат латентните димензии, како и да се компарираат добиените факторски структури меѓу момчињата и девојчињата. Резултатите се обработени со основни статистички параметри, Колмогоров-Смирновата постапка, факторската анализа и такерови коефициенти на конгруенција. И кај двете групи, според функционалниот пристап, првиот облимин фактор и во паралелните и ортогоналните прокции може да се дефинира како механизам за регулирање на движењата, а вториот фактор е дефиниран како механизам на функционална синергија и регулирање на тонусот. Меѓутоа, само првиот фактор беше идентичен кај двата примерока.*

Од приложеното може да се констатира дека кандидатот д-р Серјожа Гонтарев ги проучува кинезиолошките феномени од повеќе аспекти. Од неговиот опус може да се види дека успешно ги следи современите трендови и ги применува најсовремените научни методи. Најновите теоретски сознанија тој успешно ги имплементира во повеќето спортови во кои е вклучен.

## 2. ЕЛЕНА СОКЛЕВСКА - ИЛИЕВСКИ

### Биографски податоци

Кандидатката м-р Елена Соклевска – Илиевски е родена на 5.I.1983 година во Битола. На Факултетот за физичка култура во Скопје

дипломирала на 7.VII2005 година со средна оценка 9,29. Предвидените испити на постдипломските магистерски студии ги положила со средна оценка 9,33 и на 19.III2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема "Структура на карате елементите во спортската борба и нивното влијание врз постигнатиот успех". Во 2012 година на Факултетот за физичка култура во Скопје пријавила проект за докторска дисертација кој е во фаза на реализација.

**Спортска и педагошка активност**

Кандидатката од својата најрана младост е активно вклучена во карате-спортот каде што била државен првак во кадетска, јуниорска и сениорска конкуренција. Со македонската шото-кан репрезентација учествувала на повеќе балкански првенства и на голем број меѓународни турнири во јуниорска конкуренција. Носител е на мајсторски појас - црн појас 1 дан.

- Од 1.X2007 до 30.IX2008 година, ангажирана е како соработник (помлад асистент) на предметот специјално физичко образование во Полициската академија во Скопје.

- Од 1.X2008 до 1.VI2009 година, ангажирана е како демонстратор на предметот специјално физичко образование на Факултетот за безбедност во Скопје.

- Од 15.II2009 до 15.VI2010 година, ангажирана е како асистент по спортски вештини на Интернационалниот универзитет во Нови Пазар (дисперзирани студии на Правниот факултет во Ниш).

За сите наведени ангажмани кандидатката има доставено уредна документација.

Кандидатката има објавено 4 научни труда:

- "Анализа на релацијата помеѓу ставот на студентите за предметната програма по специјално физичко образование и добиената оцена при завршното полагање на испитот";
- "Анализа на структурални промени и разлики во биомоторните димензии кај двете генерации студенти на Факултетот за безбедност по двегодишен едукативен процес";
- "Валидност, релијабилност и осетливост теста ударац ногом – Мае гери";
- "Факторска структура неких специфичних и базично моторичких тестова за оцењивање моторике, код каратиста узраста од – до година".

Од приложените наслови може да се забележи дека интересот на кандидатката е насочен кон проучување на манифестациите во карате - спортот, што секако претставува поле во коешто може да даде голем придонес во теоретската и научната мисла. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Елена Соклевска – Илиевски ги задоволува формалните барања предвидени со конкурсот, меѓутоа нејзината активност е насочена во конкретна област и наша проценка е дека нема во целост да ги задоволи потребите за конкретното работно место за кое конкурира.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Серјожа Гонтарев во целост ги задоволува потребните барања предвидени со конкурсот за избор на соработник - асистент на научната област применета кинезиологија, кој покрај обемниот мултидисциплинарен опус го има и највисокиот академски степен на образование.

Имајќи го предвид погоре наведеното, притоа ценејќи ги севкупните спортски и педагошки квалитети, определбата за научноистражувачка работа и желбата за стручно усовршување, кои се неопходни за работното место за кое конкурира, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, кандидатот **д-р Серјожа Гонтарев** да биде избран за соработник - асистент на научната област **применета кинезиологија.**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вујица Живковиќ – претседател с.р
2. Проф. д-р Милан Наумовски – член с.р.
3. Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: „БАЛКАНСКАТА АНТАНТА ОД 1934 до 1941 ГОДИНА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ“ ОД М-Р ИВАНКА ДОДОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 31. 8. 2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Иванка Додовска под наслов **„Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање“**, во следниов состав: проф. д-р Билјана Поповска, (ментор), проф. д-р Борче Давитковски, доц. д-р Мелина Гризо, доц. д-р Мишо Докмановиќ и доц. д-р Јасна Бачовска. Комисијата ја прочита и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## I
## Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Иванка Додовска е труд сочинет од пет дела или глави, со воведен и заклучен дел на самиот крај од трудот, во кои се применети: методот на историска анализа (историографски метод), методите на анализа и синтеза на научните сознанија до кои е дојдено при анализата, методите на индукција и дедукција, како и компаративниот метод. Овој докторски труд содржи 235 страници, компјутерски обработен текст, со проред 1.5, прилог на документи и богата библиографија.

Во воведниот дел од трудот, м-р Иванка Додовска ги објаснила промените на Балканот кои настанале како резултат на Првата светска војна. Во воведот, таа мошне успешно навлегла во темата на своето истражување, при што уште на самиот почеток ги поставила главните параметри на геостратешката поставеност на Балканскиот Полуостров, преку која ги развила улогите и активностите како на балканските држави, така и на големите европски сили во периодот меѓу двете светски војни. Во оваа смисла, м-р Додовска, ја поставила и носечката теза на својата докторска дисертација според која ги развила петте главни дела на овој мултидисциплинарен труд.

Во првиот дел, насловен како: **Европските сили и склучувањето на Балканскиот пакт**, кандидатката ја прикажува ситуацијата во Европа по завршувањето на Првата светска војна. Таа, констатирала дека во првите години по завршувањето на Првата светска војна, Франција претставувала најмоќна држава на европскиот континент. Преку описот на распоредот на силите на европскиот континент, м-р Додовска, направила извонредна геополитичка анализа со која ги обработила причините и условите кои придонесоа за создавањето на регионалниот одбранбен сојуз наречен Мала Антанта помеѓу: Југославија, Чехословачка и Романија. Таа, констатирала дека: (цит.): „Со повлекувањето на САД од европската политичка сцена во 1919 година, Велика Британија и Франција останале сами да ги бранат версајските одлуки од Германија и СССР, а на кои многу набргу во текот на дваесеттите години од XX век им се придружила и Италија. Иако овие сили не дејствувале синхронизирано, барем не на почетокот, длабокиот раздор помеѓу големите сили станал главната причина на произведувањето на постојаните судири во дипломатските односи во целиот меѓувоен период.“ Понатаму, во овој дел кандидатката ја третирала улогата на големите сили во склучувањето на Балканскиот пакт, понатаму преговорите на балканските држави за склучувањето на Балканскиот пакт, како и деталната историско-правна анализа на самиот Балкански пакт, склучен на 9 февруари 1934 година. На самиот крај од овој дел, кандидатката Додовска се осврнала на анализата која го третира прашањето околу улогата на Балканскиот пакт во распоредувањето на геополитичките сили на Балканот се до започнувањето на Втората светска војна, при што таа мошне умесно ќе констатира дека: „По распадот на Хабсбуршката империја, доминантната улога на Италија и на Франција во Југоисточниот дел на Европа, во меѓувоениот период, била условена од една страна од „советизирањето“ на Русија и од

поразот на Германија, а од друга страна од поволната геостратешка поставеност преку која можеле да влијаат врз: Чехословачка, Полска, Австрија, Романија, Естонија, Литванија, Летонија, Унгарија, Југославија, Грција, Бугарија, Турција и врз Албанија. Променетите околности кои завладеале на европскиот континент во предвечерјето на Втората светска војна, го разбиле од темел овој доминантно француски безбедносен систем и му ја отвориле вратата на тоталното уништување". На самиот крај од првиот дел, Додовска дава еден општ заклучок со кој ги сублимира највакните делови од оваа целина.

Во вториот дел, насловен како: **Македонското прашање во односите помеѓу балканските држави до 1934 година**, Додовска ја истражувала генезата на македонското прашање во корелација со новонастанатите прилики, по Првата светска војна. Во овој дел таа ги опфатила приликите во кои се наоѓало македонското прашање во Кралството Југославија, Царството Бугарија и Кралството Грција во мај 1934 година. Покрај анализата на третманот кон македонското прашање во рамките на трите соседни држави, Додовска во овој дел се осврнала и кон анализата на македонското прашање во билатералните односи меѓу Кралството Југославија и Царството Бугарија до периодот на склучувањето на Балканскиот пакт во 1934 година. Во овој дел од трудот, таа констатирала дека: „решавањето на македонското прашање во респективниот период на ова истражување не било условено само од внатрешните политички аспекти на балканските држави делителки на етничка Македонија, туку тоа во својата генеза ги носело никулците на потрагата по реалниот статус a pro po концептот за создавањето на националната држава, т.е. било директно детерминирано во национална, во географска и, секако, и во државна смисла." Според тоа, м-р Додовска заклучува дека: „улогата на бројните македонски емигрантски, легални, полулегални или нелегални организации, особено во Бугарија, но и во другите европски земји, на сопствен начин успешно или промашено биле упатени кон неговото конечно решавање." Посебно, таа го потенцирала и силното етничко чистење на македонските етнички елементи во Егејска Македонија, во истоимениот период, повикувајќи се на изворите кои недвосмислено потврдуваат дека огромниот интерес на државните власти во Југославија и Бугарија, контра односот на грчката асимилаторска политика и покрај тоа што стриктно се воделе во корист на нивните државни политики во однос на македонското прашање, истовремено тие јасно ја изведе посебноста на

македонскиот етнички елемент во Грција. На самиот крај од вториот дел, Додовска дава еден општ заклучок со кој ги сублимира најважните делови од оваа целина.

Во третиот дел, насловен како: **Македонските организации во периодот меѓу двете светски војни - Балканскиот пакт и македонското прашање**, кандидатката детално го разработила македонското емигрантско и револуционерно движење меѓу двете светски војни. Во овој дел, м-р Додовска направила и една општа периодизација на македонското револуционерно движење во која определила седум фази од развојот на револуционерната организација, започнувајќи од 23 октомври 1893 година, кога била создадена Тајната македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО), а заклучувајќи со 2 август 1944 година, т.е. со одлуките на АСНОМ, во манастирот Св. Прохор Пчински. Во рамките на овој дел, таа се осврнала на историско-политичката анализа на: Серската група, Илинденската организација, Привремената комисија на македонската емиграција, ВМРО (Обединета), на односот на комунистичките партии на Балканот и македонското прашање, понатаму на автономистичката струја во ВМРО по Првата светска војна, на ВМРО (Михајловистичка) и на ВМРО (Протогеровистичка), како и на Македонската младинска тајна револуционерна организација. Како последно подглавје на овој дел од докторската дисертација, Додовска го обработила распуштањето на ВМРО при што констатирала дека: „веќе во овој период ВМРО и без друго веќе била расцепкана на повеќе делови и струи, кои иако под името на една партија, работеле со различни цели, средства и интереси, односно застапувале различни платформи...“. Оттаму, смета кандидатката: „формалното згаснување на ВМРО се смета со самата негова забрана во границите на Бугарија, меѓутоа тоа не значело и дека организацијата целосно заминала од македонската политичка сцена. Стравот кај бугарското државно раководство дека ВМРО може да се реанимира довел до комплетна забрана на секакво здружување на македонските емигранти во границите на Бугарија, па дури било забрането и да се празнуваат македонските народни празници, Илинден, Гоцевиот ден, годишнината од Крушевската република итн.. односно се водело акција против сè што можело да го добие епитетот македонско. Распуштањето на ВМРО, оваа организација присилно го одделило од македонскиот народ во сите делови од расцепкана Македонија, меѓутоа организацијата се претворила во надворешна емигрантска организација и продолжила да дејствува низ Европа и во Америка, помеѓу македонските иселеници“, заклучува таа. На самиот крај од

третиот дел, Додовска дава еден општ заклучок во кој констатирала дека: „почетокот на Втората светска војна го затекло македонското прашање во стагнација, во тешка и дифузна поделеност и во обесправеност."

Во четвртиот дел, насловен како: **Балканските односи и македонското прашање од 1934 до 1940 година,** кандидатката Додовска ги анализирала меѓувоените пактови на балканските држави во 30-тите години од XX век, како и нивниот однос кон македонското прашање. Во рамките на овој дел, Додовска се осврнала и на меѓународните односи помеѓу Кралството Југославија и Царството Бугарија, во периодот од 1934 до 1941 година, како и на македонското прашање во дипломатските преговори помеѓу Кралството Југославија и Царството Бугарија во периодот од 1934 до 1941 година. Помеѓу другото, кандидатката констатирала дека: „во 30-тите години, од XX век, состојбата во Централна и во Југоисточна Европа била под постојан притисок на настанатата економска депресија. Италија, ползувајќи ја ваквата напнатост во регионот, ги зголемила своите иредентистички активности на Балканот, посебно по течението на реката Дунав. Покрај тоа, црвена точка во меѓудржавните односи на Балканот и понатаму останала конфронтацијата помеѓу Рим и Белград." Понатаму, м-р Додовска заклучува дека: „ нестабилноста и ослабнатата меѓународна политика помеѓу државите членки во овој период влијаела врз ронењето на регионалниот безбедносен систем, со што го довела во прашање концептот на францускиот поредок во меѓународните односи. Подготвеноста на Малата Антанта да вклучи воени мерки во одбрана на своите интереси, била осудена како манифестација на застарениот менталитет, кој не водел нигде, или во ниеден случај не го гарантирал версајскиот поредок." Како дополнителна причина, Додовска ја определува улогата на Италија, чијшто продор во овој период во меѓубалканските односи бил во голема мера засилен и од победата на нацизмот во Германија. Според неа, овие промени ги засегнале и односите како помеѓу големите сили, така и помеѓу балканските држави. Покрај нив, таа ни зборува и за растечкото влијание од Исток, кое исто така влијаело на ургентноста од изнаоѓањето на начини со кои би се тампонирало и дополнително би се заштитило неменувањето на версајските граници. Од овие причини, ваквата состојба, најдиректно ја инволвирала француската дипломатска стратегија која со намера да го неутрализира ширењето на советскиот бран во Европа, го прифатила извесното француско-советско затоплување во меѓународните односи, ќе констатира кандидатката.

На самиот крај од четвртиот дел, т.е. во заклучните согледувања од оваа глава, м-р Иванка Додовска ќе констатира дека: „Во периодот од 1934 до 1940 година, т.е. во последното одбројување пред започнувањето на Втората светска војна, македонскиот народ останал поделен помеѓу трите балкански држави. Во периодот пред најмасовниот воен судир во историјата на човештвото, македонското прашање осамнало разединето. Во овој период, Југославија претставувала битен субјект во меѓународните односи, преку својата доминантна улога во рамките на Малата Антанта и на Балканската Антанта, што пак за големите сили било од особено значење, за одржувањето на рамнотежата на силите во Централна Европа." Покрај ова, таа смета исто така дека овој период го означиле и големиот број на билатерални договори и заемни согласности кои ги потпишувале балканските држави, а на ова се надоврзало и затоплувањето на меѓусебните односи помеѓу Бугарија и Југославија. Оттаму, таа смета дека склучувањето на југословенско-бугарскиот пакт за вечно пријателство, во 1937 година, неоспорно претставувал еден дипломатски маневар во бугарската изолирана политичка ситуација. Овој пресврт во балканската политика, сериозно ја разнишал и влијаел врз стабилноста и довербата помеѓу државите-членки на Балканската Антанта, бидејќи тој ги загрозувал државните и безбедносните интереси на останатите членки на Антантата. Но, како најбитно од сè, смета Додовска, самиот акт на потпишувањето на југословенско-бугарскиот договор за „Вечно пријателство и сојуз" од 1937 година, претставувал прв дисконтинуитет на бугарската политика кон него, т.е. со него за прв пат, иако со краток рок на траење, бугарската великодржавна стратегија не го поставила како врвен приоритет решавањето на македонското прашање.

Во петтиот дел, насловен како: **Државно-правните гледишта околу решавањето на македонското прашање,** м-р Иванка Додовска ги анализирала ставовите и гледиштата на македонските дејци за македонското прашање, понатаму таа ги истражувала влијанијата на македонските емигрантски организации во поглед на македонското прашање и на самиот крај, кандидатката Додовска го заокружила своето обемно и темелно истражување со последното потпоглавје насловено како: „Македонското прашање во предвечерјето на Втората светска војна". Според неа, по санкционирањето на поделбата на Македонија на Парискиот мировна конференција, било извршено разбивање на македонската територија и како етнографска и како економска целина. Од оваа причина,

овој чин претставувал вистинска катастрофа по социјалните и економските услови на македонскиот народ, бидејќи со прекратувањето на природните текови помеѓу трите дела на Македонија, а особено со прекинувањето на конекциите со нејзиниот центар, т.е. со Солун, македонскиот народ се нашол во една мошне тешка и неизвесна положба која изискува време и нови поповолни меѓународни услови. Додовска ја доловува мрачната состојба во која се нашле македонските емигранти, но и оние што останале под асимилаторскиот и денационализаторскиот гнет на Југославија, Бугарија и Грција, врз кои постојано се наметнувало прашањето за причините поради кои се нашле во таквата мизерна судбина. Оттаму, најголемиот дел од македонските емигранти и бегалци, смета таа, постојано сонувале за обединета Македонија. Ова ги зголемило можностите за манипулација со македонските национални чувства, особено за разните политички цели, бидејќи духовната состојба кај македонските маси ги придвижувала секој пат кога ќе се сретнеле со минималната можност за враќање кон своите огништа. Меѓутоа, исто така овие илузии кај македонската емиграција ги поттикнувале и за изнаоѓањето на можните предизвици кон идното македонско национално и државно обединување, ќе заклучи Додовска. На самиот крај од петтиот дел, Додовска наместо заклучок го навела „Политичкиот катехизис на македонските федералисти", со кој комплетно ја доловила сликата за прогресивното македонско движење помеѓу двете светски војни.

Во **заклучокот** од овој докторски труд, м-р Иванка Додовска, констатирала дека: „историски факт е дека со конечното распаѓање и со трансформацијата на трите огромни хегемонии во Европа се нарушил системот на рамнотежа кој го условил агресивниот национализам и барањето на новите идентитети. Тие, застанувајќи на меѓународната арена, со посилен или послаб капацитет, се разбира во зависност од геостратешката позиционираност, но сите истоветно, се распределиле на големата шахофска табла, со намера да ги реализираат своите политички цели." Од овие причини и во ваквата констелација на односи, смета Додовска, Македонија претставувала спорен регион на Балканот. Таа не била независна држава уште од 4 век пр.н.е., а се наоѓала наизменично под византиската, а подоцна и под петвековната турска власт. Понатаму, таа заклучува дека: „соработката која довела до потпишувањето на Балканскиот пакт и до создавањето на Балканската Антанта на 9 февруари 1934 година, а која започнала со одржувањето на балканските конференции од 1930 до 1933 година, својата основа ја

изградила врз тенденциите за ненапаѓање и за арбитража при зачувувањето на територијалниот статус кво на Балканскиот Полуостров. Но, условите во Европа и растечкиот бран на екстремниот национализам кој се проширил како чума, не ги одминал ни балканските држави. На некој начин, политичката репресија станала се поприсутна во целиот регион на Југоисточна Европа. Владетелите од целиот балкански простор ги отфрлиле демократските начела, кои на некој начин значеле и еден вид почеток на разбивање на веќе склучените регионални пактови." Според неа, самиот акт на потпишувањето на париските мировни договори за македонското прашање имал две значења. Првото било содржано во фактот дека, со Париските мировни договори, покрај другите одлуки, била извршена ревизијата на Букурешкиот мировен договор од 1913 година, и со нивните решенија биле зацементирани на долг рок територијалните придобивки на балканските држави, за сметка на создавањето на македонската држава. Второто значело дека, формално-правно, македонското национално малцинство, со одлуките од Версај не било признаено, пред се поради фактот што големите сили не го земале предвид создавањето на македонската држава, за сметка на тогашните соседни монархии т.е. на Грција, Србија, Бугарија и на Албанија. Ова придонело, ќе констатира м-р Додовска, до поместување и на македонското националреволуционерно движење. Ваквата неприродна поделба, според неа, придонела кон подвојувањето во идеолошката матрица на автохтоното македонско движење и истата се раслоила на двете идеолошки спротивставени страни. Познато е вели кандидатката дека првата се приклучила кон претопувањето со идејните и политичките цели на бугарското општество, а другата останала да се бори за автохтоната идеја, но во мошне неповолни услови. Како завршен цитат, во своите заклучни согледувања таа констатира дека ваквите неповолни услови по македонското прашање, ќе го постават повторно на дневен ред, како и пред шансата за своето повторно реактуелизирање кое станало со асномските одлуки од 2 август 1944 година.

Во продолжение на докторскиот труд, м-р Иванка Додовска ни приложила одбрани документи поврзани со темата на научното истражување. На самиот крај од трудот е дадена и целосната библиографија која кандидатката ја користела за работа на докторската дисертација.

## II

## Оцена на трудот

1. Докторската дисертација на кандидатката **м-р Иванка Додовска** претставува нов и оригинален труд кој изобилува со огромен број на податоци кои се релевантни на пријавената теза на истражување. Во поглед на приложената богата архивска и библиографска граѓа неоспорна е констатацијата дека м-р Додовска извршила едно мошне темелно истражување на македонското прашање кое мошне умешно го поврзала со една геополитичка тематика како што е во случајов создавањето и влијанието на регионално-безбедносните пактови во Југоисточна Европа, или поконкретно, како што станува збор во ова одлично истражување за склучувањето на Балканскиот пакт или попознат како Балканската Антанта.

2. Во поглед на зададената научна теза на истражување, во текот на нејзиното истражување, а за кое во прилог ја имаме изготвената докторска дисертација, сметаме дека нашата колешка м-р Иванка Додовска успешно ја изработила и одговорила на основната теза на докторската дисертација, со што дала придонес во современата македонска наука која се занимава со политичките процеси на македонското прашање.

3. Во текот на обработката на трудот на м-р Иванка Додовска, Комисијата за оцена заклучи дека докторската дисертација одговара на основните методолошки барања кои се потребни за подготовка на еден ваков труд, кој надополнувајќи ги со еден вид анализа во завршниот дел и давајќи свои заклучоци и препораки претставува издржан научен труд.

4. Сметаме дека со успешната изработка на докторскиот труд под наслов „Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање", нашата помлада колешка м-р Иванка Додовска докажа дека е подготвена за повисоките академски предизвици, на кои не се сомневаме дека ќе одговори со целосна посветеност и елан, како што работеше и досега.

5. Од погоре изнесеното, Комисијата за оцен и одбрана на докторската дисертација насловена како **„Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање“**, од м-р Иванка Додовска, го дава следново мислење:

Врз основа на изложената оцена, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на **м-р Иванка Додовска**, му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Иванка Додовска** под наслов **„Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање“**.

Скопје, 3.9.2012

**Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација**

1. **Проф. д-р Билјана Поповска (ментор), с.р.**
2. **Проф. д-р Борче Давитковски,с.р.**
3. **Доц. д-р Мелина Гризо, с.р.**
4. **Доц. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**
5. **Доц. д-р Јасна Бачовска, с.р**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ НАСПРОТИ НОВИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛИТЕТ“ ОД М-Р ЦЕМАЛИ САИТИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на седницата одржана на 31.5.2012 година, донесе одлука со која формира Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Цемали Саити под наслов **„Алтернативните мерки наспроти новите облици на криминалитет“**, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф.д-р Методија Каневчев, проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Бужаровска и доц. д-р Александра Деаноска Трендафилова. Комисијата за оцена на докторската дисертација ја прочита, ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### I.

### Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатот м-р Цемали Саити е труд сочинет од шест дела, во кои се применети правно-догматскиот, историскиот и компаративниот метод, како и анализа на законски решенија и решенија од судската практика, при што е спроведено и емпириско истражување.

Првиот дел, **Кривични санкции, историски развој и видови на алтернативни мерки**, почнува со теоретските погледи за казнените санкции, историските димензии и нивниот развој, продолжува со видовите на казнени санкции, критиките на казната затвор и пренатрупаноста на затворите, проследени со статистички податоци кои даваат

корисни вредносни судови за цената на чинење на еден ден затвор и други трошоци, пренатрупаноста на затворите и други вредносни параметри.

Во овој дел кандидатот ги изложува општите ставови за алтернативните мерки, поимот, предностите, критиките и видовите на алтернативни мерки согласно со повеќето теории и релевантни институции (мерки што се применуваат во преткривичната постапка, мерки што се применуваат во самата кривична постапка, мерки што се применуваат по завршувањето на кривичната постапка – во текот на извршувањето на казната). Во продолжение, кандидатот ги изложува видовите алтернативни мерки, со посебен осврт кон пробациската служба и пробацискиот службеник за да заврши со согледувањето на процесноправните аспекти при примената на алтернативните санкции.

Во вториот дел, **Некои согледувања за новите облици на криминалитет**, кандидатот се осврнува кон некои од новите и зачестени облици на криминал, при што како криминал од таков вид ги определува: компјутерскиот криминалитет, сообраќајниот криминалитет, злоупотребата на дрогите, еколошкиот криминалитет, стопанскиот криминалитет, спортското хулиганство и други облици на криминал. Потоа се осврнува и на организираниот и малолетничкиот криминалитет, во обид да направи и, се чини со успех, вредносна дигресија на криминалот во функција на соодветениот казненоправен пристап, преку примената на мерките во заедницата и други алтернативи.

Во третиот дел, со наслов **Компаративна анализа,** кандидатот ги согледува компаративните искуства кои се однесуваат на алтернативните санкции во правните системи на некои од земјите на Југоисточна Европа како што се: Албанија, Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово, при што е избран пристапот на еквивалентна споредба на одделни казненоправни институти и сатитистички показатели кои се однесуваат на примената на алтернативните мерки во земјите предмет на компарацијата.

Четвртиот дел, **Казненоправниот систем на Република Македонија и алтернативните мерки,** содржи детална анализа на нашите законски решенија кои се однесуваат на алтернативните мерки.

Почнува со законското определување на овие мерки во материјалниот закон, при што како појдовна основа го користи КЗ на РМ (Сл.весник на РМ бр.80/99, 4/03,

43/03, 19/04, 81/05,60/06, 73/07, 87/07, 7/08, 139/08,114/09 и 51/2011), за да продолжи со мерките кои се применуваат по изрекувањето на казната затвор и мерките од процесноправен карактер пред донесување на пресуда, се посебен осврт кон начелото на опортунитет во казнениот систем на Република Македонија.

На крајот на овој дел се сместени одредени процесни прашања кои се однесуваат на постапката за изрекување и извршување на алтернативните мерки, органите надлежни за извршување на алтернативните мерки и надзорот над извршувањето на алтернативните мерки, изложувајќи ги законските решенија од ЗКП и Законот за извршување на санкциите, притоа сето ова проследено со примери од судската практика и коментари во однос на нив.

Во петтиот дел, **Примената на алтернативните мерки во Република Македонија,** кандидатот се осврнува на примената на алтернативните мерки користејќи ја официјалната статистика и податоците од спроведеното емпириското истражување и анализираните примери од судската практика. Притоа, при планирањето на истражувањето, грижливо е определена структурата на испитаниците и поставените прашања, со кои е дојдено до релевантни податоци и ставови потребни за потврдување на поставените хипотези. Избрана е соодветна целна група на кривични дела кои треба да ги потврдат или негираат поставените хипотези, така што од систематизираните резултати на истражувањето јасно е дека е применета соодветна научна методологија.

Структурата на овој дел од трудот е поставена на начин што овозможува јасен преглед на поставените цели на трудот, со логичен редослед на одделните категории. На почетокот кандидатот ги изложува податоците за општите состојби со криминалот во Република Македонија од 2000 до 2010 година и податоците за движењето на криминалот по години за одделни кривични дела и изречените санкции, со посебен осврт кон некои од новите и зачестени облици на кривични дела. Потоа следува прегледот на краткотрајните казни затвор по години и повратот за период 2005-2010 година, за да продолжи со пристапот на судската власт кон алтернативните мерки, како индикатор за опсервација на состојбите со примената на алтернативните мерки и тоа преку обработка на конкретни судски предмети кои продуцираат еквивалентни становишта кои се потврдуваат со одговорите од спроведената анкета.

Во овој дел, кандидатот ги вкрстува можните причини за малата примена на алтернативнте мерки во Република Македонија, обидувајќи се движењето на криминалните бројки да го сегментира во рамките на определивите причинители.

Во продолжение кандидатот дава преглед за примената на условната осуда во периодот 1990 – 2010 година, со посебен осврт кон видовите на условни осуди за периодот 2006-2010 година, висината на утврдените казни затвор и видот на кривичните дела над кои таа е применета. Од посебниот приказ за примената на алтернативните мерки кај новите облици на кривични дела за периодот 2007-2010 година, кандидатот заклучува дека над сторителите на овие кривични дела, во овој период е применета само условната осуда и судската опомена, при што се забележува постојан пад на примената на судската опомена.

Статистички е опфатен и институтот условен отпуст и тоа во однос на бројот на поднесени и уважени молби и предлози за условен отпуст, висината на казната затвор на лицата на кои им бил дозволен условниот отпуст, како и податоци за должината на одобрениот условен отпуст за истиот период, со коментар над нив.

Трудот содржи валидни бројки и за примената на начелото на опортунитет, при што опфатени се податоци за периодот 2006 – 2010 година, кои се споредуваат со податоците од почетокот на примената на ова начело во Република Македонија.

Во емпириското истражување кандидатот доаѓа до релевантни податоци и ставови за алтернативните мерки и нивната примена. Тргнувајќи од поставените цели, истражувањето покажа дека изборот на структурата на испитаници бил правилен, а со оглед на спецификите на предметот на истражувањето и добиените одговори.

Од ова истражување е добиена задоволителна количина на релевантни податоци и факти во однос на алтернативните мерки и нивната примена, кои произлегуваат од одговорите на прашањата кои се поставени на начин, што имаат логичен редослед и со точно утврдена цел во однос на очекуваните одговори.

На крајот од тезата, кандидатот опсежно ги презентира **заклучоците и предлозите** до кои дошол при нејзината подготовка и изработка.

## II.
## Оцена на трудот

1. Докторската дисертација на кандидатот **м-р Џемали Саити** претставува самостоен труд на авторот, кој обработува една мошне значајна тема од областа на казненото право и има особен научен придонес. Предмет на истражување на докторската дисертација претставува анализа и проучување на алтернативните мерки и нивната примена наспроти новите облици на криминал, со посебен осврт на нивната нормативна поставеност и апликативност во Република Македонија.

Содржински, во однос на домашните законски одредби, темата е разработена од аспект на повеќе законски текста на Кривичниот законик, ЗКП, Законот за извршување на санкциите и останати законски решенија поврзани со оваа материа, при што во делот на примената на алтернативните мерки трудот изобилува со бројни статистички податоци, примери од судската практика и релевантно емпириско истражување компарирано со официјалните статистики и ставови на судската практика.

Темата под наслов „Алтернативните мерки наспроти новите облици на криминалитет" има за цел да ја објасни казненоправната важност на алтернативните мерки, како соодветен институционален одговор кон определени асоцијални однесувања и нивната натамошна апликативна надградба, воедно согледувајќи ги искуствата на земјите во регионот и релевантните меѓународните акти и документи.

Докторската дисертација на м-р Џемали Саити, претставува збогатување на нашата казнена литература, имајќи предвид дека изработката на трудот се карактеризира со јасност и систематичност во претставувањето на проблемите и ставовите, предлозите и заклучоците. Трудот е пишуван со стил што е читлив и разбирлив, со јасна мисла, достапен и за обичниот читател.

2. Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Џемали Саити заклучува дека таа одговара на основните методолошки барања за подготовка на докторски труд и дека со анализата на предметот на истражувањето и заклучните согледувања и предлози, таа претставува издржан и сериозен научен труд, кој е придонес кон развивањето на казненото процесно право во област која досега кај нас не е постудиозно истражувана.

Врз основа на изложената оцена, Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Џемали Саити, му предлага на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Џемали Саити под наслов **„Алтернативните мерки наспроти новите облици на криминалитет"**.

Скопје, 25.8.2012

**Комисија за оцена на докторската дисертација**

1. **Акад. проф. д-р Владо Камбовски** **с.р.**

2. **Проф. д-р Методија Каневчев** **с.р.**

3. **Проф. д-р Никола Тупанчески** **с.р.**

4. **Проф. д-р Гордана Бижаровска** **с.р.**

5. **Доц. д-р Александра Деаноска Трендафилова** **с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 10 септември 2012 година, донесе одлука бр. 0201-2376/6 од 10 септември 2012, со која е формирана Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
2. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
3. д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да напишат реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, за кандидатот д-р Деан Јанкулоски, асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Откако ја прегледа доставената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, објавен во дневните весници "Нова Македонија" со број 22.661, година LXVII и "Koha" со број 1694, година VI, од 22 август 2012 година, се пријави единствено д-р Деан Јанкулоски, вработен како асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Пријавениот кандидат ги има приложено потребните документи со кои ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и објавениот конкурс.

### 1. Биографски податоци за кандидатот:

Д-р Деан Јанкулоски е роден на 23 септември 1973 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното ветеринарно училиште ги завршил во Скопје. На Ветеринарниот факултет во Скопје се запишал во учебната 1992/93 година, а дипломирал во 1999 година и се стекнал со звањето доктор по ветеринарна медицина (ДВМ).

На 27 јануари 2003 година е избран во звањето помлад асистент по предметот хигиена и технологија на месо, риби, јајца и нивните производи (Одлука на ННС бр. 0201-31/1), согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 819 од 15 јануари 2003 година.

На 23 јуни 2006 година е избран во соработничкото звање помлад асистент по предметот Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и нивните производи (Одлука на ННС бр. 0201-2337/6) согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 898 од 1 јуни 2006 година.

Постдипломските студии ги запишал на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во учебната 2005/2006 година. На 25 јули 2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Контаминација со *Listeria monocytogenes* во погоните за производство и преработка на прехранбени производи од анимално потекло во Република Македонија" и се стекнал со звањето магистер по квалитет и безбедност на храна.

На 30 ноември 2007 година е избран во соработничкото звање асистент од научната област Безбедност на храната (Одлука на ННС бр. 0201-8311/3) согласно со

рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 930 од 15 ноември 2007 година.

На 28 октомври 2010 година е избран во соработничкото звање асистент од научната област безбедност на храната (Одлука на ННС бр. 0201-3391/3), согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 993 од 1 октомври 2010 година.

На 10 август 2012 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Генетска типизација на изолатите од *Listeria monocytogenes* по должина на синцирот на храна во Република Македонија и нивното влијание врз производството на безбедна храна", со што се здобил со научниот степен-доктор на науки од областа на ветеринарната медицина.

Д-р Деан Јанкулоски во моментов е во редовен работен однос како асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**2. Стручни усовршувања**

Д-р Деан Јанкулоски, во периодот 19 март - 9 април 2003 година, учествувал во работата на Меѓународната работилница за ветеринарно јавно здравство, организирана од Министерството за надворешни работи и Министерството за змејоделство и рурален развој на Израел, Тел Авив, Израел.

Од 3 до 8 мај 2004 година учествувал во активностите на Работилницата за пластинација, организирана на Факултет за ветеринарна медицина во Скопје која се одржала во Скопје.

Од 3 септември до 29 ноември 2004 година бил на стручно усовршување во Универзитетот во Бристол, Велика Британија, како visiting fellow на Факултетот за ветеринарни науки, Оддел за клинички ветеринарни науки, каде што работел во Лабораторијата за микробиологија на храна при реализација на тековни проекти, како и на сопствени истражувања.

На 27 ноември 2004 година присуствувал на состанокот на Veterinary Public Health Association на тема "Заразни болести, надзор, епидемиологија и контрола" во Ланкашир, Велика Британија, каде што настапил со сопствена презентација за традиционални производи од анимално потекло во Република Македонија.

Во периодот од 25 мај до 3 јуни 2005 година учествувал на Семинарот за интеграција на млекопроизводството во ЕУ: "Стандарди за квалитет и потенцијал на регионалното брендирање на производите", организиран од InWent, кој се одржал во Чортау, Германија.

Во јули 2006 година учествува на семинарот „Презентација, апликации, предности и демонстрација на работа со Microfoss", организиран од Foss Analytical, одржан во Љубљана, Р. Словенија.

Од 22 до 24 март 2005 година успешно го положил курсот за обука на „Основи на HACCP", кој бил спроведен во согласност со барањата на ISO 19011:2002, организиран од SCG Bulgaria Ltd., одржан во Скопје, Р. Македонија.

Од септември 2005 до март 2006 година учествувал во сесијата за обука за „Basic in R&D project management and preparation of competitive proposal for FP6", организирана од GTZ, одржана во Скопје.

Од 2 октомври до 7 ноември 2007 успешно го завршил својот истражувачки престој на програмата за обука во САД на Универзитетот во Мисури под раководство на ментори во областа микробиологија на храна-PFGE, како стипендист на програмата на U.S.D.A. Norman E. Borlaug Fellow.

Од 10 до 12 октомври 2007 година учествувал на Меѓународниот HACCP-курс за обука од областа на теоретските и практичните аспекти на развој на HACCP-план и имплементација, која се одржала на Универзитетот Канзас во Канзас Сити, САД.

Во 2008, 2009 и 2012 година учествувал во работата на работилницата на EU-RL лабораторија за *Salmonella* во Билтховен, Холандија.

Од 27 до 29 март 2008 година учествувал во работилницата „Благостојба на животните: Европска рамка", организирана од Royal Society for the Prevention of Cruelty

to Animals и Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, одржана во Охрид, Р. Македонија.

Од ноември 2008 до мај 2010 бил учесник во проектот во „Red meat program", организација на Royal Society for the Prevention of Cruelty to Animals-RSPCA/WBVN. Во рамките на овој проект присуствувал на сите осум модули.

Во периодот од 1 до 28 ноември 2008 година бил CEEPUS-студент на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска, во рамките на програмата CII-AT-0107-03-0809.

Од 23 до 26 ноември 2008 година учествувал на 38 Хрватски симпозиум на експертите од областа на млекопроизводството, организиран од хрватските млекарски здуженија, одржан во Ловран, Хрватска.

Во 2008 година присуствувал на 3. Годишна работилница на EU-RL за *E. coli* во Рим, Италија, на која имал и своја презентација.

Во 2009 и 2011 година учествувал на работилниците организирани од EU-RL за *Campylobacter spp.* во Упсала, Шведска. При посетата во 2009 година имал и своја презентација.

Од 31 август до 3 септември 2009 година учествувал во активностите на „Workshop on understanding unconsciousness, stunning and slaughter", организирана од TAIEX AGR 329/7, во рамки на активностите од проектот „Универзитетска мрежа на Западен Балкан за благосостојба на животните".

Во периодот од 28 до 31 октомври 2009 година учествувал во работата на 4. Конгрес на микробиолозите на Македонија и на 6. Балкански конгрес за микробиолози одржан во Охрид, Р. Македонија, на кои имал усно излагање на свој научен труд.

Во периодот од 9 до 11 декември 2009 година го посетувал и го завршил курсот за обука за "Проценка на мерната неодреденост за хемичари и микробиолози" спонзориран од SIDA, а имплементиран од конзорциумот на SWEDAC и Националната администрација за храна на Шведска, одржана во Скопје.

Од 29 до 31 март 2010 година учествувал во работилницата „Автоматизирана микробиологија, Vidas, Vitek, Tempo", во организација на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје и bioMerieux-Франција, одржана во Скопје, Р. Македонија.

Од 22 до 24 септември 2010 година учествувал во-Обука за оценувач според стандардот ISO MKS 17025, организирана од Инстутутот за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје, Р. Македонија.

На 30 октомври 2010 година учествувал во работилницата „Репродукција и благосостојба на животните", организирана од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, одржана во Охрид, Р. Македонија.

Во периодот од 11 до 12 ноември 2010 година учествувал на Втората научна конференција „Квалитет и безбедност на храна", во организација на Универзитетот „Св. Климет Охридски" во Битола, Биотехнички факултет, одржана во Битола, Р. Македонија, на која имал усно излагање на сопствен научен труд.

Во периодот од 9 до 11 февруари 2011 година успешно ја завршил обуката „Валидација на аналитичките методи, пресметка на мерната несигурност и други прашања во микробиолошките тестирања", каде што присуствувал како експерт на ИАРМ од областа микробиологија, организирана во Акредитационо тело на Србија, како дел од РТВпроектот „Промоција на регионалната соработка во Југоисточна Европа во полето на инфраструктурата". Обуката е одржана во Белград, Р. Србија.

Во март 2011 година успешно ја завршил обука „Pulse Field Gel Electrophoresis and Fingerprinting Software", организирана од Bio-rad, одржана во Скопје, Р. Македонија.

На 23 септември 2011 присуствувал на EHEGD „World Congress on Hygienic Engineering & Design 20011-Macedonia", на кој имал и усна презентација на сопствен научен труд. Конгресот е одржан во Охрид, Р. Македонија.

На 20 декември 2011 година учествувал во Обука за оценувачи на теми од ISO 17025, организирана од Инстутутот за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје.

Од 10 до 12 мај 2011 година присуствувал на семинарот "Следливост и пресметка на мерната неодреденост во хемијата и микробиологијата", како дел од БАМ-проектот за техничка поддршка за изградба на капацитетите на Институтот за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје.

На 17 ноември 2011 година бил предавач на работилницата „Благосостојба на животните во кланица при производството на месо", во организација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Центар за благосостојба на животните, одржана во Скопје.

Од 30 до 31 мај 2011 година учествувал во работата на работилницата „Poultry welfare officer-farm training course", дел од проектот „Универзитетската мрежа на Западен Балкан за благосостојба на животните", одржана во Охрид, Р. Македонија.

Од 1 до 2 јуни 2011 година учествувал во работата на работилницата „Poultry welfare officer-processing", одржана од AWTraining, дел од проектот „Универзитетска мрежа на Западен Балкан" одржана во Охрид, Р. Македонија.

На 8 март 2012 година го посетил Ветеринарниот истражувачки институт во Солун, Р. Грција, со цел воспоставување научна соработка во областите на молекуларната микробиологија и паразитологија.

Од 20 до 22 март 2012 година учествувал на Обука за квалитет на лабораториски инфомациски системи, спонзориран од SIDA, а имплементиран од конзорциумот на SWEDAC и Националната администрација за храна на Шведска, одржана во Скопје.

Во периодот од 20 до 30 март 2012 година го посетил Институтот за микробиологија и паразитологија при Ветеринарниот факултет во Љубљана, Р. Словенија, со цел воспоставување научна соработка и стекнување нови знаења во областите типизација и антимикробна резистенција на патогените микроорганизми со потекло од храната.

**3. Наставно–образовна дејност**

Кандидатот д-р Деан Јанкулоски совесно и квалитетно ги изведува лабораториските и теренските вежби, како и аудиовизуелните вежби со примена на компјутерско-едукативни програми, врши редовни консултации и континуирани проверки со студентите по предметите хигиена и технологија на месо, риби, јајца и нивни производи и вовед во хигиена на храна.

Во 2006 година со Одлука на Наставно – научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје определен е за имплементација на кредит-трансфер системот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за V година на студирање (одлука бр. 0201-2027/10-2 од 6 јуни 2006 година).

Во 2006 година е член на Комисијата за евалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201-2027/8 од 6 јуни 2006 година).

Од 2009 година со Одлука на наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, назначен е за помошник-координатор на теренска практика за студенти од V година (Одлука бр. 0201-1027/10 од 16 март 2009 година)

Исто така, д-р Деан Јанкулоски на симпозиумот „Денови на ветеринарна медицина 2010", одржал секциско предавање со наслов „Карактеризација на антимикробна резистенција на изолатите од *Listeria monocytogenes* од кланици за мали преживари и живина".

Во 2011 година, на работилницата за „Благосостојба на животните во кланица при производство на месо", кандидатот д-р Деан Јанкулоски одржал предавања под наслов „Транспорт и истовар на животните во кланица" и „Религиозно колење и благосостојба на животните".

**4. Научноистражувачка дејност**

Д-р Деан Јанкулоски покрај наставно-образовната дејност, активно учествува и во научноистражувачката дејност. Таа активност е изразена со учество на неколку меѓународни научноистражувачки проекти, меѓу кои се:

1. меѓународен проект „The Western Balkans University Network for Animal Welfare" (од 1 септември 2008 до 31 декември 2010 година), со учество на универзитетите од Западен Балкан, Универзитетот од Бристол, Велика Британија и RSPCA-International;
2. меѓународен проект ERA 83 од SEE-ERA.NET PLUS иницијативата, која се однесува на Одржливо производство на традиционални сирења од локални раси овци на Балканот (2010-2012 година);
3. FP 7-меѓународен проект „Econ-Welfare" KBBE 1-1-2130095, реализиран во рамките на FP 7 програмата (2008 година-2011 година);
4. меѓународен проект, COST, European cooperation in science and technology, Action involvement FA1202, на тема „A European Network For Mitigating Bacterial Colonisation and Persistence On Foods and Food Processing Environments" (проектот е започнат во 2012 година).

Научната и стручната дејност кандидатот д-р Деан Јанкулоски ја извршува во Лабораторијата за микробиологија на храна и Лабораторијата за молекуларна микробиологија на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како и во Центарот за едукација за безбедност на храната и ветеринарно јавно здравство при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатот д-р Деан Јанкулоски има објавено, самостојно или во соработка, 43 труда, од кои 11 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 898 од 1 јуни 2006 година, бр. 930 од 15 ноември 2007 година, бр. 993 од 1 октомври 2010 година).

За овој избор, кандидатот ги има доставено следниве трудови за рецензирање:

1. Хајрулаи-Муслиу З., Секуловски П., Стојановска-Димзоска Б., Димитриеска-Стојковиќ Е., Јанкулоски Д., Сиљановски А. (2008). Определување на вкупни афлатоксини во суво и костенливо овошје присутни на македонскиот пазар, Македонски ветеринарен преглед, 31, (1) 43-47 (2008).

Цел на оваа студија било определување на вкупните афлатоксини во суво и костенливо овошје. Биле испитувани кикиритки, лешници, ореви, семки од тиква и суво грозје, и тоа само оние што се продаваат на пазар на отворени места. Од вкупно испитани 30 проби, 19 испитани примероци биле со вкупна концентрација на афлатоксини над лимитот на детекција, а 11 примероци биле со вкупна концентрација под лимитот на детекција.

2. Sekulovski, P., Mrenoski, S., Jankuloski, D. (2008). Survival of *Listeria monocytogenes* during manufacture and ripening of sheep brined cheese (ovco belo sirenje), Book of abstracts, FIL-IDF World diary summit & Exhibition, Mexico 2008.

Резултатите од ова истражување покажуваат дека контаминацијата на суровото млеко со *Listeria monocytogenes* резултира со нејзин раст во фазата на производство и зреење на овчото сирење. Зреењето на температура од 4°C во рок од 60 дена и овозможува на *Listeria monocytogenes* да преживее, па дури и го зголемува својот број. Зреењето на температура од 15°C во рок од 60 дена го намалува бројот на *Listeria monocytogenes*, но се уште недоволно за сирењето да се консумира без ризик по здравјето на потрошувачите.

3. Sekulovski P., Jankuloski D., Kostova S., Ratkova M., Angelovski Lj., Prodanov M. (2009). Practical experience in accreditation of microbiology laboratory. 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот е опишано практичното искуство на авторите при подготовката и успешната акредитација на микробиолошка лабораторија. Во одделни поглавја се опишани селекцијата и валидацијата на методите, подготовката и контролата на квалитетот на медиумите, управување со опремата и нејзината калибрација, како и учеството во меѓународните тестови за потврда на оспособеност.

4. Kostova S., Ratkova M., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Prodanov M. (2009). Микробиолошка исправност на мразот кој се употребува во пијалаци. 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот биле изолирани повеќе видови микроорганизми: *St. haemoliticus, St. Hominis, St. vitulinus, St. warneri, Dermatococcus, Enterococcus, Pasteurella pneumotropica, E. coli, Pseudomonas, Pantoea spp., Serratia liquefaciens, Aerococcus, Kocuria spp.* и др. Од испитаните примероци на 37°C, 43 мостри (86%) не го задоволиле критериумот, а било утврдено и присуство на фекални колиформни бактерии во 36 мостри (72%). Присуството на висок број колиформни, хетеротрофни и патогени микроорганизми укажува дека комерцијалниот мраз може да претставува потенцијална опасност за потрошувачот.

5. Ratkova M., Kostova S., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Prodanov M. (2009). Профил на антибиотска резистентност на изолати на *Escherichia coli, Staphylococcus aureus* и коагулаза негативни *Staphylococci* изолирани од сирења и кашкавали од домашно производство. 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во ова испитување вкупно биле испитани 135 мостри на сирења и кашкавали, притоа во 48,2% било утврдено присуство барем на еден од бараните видови бактерии, т.е. во 15,6% било утврдено присуство на *E.coli*, во 12,6% на *CNS*, во 5,9% на *St. aureus*, во 5,2% *E.coli* и *St. aureus*, во 3% *E.coli* и *CNS*, а во 5,9% биле утврдени сите три групи микроорганизми. Изолатите на *E.coli* (40) биле резистентни кон ампицилин и бацитрацин и сензитивни на амоксиклав, гентамицин, енрофлоксацин, ципрофлоксацин и триметосул. Сите изолати на *St. aureus* (15) биле резистентни кон бацитрацин, налидиксична киселина и окситетрациклин и сензитивни на гентамицин и ципрофлоксацин.

6. Nikolovska V., Sekulovski P., Jankuloski D. (2009). *Listeria monocytogenes* во сурово месо и производи од месо. 6th Balkan Congress of Microbiology, 28-31 October, 2009, Ohrid, Macedonia.

Во трудот се објавени резултатите од испитувањата на застапеноста на *Listeria monocytogenes* и останатите *Listeria spp.* во суровото месо и производите од месо како и процентуалната застапеност на *Listeria monocytogenes* во однос на другите припадници на *Listeria spp.* Од вкупно испитаните 260 мостри кај 30 (11.53%) била утврдена *Listeria monocytogenes*, кај 26 (10%) *Listeria welshimeri*, кај 4 (1.53%) *Listeria innocua* и по 3 (1.15%) *Listeria seeligeri* и *Listeria grayi*.

7. Јанкулоски Д., Проданов М., Ангеловски Љ., Раткова М., Костова С., Секуловски П. (2009). Истражување на улогата на официјалниот ветеринар во вкрстената контаминација на органите и трупот на линија за колење со примена на маркер микроорганизми. Мак. вет. прег. Vol. 32 (1) 45-53

Испитувани биле 12 комплети говедски и 18 комплети овчи органи и биле инокулирани со два лабораториски маркер микроорганизми *E. coli* K12 и *Pseudomonas fluorescens*. Органите биле поделени во три групи по 6 примероци. Прегледот на органите е вршен од примерок 1 до примерок 6 во три различни процедури: 1) без миење на рацете и санитација на ножот помеѓу секој поединечен примерок; 2) со миење на рацете и без санитација на ножот помеѓу секој поединечен примерок; 3) со миење на рацете и со санитација на ножот помеѓу секој поединечен примерок. Од брисевите земени од опремата и од рацете на прегледувачот по миењето било забележано дека и покрај миењето на опремата останувале маркер микроорганизми.

8. Ангеловски Љ., Секуловски П., Јанкулоски Д., Раткова М., Костова С., Проданов М. (2009). Присуство на патогени микроорганизми во сурово кравјо млеко. Мак. вет. прег. Vol. 32, (2) 53-58 (2009).

Во овој труд авторите испитале 133 мостри збирно сурово кравјо млеко земени од лактофризери. Кај 9,77% од примероците е детектирана *Listeria spp.*, кај 85,0% е детектиран *Staphylococcus spp.*, кај 46,0% била утврдена *E. coli* додека *Salmonella spp.* не била детектирана во ниту еден од земените примероци. Добиените

резултати укажуваат на фактот дека патогените микроорганизми важни за човековото здравје можат да се најдат во суровото кравјо млеко.

9. Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Kostova S., Prodanov M. (2009). Control of pathogen microorganisms in cheese production. III-rd Conference "Veterinary science and practice", Book of abstracts p.128-129. 01-02 Oct. 2009, Zagreb, Croatia.

Во овој труд, авторите анализирале 43 брисеви од раце на вработени. Биле испитани 3470 примероци на сурово млеко, 114 примероци на пастеризирано млеко, 174 брисеви од опрема и површини по методите и 240 примероци на сирење по методите. Добиените резултати покажале висока контаминација во сите фази на производство на сирење.

10. Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Kostova S., Prodanov M. (2010). Survey of microbiological quality of cakes and pastries sold in Skopje, Macedonia (2010) 5th Central European Congress on Food, 19-22 May 2010, Bratislava, Slovakia.

Во овој труд, авторите анализирале 70 мостри од 16 работилници. Од добиените резултати *S.aureus* 68.57% (n = 48) од примероците биле задоволителни, 31.42% (n=22) биле прифатливи и 0.0% (n=0) биле незадоволителни; *Enterobacteriaceae:* 60.0% (n = 42) од примероците биле задоволителни, 40.0% (n=28) биле прифатливи и 0.0% (n=0) биле незадоволителни; Вкупен број бактерии: 51.42% (n = 36) од примероците биле задоволителни, 45.71 (n=32) биле прифатливи и 2.85% (n= 2) биле незадоволителни;

11. Ratkova M., Kostova S., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Prodanov M. (2010). Antimicrobial resistance of *E. coli* and *Staphylococcus aureus* isolated from cheese and *Salmonella spp.* isolated from different types of raw meat. 5th Central European Congress on Food, 19-22 May 2010, Bratislava, Slovakia.

Во трудот, од вкупно 72 изолати на *Salmonella spp.,* кај 50 (69.4%) била докажана резистенција спрема еден антибиотик, 10 изолати (13.9%) биле резистентни на два антибиотика а останатите 12 изолати (16.7%) биле мултирезистентни. Од изолираните 40 изолати на *E. Coli* и 15 на *St. aureus,* само изолатите на *St. Aureus* покажале резистенција кон налидиксична киселина

12. Kostova S., Ratkova M., Sekulovski P., Angelovski Lj., Jankuloski D., Prodanov M. (2010). Microbial analysis of Ice cream produced by small scale manufacturers. 5th Central European Congress on Food, 19-22 May 2010, Bratislava, Slovakia.

Вршени се испитувања на вкупен број микроорганизми, броење на ентеробактерии, *St. aureus,* квасци и мувли и изолација и идентификација на ентеробактерии. Резултатите покажале високи нивоа на ентеробактерии, вкупни микроорганизми како и квасци и мувли. Биле изолирани *St. aureus, E. coli, Klebsiella oxytoca, Citrobacter freundii* и *Enterobacter cloacae.* Во ниту еден од испитаните примероци сладолед не беа изолирани салмонели.

13. Angelovski Lj., Sekulovski P., Dimitrovski A., Jankuloski D. (2010). Prevalence of the pathogen microorganisms in raw cow milk in R. of Macedonia. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), Book of abstracts p. 122, 23-26 September 2010, Ohrid, Macedonia.

Во овој труд биле испитани 133 примероци на збирно сурово кравјо млеко земени од лактофризери. По добиените резултати, кај 9,77% од примероците била детектирана *Listeria spp.*, кај 85,0% бил детектиран *Staphylococcus spp.,* кај 46,0% била утврдена *E. coli,* додека *Salmonella spp.* не била детектирана во ниту еден од земените примероци. Добиените резултати укажуваат на фактот дека патогените микроорганизми важни за човековото здравје можат да се најдат во суровото кравјо млеко.

14. Jankuloski D., Sekulovski P., Angelovski Lj., Ratkova M., Kostova S., Prodanov M. (2010). Characterization of *Listeria monocitogenes* isolates antimicrobial resistence from small ruminants and poultry chickens slaughterhouse environment and carcasses. Days of Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 12. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.

Биле тестирани 64 изолати *Listeria monocitogenes* добиени од кланици за мали преживари и живина во Република Македонија. Антимикробниот профил бил испитан со стандарден тест на дифузија во агар со користење на 13 антимикробни супстанции и автоматизиран VITEK 2 Compact bioMerieux систем. Сите *Listeria monocitogenes* изолати покажале резистенција кон линкомицин, неомицин и налидиксична киселина.

15. Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Kostova S., Prodanov M. (2010). Prevalence of thermophillic *Campylobacter spp.* at poultry processing plant. Days of Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 42. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.

Биле тестирани 66 мостри слепи црева и 22 мостри брисеви од пилешки трупови. Термофилни кампилобактерии биле изолирани од 51,5% од примероците цекуми и од 72,7% од земените брисеви од трупови. Од добиените изолати, 88,0% биле идентификувани како *C. jejuni*, а 12,0% како *C. coli*.

16. Prodanov M., Sekulovski P., Jankuloski D., Angelovski Lj., Ratkova M., Kostova S. (2010). Microbiological parameters of water from wells and natural sources in the vicinity of Skopje. Days of Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 52. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.

Вкупно биле испитани 27 примероци вода. Од добиените резултати 24 примероци имале зголемен број бактерии на 37°C и на 22°C, кај 6 примероци биле детектирани интестинални ентерококи. Кај 18 примероци било утврдено присуство на колиформи од кои само во 6 се најдени и *E.coli*. Кај сите примероци било утврдено присуство на *P.aeruginosa*. Во 18 примероци, сите од бунари, било утврдено присуство на колиформи бактерии и интестинални ентерококи, што укажува на фекална контаминација на изворот и можно присуство на патогени бактерии.

17. Crceva Nikolovska R., Angelovski Lj., Prodanov R., Sekulovski P., Jankuloski D. (2010). Nutritional feed supplements-legislation in RM. Days of Veterinary Medicine 2010. Book of abstracts p. 52. 28-30 October 2010, Ohrid, Macedonia.

Регулативата 1831/2003 за адитиви за употреба во добиточната храна ја заменува поранешната Директива 70/254 како главен правен текст за додатоци во храна. Истовремено, во тек се промени кои се вршат од страна на соодветни законодавни структури на Европската унија кои се однесуваат на користење на додатоците во добиточната храна.

18. Проданов М., Секуловски П., Јанкулоски Д., Ангеловски Љ., Костова С., Раткова М. (2010). Control of proces higiene in pasteurized milk in the R. Macedonia. 2nd Scientific Conference "Food Quality and Safety" Book of abstracts p. 40-46. 11-12 November 2010, Bitola, Macedonia.

Испитани биле вкупно 210 мостри пастеризирано млеко наменето за широка потрошувачка од 16 млекарници. 88 мостри покажале задоволителни резултати во однос на сите критериуми за хигиена во процесот. Од испитаните, 7 мостри покажале присуство на аеробни мезофилни бактерии над дозволеното, 20 покажале *Enterobacteriaceae* и 7 зголемен број на коагулаза позитивни стафилококи. Во 85 примероци бил утврден поголем број аеробни мезофилни бактерии и *Enterobacteriacea* над дозволеното ниво.

19. Раткова М., Костова С., Секуловски П., Јанкулоски Д., Ангеловски Љ., Проданов М. (2010). Микробиолошки квалитет на свежо овошје од малопродажни објекти во Скопје, Р. Македонија. 2nd Scientific Conference "Food Quality and Safety" Book of abstracts p. 90-95. 11-12 November 2010, Bitola, Macedonia.

Во оваа студија биле испитани вкупно 72 мостри свежо овошје од малопродажни објекти во Скопје во период од 2 месеца (јули и август 2010 година), и тоа по 18 мостри од грозје, сливи, праски и јаболки. Мострите грозје имале TVC кој се движел во опсег од 600 до 7600 cfu/g пред миење, а по миење 40 до 6240 cfu/g, мострите сливи TVC од 40-1080 cfu/g и 0-500 cfu/g, мострите праски TVC од 500-51.000 cfu/g и 100-49.000 cfu/g и мострите јаболки TVC од 60-2200 cfu/g и 20-220 cfu/g.

20. Јанкулоски Д., Ангеловски Љ., Костова С.,Раткова М., Секуловски П. (2010). Detection of antimicrobial sensitivity of isolates of Salmonella enteritidis from food chain with use of Vitek 2 compact Biomerieux. 2nd Scientific Conference "Food Quality and Safety" Book of abstracts p. 96-102. 11-12 November 2010, Bitola, Macedonia.

Чувствителноста на 20 изолати *Salmonella enteritidis* кон 17 антимикробни супстанции кои моментно се применуваат во ветеринарната и хуманата медицина била испитувана со употреба на автоматизиран Vitek 2 compact Biomerieux. Добиените резултати укажуваат дека соевите *Salmonella enteritidis* покажуваат резистенција на неколку или повеќе антимикробни супстанции кои најчесто се применуваат во третманот на салмонелозата кај животните и луѓето.

21. Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Kostova S., Prodanov M. (2010) Factors that influence high bacterial count in raw cow milk. Journal of Animal Science. Vol.XLVI supplement 1, 2010. p 175-179. Jusautor , Sofia, Bulgaria.

За потребите на ова истражување биле анализирани 3470 примероци сурово кравјо млеко за вкупен број на бактерии. По направените анализи било утврдено дека параметрите дадени во националната легислатива ги исполнуваат 56,20% од примероците. По направената споредба со Европската регулатива се покажа дека само 18% од примероците ги исполнуваат критериумите дадени во неа.

22. Angelovski Lj., Sekulovski P., Jankuloski D., Ratkova M., Kostova S., Prodanov M. (2010) Survey of the microbiological quality of cakes and pastries sold in Skopje, Macedonia. 1st International Congress on Food Technology. Abstract book p. 210. 03-06 November 2010. Antalya, Turkey.

Вкупно биле земени 70 мости од 16 работилници. Во однос на *S.aureus:* 68,57% (n = 48) од примероците биле задоволителни, 31,42% (n=22) биле прифатливи и 0.0% (n=0) биле незадоволителни. Во однос на *Enterobacteriaceae*, 60.0% (n = 42) од примероците биле задоволителни, 40,0% (n=28) биле прифатливи и 0,0% (n=0) биле незадоволителни; Во однос на вкупен број бактерии, 51.42% (n = 36) од примероците биле задоволителни, 45,71 (n=32) биле прифатливи и 2,85% (n=2) биле незадоволителни.

23. Nevijo Zdolec, Ivana Filipović, Željka Cvrtila Fleck, Aleks Marić, Dean Jankuloski, Lidija Kozačinski, and Bela Njari, Antimicrobial susceptibility of lactic acid bacteria isolated from fermented sausages and raw cheese, *VETERINARSKI ARHIV 81* (1), 133-141, 2011.

Авторите ги одредуваат млечнокиселинските бактерии од традиционални хрватски колбаси и сирење произведено од сурово кравјо млеко со цел да се истражи нивната сензитивност кон 23 антибиотици. Било утврдено дека сите изолати на *Lactobacillus spp.* и *Leuconostoc spp.* (n=12) биле сензитивни кон тетрациклин, бацитрицин, пеницилин, хлорамфеникол, цефалексин, линкомицин, еритромицин, ампицилин, спирамицин и амоксицилин, но покажале резистентност кон ванкомицин, налидиксична киселина и метронидазол.

24. Todoroska Marina, Jankuloski Dean, Sekulovski Pavle, Animal welfare during stunning and slaughter of pigs and lambs in approved slaughterhouses in Macedonia, Food Institute, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.

Во трудот авторите вршат проценка на процесот на зашеметување и колење на 140 свињи и 200 јагниња. Било забележано подолго аплицирање електричната струја кај 18%, односно 100% од свињите во двете опфатени кланици за свињи. Интервалот до искрвавувањето бил во границите на нормала кај 90% од свињите. Во двете кланици за јагниња, апликацијата на електричната струја била подолга кај 22%, односно 83% од јагнињата. Интервалот до искрвавувањето е во предвидениот временски интервал кај 98% од јагнињата.

25. Kostova Sandra, Sekulovski Pavle, Jankuloski Dean, Ratkova Marija, Angelovski Ljupco, Prodanov Mirko, Potential microbiological risks in dried herbs and spices, Food Institute, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.

Биле опфатени 200 мостри зачини и зачински билки од малопродажба на пазарите во Република Македонија. Од добиените резултати, 30% од мострите биле незадоволителни во однос на *Enterobacteriaceae*, 1% за *Clostridium perfringens*, 3% поради Bacillus cereus, 10% во однос на бројот аеробни мезофилни бактерии, а кај најголем дел од нив биле утврдени токсогени мувли. Со тоа, се констатирало дека наодот на овие микроорганизми претставува ризик по здравјето на населението.

26. Jankuloski Dean, Sekulovski Pavle, Kostova Sandra, Ratkova Marija, Prodanov Mirko, Angelovski Ljupco, Prevalence, serotyping and antimicrobial susceptibility of *Salmonella spp.* isolated from poultry houses in republic of Macedonia in 2009, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.

Авторите во трудот ја испитувале преваленцата на *Salmonella spp.* во јатата живина од различни старосни категории, при што биле опфатени 44 живинарски фарми со вкупно 246 мостри. Од нив, 162 мостри биле фекален материјал од објекти со несилки, 72 прашина од јата несилки и јата бројлери и 32 мости биле брисеви од постилки на јата бројлери. *Salmonella spp.* била изолирана од 79 примероци, од кои со серотипизација било утврдено дека највисока била преваленцата на *S. enteritidis* со 35 изолати, *S. typhimurium* со 7, *S. hadar* со 9 изолати и други серотипови застапени со помал број изолати.

27. Angelovski Ljupco, Sekulovski Pavle, Jankuloski Dean, Ratkova Marija, Kostova Sandra, Prodanov Mirko, Microbiological quality and occurrence of antibiotic residues in ewe milk, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.

За целта на истражувањето биле испитани 302 проби сурово млеко од пет бачила во Република Македонија земени од збирното млеко. БСК, БМО и резидуите на антибиотици биле тестирани со стандардна опрема и тестови како Fossomatic 5000, Bactoscan 8000S и Delvotest SP-NT. Анализите покажале 1,980,000 БСК/ml, 485,000 БМО/ml и 4,3% позитивни примероци на присуство на остатоци од антибиотици.

28. Prodanov Mirko, Sekulovski Pavle, Jankuloski Dean, Angelovski Ljupco, Ratkova Marija, Kostova Sandra, Microbiological quality of potable water used in food processing premises in republic of Macedonia, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.

Авторите на трудот вршат проценка на микробиолошкиот квалитет на водата која се користи во погоните за преработка на храна во Република Македонија. Притоа биле испитани 227 мостри вода од локалните водоводни мрежи, од кои 10 мостри бунарска вода и 15 мостри мраз од ледомати. Задоволителни резултати биле добиени кај 90% од мострите, додека 7 мостри бунарска вода, 1 мостра мраз и 16 мостри од локалната водоводна мрежа покажале незадоволителни резултати.

29. Dean Jankuloski, Pavle Sekulovski, Ljupco Angelovski, Mirko Prodanov, Marija Ratkova, Sandra Kostova, Effect of acetic, citric and lactic acid on *Salmonella enteritidis* and *Listeria monocytogenes*, EHEDG world congress on hygienic engineering and design 2011-Ohrid, Republic of Macedonia.

Во трудот авторите го проценуваат влијанието на три органиски киселини (лимонска, млечна и оцетна во концентрации од 10%, 8%, 6%, 4% и 2%) врз едни од најзначајните патогени во храната, *Listeria monocytogenes* и *Salmonella enteritidis*. Влијанието на органските киселини во бујон покажало намалување на бројот на *Listeria monocytogenes* за 4,6 log cfu/ml за 0,04%, додека намалувањето на бројот на *Salmonella enteritidis* изнесувало 3,8 log cfu/ml за 0,04% млечна киселина. Со ова авторите заклучуваат дека овие органски киселини можат да имаат практична примена како конзерванси во прехранбената индустријата.

30. Samouris G., Kozainski L., Fleck Z.C.; Sekulovski P., Jankuloski D., Mijacvic Z., Lazarevic M., Mastranestasis I. Zdragas; Samartzi F., Sustainable production of traditional cheese from local sheep milk, in the Balkans, Modern approach to food safety and hygiene, Journal of Hellenic Veterinary Medical Society, 2011, p237-250.

Трудот ги презентира резултатите од проектот SEE-ERA.NET PLUS во рамките на FP-7. Проценката на квалитетот на традиционалните сирења е направена во однос на квалитетот на суровото овчо млеко и сирењето во однос на физичко-хемиските карактеристики, микробиолошките тестирања во различни фази на лактација и во различни региони. Во истражувањето било вкучено и овчото бело сирење од Република Македонија.

31. Marija Ratkova, Pavle Sekulovski ,Dean Jankuloski, Ljupco Angelovski, Sandra Kostova, Mirko Prodanov, Study of the microbiologycal profile of the fresh fruits gained from small retail establishments, and the effects of their washing, CEFood Congerss, Abstract Book of the 6th Central European Congress on Food, 2012.

Во трудот биле испитани 72 мостри круши, сливи, праски и јаболка во период од 2 месеца. Мострите грозје имале вкупен број аеробни мезофилни бактерии во опсег од 600 до 7600 cfu/g пред перењето, додека по перењето тој број изнесувал од 40 до 6240 cfu/g. Вкупниот број аеробни мезофилни бактерии кај праските изнесувал 40 до 1080 cfu/g пред и 0-500 cfu/g по перењето. Вкупниот број аеробни мезофилни бактерии кај јаболката изнесувал 60 до 2200 cfu/g пред и 20-220 cfu/g по перењето.

32. Marija Ratkova, Pavle Sekulovski, Dean Jankuloski, Sandra Kostova, Ljupco Angelovski, Mirko Prodanov, Comparison of the survival and transfer ability of *Salmonella enteritidis* and *Salmonella typhimurium* form domestic food contact surfaces, Faculty of veterinary medicine, University of "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, Days of veterinary medicine 2011.

Во трудот авторите вршат споредба на преживувањето и способноста за пренос на *S. enteritidis* и *S. Typhimurium* на три различни површини нерѓосувачки челик, пластика и дрво. Било утврдено дека бројот на микрооганизмите присутни на површините без додаток на органска материја во првите 2 часа се намалува особено на дрвото, но при присуство на органска материја овој број значително се зголемува во првите 3 часа. Во однос на двата тестирани патогена било утврдено дека не постојат разлики за *S. enteritidis* и *S. typhimurium*. Со ова била демонстрирано дека патогените преживуваат и се размножуваат на површините во кујните во домаќинствата.

**5. Стручно-апликативна активност**

Својата стручно-апликативна активност и дејност од поширок интерес, д-р Деан Јанкулоски во изминатиов период ја реализира преку активности во земјата и во странство.

Од септември 2005 до март 2006 година учествувал на сесии за обука за истражувачко-апликативни проекти, организирани од GTZ.

Со Одлука бр. 0202-3316 од 13 септември 2006 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје назначен е за член на Комисијата за изработка на документација до стандардот ISO 17025.

Со Одлука бр. 0202-4373/7-10 од 14 септември 2007 година, назначен е за вршител на должноста раководител на Приемно одделение во Институтот за храна.

Со Одлука бр. 0202-148/2-2 од 18 јануари 2010 година, назначен е за вршител на должноста раководител на Лабораторија за микробиологија во Институтот за храна.

На симпозиумот „Денови на ветеринарна медицина-2011", одржан во периодот од 9 до 11 септември 2011 година во Охрид, Р. Македонија, бил член на Организациониот одбор (одлука на ННС бр. 0201-972/7 од 24 февруари 2011 година) и секретаријатот (одлука на ННС бр. 0201-1478/7 од 9 април 2011 година).

По повод обележувањето 20 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бил член на Организациониот одбор (Одлука на ННС бр. 0201-972/8 од 24 февруари 2011 година).

Кандидатот е експерт од областа микробиологија на Институтот за акредитација на Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените конкурсни материјали на кандидатот д-р Деан Јанкулоски, како и врз основа на неговиот обем на работа во наставно-образовната дејност, научноистражувачката работа со објавувањето научни и научно-стручни трудови во домашни и меѓународни списанија, учеството во реализација на меѓународни проекти, како и со неговата стручно-апликативна дејност на полето на ветеринарната медицина, Рецензентската комисија констатира дека д-р Деан Јанкулоски ги исполнува сите критериуми да биде избран во наставно-научното звање доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Комисијата оценува дека со неговите едукативни, научни и апликативни активности, д-р Јанкулоски има освоено 185,3 бода, што е над два пати повеќе од потребното за избор во наставно-научно звање. Комисијата заклучува дека д-р Деан Јанкулоски ги исполнува сите услови за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло предвидени со законските акти и објавениот конкурс.

Бидејќи ги поседува сите наставно-педагошки вештини и професионално-научни квалификации потребни за изборот во звање, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет да му предложи кандидатот д-р Деан Јанкулоски да биде избран во наставно-научното звање ДОЦЕНТ во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Павле Секуловски с.р.**
Факултет за ветеринарна медицина-Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

2. **Проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу с.р.**
Факултет за ветеринарна медицина-Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

3. **Проф. д-р Ристо Проданов с.р.**
Факултет за ветеринарна медицина-Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Деан Миле Јанкулоски**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **Учесник во школи и работилници** | | |
| 1. | Учесник во школа за обука за истражувачко-развојни проекти, „Basic in R&D project management and preparation of competitive proposal for FP6", организирана од GTZ, (септември 2005-март 2006), Скопје, Р. Македонија (сертификат). | 1 |
| 2. | Учесник во Работилницата за пластинација, организирана од ФВМ-С (3-8 мај 2004) (сертификат). | 1 |
| 3. | Учесник во состанок на Veterinary Public Health Association, на тема "Заразни болести, надзор, епидемиологија и контрола" во Ланкашир, Велика Британија (27 ноември 2004) (сертификат). | 1 |
| 4. | Учесник на семинарот "Стандарди за квалитет и потенцијал на регионалното брендирање на производите", организиран од InWent, во Чортау, Германија. (25 мај-3 јуни 2005) (сертификат). | 1 |
| 5. | Учесник на семинарот „Презентација, апликации, предности и демонстрација на работа со Microfoss", организиран од Foss Analytical, Љубљана, Р. Словенија (23 јули 2006) (сертификат). | 1 |
| 6. | Учесник на курсот за обука „Основи на HACCP", организиран од SCG Bulgaria Ltd., Скопје, Р. Македонија (22-24 март 2005) (сертификат). | 1 |
| 7. | Учесник на курсот за обука „Теоретските и практичните аспекти на развој на HACCP планот и имплементација", одржан на Универзитетот Канзас во Канзас Сити, САД (10-12 октомври 2007 година) (сертификат). | 1 |
| 8. | Учесник во работилницата „Благостојба на животните: Европска рамка", организирана од Royal Society for the Prevention of Cruelty to Animals и Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, одржана во Охрид, Р. Македонија (27-29 март 2008 година) (сертификат). | 1 |
| 9. | Учесник на годишната работилница „CRL-Salmonella", одржана во Билтховен, Холандија (26-27 мај 2008 година) (Одлука бр. 0202-1630/6-9 од 5 мај 2008 година). | 1 |
| 10. | Учесник на симпозиум: 38. Хрватски симпозиум на експертите од областа на млекопроизводството, организиран од хрватските млекарски здруженија, одржан во Ловран, Хрватска (23-26 ноември 2008 година) (сертификат). | 1 |
| 11. | Учесник во 4. работилница „EU-RL *E. coli*-VTEC "во Рим, Италија (5 декември 2008) (Одлука бр. 0201-4271/7-1 од 25 ноември 2008 година) (програма со листа на учесници). | 1 |
| 12. | Учесник на работилницата „The western Balkans university network | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | for animal welfare, the welfare of food animals a program of professional training", во организација на RSPCA, одржана во Загреб, Р. Хрватска (Одлука бр. 0202-1054/6-1 од 13 март 2009 година) (сертификат). | |
| 13. | Учесник на годишната работилница „CRL-Salmonella", одржана во Билтховен, Холандија (25-26 мај 2009 година) (Одлука бр. 0202-2321/5-2 од 26 мај 2009 година). | 1 |
| 14. | Учесник на работилницата "The western Balkans university network for animal welfare, the welfare of food animals a program of professional training", одржан во Загреб, Р. Хрватска (1-2 јуни 2009 година) (Одлука бр. 0202-2321/5-4 од 26 мај 2009 година) (сертификат). | 1 |
| 15. | Учесник на работилницата „Workshop on understanding unconsciousness, stunning and slaughter", организирана од TAIEX AGR 3291/7, во рамки на активностите од проектот „Универзитетска мрежа на Западен Балкан за благосостојба на животните", одржана во Охрид, Р. Македонија (31 август-3 септември 2009 година) (Одлука бр. 0202-3644/5-3 од 27 август 2009 година). | 1 |
| 16. | Учесник на годишната работилница „EU-RL-Campylobacter", одржана во Упсала, Шведска (5-7 октомври 2009 година) (Одлука на ННС бр 2020-3825/4-7 од 11 септември 2009 година). | 1 |
| 17. | Учесник на 6. Балкански конгрес за микробиологија „Микробиологија Балканика 2009", одржан во Охрид, Р. Македонија (28-31 октомври 2009 година) (Одлука бр. 0202-4394-2-8 од 22 октомври 2009 година) (сертификат). | 1 |
| 18. | Го посетувал и го завршил курсот за обука за "Проценка на мерната неодреденост за хемичари и микробиолози", спонзориран од SIDA, а имплементиран од конзорциумот на SWEDAC и Националната администрација за храна на Шведска, одржана во Скопје (9-11 декември 2009 година) (сертификат). | 1 |
| 19. | Учесник на работилницата Module-6&7 „Welfare program Development" 1&2 дел од проектот Animal welfare training workshop on understanding codes of practice во организација на RSPCA, одржан во Дубровник, Р. Хрватска (23-37 февруари 2010 година) (Одлука бр 0202-427/4-3 од 4 февруари 2010 година) (сертификат). | 1 |
| 20. | Учесник во работилницата „Автоматизирана микробиологија, Vidas, Vitek, Tempo", во организација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и bioMerieux-Франција, одржана во Скопје, Р. Македонија (29-31 март 2010 година) (сертификат). | 1 |
| 21. | Учесник во Обуката за оценувач според стандардот ISO MKS 17025 организирана од Инстутутот за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје, Р. Македонија (22-24 септември 2010 година) (сертификат). | 1 |
| 22. | Учесник во работилницата „Репродукција и благосостојба на животните", организирана од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, одржана во Охрид, Р. Македонија (30 октомври 2010 година) (сертификат). | 1 |
| 23. | Учесник на Втората научна конференција „Квалитет и безбедност на храна", одржана во Битола, Р. Македонија (11-12 ноември 2010 година) (Одлука на ННС бр. 0202-3365/3-10 од 20 ноември 2010 година). | 1 |
| 24. | Успешно ја завршил обуката „Валидација на анлалитичките методи, пресметка на мерната несигурност и други прашања во микробиолошките тестирања", организирана од Акредитационо | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | тело на Србија, одржана во Белград, Р. Србија (9-11 февруари 2011 година) (Одлука бр. 0202-66/3-1 од 14 јануари 2011 година) (сертификат). | |
| 25. | Успешно ја завршил обуката „Pulse Field Gel Electrophoresis and Fingerprinting Software", организирана од Bio-rad, одржана во Скопје, Р. Македонија. (21-13 март 2011 година) (сертификат). | 1 |
| 26. | Присуствувал на семинарот "Следливост и пресметка на мерната неодреденост во хемијата и микробиологијата", како дел од BAM-проектот за техничка поддршка за изградба на капацитетите на Инстутут за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје (10-12 мај 2011 година) (Одлука 2020-1859/4-10 од 5 мај 2011 година) (сертификат). | 1 |
| 27. | Учесник во работилницата Module-8 „Welfare program assessment, Balkans training trainer program", во организација на RSPCA/Animal welfare training, одржана во Беќиќи, Р. Црна Гора (26-27 мај 2010 година) (Одлука бе. 0202-17/2-10 од 13 мај 2010 година) (сертификат). | 1 |
| 28. | Учесник во работата на работилницата „Poultry welfare officer-farm training course", дел од проектот Универзитетска мрежа на западен Балкан за благосостојба на животните, одржана во Охрид, Р. Македонија (Одлука бр. 0202-2085/4-1 од 25 мај 2011 година) (30 до 31 Мај 2011 година) (сертификат). | 1 |
| 29. | Учествувал во работата на работилницата за „Poultry welfare officer-processing", одржана од AWTraining, дел од проектот „Универзитетска мрежа на Западен Балкан за благосостојба на животните", одржана во Охрид, Р. Македонија (1 до 2 јуни 2011 година) (Одлука бр. 0202-2085/4-1 од 25 мај 2011 година) (сертификат). | 1 |
| 30. | Учесник на семинарот „Денови на ветеринарна медицина 2011", одржанаа во Охрид, Р. Македонија (9-11 септември 2011 година) (сертификат). | 1 |
| 31. | Учествувал на годишната работилница „EU-RL-Campylobacter", одржан во Упсала, Шведска (2-5 октомври 2011 година) (Одлука на ННС бр 2020-3329/4-17 од 20 септември 2011 година). | 1 |
| 32. | Учесник во Обука за оценувачи на теми од ISO 17025, организирана од Институтот за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје (20 декември 2011 година) (Одлука бр. 0202-4565/3-3 од 19 декември 2012 година) (сертификат). | 1 |
| 33. | Учесник на семинарот "Следливост и пресметка на мерната неодреденост во хемијата и микробиологијата" организирана од Институтот за акредитација на Република Македонија, одржана во Скопје (10-12 мај 2011 година) (сертификат). | 1 |
| 34. | Учествувал на Обуката за квалитет на лабораториски инфомациски системи, спонзорирана од SIDA, одржана во Скопје (20-22 март 2012 година) (Одлука бр. 0202-907/4-2 од 22 март 2012 година)(сертификат). | 1 |
| **Одржување вежби (практична настава)** | | |
| 35. | Вежби - хигиена и технологија на месо (2+2) зимски 2006/2007. | 0,9 |
| 36. | Вежби - хигиена и технологија на месо (3+2) летен 2006/2007. | 0,9 |
| 37. | Вежби - хигиена и технологија на месо (2+2) зимски 2007/2008. | 0,9 |
| 38. | Вежби - хигиена и технологија на месо (3+2) летен 2007/2008. | 0,9 |
| 39. | Вежби - хигиена и технологија на месо (2+2) зимски 2008/2009. | 0,9 |
| 41. | Вежби - хигиена и технологија на месо (3+2) летен 2008/2009. | 0,9 |
| 42. | Вежби - вовед во хигиена на храна (2+2) летен 2009/2010 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 43. | Вежби - хигиена и технологија на месо (2+2) зимски 2009/2010. | 0,9 |
| 44. | Вежби - хигиена и технологија на месо (3+2) летен 2009/2010. | 0,9 |
| 45. | Вежби - контрола на хигиена и технологија на месо (4+3) зимски 2010/2011. | 1,35 |
| 46. | Вежби - вовед во хигиена на храна (2+2) летен 2010/2011. | 0,9 |
| 47. | Вежби - вовед во хигиена на храна (2+2) летен 2011/2012. | 0,9 |
| 48. | Вежби - хигиена и технологија на месо (2+2) зимски 2011/2012. | 0,9 |
| 49. | Вежби - хигиена и технологија на месо (3+2) летен 2011/2012. | 0,9 |
| **Консултации со студенти** | | |
| 50. | Консултации со студенти, 2006/2007 (59 студенти). | 0,12 |
| 51. | Консултации со студенти, 2007/2008 (51 студенти). | 0,10 |
| 52. | Консултации со студенти, 2008/2009 (29 студенти). | 0,06 |
| 53. | Консултации со студенти, 2009/2010 (43 студенти). | 0,09 |
| 54. | Консултации со студенти, 2010/2011 (8 студенти). | 0,01 |
| | **Вкупно** | **47,43** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **Учесник во проекти** | | |
| 1. | Учесник на меѓународен проект „The western Balkans University Network For Animal Welfare“ (1 септември 2008 до 31 декември 2010 година), со учество на универзитетите од Западен Балкан, во соработка со Универзитетот во Бристол, Велика Британија. Релизацијата на овој проект се одвива преку меѓународната програма RSPCA-international (сертификати). | 5 |
| 2. | Учесник во FP 7-меѓународен проект Econ-Welfare KBBE 1-1-213095. Проектот се реализирал во рамките на FP 7-програмата во периодот 2011 до 2014 година (потврда). | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународен проект: „ERA 83-SEE-ERA.NET PLUS“, за одржливо производство на традиционални сирења од локални раси овци на Балканот (2010-2012 година). | 5 |
| 4. | Меѓународен проект, COST, European cooperation in science and technology, Action involvement FA1202, на тема „A European Network For Mitigating Bacterial Colonisation and Persistence On Foods and Food Processing Environments" (проектот е започнат во 2012 година). | 5 |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | |
| 5. | Секциско предавање на EHEGD „World Congress on Hygienic Engineering & Design 20011-Macedonia", со наслов „Effect of acetic, citric and lactic acid on *Salmonella enteritidis* and *Listeria monocytogenes*", Охрид, Р. Македонија (23 септември 2011). | 2 |
1. **Д-р Јован ЗАФИРОСКИ** е роден на 1.3.1982 година во Скопје. По националност е Македонец. На Правниот факултет се запишал во 2000 година, каде што дипломирал во 2004 година со среден успех 9,74 и се стекнал со стручен назив ***дипломиран правник***. Во четврта година на правните студии ја избира финансово – правната насока. На предметите од финансово – правната насока бележи среден успех 10. Како изборни ги избира предметите царинско право и банкарско право. За освоениот втор успех во неговата промоција награден е со сребрен Јустинијан.

Во 2004 година се запишал на постдипломски студии на **Колеџ на Европа** (Бриж – Белгија, Натолин – Полска), кои ги завршил во 2005 година, со што се стекнува со титулата ***магистер по европски интердисциплинарни студии (право)***. Првиот дел од постдипломските студии е посветен на проучување на европските интегративни процеси објаснети од правен и економски аспект, и проучување на економските причини за интегративните процеси, економијата на ЕУ, состојбата во земјите во транзиција, Монетарната унија и Европската централна банка, политиките на ЕУ, особено буџетската и монетарната политика. Во вториот дел од постдипломските студии го избира европското право како доминантна област за проучување и е студент на **Total Law** - програмата.

Магистерскиот труд на кандидатот носи наслов: „Идните предизвици на процесот на апроксимација на законодавството во рамки на пред пристапниот период. Случајот на Република Македонија".
Кандидатот приложи и ***одлука за нострификација на странската диплома***.

Во декември 2006 година положил ***правосуден испит***.

Од 2007 година кандидатот ***е докторанд на правни науки на Универзитетот во Ница L'Université de Nice Sophia Antipolis***, каде што во јули 2011 година со висока оцена ***très honorable*** го брани својот докторат на тема: „Интеграција на Македонија во Европската економска и монетарна унија. Правни и економски прашања" со што се стекнал со научен степен ***доктор на правни науки***.

Кандидатот приложи и ***Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство.***

Активно говори и пишува француски и англиски јазик, а има основни познавања на рускиот и полскиот јазик. Се служи со Word, Excel, Windows и Internet.

# I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

*Работно искуство:*

- Актуелно, кандидатот е асистент на научната област финансово право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први", каде што е вклучен во изведувањето на наставата и вежбите од прв и втор циклус. Така, во првиот циклус од наставата кандидатот е вклучен во одржувањето на вежбите по предметот финансово право, а во учебната 2010/2011 кандидатот како докторанд учествувал во одржувањето на наставата на една група студенти по финансово право. Во вториот циклус на студии кандидатот е вклучен во

наставата и вежбите по предметите: даночно право; меѓународно даночно право; буџетско право; царинско право; финансирање на единиците на локална самоуправа; банкарско право; банки берзи и инвестициони фондови; финансиски услуги во правото на ЕУ; монетарно, кредитно и девизно право. Кандидатот е секретар на магистерските студиите финансии и финансово право и бил секретар на повеќе комисии за одбрана на магистерски тези.

- Од октомври 2005 до мај 2007 кандидатот бил демонстратор на предметот финансово право на Правниот факултет „Јустинијан Први".
- Од септември 2005 до јуни 2006 работел како соработник во адвокатската канцеларија „Радојчиќ".
- Од октомври 2003 до јуни 2004 работел како практикант во Законодавно – правната комисија на Собранието на Република Македонија.

*Учество на летни школи, семинари и истражувачки посети:*

- јануари 2012, Конференција за кодификација на Граѓанскиот законик на Република Македонија, МАНУ;
- мај 2011, Меѓународна конференција организирана од страна на Универзитетот во Ница и Универзитетот Друштво на народите од Русија;
- април 2010, Меѓународна конференција организирана од страна на Универзитетот во Риека (Хрватска), 8th International Conference Economic integrations, competition and cooperation, University of Rijeka, 2011;
- октомври 2009 година, Конференција организирана од страна на Универзитетот во Ница и Институтот за економски науки од Белград со наслов: Financial systems integration of Balkan countries in the European financial system : Impact of Global Financial Crisis (Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен балкан: Влијанието на светската финансиска криза);
- јануари 2009 година, Меѓународна работилница организирана о страна на CREDECO при Универзитетот во Ница со наслов: Droit économique et droits de l'homme (Економско право и права на човекот);
- декември 2008 година, Мегународна конференција организирана од Институтот за економски науки во Белград на тема Izazovi ekonomske nauke u 21. veku (Предизвици на економската наука во 21 от век);
- септември 2006 година, Меѓународна школа по етика во Мали Лошињ (Хрватска), организирана од Универзитетот во Бохум и Загрепскиот универзитет;
- јуни 2006 година, Обука за имплементација на новиот Закон за даночна постапка, организирана од страна на Управата за јавни приходи.
- мај 2005 година, година истражувачка посета на Европската комисија во Брисел;
- март 2005 година, истражувачка посета на Европскиот Парламент во Брисел;
- во 2005 година, истражувачка и студиска посета во Европскиот суд на правдата во Луксембург.

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

*Научни трудови:*

- Country report - Macedonia, The role of the International Financial Institutions in South Eastern Europe Contries and European Integration Process: Strategies for the Trade Union Movement, eds. Krastyo Petkov, Paola Simonetti, Antonio Ferigo, Enisa Selimovic, ISCOS (Institutio Sindicale per la Cooperazione allo Sviluppo), 2007 (Извештај за Македонија, Улогата на меѓународните финансиски институции во земјите на Југоисточна Европа и процесот на европски интеграции: Стратегии за синдикалните организации, eds. Krastyo Petkov, Paola Simonetti, Antonio Ferigo, Enisa Selimovic, ISCOS, 2007)

Трудот е дел од проектот на ISCOS финансиран од Европската комисија кој вклучува истражувања во осум балкански држави (Бугарија, Романија, Босна и херцеговина, Хрватска, Србија, Албанија, Македонија и Црна Гора). Во трудот, кандидатот врши детална анализа за улогата на меѓународните финансиски институции во процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ а посебно на положбата и реформата на синдикалните здруженија во рамките на тој процес. Анализирана е состојбата и реформата на синдикалните здруженија во Македонија со препорака во кој правец треба таа да се одвива, со цел подобра организираност на синдикатите за поголема заштита на работничките права во земјата.

- The Free Movement of Capital Under the Stabilisation and Asociation Agreement, Jovan Zafiroski, *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System*, eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Belgrade 2008 (Слободно движење на капиталот според Договорот за стабилизација и асоцијација, *Интеграција на финансиските системи на земјите на Западен Балкан во европскиот финансиски систем,* eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Белград, 2008)

Во трудот кандидатот обработува тема која е исклучително важна во процесот на економска интеграција, како во рамките на Европската унија така и од аспект на земјите-кандидати за членство како што е Македонија. Целта на трудот е да го објасни и критички да го анализира процесот на слободно движење на капиталот според договорите за стабилизација и асоцијација. Во првиот дел од трудот кандидатот го објаснува значењето на слободното движење на капиталот во рамките на ЕУ и дава преглед на судската практика на Европскиот суд на правдата во Луксембург во оваа област. Во вториот дел на трудот анализирани се одредбите што се однесуваат на слободното движење на капитал по договорите за стабилизација и асоцијација што овозможува една компаративна анализа на обврските на земјите од Западен Балкан по однос на слободното движење на капиталот произлезени во рамките на процесот на стабилизација и асоцијација. Во последниот дел на трудот е оценет степенот на слободно движење на капиталот помеѓу Македонија и Србија како земји аспиранти за членство и ЕУ, при што се

презентирани и мислењата на Европската комисија за усогласеноста на националните законодавства со *acquis communautaire* на ЕУ во оваа област.

- The European Integrations: Free Movement of Capital Under the SAA, Srdjan Redzepagic, Jovan Zafiroski, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009 (Европски интеграции, Слободно движење на капиталот според Договорот за стабилизација и асоцијација, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009)

Во оваа публикација, издадена во САД и Индија кандидатот учествува како коавтор на труд посветен на европските интегративни процеси. Во првиот дел на трудот презентирана е правната рамка за слободно движење на капиталот во рамките на ЕУ. Објаснето е значењето на слободното движење на капитал за создавањето и функционирањето на европскиот внатрешен пазар и Европската економска и монетарна унија. Во вториот дел на трудот е објаснета правната рамка за слободното движење на капиталот во Македонија и Србија со посебна анализа на правните и економските ефекти од либерализацијата на движењето на капиталот како предуслов за членство во ЕУ.

- European Financial System and Integration of Serbian and Macedonian Sector in it, Srdjan Redzepagic, Djuro Djuric во *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System: Impact of Global Financial Crisis*, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Nice 2009 (Европскиот финансиски систем и интеграцијата на српскиот и македонскиот систем во него, Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен Балкан во европскиот финансиски систем: Влијанието на светската економска криза, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Ница 2009)

Во трудот е анализиран процесот на подготовка за членство во Европската унија на земјите од Западен Балкан по однос на хармонизацијата на законодавството во областа на финансискиот систем. По презентацијата на правната рамка на ЕУ што се однесува на банкарскиот сектор и објаснувањето на важноста и улогата на овој сектор за европската економија, анализирани се и критички обработени банкарскиот сектор на Србија и на Македонија. Имено, во трудот се презентирани правните прашања во врска со основањето на банките, супервизорската функција од аспект на центрлните банки, организацијата и управувањето со банките гледано низ призмата на усогласеноста на прописите со правилата на ЕУ.

- Retrait de la zone euro, 8th International Conference Economic integrations, competition and cooperation, University of Rijeka, 2011 (Излез од еврозоната, труд презентиран на Меѓународната конференција за економските интеграции, конкурентноста и соработката, 2011, објавен во издание на Универзитетот во Риека).

Трудот, кој е презентиран на меѓународна конференција, анализира една исклучително актуелна тема од областа на монетарното право и финансиите. Имено, авторот ги анализира правните последици од напуштањето на еврозоната од страна на една нејзина земја-членка, како и правните услови за една таква одлука. Презентирани се исто така и економските ефекти од напуштањето на еврозоната како за евро зоната во целина така и за земјата-членка која ја напушта.

- За новата европска финансиска супервизија, Зборник во чест на професор Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2011, стр. 815-828.

Финансиската криза која предизвика економско забавување и негативни економски резултати скоро во сите членки на Европската унија беше причина за почеток на реформата на европскиот систем на супервизија на финансиските институции. Во трудот се лоцирани слабостите на досегашниот систем на финансиска супервизија на европско ниво и посочени се неговите слабости да обезбеди стабилен и функционален финнансиски систем. Трудот ја анализира структурата на европските финансиски пазари и го објаснува новиот модел на финанасиска супервизија. Презентирани се макро и микропрудентната супервизија во рамките на Европската унија.

- Serbie et les pays des Balkans entre l'UE et la Russie dans le contexte de la crise, Srdjan REDZEPAGIC, Marko DANON, Jovan ZAFIROSKI, BULLETIN SCIENTIFIC JOURNAL of Peoples' Friendship University of Russia Founded in 1993 *Series* ECONOMICS, 2011, No 5, pp. 71-78 (Србија и балканските држави помеѓу ЕУ и Русија во контекст на кризата, Научен журнал на руският Универзитет Друштво на народите, Серија економија, 2011, број 5, стр. 71-78).

Во овој труд се анализирани ефектите од економската и финанасиска криза врз економиите на Србија и другите балкански држави и нивното влијание врз процесот на пристапување на овие земји во ЕУ. Водени од различните економски интереси, земјите на Западен Балкан се обидуваат излезот од економската криза да го бараат и во други делови на светот кои се во подобра економска кондиција. Трудот констатира дека сепак ваквата економска соработка не значи и промена на „европскиот“ курс на земјите и треба да се оправда со економски аргументи.

- La Serbie et la perspective de son entree dans l'UE dans le contexte de la crise Srdjan REDZEPAGIC, Marko DANON, Jovan ZAFIROSKI, BULLETIN SCIENTIFIC JOURNAL of Peoples' Friendship University of Russia Founded in 1993 *Series* ECONOMICS, 2011, No 5 pp. 105-112 (Србија и нејзината перспектива за влез во ЕУ во контекст на кризата, Научен журнал на рускиот Универзитет Друштво на народите, Серија економија, 2011, број 5, стр. 105-112).

Трудот ги анализира ефектите од економската и финансиска криза врз процесот на проширување на ЕУ гледано низ призмата на земјите-кандидати за членство. Економската и финансиска криза има несомнено големо влијание врз процесот на проширување, како од аспект на земјите кандидати така и од аспект на самата ЕУ. Така, под влијание на проблемите во економијата, реформските процеси во земјите-кандидати се забавени додека капацитетите за проширување на Унијата се намалени како резултат на јавното мислење во земјите-членки. Трудот дава препораки за идните чекори кои треба да бидат преземени од страна на земјите-кандидати со цел продолжување на реформите и излез од економската и финансика криза.

- НБРМ –Централна банка по европски модел, Зборник во чест на проф. Кики Мангова Поњавиќ (во печат)

Во трудот е анализирана тема исклучително актуелна од аспект на подготовките на Република Македонија за членство во ЕУ од областа на монетарната политика и централната банка. Трудот ја оценува усогласенота на новиот Закон за НБРМ со европските правила во делот на независноста на централната банка како и од аспект на забраната за финансирање на централната власт од страна на монетарната власт. Во заклучокот се констатира степенот на усогласеност и се наведуваат деловите каде што би требало да се подобри законскиот текст.

- The new law on NBRM : legal fiction for legal alignment ? Justinijanus primus law review, spring 2012.

Подготовките на Македонија за членство во ЕУ често подразбираат и прифаќање на законски одредби кои ќе имаат правна сила по зачленувањето на земјата во ЕУ. Токму ваквите решенија содржани во новиот Закон за НБРМ се предмет на анализа на овој труд преку истражувањето на правната рамка на фукционирање на НБРМ, како дел од ЕСЦБ во периодот по пристапувањето во ЕУ и по воведувањето на еврото како национална валута.

*Заклучна оцена:*

Откако со внимание ја разгледа пријавата со сите приложени документи и научни трудови, Комисијата заклучи дека:

1. Кандидатот д-р Јован Зафироски целосно ги исполнува сите предвидени услови согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор во звањето доцент.
2. Кандидатот со сериозен академски пристап ги исполнува работните обврски на додипломските и постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.
3. Научните и стручни трудови, статии и други публикации, нивната содржина и изнесените заклучоци, упатуваат на констатација дека научниот интерес на кандидатот е фокусиран на најактуелните прашања од финансископравната материја.
4. Учеството на кандидатот во научноистражувачки и апликативни проекти, со позитивно верифицирани резултати од страна на домашни и странски институции, како и учеството на семинари, конференции и други облици на научни и стручни собири, укажува дека се работи за млад научен работник чии мислења се почитуваат.
5. Досегашната работа и резултати укажуваат на континуираниот успешен развој, а истовремено можат да послужат како сигурна претпоставка за натамошен успех и достигнувања во академската кариера.

Врз основа на погоре наведеното, членовите на Комисијата за избор имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, д-р Јован Зафироски да биде изберан **во звањето доцент** на научната област финансии и финансово право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 5.9. 2012 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Кики Мангова – Поњавиќ с.р.

Проф. д-р Весна Пендовска с.р.

Проф. д-р Александра Максимовска Велјановски с.р.

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Јован Зафироски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје
**Научна област:** финансово право и финансии

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава**[1] | |
| **1.** | **Од прв циклус студии**<br>**Финансово право**<br>2007/08 12*15*0,04<br>2008/09 12*15*0,04<br>2009/10 12*15*0,04<br>2010/11 12*15*0,04<br>2011/12 12*15*0,04 | **36** |
| **2.** | **Од втор циклус на студии**<br>**2008/09**<br>Меѓународно даночно право 1,33*15*0,05<br>Даночно право 1,33*15*0,05<br>Буџетско право 0,66*15*0,05<br>Банки, берзи и инвестициони фондови 1,54*15*0,5<br>**2009/10**<br>Меѓународно даночно право 1,33*15*0,05<br>Даночно право 1,33*15*0,05<br>Буџетско право 0,66*15*0,05<br>Банки, берзи и инвестициони фондови 1,54*15*0,05<br>Банкарско право 1,86*15*0,05<br>Монетарно, кредитно и девизно право 1,86*15*0,05<br>**2010/11**<br>Меѓународно даночно право 1,33*15*0,05<br>Даночно право 1,33*15*0,05<br>Буџетско право 0,66*15*0,05<br>Банкарско право 1,86*15*0,05<br>Монетарно, кредитно и девизно право 1,86*15*0,05<br>**2011/12**<br>Даночно право 1,33*15*0,05<br>Буџетско право 0,66*15*0,05<br>Банкарско право 1,86*15*0,05 | **21,21** |
| | | |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно) * 15 (недели) * 0,04 (поени за одржување наnастава во прв циклус) = поени

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Подготовка на нов предмет (вежби)**<br>Финансиски услуги во правото на ЕУ | 0.5 |
| 4. | **Консултации со студенти**[2]<br>2007/08 680*0,002<br>2008/09 620*0,002<br>2009/10 640*0,002<br>2010/11 460*0,002<br>2011/12 517*0,002 | 5,62 |
| 5. | **Пакет матерјали за одреден предмет**<br>- Банкарско право<br>- Монетарно, кредитно и девизно право<br>- Финансиски услуги во правото на ЕУ | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Вкупно*** | **66** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени: |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>«The Role of the International Financial Institutions in South Eastern Europe Countries and European Integration Process: Strategies for the Trade Union Movement ISCOS-Cisl Project VS/2007/0137 co-financed by the European Commission«<br>« Lokalni stopanski sluzbi », Law faculty of Maribor, Republic of Slovenia and Law faculty iustinianus Primus, Republic of Macedonia, април 2007- декември 2008«<br>"Financial Systems Integration of the Balkan Countries in the European Financial System" within the program of integrated activities "Pavle Savic" (Ministry of Foreign and European affairs) and Serbian (Ministry of Science and Technological Development) Government. | 15 |
| 2. | **Дел од монографија објавен во странство:**<br>The European Integrations: Free Movement of Capital Under the SAA Chapter 9, Srdjan Redzepagic, Jovan Zafiroski, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009 (Европски интеграции, Слободно движење на капиталот според Договорот за стабилизација и асоцијација, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009). | 5,4 |
| | | |

[2] Вкупниот број на поени се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Трудови со оргинални/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:**<br><br>1. The Free Movement of Capital Under the Stabilisation and Asociation Agreement, Jovan Zafiroski, *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System*, eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Belgrade 2008 (Слободно движење на капиталот според Договорот за стабилизација и асоцијација, *Интеграција на финансиските системи на земјите на Западен Балкан во европскиот финансиски систем,* eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Белград, 2008)<br>2. European Financial System and Integration of Serbian and Macedonian Sector in it, Srdjan Redzepagic, Djuro Djuric во *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System: Impact of Global Financial Crisis*, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Nice 2009 (европскиот финансиски систем и интеграцијата на српскиот и македонскиот систем во него, Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен Балкан во Европскиот финансиски систем: Влијанието на светската економска криза, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Ница 2009) | **3,4** |
| **4.** | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција**<br>1. Пресудите на Европскиот суд на правдата, создавачи на европскиот внатрешен пазар, како дел од критериумите од Копенхаген, труд објавен во: Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први", во чест на Стрезовски, 2006, том 41, страна 910-918.<br>2. НБРМ – независна централна банка по европски модел, Зборник во чест на професор Мангова Поњавиќ, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2012.<br>3. The new law on NBRM – legal fiction for a legal alignment?,<br>Justinianus primus law review, spring 2012 | **6** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Трудови со оригинални/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки:**<br><br>1. Sorite de la zone euro, 8th International Conference Economic integrations, competition and cooperation, University of Rijeka, 2011, (Излез од еврозоната, труд презентиран на Меѓународната конференција за економските интеграции, конкурентноста и соработката 2011, објавен во издание на Универзитетот во Риека).<br>2. Serbie et les pays des Balkans entre l'UE et la Russie dans le contexte de la crise, Srdjan REDZEPAGIC, Marko DANON, Jovan ZAFIROSKI, BULLETIN SCIENTIFIC JOURNAL of Peoples' Friendship University of Russia Founded in 1993 *Series* ECONOMICS, 2011, N 5, стр. 71-78.<br>3. La Serbie et la perspective de son entree dans l'UE dans le contexte de la crise Srdjan REDZEPAGIC, Marko DANON, Jovan ZAFIROSKI, BULLETIN SCIENTIFIC JOURNAL of Peoples' Friendship University of Russia Founded in 1993 *Series* ECONOMICS, 2011, N 5 стр. 105-112.<br>4. За новата европска финансиска супервизија, Зборник во чест на професор Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2011, стр. 815-828. | **10,5** |
| **6.** | **Секциско предавање на научен стручен собир со меѓународно учество**<br>- International Scientific Conference of the IES Belgrade (Serbia)<br>4-5 December 2008<br><br>- International Scientific Conference *Financial systems integration of Balkan countries in the European financial system: Impact of Global Financial Crisis* 9th October 2009 University of Nice – Sophia Antipolis, CEMAFI Nice<br><br>- 8th International Conference in Opatia "Economic integrations, competition and cooperation" Faculty of Economics Rijeka, 2011 | **6** |
| | **Вкупно** | **46.3** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | | |
|---|---|---|
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот:**<br>- Саем за образование 2007 и 2008 | **1** |
| | **Превод на книга:** Antoine Brunet, Jean Paul Guichard « La visée hégémonique de la Chine, l'imperialisme économique » (во печат) | **3** |
| | **Предавање на институции од јавен интерес:**<br>- предавање на членовите на Синдикатот од образованието на тема: Меѓународните финансиски институции и синдикатите, Струга, 2009 | **0,5** |
| | **Член на факултетска комисија:**<br>- Комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Правниот факултет, „Јустинија Први", 2009<br>- Пописна комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први" 2011 | **1** |
| | **Студиски престој во странство:**<br>- повеќе од 6 месеци - College d'Europe, Полска и Белгија, 2004/2005<br>- до шест месеци - Универзитет во Ница Софија Антиполис, 2011<br>- до три месеци 2* Универзитет во Ница Софија Антиполис, 2008, 2009 1* Московски државен Универзитет „Ломоносов", 2003 | **4,5** |
| | **Вкупно** | **10** |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **122,3** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кики Мангова – Поњавиќ с.р.**

**Проф. д-р Весна Пендовска с.р.**

**Проф. д-р Александра Максимовска Велјановски с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
"ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИОТ ПАЗАР И ТРЕНДОТ НА ПОЈАВА НА НОВИТЕ МЕДИУМИ",
**ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЖЕНИ БРЗОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, број 0202-2158/2 донесена на седницата одржана на 22.6.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "**Електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар и трендот на појава на новите медиуми**", поднесена од кандидатката м-р Ежени Брзовска. По прегледувањето на трудот, Комисијата пред Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**СОДРЖИНА И ОПФАТ НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов "**Електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар и трендот на појава на новите медиуми** ", поднесена од кандидатката м-р Ежени Брзовска, е обработена на 236 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед, *апстракт* и *клучни зборови* на македонски и на англиски јазик, заклучок (стр.205-207) и литература (стр.208-218) и прилози (стр.219-236), е систематизирана во 4 (четири) глави, и тоа:
Глава 1. Карактеристики на телекомуникацискиот пазар (стр.14-80)
Глава 2. Моќта на електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар (стр.81-142)
Глава 3. Појава на новите медиуми (стр.143-182)
Глава 4. Рекламирање на компаниите на телекомуникацискиот пазар во услови на рецесија (стр. 183-204)

Во првата глава со наслов ***Карактеристики на телекомуникацис - киот пазар***, детално се објаснети карактеристиките на телекомуникацискиот

пазар и процесот на сегментирање, таргетирање и позиционирање. Со оглед на фактот дека секоја од компаниите на телекомуникацискиот пазар настојува да освои што поголем дел од пазарот, се јавува потребата од диференцирање на понудите согласно со потребите, барањата и очекувањата на потрошувачите. Неопходно е да се одлучи како ќе се сегментира пазарот, а кои пазарни сегменти ќе се идентификуваат за да се креираат соодветни стратегии за сегментираните пазари. Всушност, во првата глава сегментацијата на телекомуникацискиот пазар се разгледува на ниво на индустрија и на ниво на корисник. Сегментацијата на ниво на индустријата се состои од поделба на самата индустрија на самостојни подгрупи со цел да се разбере и подобро да се анализира конкуренцијата во рамките на секоја подгрупа. Сегментацијата на корисниците е интегрален извор на конкурентна предност, особено на пазарот за телекомуникации. Стратегиската сегментација на корисници се користи за стратегиско планирање, алокација на ресурси и за оптимизација на маркетинг-продажни канали и средства за комуникација. Однесувањето на претставниците на новата Y-генерација ја детерминира медиумската стратегија на компаниите. Новата дигитална генерација ја има контролата и одлучува кои содржини и на кои медиуми сака да ги гледа и во кои содржини сака да се вклучи. Имено, новите генерации растат во свет во кој сè помалку доминираат традиционалните медиуми. Сè повеќе масовниот пазар се претвора во маса на niches (гранки од пазарот), што би значело дека просечниот корисник има пристап до сè поголем број на медиуми и содржини. Новиот niche пазар не го заменува традиционалниот пазар на хитови, каде што доминираат традиционалните медиуми, туку за прв пат ја дели медиумската сцена заедно со него.

Во втората глава ***Моќта на електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар***, детално е елабориран брзиот развој на интернетот кој имаше огромно влијание врз традиционалните медиуми, воедно предизвикувајќи револуција кај самите реклами. Последниве години во повеќето развиени земји беа години на брз напредок во дигиталната арена на нови медиуми, воведување на голем избор на сè понапредни уреди на пазарот и појава на зголемен број опции и апликации за мобилни уреди. Македонија е сè уште далеку како по прашање за маркетинг-буџети за онлајн-рекламирање, така и по начинот на размислување на креирање на маркетинг-стратегија за онлајн-реклама. Индустријата за телекомуникации е лидер во потрошени средства за онлајн-огласување. Сепак, на најголемиот број оператори им недостига специфична маркетинг-стратегија за имплементирање на нови медиуми со цел да допрат до потенцијалните потрошувачи и да ги задоволат нивните потреби. Затоа деталната анализа на онлајн-пазарот на телекомуникациските компании во Македонија е од суштинско значење за креирање на соодветна медиумска стратегија. Новите медиуми нудат поголема сегментација на целните групи и затоа операторите треба да настојуваат

да ги искористат можностите кои ги нуди вебот преку допирање до специфична целна група со персонализирани, интерактивни пораки кои потрошувачите можат поактивно да ги бираат од зголемениот избор на содржина. Затоа предизвикот на медиумското планирање е да ги организира сите медиумски можности и да ја максимизира ефикасноста на буџетот кој е неизбежно премал за да го искомуницира секој потенцијален потрошувач.

Интернетот сè повеќе станува интегрирана алатка за маркетинг и рекламирање, па затоа ефективноста на онлајн-рекламирањето е од суштинско значење. Со оглед на фактот дека на македонскиот онлајн-пазар појавата на нови формати на банери е на самиот почеток и сè уште нема соодветни платформи за мерење на онлајн-рекламирањето, меѓузависноста на форматот на дадените банери и нивните ефекти врз однесувањето на потрошувачите сè уште не се истражуваат брз база на модели за интерактивно рекламирање. Во овој труд за прв пат детално се објаснуваат поединечните модели, иако поголем дел од нив сè уште емпириски не се тестирани, истражувајќи ја меѓузависноста на дадените варијабли кои влијаат на поголема посетеност и кликање на банерите. За рекламирачите, одлуките за онлајн-кампањи стануваат уште покомплицирани заради широкиот избор на рекламни формати и слабото познавање на нивните ефекти и од страна на операторите и од страна на рекламните агенции. Подлабокиот увид во однесувањата на потрошувачите кон онлајн-рекламирачките формати може да даде информации за идниот развој на онлајн-рекламирањето, како и за користењето на тековните формати.

Поради тоа, компаниите и маркетинг-агенциите треба внимателно да ги избираат нивните формати, бидејќи односот кон форматот влијае на допадливоста на рекламата, што од друга страна влијае на ставот и однесувањето кон брендот.
Влијанието на форматот врз банерот се поврзува со ефектите од онлајн-рекламирањето, односно со свесноста на потрошувачот за дадениот оператор и можниот стимул за купување на рекламираната понуда. Важноста да се истражи корелацијата на влијанието на форматот на банерот врз ставот на корисникот е неопходна, особено во услови кога на скоро на секоја веб-страница на потрошувачот истовремено му се сервираат повеќе различни банери. Со мерење на ефективноста на онлајн-рекламирањето се намалува ризикот од водење на неуспешни креативни кампањи и операторите се мотивираат да имаат поиновативен пристап кон онлајн-рекламирањето.

Во третата глава, ***Појава на новите медиуми,*** главно фокусот е ставен на новите (дигитални) медиуми кои почнаа сè повеќе да доминираат во социјалните интеракции и со секојдневниот живот. Една од најзначајните карактеристики на новите медиуми на моменталната комуникациска револуција е развојот на интерактивните медиуми. Заради сè поголемата експлоатираност на терминот нови медиуми, се јави потребата точно да се дефинира негово значење.

Концептот на новите медиуми обезбедува начини како новите медиумски уреди да ги претвори во социјални и културни феномени. Можностите како: нова медиумска дигитална конвергенција, разновидните начини на комуникација и глобализацијата, виртуелно и интерактивно ја менуваат целата медиумска филозофија. Секој медиум кој ги реформира своите претходници со нудење на понепосредно и автентично искуство неизбежно придонесува да се смета како нов медиум. Достапноста на информации за индивидуалните преференции на поединецот овозможуваат компаниите да спроведуваат рекламни кампањи со голема прецизност, при што ќе можат да ја одржуваат и зајакнат посакуваната порака преку повеќе медиуми, но и да користат бихејвиористички информации за динамично да ја приспособат пораката во реално време.

Четвртата глава, ***Рекламирање на компаниите на телекомуникацискиот пазар во услови на рецесија,*** го објаснува однесувањето на буџетите за рекламирање на телекомуникацискиот пазар во услови на рецесија. Имено, рецесијата ги погоди и најголемите телекомуникациски оператори, воедно и најголемите огласувачи, што влијаеше на сите што се занимаваат со маркетинг. Сите бараа начин како да испливаат од кризата, намалувајќи ги своите трошоци, и секако прв страдаше маркетингот. Кратењето на трошоците во маркетингот, ако е цел само за себе, може како бумеранг да се врати со намален профит на телекомуникациските компании. Рецесијата ги притисна класичните медиуми како што се радиото, телевизијата, весниците, но воедно отвори голема шанса за дополнителен развој на интернет-порталите на кои сѐ поголем број компании се огласуваат. Со намалувањето на медиумското експонирање бледнее препознатливоста на брендовите и производите на една компанија кај потрошувачите, што може да го искористат конкурентите со поагресивен влез на испразнетото место на пазарот, особено изразено во телекомуникациската индустрија. Намалувањето на рекламирањето за време на рецесија може да ја наруши лојалноста на брендот. Во време на рецесија, наместо да се кратат буџетите за маркетинг-рекламирање, треба да се дознае повеќе за тоа како корисниците ја редефинираат вредноста и како одговараат на рецесијата. Брендовите на кои им се верува се посебно ценети и тие сѐ уште можат успешно да воведуваат нови производи, но во врема на рецесија интересот за нови брендови и нови категории слабее.

Во ***заклучокот,*** како последен дел од трудот, се врши презентирање на сознанијата, препораките и начините за подлабоки согледувања на ставовите и однесувањето на потрошувачите за форматите на онлајн-рекламирањето кои можат да придонесат да се подобри развојот на онлајн-рекламирањето и употребата на различните формати на банери.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Предмет на истражување на докторската дисертација со наслов "**Електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар и трендот на појава на новите медиуми** ", поднесена од кандидатката м-р Ежени Брзовска се факторите кои влијаат на функцијата на форматот на банерот во онлајн-комуникацијата. Односот на форматот на даден банер и ставот за онлајн-рекламата е важен двигател на бихејвиоралната промена на перцепцијата на рекламите, што директно влијае на однесувањето на потрошувачите кон брендовите и кон намерата за купување. Основните причини за нагласената актуелност на трендот на појавата на новите медиуми лежат во фактот дека преку нивно имплементирање во медиумските планови на телекомуникациските компании се креира поголема ефикасност при комуникацијата со дефинираните таргет-групи. На македонската медиумска сцена сè уште доминираат традиционалните медиуми, но во иднина телекомуникациските компании мора да почнат да настојуваат да ги имплементираат интегрираните, мултимедиумски модели. Во овој труд, кандидатката укажува на можноста која ја нудат новите медиуми и која македонските компании во телекомуникациската индустрија треба да ја искористат за комуникација со таргет-групите преку персонализирана, интерактивна порака, која ќе се издвои од големиот број пораки на кои се изложени потрошувачите. Интерактивноста на веб, за разлика од конвенционалното рекламирање, им овозможува на корисниците да кликаат на рекламите со банер за да добијат повеќе информации и можност да ги купат производите и услугите. Но, тенденцијата да се игнорираат или избегнуваат рекламите со банери, особено кај корисниците кои многу го користат интернетот, стана клучно прашање во индустријата за веб-рекламирање. Рекламите кои не успеваат да го придобијат или да го задржат вниманието на корисниците не можат да бидат ефективни. Рекламите мора да остават во меморијата и траги од брендовите кои долго ќе траат. Од особено значење е телекомуникациските банери да креираат и да имплементираат интерактивни банери, каде што има можност за учество на самите потрошувачи. Целта е и да се укаже од потребата на креирање на посебна стратегија за онлајн рекламирањето, како и имплементирање на повеќе видови формати, посебни креативни егзекуции и целосно интегриран пристап. Со самиот факт дека станува збор за нова област, која во моментов и научно, со појавата на новата литература и практично со сè поголемото прифаќање на новите дигитални медиуми е во фокусот на вниманието на рекламната индустрија, предизвикот е уште поголем да се доближат и дообјаснат новите тенденции на медиумскиот пазар. Со оглед на тоа дека на македонскиот пазар доминираат основните рудиментирани форми на банери кои

не повикуваат на интерактивност, акцентот во истражувањето е ставен на новите интерактивни форми на банери. Така, во услови на екстремна конкуренција кога онлајн-рекламите стануваат многубројни, а корисниците затрупани со стандардни форми на банери, претпоставка е дека потрошувачите ќе почнат да ги игнорираат банерите, со што ќе ги предизвикаат рекламирачите да "бараат" поинтересни формати на банери. Иако дел од овие формати воопшто не се користени на македонскиот онлајн-простор, потребно е да се спознаат ефектите од евентуалното нивно прифаќање и имплементирање во медиумските планови. За целите на ова истражување, кандидатката формулирала хипотези преку кои го дефинирала мислењето, прифатеноста и преференциите за дадени формати на банери и нивната поврзаност со ставовите и однесувањето на потрошувачите:

(X1) Перцепцијата за дадените формати на банери влијае на ставот на потрошувачите за онлајн-рекламирањето.

(X2) Перцепцијата за дадените формати на банери влијае на однесувањето на потрошувачите, преку кое се мерат ефектите од онлајн-рекламирањето.

(X3) Разликите во навиките за медиумско консумирање манифестираат доминација на поедини медиуми зависно од поодделните таргет-групи

Спроведеното истражување има три димензии: временска, научна и емпириска.

**Прво,** проблематиката која се обработува станува сè поактуелна со сè поголемата доминација на новите медиуми.

**Второ,** доменот во кој докторската дисертација дава научен придонес претставува формирањето на теоретска рамка и методолошка основа за меѓузависноста на факторите кои влијаат на препознатливоста на банерите, како еден од доминантните форми на онлајн-комуникацијата. Имено, се дефинира теоретска рамка за корелацијата помеѓу ставовите и однесувањето на потрошувачите и форматот на банерите.

**Трето,** покрај наведените методи значајно место во истражувањето зазема и истражувањето на терен.

За тестирање на хипотезите е креирано онлајн-истражување составено од 46 прашања. Онлајн-рекламните формати се селектирани врз основа на длабински интервјуа со релевантни луѓе од областа на онлајн-маркетингот. На крајот се издвоени 5 формати на онлајн-реклами: преземачки банер, појавувачки банер, синхронизирани единици, растеглив банер и стандарден банер. Во прашалникот се поставени хиперлинкови со примери од секој поединечен формат на банер. Линкот со прашалникот бил поделен на 400 испитаници, поделени во пет возрасни групи: од 0 до 14, 15-34, 35-46, 47-65 и над 65, во сите осум региони во Р.Македонија: вардарски, источен, југозападен, југоисточен, пелагониски, полошки, североисточен и скопски регион. За мерење на перцепцијата на форматот врз ставот и однесувањето на потрошувачите, кандидатката користела 5 степена ликертова скала и семантички диференцијал. Податоците се собирани во

периодот од 26 декември до 24 март 2012, со вкупно добиени одговори од 313 испитаници. Истражувањето покажува дека ставот, односно однесувањето на потрошувачите е во директна зависност од форматот на банерот со што се поставува една теоретска рамка која треба да мотивира имплементирање на интерактивни формати на банери од страна на операторите. Со тоа би се овозможило креирање на позитивни ставови за онлајн-рекламирањето, поголема посетеност и ангажираност, што би придонело кон проактивно однесување на потрошувачите манифестирано преку градење позитивно мислење, поголема лојалност и инсистирање за користење на услугите на дадениот оператор (бренд).

Креирањето на теоретска рамка за улогата на различните формати на банери во одредувањето на ставот за онлајн-рекламите и однесувањето на потрошувачите по забележувањето на дадениот формат на банер ќе придонесе за подобро разбирање на ефектите по поставувањето на банерите. Зависноста на ставот од форматот на банерот се покажа како значаен индикатор за ставот за самиот бренд и намерата за купување. Со оглед на тоа дека добиените резултати ја покажаа теоретската улога на рекламниот формат во објаснувањето на ефективноста на онлајн-рекламирањето, во иднина на македонскиот онлајн-простор треба да се имплементираат посложени формати на банери (rich media) кои ќе повикуваат на интерактивност. Интерактивното рекламирање има потенцијал да ја зголеми ефикасноста и квалитетот на одлуките на потрошувачите, да ја зголеми вклученоста и задоволството на корисниците и да промовира доверба преку реципроцитет во размената на информации, техничката помош и намалување на асиметријата во информациите. Користењето на новите формати на банери неминовно ќе предизвика промени во медиумското консумирање, што ќе придонесе за поголема стапка на кликање, поголема свесност за дадениот оператор и посилна приврзаност кон дадениот бренд. Се разбира дека форматот на дадениот банер не смее да се анализира изолиран од понудата која се комуницира, креативата, комуникациската порака и други фактори кои влијаат или можат да влијаат врз ставот на потрошувачите. Исто така треба да се зголеми ефикасноста од мерењето на резултатите од онлајн-рекламирањето преку анализирање на повратните информации од потрошувачите за да ја подобрат пораката од нивната реклама и стратешки да ја приспособат согласно со добиените податоци.

Постои експлицитна промена во стратегијата за онлајн-рекламирање која го фаворизира резултирачкиот бихејвиорален одговор од избраните целни групи во однос на обезбедување на изложеност на многу целни групи. Овие трендови го зголемуваат значењето на способноста на банерот да стимулира директни одговори и да стави акцент на проблемот со ефективното планирање на дизајнот и медиумите.

Потребата од понатамошни истражувања кои треба да го истражат однесувањето на потрошувачот во поприродна средина (во реално онлајн-окружување) неизбежно се јавува на македонската медиумска сцена. Имено, испитаниците наместо да бидат изложени на претходно селектирани формати на банери, треба да се анализираат како реагираат при секојдневна присутност на веб-просторот каде што се преплавени од безброј онлајн-рекламни пораки, спонзорства, платени текстови, неочекувани прикажувања. Од суштинско значење е да се откријат што поголем број на фактори кои влијаат на перцепцијата на потрошувачите на онлајн- рекламните пораки. Актуелноста на оваа проблематика се манифестира и во најавите за формирање на интерактивни рекламни здруженија на македонскиот пазар чија главна цел би била популаризирање на онлајн-рекламирањето и промовирање на нови начини на комуникација преку дигиталните медиуми. Улогата на маркетингот ќе стане уште поважна и поблиску интегрирана со интеракциите на корисниците преку различните медиуми. Комуникацијата на операторите треба да биде насочена кон започнување на разговор за да се разбере ставот на корисникот за дадените медиуми во еден холистички напор за заедничко креирање на оптимална медиумска стратегија.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на докторската дисертација со наслов "**Електронските медиуми на телекомуникацискиот пазар и трендот на појава на новите медиуми**", поднесена од кандидатката м-р Ежени Брзовска, а поаѓајки од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

*прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оцена на докторска дисертација, и

*второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, септември 2012

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска с.р
Проф. д-р Нада Секуловска с.р
Проф. д-р Димитар Граматиков с.р
Проф. д-р Митре Стојановски с.р
Проф. д-р Анита Циунова - Шулеска с.р

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
03/ Бр. 309-4
14-09-20 12 год.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ТЕОРИЈАТА НА КОНСТРУКЦИИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Градежниот факултет во Скопје од научната област теорија на конструкциите, објавен во весниците „Дневник" и „Лајме" на 7. VII 2012 година, а по одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 392. седница одржана на 29. VIII 2012 година, нè именува за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник од областа на теоријата на конструкциите.

На распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р **Сергеј Чурилов**, дипл.град.инж., досегашен асистент на Катедрата за теорија на конструкциите на Градежниот факултет во Скопје. Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Сергеј Чурилов е роден на 27. III 1978 год. во Скопје, Македонија. Основното и средното образование ги завршил со одличен успех во Скопје. На Градежниот факултет во Скопје се запишал во учебната 1996/97 година, а дипломската работа под наслов **„Статичка и динамичка анализа на армирано бетонски мост преку акумулацијата Козјак"** ја одбранил со оценка 10, на 24. XII 2001 год. За учебната година 2000/2001 награден е од Сојузот на студенти на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, како најдобар студент на Градежниот факултет. За учебната 2001/2002 година награден е од Електростопанство на Македонија за најдобра дипломска работа на Градежниот факултет.

Во јуни 2002 год. е избран во звањето помлад асистент по групата предмети кои ги покрива Катедрата за теорија на конструкциите.

На постдипломските студии на Градежниот факултет во Скопје се запишал во октомври 2002 година. Студиите ги завршил во предвидениот рок. Во јуни 2007 год. ја предал магистерската теза под наслов **„Експертен систем за проценка на сеизмичката повредливост на ѕиданите конструкции"**, под менторство на проф. Елена Думова-Јованоска, а на 20. IX 2012 год. неа успешно ја одбранил. Со тоа се стекнал со академски степен магистер на технички науки.

Во ноември 2007 год. е избран во звањето асистент по групата предмети кои ги покрива Катедрата по теорија на конструкциите, а во јули 2010 е реизбран во истото звање.

Од 1 октомври 2007 год. како стипендист се вклучил во програмата за меѓународни докторски студии SEEFORM (South Eastern European Graduate School for Ph.D. Formation in Engineering), поддржана од Германската агенција за академска размена DAAD. Во рамките на докторските студии повеќекратно остварил куси престои на Катедрата за статика и динамика на Градежниот факултет при Универзитетот RWTH Aachen во Ахен, Германија.

На 18. VI 2008 год. поднесол пријава за изработка на докторска дисертација, а на 1. X 2008 год. Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му одобрил изработка на докторска дисертација под работен наслов „Експериментално и аналитичко истражување на мерки за зајакнување кај ѕидарија". Според извештајот на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација објавен во Билтенот на универзитетот „Св. Кирил и Методиј",

бр. 1029 од 17. IV 2012 год., таа е оценета позитивно и на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му е предложено да закаже јавна одбрана. Докторската дисертација под конечен наслов **„Експериментално и аналитичко истражување на зајакната ѕидарија“** кандидатот успешно ја одбранил на 8. VI 2012 год., со што се стекнал со академското звање доктор на технички науки.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Од изборот во звањето помлад асистент до сега, кандидатот ја остварува наставно-образовната дејност преку организирање на вежби, консултации и испити на прв и втор циклус на студии. Кандидатот бил задолжен за предметите: *теорија на конструкциите, информатика, CAD - ориентиран софтвер, динамика на конструкции, ѕидани конструкции, асеизмичко проектирање, статичка анализа на линиски конструкции* за студентите на прв циклус по градежништво на Градежниот факултет во Скопје, како и по предметот *асеизмичко проектирање 2* за студентите на втор циклус по градежништво на Градежниот факултет во Скопје. Кандидатот учествува во наставните обврски по предметот *информатика* за студентите на прв циклус на Шумарскиот факултет во Скопје и предметите: *статика на архитектонски конструкции* и *теорија на конструкции* за студентите на прв циклус на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На покана на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), кандидатот, заедно со проф. Елена Думова-Јованоска, одржал стручно предавање на студентите на курсот CADAC, во октомври 2005 год., на тема „Експертни системи за класификација и проценка на оштетувањата на индивидуални нискокатни ѕидани објекти“.

Кандидатот е еден од коавторите на практикумот *Информатика* (автор: Елена Думова-Јованоска, коавтори: Г. Алексовски, В. Пачовски, В. Михајлов и С. Чурилов), кој со одлука на Наставно-научниот совет е одобрен за учебно помагало по истоимениот предмет.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на наставно-образовната дејност.

### 2.2. Научноистражувачка дејност

Посебен интерес во научноистражувачката работа му претставува однесувањето и повредливоста на ѕиданите конструкции од сеизмички дејства, притоа користејќи различни пристапи за анализа. Во својата работа, покрај класичните методи, прави обид и во областа на градежништвото да се аплицира неконвенционален пристап со примена на достигнувањата од областа на информатиката и вештачката интелигенција. Исто така, особен интерес покажува кон експерименталното истражување за однесување на ѕидаријата под влијание на циклични товари, за што во рамките на својата докторска дисертација развил и предложил систем за испитување на ѕидови во реална големина.

Кандидатот активно учествува во национални и меѓународни научноистражувачки проекти, а за одбележување е неговата научноистражувачка активност во рамките на меѓународниот научноистражувачки проект **“Earthquake Protection of Historical Buildings by Reversible Mixed Technologies” - PROHITECH, FP6-2002-INCO-MPC-1, Contract No. PL 509119 (2004-2008)**.

Резултатите од научноистражувачката работа, претежно од областа на математичкото моделирање на конструкциите и експерименталното испитување на однесувањето на

конструкциите ги публикува во домашни и меѓународни научни и стручни списанија, како и во зборници од научни симпозиуми и конференции одржани во Македонија и во странство.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот во научноистражувачката дејност.

**2.3. Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот, самостојно или во соработка со колегите од Катедрата за теорија на конструкции, учествувал во изработка на различни основни проекти, ревизии на проектна документација, како и студии и елаборати за различни типови инженерски конструкции.

За својата стручно-апликативна дејност, кандидатот, заедно со проектантски тим од Градежниот факултет, е добитник на Признание за најдобро остварување во градежното конструкторство во 2003 година, доделено од Друштвото на градежните конструктори на Македонија (ДГКМ).

За одбележување е учеството на кандидатот како стручен соработник при превод на две книги од областа на градежништвото, и тоа: „Како функционираат градбите: природниот ред на архитектурата" на авторот Едвард Ален и „Заштита од земјотреси" на авторите Ендрју Кобурн и Робин Спенс.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот во стручно-апликативната дејност.

**2.4. Дејности од поширок интерес**

Кандидатот е активен член на Друштвото на градежни конструктори на Македонија и повеќекратно учествувал во организациониот одбор на меѓународните симпозиуми што ги организира Друштвото.

Во периодот од 2003 до 2009 год. ја извршувал функцијата генерален секретар на Сојузот на градежни инженери на Македонија (СГИМ). Во периодот од 2005 до 2006 год. бил член на издавачки одбор на стручното списание за градежништво, архитектура и екологија „Порта 3".

Во рамките на докторските студии повеќепати остварил студиски престои во Германија.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој извештај, наведена е листа на сите активности на кандидатот во овој домен.

# ЗАКЛУЧОК

Од погоре изнесените информации и особено од деталните податоци дадени во Анекс 2 на овој извештај, јасно може да се согледа развојниот пат на кандидатот д-р Сергеј Чурилов, дипл.град.инж., во периодот од неговиот избор во звањето помлад асистент до денес. Веќе квантивната вредност изразена во поени, која сериозна го надминува пропишаниот минимум, укажува на сестран учесник во наставната дејност, темелен научен работник и извонредно ангажиран професионалец во проектирањето на градежни конструкции.

За тоа зборува неговиот ангажман во изведувањето на традиционалните предмети од Катедрата за теорија на конструкции, но и во воведувањето на нови дисциплини. Една заокружена целина од научноистражувачката дејност претставува неговиот докторски труд изработен во соработка со Универзитетот од Ахен, Германија. Кандидатот е првиот студент од втората генерација на меѓународните докторски студии SEEFORM, кој со успех ја одбранил својата теза. Докторската теза претставува, за наши прилики, ретка комбинација

на експериментална програма, анализа на пресметковни модели и примена на предложената методологија на практичен пример. Општ впечаток е дека станува збор за истражувач кој веќе го оформил својот истражувачки профил и стекнал солидна база за понатамошна самостојна истражувачка работа.

Заслужува да се потенцира избалансираниот однос на наставните и научноистражувачките активности изразени во поени за изминатиот десетгодишен период, што е цел кон која стреми секој добро организиран универзитет.

Поените и листата на стручни трудови сведочат за неговиот континуиран интерес во апликативната дејност што резултира со професионален идентитет во областа на моделирањето и димензионирањето на широк спектар градежни конструкции. Кандидатот, покрај редовните работни обврски, со успех учествува во активностите на стручните здруженија.

Врз основа на целокупниот ангажман и од личното познавање на кандидатот особена чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, кандидатот д-р Сергеј Чурилов, дипл.град.инж., да биде избран во звањето доцент од областа на теоријата на конструкциите.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Ѓорги Кокаланов с.р.

2. Проф. д-р Лилјана Денковска с.р.

3. Проф. д-р Елена Думова-Јованоска с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Сергеј Николај Чурилов
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Градежен факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** градежно конструкторство

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби** | **55.8** |
| 1 | **Теорија на конструкции** (ГЖ,Х) (2+2), зимски 2003/04 | 0.90 |
| 2 | **Теорија на конструкции** (ГЖ,Х) (2+2), летен 2003/04 | 0.90 |
| 3 | **Теорија на конструкции** (ГЖ,Х) (2+2), зимски 2004/05 | 0.90 |
| 4 | **Теорија на конструкции** (ГЖ,Х) (2+2), летен 2004/05 | 0.90 |
| 5 | **Теорија на конструкции** (ГЖ,Х) (2+2), зимски 2005/06 | 0.90 |
| 6 | **Теорија на конструкции** (ГЖ,Х) (2+2), летен 2005/06 | 0.90 |
| 7 | **Теорија на конструкции** (степен) (3+3), летен 2003/04 | 1.35 |
| 8 | **Прграмирање** (3+3), зимски 2003/04 | 1.35 |
| 9 | **Нумерички методи** (3+2), зимски 2003/04 | 0.90 |
| 10 | **Информатика** (2+3), зимски 2004/05 | 1.35 |
| 11 | **Информатика** (2+3), зимски 2005/06 | 1.35 |
| 12 | **Информатика** (2+3), зимски 2006/07 | 1.35 |
| 13 | **Статика на линиски носачи** (3+3), летен 2005/06 | 1.35 |
| 14 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2004/05 | 0.90 |
| 15 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2005/06 | 0.90 |
| 16 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2006/07 | 0.90 |
| 17 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2007/08 | 0.90 |
| 18 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2008/09 | 0.90 |
| 19 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2010/11 | 0.90 |
| 20 | **CAD - ориентиран софтвер** (2+2), летен 2011/12 | 0.90 |
| 21 | **Ѕидани конструкции** (2+2), зимски 2006/07 | 0.90 |
| 22 | **Ѕидани конструкции** (2+2), летен 2006/07 | 0.90 |
| 23 | **Ѕидани конструкции** (2+2), зимски 2007/08 | 0.90 |
| 24 | **Ѕидани конструкции** (2+2), летен 2008/09 | 0.90 |
| 25 | **Ѕидани конструкции** (2+2), летен 2009/10 | 0.90 |
| 26 | **Ѕидани конструкции** (2+2), летен 2010/11 | 0.90 |
| 27 | **Ѕидани конструкции** (2+2), летен 2011/12 | 0.90 |
| 28 | **Динамика на конструкции** (3+3), летен 2006/07 | 1.35 |
| 29 | **Динамика на конструкции** (3+3), летен 2007/08 | 1.35 |
| 30 | **Динамика на конструкции** (3+3), летен 2008/09 | 1.35 |
| 31 | **Динамика на конструкции** (3+3), летен 2009/10 | 1.35 |
| 32 | **Динамика на конструкции** (3+3), летен 2010/11 | 1.35 |
| 33 | **Динамика на конструкции** (3+3), летен 2011/12 | 1.35 |
| 34 | **Асеизмичко проектирање** (2+2), летен 2007/08 | 0.90 |
| 35 | **Асеизмичко проектирање** (2+2), летен 2008/09 | 0.90 |

| | | |
|---|---|---|
| 36 | **Асеизмичко проектирање** (2+2), летен 2009/10 | 0.90 |
| 37 | **Асеизмичко проектирање** (2+2), летен 2010/11 | 0.90 |
| 38 | **Асеизмичко проектирање** (2+2), летен 2011/12 | 0.90 |
| 39 | **Статичка анализа на линиски к-ции.** (2+2), летен 2011/12 | 0.90 |
| 40 | **Асеизмичко проектирање 2** (2+2), (II циклус) зимски 2009/10 | 0.90 |
| 41 | **Асеизмичко проектирање 2** (2+2), (II циклус) летен 2009/10 | 0.90 |
| 42 | **Асеизмичко проектирање 2** (2+2), (II циклус) зимски 2010/11 | 0.90 |
| 43 | **Асеизмичко проектирање 2** (2+2), (II циклус) зимски 2011/12 | 0.90 |
| 44 | **Статика на архитектонски к-ции** (АФ) (2+2), зимски 2004/05 | 0.90 |
| 45 | **Статика на архитектонски к-ции** (АФ) (2+2), зимски 2005/06 | 0.90 |
| 46 | **Статика на архитектонски к-ции** (АФ) (2+2), зимски 2006/07 | 0.90 |
| 47 | **Статика на архитектонски к-ции** (АФ) (2+2), зимски 2007/08 | 0.90 |
| 48 | **Статика на архитектонски к-ции** (АФ) (2+2), зимски 2008/09 | 0.90 |
| 49 | **Теорија на конструкции** (АФ) (2+2), зимски 2008/09 | 0.90 |
| 50 | **Теорија на конструкции** (АФ) (2+2), зимски 2009/10 | 0.90 |
| 51 | **Теорија на конструкции** (АФ) (2+2), зимски 2010/11 | 0.90 |
| 52 | **Теорија на конструкции** (АФ) (2+2), зимски 2011/12 | 0.90 |
| 53 | **Анализа на к-ции и димենз.** (ИЖИС) (2+2), летен 2011/12 | 0.90 |
| 54 | **Информатика** (ШФ) (2+2), зимски 2003/04 | 0.90 |
| 55 | **Информатика** (ШФ) (2+2), летен 2003/04 | 0.90 |
| 56 | **Информатика** (ШФ) (2+2), зимски 2004/05 | 0.90 |
| | **Подготовка на нов предмет** | **2.00** |
| 57 | Динамика на конструкции (вежби) | 0.50 |
| 58 | Ѕидани конструкции (вежби) | 0.50 |
| 59 | Асеизмичко проектирање (вежби) | 0.50 |
| 60 | Теорија на конструкции (АФ) (вежби) | 0.50 |
| | **Консултации со студенти и [illegible]** | **6.50** |
| 60 | зимски семестар 2003/04 (340 студенти) | 0.68 |
| 61 | летен семестар 2003/04 (183 студенти) | 0.37 |
| 62 | зимски семестар 2004/05 (372 студенти) | 0.74 |
| 63 | летен семестар 2004/05 (166 студенти) | 0.33 |
| 64 | зимски семестар 2005/06 (257 студенти) | 0.51 |
| 65 | летен семестар 2005/06 (232 студенти) | 0.46 |
| 66 | зимски семестар 2006/07 (261 студенти) | 0.52 |
| 67 | летен семестар 2006/07 (132 студенти) | 0.26 |
| 68 | зимски семестар 2007/08 (217 студенти) | 0.43 |
| 69 | летен семестар 2007/08 (98 студенти) | 0.20 |
| 70 | зимски семестар 2008/09 (237 студенти) | 0.42 |
| 71 | летен семестар 2008/09 (156 студенти) | 0.31 |
| 72 | зимски семестар 2009/10 (128 студенти) | 0.26 |
| 73 | летен семестар 2009/10 (45 студенти) | 0.09 |
| 74 | зимски семестар 2010/11 (130 студенти) | 0.26 |
| 75 | летен семестар 2010/11 (162 студенти) | 0.32 |
| 76 | зимски семестар 2011/12 (170 студенти) | 0.34 |
| 77 | летен семестар 2010/11 (271 студенти) | 0.54 |
| 78 | **„Практикум по информатика"** - Е. Думова-Јованоска, Г. Алексовски, В. Пачовски, В. Михајлов, С. Чурилов, Градежен факултет-Скопје, октомври 2002 год. | 3.00 |
| 79 | **Ѕидани конструкции**, 2007, ktk.gf.ukim.edu.mk (интерна скрипта, нов изборен предмет) | 4.00 |
| | **Вкупно** | **71.30** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Учесник во национален научен проект** | **6.00** |
| 1 | **Генерирање синтетички земјотреси кои ја одразуваат сеизмичноста на одреден регион**, (научно-истражувачки проект), 2004 | 3.00 |
| 2 | Elena Dumova-Jovanoska et all, "Technical assistance for capacity building of the Institute of Standardisation (ISRM)", Assignment: Preparation & drafting of EC8: "Annex for EN 1998-3 Design of Structures for earthquake resistance – Part 3", EuropeAid/129223/C/SER/MK, AFNOR Ref.: E4074 – M1022002, May 2011 | 3.00 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5.00** |
| 3 | **"Earthquake Protection of Historical Buildings by Reversible Mixed Technologies" - PROHITECH, FP6-2002-INCO-MPC-1, Contract No. PL 509119** (меѓународен проект), 2004-2008. | 5.00 |
| | **Трудови со оригинални научноистражувачки резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | **10.80** |
| 4 | **Сергеј Чурилов**, Елена Думова-Јованоска, „Експертен систем за класификација и проценка на штети кај нискокатни индивидуални згради од неармирана ѕидарија", Двојазично списание на Друштвото на градежни конструктери на Македонија, MASE No. 8-37 (2006), стр. 536-542, ISBN 9989-9785-3-0 (No. 8). | 5.40 |
| 5 | **Sergey Churilov**, Elena Dumova-Jovanoska, "In-plane shear behaviour of unreinforced masonry walls", Journal of the Macedonian association of structural engineers (MASE), No. 9/2010, pp. 567-575, ISBN 9989-9785-3-0 (No.9) | 5.40 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно / стручно списание** | **3.60** |
| 6 | **Sergey Churilov**, Elena Dumova-Jovanoska, "Calibration of a numerical model for masonry with application to experimental results", *ACEE Journal*, The Silesian University of Technology, Poland, vol. 1 No. 3/2008, pp 41-48, ISSN 1899-0142 | 3.60 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **28.60** |
| 7 | **Сергеј Чурилов**, „Современо компјутерско проектирање конструкции", Зборник на трудови на 10-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Книга 2, СТ-48, Скопје, 2003. | 2.00 |
| 8 | Stanislav Milovanovic, Sande Atanasovski, Grozde Aleksovski, **Sergej Churilov**, "Reconstruction and adaptation of the hotel "Epinal" in Bitola", Proceedings of International Symposium, Plovdiv, Bulgaria, 2003. | 1.20 |
| 9 | **Churilov, S.** & Dumova-Jovanoska, E., "Expert system for classification and damage assessment of individual low-rise unreinforced masonry buildings", Proceedings on International Conference on Earthquake Engineering to mark 40 years of IZIIS-Skopje, Skopje-Ohrid, Macedonia, 2005. | 1.80 |
| 10 | Миловановиќ Станислав, Атанасовски Санде, Алексовски Грозде, **Чурилов Сергеј**, „Реконструкција и адаптација на хотелот "Епинал" во Битола", Зборник на трудови на 11-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, ПР-1, Скопје, 2005. | 1.20 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Миловановиќ Станислав, Коцев Глигор, Кнежевиќ Милован, **Чурилов Сергеј**, „Статичка и динамичка анализа на водозафатна кула на ХС Лисиче", Зборник на трудови на 11-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, СТ-12, Скопје, 2005. | 1.20 |
| 12 | **Чурилов Сергеј**, „Експертен систем за процена на сеизмичката повредливост на ѕиданите конструкции", Зборник на трудови на 12-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, КС-55, Скопје, 2007. | 2.00 |
| 13 | Елена Думова-Јованоска, **Чурилов Сергеј**, „Калибрација на нумерички модел за ѕидарија со примена на експериментални резултати", Зборник на трудови на 12-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, КС-10, Скопје, 2007. | 1.80 |
| 14 | **Churilov Sergey**, "Expert system for seismic vulnerability assessment of masonry structures", DYNET Workshop for young engineers, Beograd, Serbia, October, 12th –13th, 2007. | 2.00 |
| 15 | **Churilov S.**, "Experimental and Analytical Research of Strengthening Techniques for Masonry", Proceedings on 3rd National Congress MuRiCo 3, Mechanics of masonry structures strengthened with composite materials, Venice, Italy, April 22-24, 2009. | 1.80 |
| 16 | **Чурилов С**, Думова-Јованоска Е., Миловановиќ С., "Динамичка анализа на конструкцијата на водозафатната кула на ХС Лисиче", Втор конгрес за брани на МКГБ, Охрид, 7-9 мај 2009. | 1.60 |
| 17 | E. Dumova-Jovanoska, **S. Churilov**, "Calibration of a numerical model for masonry with application to experimental results", PROHITECH First International Conference 2009, Protection of historical buildings, Rome, June 21st-24th 2009, vol. 2, pp 1139-1146, CRC Press, ISBN-13: 978-0-415-55803-7. | 1.80 |
| 18 | **S. Churilov**, "Expert system for seismic vulnerability assessment of masonry structures", PROHITECH First International Conference 2009, Protection of historical buildings, Rome, June 21st-24th 2009, vol. 2, pp 1449-1455, CRC Press, ISBN-13: 978-0-415-55803-7. | 2.00 |
| 19 | **Чурилов Сергеј**, Елена Думова-Јованоска, "Експериментално определување носивост на смолкнување на ѕидани ѕидови", Зборник на трудови на 13-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, ЅД-6, книга 2, Охрид, Македонија, 14-17 октомври 2009, стр. 563-570, ISBN 9989-9785-1-7 (kn.2). | 1.80 |
| 20 | Кристина Маневска, Симона Марковска, Душко Митески, **Чурилов Сергеј**, "Преглед на техники за зајакнување на ѕидани мостови со челични анкери", Зборник на трудови на 13-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, ЅД-2, книга 2, Охрид, Македонија, 14-17 октомври 2009, стр. 539-544, ISBN 9989-9785-1-7 (kn.2). | 1.20 |
| 21 | Симона Марковска, Душко Митески, Кристина Маневска, **Чурилов Сергеј**, "Преглед на техниката за зајакнување на ѕидани конструкции со инјектирање", Зборник на трудови на 13-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, ЅД-3, книга 2, Охрид, Македонија, 14-17 октомври 2009, стр. 545-550, ISBN 9989-9785-1-7 (kn.2). | 1.20 |
| 22 | Е. Думова-Јованоска, Г. Нечевска-Цветановска, Р. Апостолска, **С. Чурилов**, "Дефинирање на националните параметри за Еврокод 8-Дел 3: Процена на сеизмичка отпорност и ретрофит на згради", Зборник на трудови на 14-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, СИ-5, книга 2, Струга, Македонија, 28.9-1.10 2011, стр. 305-312, ISBN 9989-9785-1-8. | 1.20 |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | Е. Думова-Јованоска, Г. Марковски, **С. Чурилов**, А. М. Серечи, Т. Михајловиќ, С. Атанасовски, "Методологија за определување реален пресметковен модел за постоечки конструкции со амбиентални вибрациски мерења", Зборник на трудови на 14-тиот Меѓународен симпозиум на ДГКМ, СИ-6, книга 2, Струга, Македонија, 28.09-1.10 2011. стр. 313-320, ISBN 9989-9785-1-8. | 1.20 |
| 24 | S. Mihajlovski, S. Milovanovic, **S. Churilov**, "Design and construction of dam reservoir system for copper mine "Buchim" near Radovish, Macedonia", International Symposium, Dams – Recent Experiences on Research, Design, Construction and Service, 17-18 November 2011, Skopje Macedonia, pp. 71-80, ISBN 978-608-65373-0-2. | 1.60 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **10.50** |
| 25 | **Churilov, S.** & Dumova-Jovanoska, E., "Calibration of a numerical model for masonry with application to experimental results", Proceedings on AMCM'2008 International Conference Analytical Models and New Concepts in Concrete and Masonry Structures, Lodz, Poland, June 9-11, 2008. | 2.70 |
| 26 | **S. Churilov**, E. Dumova-Jovanoska, "In-plane shear behaviour of unreinforced and strengthened masonry walls", 14th European Conference on Earthquake Engineering, Ohrid, August 30th-September 3rd 2010, MAEE, ISBN 978-608-65185-0-9. | 2.70 |
| 27 | **Churilov, S.** & Dumova-Jovanoska, E., "Experimental evaluation of in-plane shear behaviour of unreinforced and strengthened brick masonry walls",7th International Conference AMCM'2011 Analytical Models and New Concepts in Concrete and Masonry Structures, June 13-15, 2011, Kraków (Poland), (full paper on CD, Proceedings pp. 285-286) | 2.70 |
| 28 | E. Dumova-Jovanoska, G. Markovski, **S. Churilov.**, "FEM updating of existing structures based on ambient vibration measurements", IDE 2011, Application of innovative techniques in engineering, Conference proceedings, November 25-26, 2011, Niš, Serbia, pp. 57-70, ISBN 978-86-80295-97-8. | 2.40 |
| | **Вкупно** | **64.50** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **Студија, физибилити студија, истражување на пазарот – учесник/соработник** | **6.0** |
| 1 | Елаборат за конструкцијата и анализата на горната плоча од халата за царински преглед на граничниот премин Ќафасан, септември 2002 г. (во соработка) | 1.00 |
| 2 | Студија за стабилноста и носивоста на патниот мост преку езерото "Козјак" с.Здуње, октомври 2002 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Градежен факултет - Скопје. | 1.00 |
| 3 | Студија за стабилноста и носивоста на реконструираниот и адаптираниот објект во составот на х. "Епинал" во Битола, јануари 2004 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Градежен факултет - Скопје. | 1.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Елаборат за зајакнување на меѓукатната конструкција во објектот „Метропол" во Скопје, ноември 2005 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Градежен факултет - Скопје | 1.00 |
| 5 | Студија за остварениот квалитет на сеизмичка заштита на конструкцијата на објектот: „Надградба на индивидуална станбена зграда – III фаза, II спрат и поткровје", ул. Дане Крапчев бр. 25, Скопје, инвеститори: Георгиевки Трајче, Георгиевски Ванчо, Петковска Светлана, проектант: „Хитградба 5" Д.О.О.Е.Л. Скопје, техн. број 12-02/618-1 од 7.8.2008 г. | 1.00 |
| 6 | Студија за носивоста и стабилноста на постојниот објект на ул. „Бихаќка" бр. 6 (поранешен објект на Геолошки завод) во Скопје, мај 2010 (во соработка), нарачател: Државен завод за ревизија, извршител: Градежен факултет - Скопје, дог. бр. 03/301-1 од 22.4. 2010. | 1.00 |
| | **Главен (основен) проект – одговорен проектант** | **44.0** |
| 7 | Основен проект за статичкото и динамичкото пресметување на конструкцијата на објектот „Станбено-деловен објект" на ул. Иван Милутиновиќ бр. 27 во Скопје, ноември 2006 г, инвеститор: Зорка и Тони Метикош – Скопје, проектант: „Архикон" ДОО Скопје, техн. број 102/06. | 4.00 |
| 8 | Контролна статичка и сеизмичка анализа за конструкцијата на објектот: Надградба на станбен објект По+Пр+3 (Мавровка) во Скопје, ноември 2007. | 4.00 |
| 9 | Контролна статичка и сеизмичка анализа за конструкцијата Средно музичко училиште „Сергеј Михајлов", Штип, октомври 2007 г., инвеститор: Универзитет „Гоце Делчев"-Штип. | 4.00 |
| 10 | Контролна статичка и сеизмичка анализа за конструкцијата на објектот: „Музичка академија – надградба" во Штип, мај 2008, инвеститор: Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Градежен факултет - Скопје, техн број 12-02/295-1. | 4.00 |
| 11 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за спортскиот објект: "Вештачка карпа за спортско качување - Магацин", нас. Карпош, Скопје, ноември 2008, инвеститор: „Агенција за млади и спорт при Република Македонија", проектант: „Електролаб" - Скопје. | 4.00 |
| 12 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Станбено-деловен објект на ул. Христо Смирненски" бр.24, Скопје, мај 2009, инвеститор: Младен Алчев, проектант: „Архихаус" ДОО - Скопје. | 4.00 |
| 13 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Станбено-деловен објект" на ул. „Иван Милутиновиќ" бр. 30, Скопје (Објект А на КП бр. 10629, јануари 2011, инвеститор: „Архихаус" ДОО - Скопје, Борка Цветановска, Василка Цветановска, проектант: „Архихаус" ДОО Скопје, техн. број А127/10. | 4.00 |
| 14 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Станбено-деловен објект" на ул. „Иван Милутиновиќ" бр. 30, Скопје (Објект Б на КП бр. 10625, јануари 2011, инвеститор: „Архихаус" ДОО - Скопје, Борка Цветановска, Василка Цветановска, проектант: „Архихаус" ДОО Скопје, техн. број А127/10. | 4.00 |
| 15 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Станбен објект" на Г.П. 943/3, 943/4, 943/5 и 943/6, К.О. Бардовци, опш. Карпош, Скопје, април 2011, инвеститор: „АМГ Едилха" ДОО - Скопје, проектант: „Урбан" ДОО Охрид, техн. број 43-1/10. | 4.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Објект за производство на печатен материјал“ на КП 276/2, КО Визбегово, Скопје, август 2011, инвеститор: „Полиестердеј“ ДООЕЛ Скопје, проектант: „Полар“ ДООЕЛ - Скопје, техн. број 94/2011. | 4.00 |
| 17 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Станбено деловен објект Визбегово“, Скопје, мај 2012, инвеститор: „Графика плус“ ДОО - Скопје, проектант: „Круна дрил“ ДОО Скопје, техн. број 03-175/2. | 4.00 |
| | **Главен (основен) проект – учесник/соработник** | **60.00** |
| 18 | Главен проект-статика за изградба на ново проектирана армиранобетонска конструкција за „Полициска станица-Чаир”, По+П+3, Скопје, април 2002 г. (во соработка), инвеститор: општина Чаир, проектант: „Архикон” ДОО Скопје, техн. број 3/2002. | 2.00 |
| 19 | Главен проект-статика за изградба на ново проектирана армиранобетонска конструкција за „Противпожарна станица-Чаир”, Скопје, мај 2002 г. (во соработка), инвеститор: општина Чаир, проектант: „Архикон” ДОО Скопје, техн. број 4/2002. | 2.00 |
| 20 | Главен проект-статика за конструкција на минаре за џамија во с. Лакавица, Гостиварско, јуни 2002 г. (во соработка), проектант: „А&Г Проект” Гостивар. | 2.00 |
| 21 | Главен проект на конструкцијта на “Станбено деловен објект на локалитетот ШИК “Караорман” Струга”, септември 2002 г. (во соработка), инвеститор: Фијат Цаноски, проектант: Д.О.О.Е.Л. „Форми” - Битола, техн. број ВГ-16/01. | 2.00 |
| 22 | Главен проект за конструкцијата на станбена зграда По+П+3+Пк на ул. “Христо Смирненски” бр. 53, Скопје, април 2003 г. (во соработка) | 2.00 |
| 23 | Проект за зајакнување и поправка на мостовите на НАТО правецот “Bottle”, делница Катланово-Велес, Проект за зајакнување и поправка на мостот В44, декември 2003 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Градежен факултет - Скопје. | 2.00 |
| 24 | Проект за зајакнување и поправка на мостовите на НАТО правецот “Bottle”, делница Катланово-Велес, Проект за зајакнување и поправка на мостот В46, декември 2003 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Градежен факултет - Скопје. | 2.00 |
| 25 | Проект за зајакнување и поправка на мостовите на НАТО правецот “Bottle”, делница Катланово-Велес, Проект за зајакнување и поправка на мостот В74, декември 2003 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Градежен факултет - Скопје. | 2.00 |
| 26 | Статичка и динамичка анализа на конструкцијата на водозафатната кула на браната „Лисиче” - Велес, март 2004 г. (во соработка) | 2.00 |
| 27 | Главен проект за млин и силоси за складирање на жито и брашно во с. Порој – Тетово, јули 2005 г. (во соработка), проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Градежен факултет-Скопје | 2.00 |
| 28 | Главни пројекат за анкерне блокове објекта „Пумпна станица Беси-Водовод” – Приштина, јули 2005 г. (во соработка), инвеститор: МЗТ Пумпи – Скопје, проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Градежен факултет - Скопје. | 2.00 |
| 29 | Главен проект за конструкцијата на објектот „Заеднички станбени објекти со детска градинка Кенон – Охрид”, ноември 2005 г. (во соработка), проектант: КСГ „Елкотехна” - Скопје, техн. број 10/2005. | 2.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 30 | Главен проект за конструкција на Пречистителна станица за отпадни води с. Аргулица, општина Карбинци, ноември 2005 г. (во соработка), инвеститор: CARDS 2002 Programme, Technical Assistance to development of Local Infrastructure, проектант: „Еурека Инвест" Скопје. | 2.00 |
| 31 | Анекс кон Главниот проект за патниот армирано-бетонски мост преку р. Пена, на патот с. Шипковица – с. Бродец – Тетово, јуни 2006 г. (во соработка) | 2.00 |
| 32 | Основен проект за фундирање на конструкцијата на објектот „Yahya Kemal", приватен колеџ во Струга, август 2006 г. (во соработка), инвеститор: приватен колеџ 2Јахја Кемал"-Скопје, проектант: „Урбан" ДОО - Охрид. | 2.00 |
| 33 | Основен проект за статичкото и динамичкото пресметување на конструкцијата на објектот „Заеднички станбени структури со деловна намена" на ул. Мирче Оревчанец бр. 8б во Скопје, декември 2006 г. (во соработка), проектант: ТДГУТ „Го-Го Градба" - Гостивар. | 2.00 |
| 34 | Основен проект за конструкцијата на "Станбено деловен објект" на ул. Петар Попарсов бр. 8, Скопје, февруари 2007 г. (во соработка), инвеститор: ДГ „Кубус" - Скопје, проектант: ДГ „Кубус" - Скопје. | 2.00 |
| 35 | Контролна статичка и сеизмичка анализа за конструкцијата на објектот „Зграда на ЕСМ/ЕВН за монтираната нова опрема на 'Нов Оператор'" во Скопје, октомври 2007 г. (во соработка), инвеститор: „ЕВН Македонија АД"-Скопје, проектант: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" А.Д. Скопје. | 2.00 |
| 36 | Основен проект за статичката и сеизмичката анализа на конструкцијата на објектот: "Станбено деловен објект" на ул. 13 јули бр. 19 во Скопје, февруари 2008 г. (во соработка), проектант: „Архихаус" ДОО - Скопје. | 2.00 |
| 37 | Основен проект за статичката и сеизмичката анализа на конструкцијата на објектот: „Производствен погон Polyesterday", с. Визбегово, Скопје, март 2008 г. (во соработка), инвеститор: „Polyesterday" Скопје, проектант: „ГрупаА" - Скопје. | 2.00 |
| 38 | Основен проект за конструкцијата: „Магацински простор за пластични производи", нас. Илинден, Скопје, јуни 2008 (во соработка), инвеститор: „Огипласт"-Скопје, проектант: „Инком Инженеринг" ДООЕЛ - Скопје, техн. број 85/08. | 2.00 |
| 39 | Основен проект за конструкцијата: Деловен објект „Гринго", ул. Наум Наумовски Борче бр. 40, Скопје, Ламела А, јули 2008 (во соработка), инвеститор: „Кубус Инженеринг"-Скопје, проектант: "Кубус Инженеринг" ДООЕЛ - Скопје. | 2.00 |
| 40 | Основен проект за конструкцијата на објектот: 2Era City Skopje", Платформа, Скопски саем-Скопје, октомври 2008 (во соработка), инвеститор: „Era City"-Скопје, проектант: „Веларт" ДООЕЛ - Скопје. | 2.00 |
| 41 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за спортскиот објект: 2Вештачка карпа за спортско качување", нас. Карпош, Скопје, ноември 2008 (во соработка), инвеститор: „Агенција за млади и спорт при Република Македонија", проектант: „Електролаб" - Скопје. | 2.00 |
| 42 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „Станбено-деловен објект на ул. Коле Неделковски бр. 44", Скопје, април 2009, (во соработка) инвеститор: сем. Димишкови, проектант: „Лавиринт" ДОО - Скопје. | 2.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | Основен и изведбен проект за адаптација со реконструкција и пренамена на комерцијално услужен објект Хотел „Трудбеник” во Битола, Скопје, јули 2009 (во соработка), инвеститор: АДУТТ „Македонија” Битола, Извршител: Градежен факултет - Скопје. | 2.00 |
| 44 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за „Надградба и адаптација на постоен објект за времено сместување, хотел „Лебед" Охрид", урб. парц. 11.7 на КП. бр. 17180/3, КО Охрид, декември 2010 (во соработка), инвеститор: Јован Танасоски, проектант: „Сара-4" ДООЕЛ - Скопје, тех. број 1138/10. | 2.00 |
| 45 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) „Лужење на бакарни руди за добивање катоден бакар, Брана ДЗ, рудник Бучим“, декември 2010 (во соработка), инвеститор ДПТУ „Бучим“ Радовиш, проектант: „Јорд“ ДООЕЛ - Скопје, техн. број 04-002-11. | 2.00 |
| 46 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за објект „Централна котларница при спортски вентар „Борис Трајковски“ Скопје“, јануари 2011 (во соработка), инвеститор: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, проектант: „ Ех Изведба инженеринг“ ДООЕЛ - Скопје. | 2.00 |
| 47 | Основен градежен проект (статика со сеизмика) за конструкцијата „МХЕЦ Мини Турија“ - машинска зграда, октомври 2011 (во соработка), инвеститор: „ЕМК Мали хидроелектрани“ ДООЕЛ Скопје, проектант: „Риком“ ДООЕЛ - Скопје. | 2.00 |
| 48 | Основен градежен проект (статика со сеизмика): Реконструкција, санација и адаптација на Основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“, с. Сујаклари, општина Велес, април 2012, (во соработка), инвеститор: Министерство за образование и наука, Влада на Република Македонија, проектант: „Урбан Проектинг“, Велес, техн. број 09/12. | 2.00 |
| | **Ревизија – учесник/соработник** | **2.50** |
| 49 | Ревизија на Основниот проект за конструкцијата на „Станбено-деловен објект – УМ 2 2“, Ул. Новопроектирана бб, Н. Лисиче, Реонски Центар – Аеродром, мај 2008 (во соработка), Инвеститор: „Тим-инженеринг“ ДООЕЛ - Скопје | 0.50 |
| 50 | Ревизија на Основниот и изведбениот проект за конструкциите на „Ракометно игралиште – мултифункционално”, април 2009, проектант: „Студио 2000” ДООЕЛ Скопје, ревидент: „Веларт” ДООЕЛ - Скопје. | 0.50 |
| 51 | Технички преглед–ревизија на Основниот и изведбениот проект за конструкциите на објектот “Помошно игралиште за фудбал”, јуни 2009 (во соработка), проектант: “Тетрактис” ДООЕЛ Скопје, ревидент: “Веларт” ДООЕЛ - Скопје. | 0.50 |
| 52 | Ревизија на Основниот и изведбен градежно конструктивен проект (статика со сеизмика) за котлара за топла вода на објектот “ОРАНЖЕРИИ во с. Грчиште, Валандовско”, декември 2009, (во соработка), инвеститор: “БАЦО П–Т“ ДОО Богданци, проектант: “ЖИ–ГО“ Инженеринг ДООЕЛ - Скопје, ревидент: “Веларт” ДООЕЛ - Скопје. | 0.50 |
| 53 | Ревизија на Основниот и изведбен градежно конструктивен проект (статика со сеизмика) за конструкциите на “Затворено цивилно стрелиште во Скопје, м.в. Ограѓа – Општина Илинден”, Скопје, декември 2009, (во соработка), инвеститор: Општина Илинден, Скопје, проектант: “Урбан-Дизајн“, Куманово, ревидент: “Веларт” ДООЕЛ - Скопје. | 0.50 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Изведбен проект – учесник/соработник** | **0.50** |
| 54 | Изведбен градежен проект „Лужење на бакарни руди за добивање катоден бакар, Брана Д3, рудник Бучим", мај 2011 (во соработка), инвеститор ДПТУ „Бучим" Радовиш, проектант: „Јорд" ДООЕЛ - Скопје, техн. број 04-010-11. | 0.50 |
| | **Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик** | |
| 55 | Ендрју Кобурн, Робин Спенс, „Заштита од земјотреси", Арс Ламина, Скопје, ISBN: 978-608-4535-03-4, 2009, стр. 421 (стручен соработник) | 1.00 |
| 56 | Едвард Ален, „Како функционираат градбите: природниот ред на архитектурата", трето издание, Арс Ламина, Скопје, ISBN: 978-9989-2874-3-5, 2008, стр. 290 (стручен соработник) | 1.00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | **0.50** |
| 1 | Член на издавачки одбор на „Порта 3", стручно списание за градежништво, архитектура и екологија, 2005-2006 | 0.50 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | **1.50** |
| 2 | 9. Симпозиум на Друштво на градежни конструктери на Македонија (ДГКМ), 2001 | 0.50 |
| 3 | 10. Симпозиум на Друштво на градежни конструктери на Македонија (ДГКМ), 2003 | 0.50 |
| 4 | 11. Симпозиум на Друштво на градежни конструктери на Македонија (ДГКМ), 2005 | 0.50 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | **1.00** |
| 5 | Признание за најдобро остварување во градежното конструкторство во 2003 година, заедно со проектантски тим од Градежниот факултет, доделено од Друштвото на градежните конструктори на Македонија – ДГКМ | 1.00 |
| | **Студиски престој во странство - до три месеци** | **1.50** |
| 6 | Подготовка за изработка на магистерска работа, RWTH Aachen University, Faculty of Civil Engineering, Chair of Structural Statics and Dynamics, Aachen, јануари - март 2006 год. | 0.50 |
| 7 | Програма SEEFORM, Работа на докторска дисертација, RWTH Aachen University, Faculty of Civil Engineering, Chair of Structural Statics and Dynamics, Aachen, декември 2007; | 0.50 |
| 8 | Програма SEEFORM, Работа на докторска дисертација, RWTH Aachen University, Faculty of Civil Engineering, Chair of Structural Statics and Dynamics, Aachen, јули 2009 год. | 0.50 |
| | **Вкупно** | **119.50** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 71.30 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 64.50 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 119.50 |
| **Вкупно** | **255.30** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Ѓорги Кокаланов, претседател с.р.

2. Проф. д-р Лилјана Денковска, член с.р.

3. Проф. д-р Елена Думова-Јованоска, член с.р.